**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

Михајло Менка Стојановски

# КРИТИЧКА ИСТОРИЈА И ВРЕДНУВАЊЕ НА НАСЕЛБАТА АЕРОДРОМ ВО СКОПЈЕ КАКО ПРИМЕР НА ДОЦНОМОДЕРНО АРХИТЕКТОНСКО НАСЛЕДСТВО

Докторски труд

Скопје, 2026

Докторанд:
Михајло Менка Стојановски

Тема:
КРИТИЧКА ИСТОРИЈА И ВРЕДНУВАЊЕ НА НАСЕЛБАТА АЕРОДРОМ ВО СКОПЈЕ КАКО ПРИМЕР НА ДОЦНОМОДЕРНО АРХИТЕКТОНСКО НАСЛЕДСТВО

Ментор:
Проф. д-р АНА ИВАНОВСКА ДЕСКОВА
Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Комисија за одбрана:
Проф. д-р ЕЛИЗАБЕТА КАСАПОВА (претседател)
Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Проф. д-р АНА ИВАНОВСКА ДЕСКОВА,
Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Проф. д-р ЈАСМИНА ХАЏИЕВА АЛЕКСИЕВСКА,
Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Проф. д-р ВЛАТКО П. КОРОБАР,
Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Проф. д-р ЈОВАН ИВАНОВСКИ,
Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Научна област:
Историја на архитектура и уметност

Датум на одбрана:

## Благодарност

Пишувањето на докторска дисертација е долготраен процес кој вклучува повеќе етапи во нејзиното комплетирање. Од архивирање на истражувачката граѓа, преку нејзина обработка, до конечно форматирање на акумулираното знаење во добро структурирана, концизна и прецизна дисертација. Наслојувањето на овие процеси, кои водат кон една ултимативна цел, се временски и умствено исцрпувачки активности што поради карактерот на истражувачката работа, често знаат да заземаат голем дел од менталниот капацитет на истражувачот. Во таа насока, професионалната и приватната поддршка и асистенцијата во подготовка на докторската дисертација е често потценет „соиграч“ за успешно завршување на истата. Во оваа прилика би сакал да се заблагодарам на низа луѓе кои на различни начини помогнаа во успешно реализирање на мојата дисертација.

Од почеток, за правилно насочување преку интелектуални разговори поврзани со развојот на истражувачката тема, за сите темелни корекции и советувања во разни форми и фази, за трпението, дадената мотивација и довербата во мојата способност успешно да го спроведам процесот на подготвување на мојата дисертација, сакам длабоко и искрено да се заблагодарам на мојата менторка, проф. д-р Ана Ивановска Дескова, редовен професор на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

За искрените советувања и подрршката со разбирањето на сложеноста во процесот на подготовка на трудот се заблагодарувам на проф. д-р Елизабета Касапова, редовен професор на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Продолжувајќи ја научно - академската линија, за дадените конструктивни коментари и споделени искуства, се заблагодарувам на сите професори со кои ги вкрстивме патиштата во текот на третиот циклус на студии.

Насочувајќи ја дисертацијата во областа на историјата, примарен истражувачки извор се архивски материјали. Во таа насока, за беспрекорната соработка овозможена низ лесна достапност на архивските материјали и професионалниот однос на тамошните вработени, се заблагодарувам на Скопското одделение при Државниот архив на Република Македонија. Особена благодарност изразувам кон Татјана Алексовска Сапунџиоска како раководител на одделение Скопје и Марија Димеска, Маја Симоновска, Мартин Матевски, Ѓорги Пејков, Александар Цветковски и Владимир Костев за нивната посветена соработа со истражувачи која низ процесот прерасна во пријателски однос.

За овозможениот контакт и индиректен пристап до архивата на Југословенскиот институт за урбанизам и домување (ЈУГИНУС) кој го изработил првонаградeното решение на идејниот конкурс за станбената населба Аеродром, како и за споделувањето материјали од големо значење за моето истражување, се заблагодарувам на д-р Александра Миловановиќ, истражувач при Архитектонскиот факултет во Белград.

За безрезервната подготвеност за асистирање и детално одговорено интервју кое помогна во разјаснување на процесот и мисловните насоки при подготовка на конкурсното решение за населбата Аеродром, се заблагодарувам на м-р Миодраг Ференчак, еден од главните архитекти на првонаградeното решение на идејниот конкурс за станбената населба Аеродром.

За помошта при собирање на архивскиот материјал од дневните весници, се заблагодарувам на м-р Тамара Џерков.

За помошта при преработка на дел од техничката документација на населбата, се заблагодарувам на м-р Ристо Пецев и м-р Марија Иванова Пецева.

За неформалната поддршка, мотивација и позитивна дистракција, се заблагодарувам на моите другари Лука Пешиќ, Бобан Панов и Александар Илиоски.

За крај, но можеби најважно, за паралелното истрајување кое го минаа со мене, за сета ментална и емоционална поддршка во моментите на слабост кога наместо истрајност сум сакал да се откажам, за подготвеноста постојано да ги слушаат моите споделени мислења за истражувањето и за искрената радост на сите мои попатни достигнувања во правец кон конечниот резултат, се заблагодарувам на моите родители, Менка Стојановска и Сашо Стојановски.

**Изјава за оригиналност на трудот**

Изјавувам дека докторскиот труд го изработев самостојно, дека уредно ги цитирам сите користени извори и литература и дека трудот не е користен во рамките на други универзитетски студии или за стекнување на друго звање.

Изјавувам дека електронската верзија на докторскиот труд е идентична со отпечатениот докторски труд.

Своерачен потпис на докторандот



**Михајло Менка Стојановски**

# КРИТИЧКА ИСТОРИЈА И ВРЕДНУВАЊЕ НА НАСЕЛБАТА АЕРОДРОМ ВО СКОПЈЕ КАКО ПРИМЕР НА ДОЦНОМОДЕРНО АРХИТЕКТОНСКО НАСЛЕДСТВО

## АПСТРАКТ

НАСЕЛБАТА АЕРОДРОМ ВО СКОПЈЕ ГО ДЕФИНИРА ИСТОЧНИОТ УРБАН СЕГМЕНТ НАСТАНАТ ВО ПРОЦЕСОТ НА МОДЕРНИЗАЦИЈА И ПРОШИРУВАЊЕТО НА ГРАДОТ ВО ДВАЕСЕТТИОТ ВЕК. ЗАПОЧНУВАЈЌИ ВО ПЕРИОДОТ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА, СКОПЈЕ КАКО ГЛАВЕН ГРАД НА ЕДНА ОД ФЕДЕРАТИВНИТЕ РЕПУБЛИКИ ВО РАМКИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА, ДОЖИВУВА СТАНБЕНА ЕКСПАНЗИЈА КОЈА СЕ ЗАБЕЛЕЖУВА СО НАПРЕДОК ВО ОБЛИКОВНИОТ МОДЕЛ НА СТАНБЕНИОТ ПРОСТОР, НО И ВО КУЛТУРАТА И ПОЛИТИКАТА НА ДОМУВАЊЕТО. ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА Е НАСОЧЕНА КОН ПРОДЛАБОЧЕНО АРХИТЕКТОНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ И АНАЛИЗИРАЊЕ НА НАСЕЛБАТА АЕРОДРОМ, ХРОНОЛОШКИ ПОДРЕДЕНО И ВРЕМЕНСКИ КОНТЕКСТУАЛИЗИРАНО ПОМЕЃУ КРАЈОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА И ДЕНЕШНИОТ ВРЕМЕНСКИ КОНТЕКСТ.

ИСТРАЖУВАЊЕТО Е ПОДЕЛЕНО ВО ЧЕТИРИ ГЛАВИ. ПРВАТА ГИ ОБРАБОТУВА СВЕТСКИТЕ ПРИМЕРИ НА НАСЕЛБИ ОД ВАКОВ КАРАКТЕР ПАРАЛЕЛНО СО АРХИТЕКТОНСКИТЕ И УРБАНИСТИЧКИТЕ ТЕОРИИ И ПАРАДИГМИ КОИ ЈА ПОСТАВУВААТ МИСЛОВНАТА РАМКА НА КОЈА СЕ ПОДРЕДУВА РЕАЛИЗАЦИЈАТА. ВТОРАТА ГЛАВА ГО ОБРАБОТУВА РЕГИОНАЛНИОТ КОНТЕКСТ НА ЈУГОСЛАВИЈА, ПРЕКУ ПРЕГЛЕД НА НЕЈЗИНАТА ПРОДУКЦИЈА И МИСЛА ВО ПОЛЕТО ЗА НАСЕЛБИ ЗА КОЛЕКТИВНО ДОМУВАЊЕ. ТРЕТАТА ГЛАВА КОЈА ЗАЗЕМА ЦЕНТРАЛНО МЕСТО ВО ДИСЕРТАЦИЈАТА Е НАСОЧЕНА КОН ДОКУМЕНТИРАЊЕ И АНАЛИЗА НА РАЗВОЈОТ НА НАСЕЛБАТА АЕРОДРОМ ВО ДВАЕСЕТТИОТ ВЕК. ПОСЛЕДНАТА ГЛАВА ГИ ОБЕДИНУВА ЗНАЕЊАТА СТЕКНАТИ ОД ПРЕТХОДНИТЕ, НАСОЧУВАЈЌИ ГИ КОН КРИТИЧКО И ОБЈЕКТИВНО ВРЕДНУВАЊЕ НА НАСЕЛБАТА АЕРОДРОМ ВО СКОПЈЕ, ВО РЕЛАЦИЈА СО НЕЈЗИНИОТ ОПШТЕСТВЕН, ИСТОРИСКИ, АРХИТЕКТОНСКО - ПЛАНЕРСКИ И КУЛТУРОЛОШКИ КОНТЕКСТ.

ДОМИНАНТНИ МЕТОДИ УПОТРЕБЕНИ ВО ОВАА ДИСЕРТАЦИЈА ЧИЈА ПРИМАРНА ОБЛАСТ Е ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРА СЕ ДОКУМЕНТИРАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ НА АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ ОД ПРИМАРЕН И СЕКУНДАРЕН КАРАКТЕР, НАБЉУДУВАЊЕ НА СОВРЕМЕНАТА СОСТОЈБА, ИНТЕРВЈУ И ПРОТОТИПИРАЊЕ КАКО НАЧИН ЗА СПОРЕДБА НА НЕРЕАЛИЗИРАНИ МОДЕЛИ НА НАСЕЛБИ.

ЦЕЛТА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО Е ОБЕДИНУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕТО ЕТАПИ ОД РАЗВОЈОТ НА НАСЕЛБАТА АЕРОДРОМ ВО СКОПЈЕ ВО ЕДНА ЦЕЛИНА, АНАЛИЗА НА ПРОЦЕСОТ И ИДЕЈАТА НА НАСТАНУВАЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА НАСЕЛБАТА ДО НЕЈЗИНО КРАЈНО ПРЕПОЗНАВАЊЕ КАКО ДОЦНОМОДЕРНО АРХИТЕКТОНСКО НАСЛЕДСТВО НА ГРАДОТ.

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ:** НАСЕЛБА АЕРОДРОМ, СКОПЈЕ, ДОМУВАЊЕ, ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРА, ИСТОРИЈА НА УРБАНИЗАМ, ДОЦНОМОДЕРНА АРХИТЕКТУРА

**Mihajlo Menka Stojanovski**

## A CRITICAL HISTORY AND EVALUATION OF THE NEIGHBORHOOD AERODROM IN SKOPJE AS A LATE MODERN ARCHITECTURAL HERITAGE


### ABSTRACT

THE RESIDENTIAL NEIGHBORHOOD AERODROM IN SKOPJE DEFINES THE EASTERN URBAN SEGMENT THAT EMERGED IN THE PROCESS OF MODERNIZATION AND EXPANSION OF THE CITY DURING THE TWENTIETH CENTURY. BEGINNING IN THE PERIOD AFTER THE SECOND WORLD WAR, SKOPJE, AS ONE OF THE CAPITALS OF YUGOSLAVIA'S FEDERAL REPUBLICS, UNDERWENT A HOUSING EXPANSION THAT WAS MARKED BY PROGRESS OF THE DESIGN MODEL OF RESIDENTIAL SPACE, AS WELL AS IN THE CULTURE AND POLITICS OF HOUSING. THE DOCTORAL DISSERTATION IS FOCUSED ON IN-DEPTH ARCHITECTURAL RESEARCH AND ANALYSIS OF THE AERODROM NEIGHBORHOOD, ARRANGED CHRONOLOGICALLY AND IN TIME CONTEXTUALIZED BETWEEN THE END OF THE SECOND WORLD WAR AND THE PRESENT DAY.

THE RESEARCH IS DIVIDED INTO FOUR CHAPTERS. THE FIRST EXAMINES GLOBAL EXAMPLES OF NEIGHBORHOODS OF THE SAME CHARACTER, WHILE SIMULTANEOUSLY EXPLORING THE ARCHITECTURAL AND URBAN THEORIES AND PARADIGMS THAT ESTABLISH THE CONCEPTUAL FRAMEWORK ACCORDING TO WHICH THESE NEIGHBORHOODS ARE ORGANIZED. THE SECOND CHAPTER ADDRESSES THE REGIONAL CONTEXT OF YUGOSLAVIA THROUGH AN OVERVIEW OF ITS PRODUCTION AND THEORY IN THE FIELD OF COLLECTIVE HOUSING NEIGHBORHOODS. THE THIRD CHAPTER, WHICH OCCUPIES A CENTRAL PLACE IN THE DISSERTATION, IS AIMED TOWARD DOCUMENTING AND ANALYZING THE DEVELOPMENT OF AERODROM NEIGHBORHOOD IN THE TWENTIETH CENTURY. THE FINAL CHAPTER BRINGS TOGETHER THE KNOWLEDGE OBTAINED FROM THE PREVIOUS CHAPTERS, DIRECTING IT TOWARD A CRITICAL AND OBJECTIVE EVALUATION OF AERODROM NEIGHBORHOOD IN SKOPJE IN RELATION TO ITS SOCIAL, HISTORICAL, URBO-ARCHITECTURAL AND CULTURAL CONTEXT.

THE DOMINANT METHODS USED IN THIS DISSERTATION, WHOSE PRIMARY FIELD OF INTEREST IS HISTORY OF ARCHITECTURE, ARE DOCUMENTATION AND RESEARCHING OF ARCHIVAL MATERIAL OF PRIMARY NATURE (RELATED TO THE NEIGHBORHOOD) AND SECONDARY NATURE (RELATED TO THEORIES AND SETTLEMENTS WITH SIMILAR CHARACTERISTICS), OBSERVATION OF THE CONTEMPORARY CONDITION, INTERVIEWS, AND PROTOTYPING AS A WAY OF COMPARING UNREALIZED NEIGHBORHOOD MODELS.

THE AIM OF THE RESEARCH IS TO UNIFY THE MULTIPLE STAGES OF DEVELOPMENT OF AERODROM NEIGHBORHOOD IN SKOPJE INTO A SINGLE WHOLE, TO ANALYZE THE PROCESS AND THE IDEAS THAT BROUGHT ITS EMERGENCE, AND TO EVALUATE THE SETTLEMENT TOWARD ITS ULTIMATE RECOGNITION AS A LATE-MODERN ARCHITECTURAL HERITAGE OF THE CITY.


**KEYWORDS:** AERODROM NEIGHBORHOOD, SKOPJE, HOUSING, HISTORY OF ARCHITECTURE, HISTORY OF URBANISM, LATE MODERN ARCHITECTURE

**ВОВЕД** **9**
1. Предмет на истражување 10
2. Преглед на достигнувањата во дадената научна област 11
3. Цели на истражувањето 12
4. Образложение на работните хипотези 13
5. Користена методологија 14
6. Научен придонес 16
7. Примена на резултатите од истражувањето 16
**1 ДОМУВАЊЕТО, ЗАЕДНИЦАТА И ГРУПНАТА ФОРМА** **18**
1.1 Поставување на широкиот контекст за концептот на домување 18
1.2 Изградена форма со додадена вредност 20
1.3 Архитектонска теорија и изградба на критичка мисла 22
1.3.1 Индустрискиот град како контекст на дваесеттиот век 23
1.3.2 Концептот на Град - градина на Ебенезер Хауард 25
1.3.3 Меѓувоениот период и новите идеи за концептот на домување 28
1.3.4 Единица на соседство на Кларенс Пери / комплетна социо - културна заедница во рамките на градот 31
1.3.5 ЦИАМ (CIAM) и модерната архитектура во меѓувоениот период 35
1.3.6 Германија и формите на колективно домување 40
1.3.7 Станбените политики во време на Црвена Виена 43
1.3.8 Заклучни согледувања за архитектонската мисла и продукција на меѓувоениот период 47
1.4 Идеите за архитектонската мислам по Втората светска војна 48
1.4.1 Нови визии за архитектурата, проблематизирање на „Атинската повелба“ 52
1.4.2 Влијанието на TEAM X низ нивните проекти 53
1.5 Заклучни согледувања од прегледот и развојот на архитетонската теорија во дваесеттиот век 57
**2 ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ КОНТЕКСТ** **60**
2.1 Воспоставување на нов општествен светоглед и неговиот одраз во културолошката идеја за архитектурата и изградениот простор 60
2.2 Нови градови како симбол на новата држава 61
2.3 За блокот и односот кон целината 64
2.4 Надграден пристап во планирање на населбата 68
2.4.1 Сплит 3 - стандард за социјална населба 71
2.4.2 Церак Виногради и идеја за населбата за колективно домување како заштитено градителско наследство 75
2.5 Заклучни согледување за регионалната станбена амбиција по Втората светска војна 79
**3 АЕРОДРОМ И МОДЕРНАТА АРХИТЕКТУРА И УРБАНИЗАМ НА ДВАЕСЕТТИОТ ВЕК** **81**
3.1 Општиот контекст на градот 81
3.2 Урбанизацијата на Скопје во првата половина на 20ти век 81
3.2.1 Планот на Димитрие Т. Леко / 1914 г. 81
3.2.2 Планот на Јосиф Михајловиќ / 1929 г. 82
3.3 Развојот на Скопје кон исток по Втората светска војна / 1948 - 1963 г. 85

3.3.1 Општиот контекст на градот по Втората светска војна 85
3.3.2 Населба „Вардар“ како почеток на источниот развој / 1948 г. 86
3.3.3 Спортски парк „Острово“ и населба „13 Ноември“ / 1961-62 г. 92
3. 4 Состојбата на исток на Скопје по земјотресот / 1963 г. - 1974 г. 97
3.4.1 Апсорбирање на шокот 97
3.4.2 Приградска населба Аеродром / 1963 г. 98
3.4.3 Подготовка на долгорочен план за обнова на градот 102
3.4.4 ЗУАС и Доксијадис и партнерите (DA) во дефинирање на политиките на домување 103
3.4.5 Идеен план за развој на населбата Аеродром / 1965 г. 105
3.5 Кензо Танге и Градската порта / 1965 г. 109
3.5.1 Продолжување на манирот на Кензо Танге кон исток / 1970 111
3.5.2 Модерен станбен сегмент во продолжение кон исток / 1970 г. 116
3.5.3 Помеѓу визиите и реализациите на идеите за домување на истокот од Скопје 117
3.6 Конкурс за идејно урбанистичко решение за станбената населба Аеродром / 1974 г. 119
3.6.1 Конкурсно решение под шифра „SKUPI“ 120
3.6.2 Конкурсно решение под шифра „konkord - 420“ 121
3.6.3 Конкурсно решение под шифра „ABCDE“ 125
3.6.4 Конкурсно решение под шифра „SKP-03“, Завод за урбанизам на град Скопје 128
3.6.5 Третонаградено решение, Завод за урбанизам на Љубљана под шифра „75090“ 131
3.6.6 Второнаградено решение, Завод за урбанизам на Белград под шифра „AXE-3“ 134
3.6.7 Првонаградено решение, Југословенски институт за урбанизам и домување под шифра „AS+2000“ 137
3.6.8 Конкурсот за населбата Аеродром како урбанистички натпревар на доцномодерната југословенска мисла 144
3.7 Првиот развоен план на населбата / 1975 г. 145
3.8 СИЗ за домување како заштитник на станбените политики 147
3.9 Почеток на изградбата 147
3.10 Елементи на единицата на соседството 150
3.10.1 Изградена станбена структура 150
3.10.2 Прашањето на станот како најниска станбена единица 157
3.10.3 Пешачка улица 162
3.10.4 Централни дворови и зелени површини 164
3.11 Втора фаза од изградба на населбата 168
**4 СОВРЕМЕНИОТ КОНТЕКСТ НА НАСЕЛБАТА АЕРОДРОМ 173**
4.1 Одразот на општествените промени во изградениот простор 173
4.1.1 Станбената структура на населбата Аеродром во новото општествено уредување 174
4.1.2 Јавните содржини на населбата Аеродром во новото општествено уредување 175
4.2 Просторен дијалог помеѓу две општествени уредувања 177
4.3 Поставување на критериуми за вреднување на населбите 180
4.3.1 Историски контекст 182
4.3.2 Урбанистички и архитектонски контекст 183
4.3.3 Социолошки и културолошки контекст 183
4.4. Заклучни согледувања за вреднување на населбите за колективно домување 184

**ЗАКЛУЧОК** **186**
1. Синтеза на истражувањето 186
2. Резултати од употребената методологија 188
3. Населбата Аеродром во Скопје како пример на доцномодерно архитектонско наследство 190
**СПИСОК НА КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И ДРУГИ ИЗВОРИ** **193**
1. Книги 193
2. Глави од книги 195
3. Архивски материјал 196
4. Периодика 197
5. Дневен печат 200
6. Интернет извори 201
7. Документарни филмови 202
**ПРИЛОЗИ** **203**
1. Список на слики и останати графички материјали 203
2. Интервју со м-р Миодраг Ференчак, 2025 г. 206
3. Список на архивски материјал 223

## ВОВЕД

### 1. Предмет на истражување

Емили Тален (Talen, 2019: 85-95) во својата книга, насловена „Населба“ (анг. „Neighborhood“) се обидува да ја открие суштината врз која се гради концептот на населбата како општа форма на обединето домување. Низ планерските и архитектонските перспективи, очекувано е концептот на истата да се прочита низ територијалните граници и обликовните елементи кои ја дефинираат нејзината просторност. Физичките одлики на населбите се основа за нивна дистинкција во целокупната слика на градот, но Константинос Доксијадис (цитиран во Keller, 1968: vii-viii) низ своето продлабочено разбирање за истата, ја надминува нејзината физичка димензија, претставувајќи ја како „природна заедница, најмала единица на градот која оперира над нивото на семејството“. Вака објаснет, концептот за населбата ги обединува нејзиното доживување како физичка целина заедно со идејата за нејзино доживување како средина која овозможува ползување на емотивната, културната и социјалната природа на човекот, нејзиниот секојдневен корисник.

Основен истражувачки интерес на овој труд е продлабочено проучување на еден просторен сегмент на населбата Аеродром во Скопје како карактеристичен дел на градот и специфична „етапа“ во неговиот развој. Ваквото истражување тежнее кон создавање на целовита критичка историја на населбата Аеродром, низ која објективно ќе може да се вреднуваат (1) нејзиниот просторен склоп и (2) социолошкиот концепт и културните феномени што населбата ги ужива, а кои се резултат на планерските и архитектонски одлуки донесени во процесот на нејзиното настанување, но и живеење.

Населбата Аеродром во Скопје го дефинира источниот дел од градот како најголема урбана целина на истата страна. Нејзиниот развој започнува кон средината на дваесеттиот век и истиот се одвива низ повеќе временски етапи, одликувани со сопствена, контекстно соодветна, урбана морфологија. Поминувајќи низ сите, докторскиот труд особено ќе се фокусира на просторниот сегмент чии првични идеи за развој започнуваат да се формираат на средината на 60-тите години, а неговата реализација се одвива од средината на 70-тите до средината на 90-тите години од минатото столетие. Населбата Аеродром, како нова градска целина која Скопје ја добива, настанува во периодот кога глобалните архитектонски и планерски парадигми се насочени кон критика на функционалистичкиот град во кој доминантните планерски идеологии се држат до физичките и материјални одлики на просторот, инспириран од технолошкиот напредок на светот (Gehl, 2011: 45). Доцномодерниот архитектонски израз пак, се фокусира на индивидуалниот и колективниот човеков идентитет, препознавање и истакнување на регионални квалитетите на местото, како и планирање инспирирано од локалното општество и култура (van den Heuvel & Risselada.: пасус 12).

Интересот за истражување на просторен сегмент од населбата Аеродром е резултат на согледувањето на неговите квантитативни и квалитативни одлики. Со урбанистичкиот план од 1965 година, екстензијата на населбата Аеродром претставува најголемиот градски резиденцијален сегмент кој треба да вдоми близу 80 000 жители

(Senior, 1970: 142-218; Мирчевски, 1974: 7). Иако реализација на овој дел од населбата не е во целост остварен, тој сè уште останува најголемата обликовно хомогена целина во градот. Урбаната морфологија на населбата Аеродром е уште една одлика која ја прави единствена и дистинктивна во просторната организација на градот. Врската помеѓу изградениот и слободниот простор формира нераскинлива целина која го дава единствениот начин за автентично доживување на просторното искуство на населбата. Токму ваквата целост, согледана низ повеќе истражувачки наоди, заедно со разбирањето на архитектонските идеи од времето кога населбата настанува, отвораат можност за нејзино толкување низ призмата на доцномодерните планерски парадигми.

Досегашните академско - архитектонски истражувања кои се направени во контекстот на населбата Аеродром се однесуваат на одделни теми, обработени блиску до периодот кога нејзината изградба е сè уште актуелна (Чепреганов et al., 1983; Јакимовска, 1984; Трпевски, 1988 ; Димков, 2005). Надоврзувајќи се на временскиот контекст, дистанцата од повеќе од педесет години од зародишот на концептот за овој дел од населбата Аеродром претставува доволна временска дистанца за објективно вреднување на неговите просторни (материјални) и културно - социолошки (нематеријални) одлики од позиција на критичка историја. Промената на контекстот денес, од оној во кој населбата е замислена и реализирана, претставуваат тест за трајноста на идеите на кои истата се темели (Aillaud, 1975).

И покрај обидот за составување целосна хронологија и преглед на развојот на населбата Аеродром, истражувањето во најголема мера ја анализира поземјотресната временска етапа и просторниот концепт на источниот дел од Скопје, фокусирајќи се на седумдесетите години како период во кој најголемото внимание на градежните активности на територијата на градот се насочени кон оваа населба, во идеолошка (концептуална) и материјална (реализирана) смисла. Населбата Аеродром ќе биде анализирана низ нејзините квантитативни параметри, но и квалитативни вредности, произлезени од општествениот и културниот контекст од кој настанува. Дополнително, анализата ќе се фокусира и на проучување на актуелните доцномодерни светски архитектонски и планерски парадигми кои се одликуваат со плурализам на научната и градителска мисла во времето кога населбата и нивните влијанија кои можат да се забележат врз населбата како централна студија на случај на овој труд.

## 2. Преглед на достигнувањата во дадената научна област

Населбите за колективно домување со облик и карактер каков што ги разгледува овој труд претставуваат значаен типолошки модел во рамки на Модерното движење и дел од пошироката светска архитектонска историја. Нивниот интензивен развој на европскиот континент, особено по Втората светска војна, е директно поврзан со потребата за решавање на станбеното прашање во услови на демографски и материјални кризи.

Покрај задоволувањето на квантитативните потреби, овие населби ја носат и идејата за нова култура на домување, во која се интегрираат просторни, социјални и еколошки аспекти на човековиот живот. На тој начин, тие ја надминуваат основната

функција на обезбедување живеалиште и се развиваат како комплексни урбани системи со изразена општествена и културолошка димензија. Ова укажува дека нивната вредност не се исцрпува во архитектонската форма, туку во односите што ги воспоставуваат меѓу просторот и заедницата.

Во последните децении, ваквите населби се предмет на засилен научен интерес, што се потврдува преку активностите на DOCOMOMO, објавувањето на тематски публикации и организирањето на меѓународни конференции. Истражувањата ги разгледуваат овие урбани формации од различни перспективи - социјални, културолошки и географски - нагласувајќи ја нивната повеќеслојност и релевантност и во современиот контекст (Post war mass housing. 2008, High density. 2014, Housing reloaded. 2016, Housing for all. 2021, Middle class mass housing. 2023).

Објавени се тематски книги и атласи што даваат сеопфатен преглед на станбената продукција (Tower and Slab: Histories of Global Mass Housing. 2011, Mass Housing: A Global History. 2021) , како и студии што ги анализираат овие урбани формации во однос на општествените слоеви (European Middle-Class Mass Housing: Past and Present of the Modern Community. 2023) за кои се наменети или во контекст на политичките и економските системи што влијаеле врз нивното функционирање (Mass Housing in the Socialist City. Heritage Values and Perspectives. 2019). Истражувањето и вреднувањето на овие населби е дополнително афирмирано преку научни собири, на кои се разгледува нивната улога во различни културолошки и географски контексти (DOCONF, PT+ итн…).

Сепак, и покрај обемната литература, ваквите населби во контекст на постсоцијалистичките градови, а особено во Скопје, не се доволно систематски анализирани како интегрални просторни и социјални целини. Ова ја наметнува потребата за истражување што ќе ги поврзе глобалните теоретски поставки со конкретниот локален контекст.

Во таа насока, населбата Аеродром се препознава како релевантен пример што овозможува вакво истражување, при што постојните научни сознанија претставуваат основа за нивна понатамошна контекстуализација и критичка интерпретација.

## 3. Цели на истражувањето

Истражувањето на населбата Аеродром е насочено кон повеќе цели. Примарната идеја зад која се развива овој труд е создавање на единствена целина на документи кои обединето ќе го претставуваат развојот на конкретниот просторен сегмент на населбата Аеродром во Скопје - од зачетокот на идеја за развој на источниот дел од градот на средината на дваесеттиот век, преку доцномодерните планови и реализациите за поземјотресната обнова на градот, до состојбата на населбата во современиот контекст, наспроти либералното капиталистичко општество од дваесет и првиот век. Досегашните истражувања на оваа тема се мали и насочени кон конкретен селектиран сегмент од архитектурата (конструкција на објекти, решение на станбените единици итн.). За разлика од нив, ова истражување ќе претставува обемен преглед на сиот процес на развој, изградба и живеење на населбата, земајќи ја предвид временската дистанца низ која истата објективно може да се набљудува и анализира.

Надоврзувајќи се на идејата за временската дистанца, ова истражување цели кон читање и препознавање на концептите на кои се темелат просторните и архитектонските реализации на населбата, користејќи го јазикот на актуелните архитектонски теории за времето кога истата е планирана и изградена. Препознавањето на јазикот на доцната модерна архитектура создава можност за објективно вреднување на населбата Аеродром според воспоставените начела соодветни на теоретската мисла која ја обликува населбата. Дополнително, низ споредба на концептите со останатите потврдени модерни и доцномодерни населби во Југославија, истражувањето цели кон потврдување на идејата и реализираната форма на населбата Аеродром како дел од низа на примери во кои се чувствува влијание на авангардните повоени парадигми, а не како исклучок и „случаен момент“ од регионалната планерска и архитектонска практика.

Конечно, создавањето на целовита и континуирана историја на развој на населбата, како и посочување на нејзините просторни и културно - социјални вредности води кон можноста за нејзино препознавање како пример на доцномодерно архитектонско наследство на територијата на Скопје во мерилото на поголема градска целина.

### 4. Образложение на работните хипотези

Скопје е град чија историска силуета е во најголема мера модерна. Поради различните културни, општествени, политички и природни влијанија, процесот на модернизирање на градот во дваесеттиот век се случува етапно, додека различни парчиња на изградената градска структура ги поседуваат контекстните одлики на времето во кое е реализирана.

Една од работните хипотези на овој труд е тоа дека просторниот сегмент од населбата Аеродром кој е предмет на ова продлабочено истражување претставува значајна просторна и временска етапа од развојот на градот. Во насока на тоа сведочат неколку наоди. Извештаите од  Самоуправната интересна заедница (СИЗ) за домување (Државен архив на Република Македонија - одделение Скопје / Собрание на Град Скопје 1978, 1979, 1980) приложуваат преглед на целокупниот капацитет на државната станбена реализација на териториите на градот, каде на крајот на седумдесетите и осумдесетите јасно се забележува фокусот на градската изградба, кој е поместен кон територијата на населбата Аеродром. Истовремено, овој дел од населбата, иако изведен во неколку фази, (со делови воопшто нереализирани) претставува едновремено испланирана градска целина која треба да вдоми над 80 000 жители. Таквите карактеристики прават овој дел од градот да претставува најголема еднородна станбена изградба во Скопје.

Втората хипотеза има за цел да потврди дека успешноста на планирањето на населбата доаѓа како резултат на обединети (1) јасни и квантитативни истражувања кои се однесуваат на вредности што животната средина треба да ги задоволи за своите жители и (2) размислувањето за планирањето како прашање од општествено значење. Гледано низ таа перспектива, територијата на населбата Аеродром е поле каде се допираат знаењата за основните човекови потреби поврзани со елементарните прашања на дневна инсолација на станот и неговото проветрување, оптималните

површини за живеење на човекот, дистанците кои децата треба да ги поминат за безбедно да стигнат до основното училиште (ЗУАС, 1965), економската одржливост на живеалиштето (AC+2000, 1974) итн. заедно со феноменолошките идеи за вредноста на пешачката улица како приказ на обединет колектив и социјален кондензатор и сложениот повеќеслоен систем на зелена инфраструктура во непосредна близина на живеалиштето која ја овозможува основната потреба на човекот за врска со природата (Jabbar et al. 2021: 4417).

Третата хипотеза е насочена кон докажување на вредноста и трајноста на населбата Аеродром како резултат на експертската стручност и мултидисциплинарноста на авторските тимови кои учествувале во нејзиниот развој и изградба. Вклученоста на тимот на Константинос Доксијадис во првиот развоен концепт, и подоцна тимот на Југословенскиот институт за урбанизам и домување (ЈУГИНУС) во идејното конкурсно решение, внесуваат зрела доцномодерна теоретска поткрепа врз која се градат просторниот и архитектонскиот израз на населбата. Резултат на докажаниот и повеќедисциплинарен тим е планирање и изградба на населба со јасна урбана морфологија која е прва од ваков карактер на територијата на градот. Во неа, изградениот и неизградениот простор функционираат и се надополнуваат во нераскинлива целина. Таквата состојба прави оваа населба, по речиси половина век, сè уште да остане автентична и релативно успешно да ги „одбива“ новите градежни активности, во форма на независни станбени објекти кои редовно ги исполнуваат слободните зелени површини помеѓу веќе изградените објекти за живеење.

### 5. Користена методологија

Истражувањето за развојот на населбата Аеродром доминантно припаѓа во областа на историја на архитектурата. Со оглед на тоа што ова истражување има за цел да воспостави критички преглед на нејзиниот развој и да ја вреднува врз основа на соодветни контекстуални критериуми, толкувањето на просторните карактеристики на населбата ќе се одвива доминантно користејќи квалитативни методи. Дополнително, со оглед на големината и демографската важност на оваа градска целина, историската позиција на истражувањето е поткрепена со теоретска и планерска основа. Ваквата потреба се движи во насока на формирање појасна слика и сеопфатно повеќеперспективно согледување на наративот и влијанијата кои придонеле кон планирање, изградба и развој на населбата Аеродром во Скопје.

Основната истражувачка граѓа на која се темели овој труд се архивските материјали. Пронајдените графички и пишани наоди зборуваат за идејата на која е изградена населбата. Историските истражувања, покрај квантитетот на собрани материјали, вклучуваат и потреба за нивно толкување соодветно на тогаш актуелната теоретска мисла (Wang, 2013: 173-178). Неопходно е да се направи согледување на општествената состојба како важен фактор на дефинирање на архитектонската реализација (Kingston, 2010: 111-121), а според Виоле-ле-Дук (Huerta, 2021), потребно е и толкување на архитектурата и изградениот простор како рационален одговор на потребите на општеството во времето кога истите настануваат. Во тој поглед,

обединувањето и пионерското читање на архивскиот материјал е почетна позиција врз која се поставува понатамошното историско истражување.

Емил Ају (Aillaud.1975) ја интерпретира способноста на едно место соодветно да го издржи тестот на времето како негова најзначајна карактеристика. Поаѓајќи од идејата дека и сегашноста е најновиот момент на историјата, истражувачки метод кој ќе се надоврзе на архивските материјали е набљудувањето, што цели кон создавање слика за современата состојба на населбата. Гобо (цитиран во Groat, 2013: 225) зборува за важната врска помеѓу активното набљудување и истражувањата кои доминантно употребуваат квалитативни методи на работа. Набљудувањето претставува можност за „*разбирање на симболичното значење вдахнато во културниот живот*". Во контекст на населбата Аеродром како централен фокус на истражувањето, методот на набљудување се употебува како начин на покажување на просторно волуменскиот континуитет кој се задржува од почетните форми за идејата за населбата, до денес. Дополнително, набљудувањето овозможува споредба на духот на местото, карактерот на социјалните односи и атмосферата која оваа просторна целина во својата идејна и изворна форма тежнее да ги оствари, со истите состојби прилагодени на современиот контекст на живеење.

Настанувањето и развојот на населбата Аеродром е дел од поновата историја на Скопје. Согледувајќи го временскиот контекст, во прилог на темелно истражување на предвидениот просторен сегмент од населбата, ќе биде употребен и методот на интервју. Дел од архитектите, планерските куќи и градежните претпријатија кои земале директно учество во процесот на настанување на оваа градска целина сè уште се активни. Ваквата состојба претставува можност за разговор со лица чија директна или индиректна вклученост во работниот процес за населбата Аеродром обезбедува дополнително откривање на оригинални и автентични наоди за овој дел од градот.

Тежнеејќи кон рационално согледување на целината и подобро разбирање на односот помеѓу изградениот и неизградениот простор, ќе бидат изработени аналитички цртежи и тродимензионални модели. Ваквите модели ќе овозможат набљудување на прочистена реплика на сегменти од населбата кои целат кон нивно јасно читање и согледување. Низ ваквите модели овозможено е поедноставено (во позитивна насока) согледување на просторните односи кои ја обликуваат населбата, создавајќи разбирања за изградениот простор кои потешко се согледуваат од човечка перспектива.

Во насока на аргументирано вреднување на разгледуваниот просторен сегмент на населбата Аеродром, што излегува од позицијата на самореферентен пример во Скопје, студијата на случај ќе биде споредена со други населби со сличен карактер од регионот. Ваквиот пристап е насочен кон препознавање на општите и посебните сличности помеѓу различни градски целини кои се поврзуваат низ своите формални, културолошки или идејни одлики. Препознавањето на еден општо прифатен / генерален модел или пристап во планирањето на ваквите населби на регионално ниво, би овозможил населбата Аеродром да се препознае како дел од воспоставено „правило",

наместо на истата да се гледа како исклучок и случајна реализација во рамките на Југославија.

Комбинираната употреба на методите тежнее кон обелоденување на суштинските аспекти кои овој дел од населбата Аеродром го прават соодветен за живеење (анг. livable), како и урбано - морфолошки вреден дел од градот.

**6. Научен придонес**

Докторскиот труд претставува хронолошки преглед за развојот на посебен просторен сегмент од населбата Аеродром, контролиран и проверен низ актуелната критичка мисла на времето во кое истата настанува. Покрај обидот за обединување на пошироко знаење од повеќе области во една целина која се однесува на развојот на овој специфичен дел од Скопје, дополнителен научен придонес што овој труд го обезбедува е отворање на истражувачки фронт за понатамошни продлабочени разработки на специфични делови и феномени од населбата, за кои овој труд ќе претставува појдовна позиција и научна поткрепа. Ваквите подетални истражувања, првенствено се предвидени да се однесуваат на теми од областа на архитектурата и урбанизмот. Сепак, со оглед на интердисциплинараниот тим кој учествувал во формирање на идејата за планирање и реализирање на населбата, како и сложеноста и повеќеслојноста на концептот на домување воопшто, ова истражување може да претставува и дополнителен научен наод во насока на поткрепа на хипотези и тези од научни дисциплини блиски, но надвор од директниот домен на архитектурата и урбанизмот.

Со успешно потврдување на работните хипотези за вредноста на населбата Аеродром, истата научно може да биде препознаена како значајна доцномодерна градска целина на Скопје. Систематичното истражување кое ќе ѝ го потврди таквиот статус на населбата Аеродром ја прави истата споредлива со останатите слични градски целини од регионот и светот, на теоретска и емпириска основа. Во таа насока, дополнителен научен придонес на овој труд е стремежот населбата Аеродром да се позиционира во физичката и менталната мапа на истражувачите, како дел од веќе препознаените просторни и архитектонски ансамбли кои носат потврдени вредности и квалитети својствени за временско - технолошкиот и мисловниот период на доцномодерна архитектура.

**7. Примена на резултатите од истражувањето**

Целта на ова истражување е да го претстави целокуниот процес на развој на конкретниот дел од населбата Аеродром. Покрај реализираната состојба, како финална фаза на обемната работа, тој процес вклучува согледување на методите на планирање и начелата кон кои се тежнеело, со цел постигнување на квалитетна животна средина. Истражувањата на овој труд овозможуваат навраќање на знаењата кои биле употребени, со цел изградба на човекоцентричен простор за живеење, соодветен за социјалната, културната и продуховената реализација на неговите жители и корисници.

Резултатите од ова истражување можат да се употребат како постоечко знаење,

своевидно рафинирано разбирање на процесот на настанување и изградба на населби, чие искуство е ценето и треба да биде употребено како акумулирано знаење насочено кон подобрување на идното проширување на градот (соодветен за времето во кое живееме). Подобрувањето е замислено во доменот на физички реализираниот дел од населбите, но и во пристапот и интердисциплинарноста на тимовите и теоретската визија врз која ќе биде засновано идното планирање.

Промената на општествениот систем во современ либерален капитализам, дополнет со локалниот коруптивен контекст, доведува до криза на ликот и суштината на урбаната средина во Скопје во дваесет и првиот век. Наспроти тоа, потврдувањето на истражувачките хипотези ја прави населбата Аеродром пример за успешна станбена реализација која носи вредности што и понатаму може да се ползуваат. Зборувајќи за историјата на југословенските населби за колективно домување, Ева Хорват (Horvat, 2024) вели *„работи кои ги доживуваме како невозможни, се веќе остварени претходно"*. Слично, Тони Велер (Weller, 2007: 439) го доживува разбирањето на минатото како можност за обликување на сегашноста и иднината. Во тој поглед, искуствата од развојот и изградбата на населбата Аеродром може да најдат соодветно место и примена во иднината на планирањето и архитектурата на градот.

# 1 ДОМУВАЊЕТО, ЗАЕДНИЦАТА И ГРУПНАТА ФОРМА

## 1.1 Поставување на широкиот контекст за концептот на домување

> *„...Новиот проект за домување како целина, треба да биде апсолутната цел на јавната благосостојба и како таква, треба да претставува намерно организиран повик на јавниот дух. Модерноста на новите комплекси за домување не се состои во нивните рамни кровови и хоризонтално - вертикалната организација на фасадата, туку напротив, се наоѓа во нивната директна врска со човековата егзистенција. Во нив се согледува длабокоразумното разбирање на меѓучовечките тензии, на половите, на населбата, на заедницата и географскиот однос...“* (Meyer. 1928 : 120).

Низ овој цитат на Ханс Мејер од списанието Bauhaus, во 1928 година, како дел од текстот „Building“ (анг. градење), новиот раководител на Баухаус школата, назначен по повлекувањето на Валтер Гропиус, го поставува правецот на замислената оска по која школата е предвидено да се движи, отворајќи суштински перспективи за општествената улога на концептот на домување. Со него, прашањето на домување го надминува квантитативниот формат, површно замислен како метри квадратни и број на соби за спиење. Поставувајќи го во релација со нематеријалните вредности, домувањето станува дел од егзистенцијалниот и квалитативниот општествен домен. Новото домување подразбира препознавање на сложените меѓучовечки односи, се однесува на околината која го обиколува станот / куќата, се однесува на колективното препознавање на луѓето како дел од една целина со можност за културолошко идентификување низ местото на живеење т.е. својата непосредна средина на живеење. Ваквото гледиште ја потврдува и социјалната природа на луѓето и нивното обединување во заедница која е плод на сличност и заеднички интереси. Идејата за домувањето станува основа околу која се обединува заедницата.[1]

Со цел суштинско разбирање на терминот „заедница“, што води кон соодветно читање на таквиот концепт во архитектурата, зборот е анализиран низ неговото етимолошко и лексичко значење во македонскиот јазик. Во етимолошка насока, зборот поделен на „за“ и „едно“ се доживува како тело / форма која тежнее кон една цел, обединување на повеќе делови кои се доживуваат како една целина[2] (заедно - *во друштво со некого* drmj.eu). Во таа насока е и објаснувањето на зборот „заедништво“ - *состојба и чувство на припадност кон една заедница* дефинирајќи го како процес / дејство кое е повеќе од физичка состојба (makedonski.gov.mk) .

Според лексичкото значење, во Дигиталниот речник на македонскиот јазик за зборот „заедница“ се појавуваат две толкувања за него кои даваат паралелни перспективи за неговото значење (makedonski.gov.mk).

---

[1] Ова не е прв пат прашањето на домувањето да се поистовети со обединување на заедницата. Напротив, домувањето како елементарна и носечка идеја на архитектурата, и воопшто градењето, е препознаено уште во книгите на Витрувие. Тој зборува за градењето на живеалишта на луѓето како прва активност во процесот на нивното обединување. Луѓе кои имаат заеднички интереси. Подетално во Vitruvie. 1914 : 38.
[2] Во отсуство на етимолошки речник на македонскиот јазик, поделбата на зборот и неговото значење е направено од авторот на трудот.

(1) Здруженост на луѓе или на друштва, организации и установи, во една целина заради определена причина и цели.
(2) Тоа што е заедничко, што ги поврзува луѓето во една целина, живот, чувства, интереси.

Овие две дефиниции, иако слични, се однесуваат на различни позиции кои треба да ја опишат „заедницата“. Во првиот случај, вниманието е поставено на заедницата како завршна / комплетна форма, додека втората повеќе се однесува на деловите кои ја сочинуваат целината. Нивното разбирање погрешно е да се гледа засебно, потребно е истите да се надополнуваат кон една целосна визија за идејата на заедница.

Заедницата, покрај културолошките карактеристики и социјалните релации врз кои се гради, своето заедништво може да го прикаже и низ изградената форма. Согледувањето на деловите кои ја чинат целината во еден комплексен систем, низ прашањето за архитектурата, може да се поврзе со мислењата за групната форма на Фумихико Маки (Maki. 1964 : 8-23). Како дел од поголемата идеја за колективна форма, групната форма не претставува прост збир на основни форми кои се неповрзани и одвоени, туку обединување на објекти кои „*имаат причина да бидат заедно*“.

Според Маки, препознавањето на доминантно станбените целини кои низ повторување на лесно препознатлива форма околу цврсто обединувачка структура формираат хомогена и дистинктивна целина е забележано и порано, во различни историски контексти, најчесто како спонтано, рационално и интуитивно обединување. Тоа го потврдуваат примерите на разни села и средновековни градови каде речиси и да отсуствува можноста за согледување на еден изолиран елемент (објект), без забележување на контекстот, како целина од повеќе делумно различни, но суштински повторливи форми. Во истата насока и во истиот временски период, Алисон и Питер Смитсон зборуваат за повторувањето на моделот на куќа на едно место како можност за остварување јасна слика на заедништво (Smithson, Smithson. 1970 : 40) (сл. 1). Чувството на заедница и целина забележана низ архитектонскиот јазик и целовитоста на еден изграден сегмент е документирана и од Бернард Рудофски (Rudofsky. 1964). Од примерите на разни села со архетипски објекти, до поекстремни домови издлабени во земја, структури кои се претопуваат во природниот пејзаж, урбани маси што архитектонизираат цели ридови и помали водени површини, преку групи од архаични и примитивни шаторски конструкции, потврдена е тезата за можноста низ повторување на еден тип на зграда и нејзино прилагодување на постојниот неизграден природен контекст да се постигнат „*мали варијации кои постигнуваат совршена рамнотежа помеѓу единството и различноста*“ (Rudofsky. 1964 : 15-58). Ваквиот концепт на заедница изградена низ архитектонска форма, Пјетро Белучи (цитиран од Rudofsky. 1964) го толкува како „*продукт на спонтана и континуирана активност на една група луѓе со заедничко наследство, кои дејствуваат под водство на заедничко искуство*“. Од денешна позиција на набљудување, ваквата архитектура треба да се доживее како резултат на добро чувство за справување со практични проблеми.



сл. 1 - Скица од изградената структура на Скирос, Грција (Smithson, Smithson. 1970)

### 1.2 Изградена форма со додадена вредност

Архитектурата е дисциплина која се манифестира и првенствено се доживува во три димензии, тактилно дефинирајќи го просторот во кој живееме. Повторувањето на речиси идентичен архетип на објект (со минимални разлики, пермутации) и негово поставување во логичен просторен сплет го создава изградениот лик на заедницата. Заедницата пак, најчесто тежнее да се прилагоди на контекстот и потребите на нејзините корисници, притоа создавајќи визуелно впечатлива трага за оној кој ја доживува од внатре и оној кој ја набљудува од надвор.

Архитектурата сепак не е резултат единствено на употреба на обликовни постапки. Уште во раните историски периоди, урбаната морфологија на заедниците (своевидно првите населби) претставува повеќе од едноставна физичка и просторна организација на објектите (Douglas. 1968 : 10). Нивната диспозиција, што влијае и врз формата на целината, со сета спонтаност на своето настанување, се усложнува со еден нематеријален слој кој почива на меѓусебните релации на членовите на заедницата, почива на правилата на кои се заснова таа заедница и на конкретниот климатски и географски контекст во кој е настаната. Со продлабочено проучување на овие заедници, воочлива е културната, социјалната и географската матрица која ја чинат објектите[3]. За социјалниот капацитет / социјалната логика на објектите зборува и Денис Скот Браун која во архитектурата препознава алатки за создавање простори за средба (Tamas. 2009 : параграф 22-25). Остварувајќи релации помеѓу карактерот на средновековниот град и напредокот на архитектонската мисла по Втората светска

[3] Постојат примери на предисториски заедници чија организација на објектите е ориентирана околу добрососедските односи на нивните жители. Истовремено пак, постојат примери за интровертни објекти кои се групираат околу еден заеднички празен простор кој станува заеднички простор за социјални средби и секојдневни активности. Повеќе во Douglas. 1968.

војна, за неа прашањето за нематеријалниот слој кој ги обликува населбите / изградените заедници очигледно влијае врз архитектонскиот израз во поголем период од развојот на оваа просторна дисциплина.

Препознавајќи ја архитектурата како збир на материјални и нематеријални одлики, една од постапките за нејзиното успешно вреднување се темели на нивно правилно читање и точно разбирање. Дополнително, толкувањето на зборот „вредност“ (анг. value)[4] го покажува компаративното значење на ентитетот споредено со друг ентитет со слични одлики (Oxford. 2025). Во случајот на населбите и архитектурата, вредноста може да се добие како нејзин квантитативен параметар спореден со локалните контекстни состојби (архитектура и дадености) и при споредба на примери со слични физички и феноменолошки карактеристики (архитектура и архитектура).

Соодветно на тоа, дел од испишувањето на критичка историја за населбата Аеродром, покрај преглед на нејзиниот развој, вклучува и успешно вреднување и објективна квалитативна споредба на населбата со светските примери за населби за колективно домување. Обидувајќи се да ја надмине идејата за единствено остварување на квантитативна паралела[5] со другите станбени ансамбли со ваков карактер и заокружување на истражувањето на документарно ниво, дисертацијата е насочена кон продлабочено и суштинско разбирање на нематеријалните концепти, „движечките“ идеи кои ги обликувале овие населби. Со нивно разбирање, се создаваат услови за толкување на идеите за населбата Аеродром низ размислувањата на авангардната архитектонска сцена.

За таа цел, потребно е продлабочено истражување на актуелната теоретска мисла во и пред времето на изградба на населбата, со што се создаваат услови за разбирање на нематеријалните принципи на кои се темели планирањето и архитектурата од тоа време. Овој дел од трудот е насочен кон анализирање на временскиот интервал помеѓу втората индустриска револуција (крајот на деветнаесеттиот век) и периодот на влијание на TEAM X (ТИМ 10) како рамка во која архитектонската теорија и мисла нашле апликативна форма и во локалниот контекст на градот Скопје.

За логична хронолошка поделба на овој период, истиот е анализиран во три етапи. Првата го обработува периодот од крајот на деветнаесеттиот век до Првата светска војна, акумулирајќи го искуството за населбите што настануваат како рефлексија на негативните последици на индустриската револуција во која фабриките претставуваат примарен извор на работа во градот, но и основна форма на негово загадување и посредна хигиенска инфериорност. Можноста за работа и финансиски проспетирет предизвикува силен бран на миграции кои водат до недостаток / дефицит

[4] Зборот има неколку толкувања кој ја даваат целосната слика за негово комплетно разбирање. (1) колку нешто чини во пари или други добра за кои може да биде разменето (2) колку е нештото вредно во споредба со неговата цена (3) квалитет кој ја покажува корисноста и важноста на нешто (4) верување за тоа што е право, а што не и што е важно во животот… Подетално на https://www.oxfordlearnersdictionaries.com/definition/english/value_1?q=value (посетено на 23.11.2025)
[5] Иако овој дел се однесува на идејата на изградениот простор, не може целосно да го напуштиме прашањето за физичките одлики на изградениот простор. Впрочем, идеите кои ги дефинираат населбите за колективно домување може да се прочитаат токму низ волуменските карактеристики на изградениот простор.

на станбен простор, а таквата состојба повикува на импровизирани решенија за домување. Ваквата состојба повлекува нов период во светската архитектонска и планерска мисла. Втората етапа се фокусира на разбирање на архитектонската мисла и реализација во меѓувоениот период. Водечка идеја е појавата на модерната мисла како јасно дефиниран европски принцип на глобално архитектонско и урбанистичко дејствување. Паралелно, ќе биде разгледана и појавата на Единицата на соседството како модел на населба кој успешно ги обединува формалните и феноменолошки потреби на луѓето обединети во формална и идеолошка заедница. Последната етапа е посветена на периодот по Втората светска војна, каде потребата за обнова на градовите поттикнува промена на архитектонската парадигма, овој пат насочена кон изградба на хуманоцентрични населби за колективно домување, чиј прв приоритет се асоцијативните својства на населбата, каде таа се поврзува со идејата за хиерархиско расчленување на заедницата по големина во менталната мапа на човекот.

### 1.3 Архитектонска теорија и изградба на критичка мисла

Со цел успешно разбирање на суштината на прашањето за теорија, како мисловен концепт кој влијае на материјалната продукција, потребно е препознавање на самото значење на терминот. Корените и историјата на зборот „теорија“ се поврзуваат со доцнолатинскиот „*theoria*“ со значење „*концепт, ментална шема*“ и од грчките термини „*theōria*“ со значење „*контемплација, шпекулација, поглед кон…, спектакл*“ и „*theōrein*“ со значење „*да земе во предвид*“. Доближување до лесно разбирање на значењето на зборот се чувствува со зборот „*theōros*“ со значење „*набљудувач*“ и „*thea*“ што значи „*поглед*“, кој пак претставува основа за „театар“ (анг. theatar), што го поставува гледачот во позиција на објективен набљудувач на околностите кои доведуваат до развој на дејството (etymonline. 2025 : пасус 1). Доколку истото го преведеме во контекстот на архитектурата, набљудувачот ги согледува сите влијанија на контекстот кои довеле до конкретната изградена форма.

Според Малгрејв (Mallgrave. 2006 : xxi), архитектонската теорија претставува „*збирна историја на идеи поврзани со обликување на изградениот простор*“. Од моментот кога изградениот простор станува плод на свесна градежна тенденција (надминувајќи го основното прашање на потреба на „народната / есенцијалната“ архитектура), планерската и архитектонската теорија стануваат обликовен фактор на изградениот простор. Во таа смисла, како централен елемент на културниот живот, архитектурата се насочува кон одговарање на фундаментални прашања за човековото живеење што истовремено се поврзани со филозофски дисциплини (Illies. Ray. 2018 : 10) и со рефлексија на општествените состојби (историја, социологија, култура на живеење, клима, географија…) (Rapoport. 1969). Во разгледуваниот период, покрај идеолошките визии, планирањето се соочува и со конкретни мерливи предизвици како сопственост на земјиште, густина на домување која треба да се постигне или капацитетот и организацијата на индустриското производство (како клучен механизам за развој на модерната архитектура) (Glendinning. 2021 : 6-7).

Различните фактори кои дејствуваат врз обликување на архитектурата доаѓаат од повеќе страни, земајќи ги во предвид различни состојби кои треба да се задоволат.

Така, архитектонската теорија добива мултидисциплинарен карактер, правејќи анализата на населбите за колективно домување да се претвори во повеќеслојно читање на општествените состојби, потреби и тенденции на времето кога изградените структури се реализирани. Со цел проверка на нематеријалните идеализирани претпоставки во реалниот физички свет, теоретската дисциплина го користи методот на „модел“ низ кој реално ги набљудува поставените хипотези (Rapoport. 1958 : 976). Во спротивниот правец, разбирањето на теориите е основа според која може да ги препознаеме вредностите на еден модел. Преку нив може да разбереме и толкуваме различни феномени (Eriksson - Zetterquist et al. 2021) т.е. вредностите и намерите на изградената форма (Brisibe. 2016 : 61). Доколку населбите за колективно домување ја добијат таа двонасочна релација на (1) модели низ кои се тестирале архитектонските теории, и истовремено, (2) низ нивното продлабочено истражување да се донесат заклучоци за архитектонската мисла од времето на нивното настанување, тогаш станува јасна потребата од разбирање на овие теории, кои би овозможиле објективно вреднување на просторните и културолошко - социолошките квалитети на населбата Аеродром во Скопје.

### 1.3.1 Индустрискиот град како контекст на дваесеттиот век

Доколку архитектурата е одговор на контекстот во кој истата настанува, архитектонската мисла од крајот на деветнаесеттиот век е поставен во директна релација со индустриската револуција. Технолошкиот напредок кој се случува во овој период во западниот свет е двигател на културни, социјални, економски и демографски промени во градовите ( Pricker. 1994; Barzun et al. 2024; Britannica. 2024). Идејата за подобри животни можности ги предизвикува миграциите од руралните во урбаните средини во Европа и поамбициозните прекуокеански преселби на „новиот“ континент (Labridnidis. 2005 : 2; Urban. 2012 : 17). Индустриската револуција ја предизвикува најголемата промена која градовите ја доживуваат од крајот на Средниот век (Dawson. 1923 : 101), што се забележува и во промената на нивниот просторен карактер.

Големиот и брз наплив на работничката класа во европските и американските индустриски центри е во расчекор со постојните станбени капацитети на градовите. Потребата за вдомување на новите жители прави оваа група на луѓе, решението за своето домување да го најдат во стари и дотраени објекти кои не ги исполнуваат тековните стандарди за живеење (Ashton, 2006 : 654) (сл. 2). Дури и новоформираните населби, често на работ на градовите, нудат сместувања под тогашниот стандард на основните човекови потреби (Glendinning. 2021 : 1).

 

сл. 2 - Станбената состојба на прагот меѓу 19 и 20 век (Riss. доцни 1800).

Фабриките стануваат буквални и фигуративни центри на градовите, каде домувањето е покорено на нивните потреби. Задоволувањето на технолошкиот развој доведува до компромитирачка состојба на просторите за живеење на работниците, често одликувајќи се со пренаселеност на становите, соби без проветрување и осветлување, ниска хигиена и континуирано зачаден воздух во градот. Ваквата градска организација на индустријата и домувањето ги надминува толерантните здравствени прагови на градовите, правејќи истите да се оддалечат од нивните суштински културни и социјални традиции и социјални вредности (Mumford. 1970 : 161-168).

> *„Двата главни елементи во новиот урбан контекст беа фабриките и сиромашните населби. Тие самостојно го дефинираа она што се сметаше за град: збор кој го опишува само фактот дека две илјади и петсотитни луѓе може да се соберат во простор кој може да се означи со еден поштенски број. Таков урбан неред можеше и растеше дури и сто пати без достигнување повеќе од сенка на иституцијата која го карактеризираше градот во неговата социјална смисла - место во кое е концентрирано социјалното наследство и во кое можностите за континуирана социјална интеракција растат, достигнувајќи повисок потенцијал на активност помеѓу луѓето“* (Mumford. 1970 : 161).

Ефектот од лошите станбени услови го отвора прашањето за квалитетот на живеење. Покрај дефицитарната квантитативна станбена состојба и отсуството на достоен капацитет за домување, се поставува и прашањето за општите визии за домувањето во градовите. Напуштањето на социјалните и културните вредности кои беа нематеријален темел врз кој се развиваше градот, поттикнуваат развој на планерската мисла насочена кон ново размислување за градот, доближувајќи се до природните и општествени потреби на луѓето.

### 1.3.2 Концептот на Град - градина на Ебенезер Хауард

Една од клучните идеи која поставува основа за ново доживување на градот на крајот на деветнаесетиот век, како социјална и колективна структура, е идејата на Ебенезер Хауард за Град - градина. Мотивиран од моменталната состојба на градот, Хауард создава концепт на изолирана и контролирана целина која е плод на обединување на предностите од две станбени структури. Во својата книга *„Garden cities of To-morrow“*[6] (мак. Град - градина на утрешницата) тој го опишува концептот на Град - градина како *„структура која треба да го крене здравствениот стандард и стандардот на удобност на сета работничка класа, со што оваа градска целина ќе претставува здрава, природна и економска комбинација на квалитетите на градскиот и селскиот живот, изградена на општествено поседувана територија“* (Howard. 1902 : 22). Низ ваквата визија за Градот - градина се чувствува идејата зад една утописка форма која претставува обединета заедница, идеолошки изградена врз прогресивните општествени идеи (Evers. 2006 : 656-658) кои по Првата светска војна ќе станат двигател на европската станбена програма.

Дијаграмот кој ја опишува содржинската организација на населбата преставува систем од концентрични кругови во кои програмата на градот е оптимално распределена со цел еднаква достапност до неа на секој негов жител (сл. 3). Движејќи се од внатрешноста кон надворешните слоеви, централно место заземаат јавните содржини со културен и општествен карактер. Културата е духовен двигател на заедницата, а истовремено Хауард во својата идеја за рамноправна заедница ја прави културата достапна и за работничката класа. Зад централниот сегмент се развива голем кружен парк кој завршува со „кристалната палата“ во која се изложени и се продаваат добрата произведени во градот. Зад палатата се развива станбена зона, поделена во два сегмента меѓу кои продира голема авенија - носител на колективниот јавен простор во доминантно станбената територија. Основна станбена единица во градот е индивидуалната едносемејна куќа со сопствен зелен двор, додека во заедничкиот јавен простор на авенијата се сместени основното училиште и другите јавни содржини кои се присутни и носат општествено обликовен карактер во секојдневниот живот на заедницата. Училиштето покрај примарната образовна обврска добива дополнителни функции надвор од неговото вообичаено функционирање. Тоа станува јавен атрактор кој ја збогатува програмската разновидност на заедницата и истата ја обединува. Ваквата идеја за колективната природа на просторните капацитети на училиштето понатаму ќе биде искористена во идни визии за развој на станбената заедница. На надворешниот периметар на градот е поставена индустријата со фабриките кои ги преработуваат добрата што го одржуваат функционирањето на градот. Индустријата е поврзана и со железничка линија која обезбедува брз и лесен транспорт на обработените производи, обезбедувајќи ниска цена за истите што ја прави економијата на градот стабилна и одржлива. Како конечен физички слој во развојот на овој град е

[6] Ова е второт издание на неговата книга за концептот на Град - градина, објавено во 1902 година. Првото издание е објавено во 1898, под насловот „To-morrow: a Peaceful Path of Real Reform“ (Утрешница: мирен пат кон вистинска реформа) кој јасно ја покажува визијата за концептуалнта промена која ја предлага овој концепт.

зелениот појас сочинет од природни зелени површини и обработлива земја, кој го прави земјоделството интегрален дел од градската организација. Покрај природниот карактер на површината со кој е заобиколен градот, овој слој претставува и прстен кој го ограничува неговиот раст, спречувајќи го неконтролираното ширење и задржувајќи го карактерот на една целовита заедница.




сл. 3 - Дијаграм за организација на Град - градина (Howard.1902)

Замислен со капацитет од 30 000 жители, Градот - градина претставува доволно голема група за образување контролирана колективна заедница, но не и доволно голема за обезбедување оптимална одржливост. Затоа, Хауард својата идеја за Град - градина ја замислува како систем од повеќе градови оддалечени на блиска дистанца кои низ железничка комуникација ќе формираат поголема целина. Нивната организација во кружен систем затвора конкретна територија во чии центар е позициониран централен град кон кој се приклонуваат сите поединечни Град - градини. Ваквата организација обединува околу 250 000 жители кои чинат конечна, разнообразна и одржлива заедница препознаена како социјален град (анг. Social city) (сл. 4).




сл. 4 - Дијаграм на социјален град (Howard. 1902)

Организациската структура за Градот - градина на Хауард не завршува со конкретен урбан план и материјална претстава на неговата визија[7]. Всушност, неговиот дијаграм претставува нов концепт за функционирање на градот, форма на оптимално обединување на здрава животна средина и индустрија кои ќе обезбедат подобри услови за живот на човекот (Carter. 1931 : 511). Неговата идеја претставуваше *„свесен и ригорозен нацрт за нов правец во развивањето на градовите и напредни решенија кои се справуваат со широк распон на градски проблеми*“ (Fishman. 1982 : 25). Користејќи ја како инспирација книгата на д-р Бенџамин Ричардсон „Hygeia, A City of Health“ (мак. „Хигеа, град на здравјето), Хауард создава здрава заедница чиј просторен карактер ќе биде дефиниран од широки јавни простори и изобилство на зеленило (Fishman. 1982 : 42). Во целокупната детална организација на планот за Град - градина, Џејн Џејкобс во обидот на Хауард препознава политичка и економска заедница / систем кој, како идеја, ги надминува едноставните физички и социјални одлики на новата станбена целина (Jacobs. 1961 : 17). Неговата идеја која вклучува повеќе аспекти на планирање на

[7] Она што Хауард во книгата го претставува е шема, организација како Градот - градина треба да функционира. Тоа не претставува конечен и конкретен план на град кој понатаму треба да се оствари, туку тој ќе зависи од изборот на конкретната локација. Сепак, концептот делува оптимистично, што брзо по објавата на книгата „The Garden City of To-Morrow“ прави идејата за Град-градина да се обиде да биде материјализирана во вистински градови што ќе се водат според овие принципи. Подетално во Carter. 1931, Miller. 1983, Monclus. Medina. 2018.

градовите е силно препознаена во научната дисциплина. Одејќи еден чекор понатаму, концептот на конкретна територија која нуди живот со засилен ефект на природните вредности на животната средина, ниски материјални трошоци за живеење и повеќе можности за социјална интеракција, додека успешно го решава прашањето за работниот статус на неговите жители и врски со околината, ќе биде земен како модел врз кој планерите на дваесеттиот век ќе ги поставaт своите просторни концепти и конкретни реализации (Purdom. 1925 : 46-51).

### 1.3.3 Меѓувоениот период и новите идеи за концептот на домување

Втората етапа од хронолошкиот преглед на населбите за колективно домување како просторно препознатливи целини ја претставува архитектурата која се создава во периодот помеѓу двете светски војни. Развојот на оваа архитектура може да се согледа од две позиции. Од обликовно - просторната страна, архитектурата добива нова појавност и рационален облик, кој е овозможен од глобалната индустријализација и технолошкиот напредок, новите материјали и градежни методи (Banham. 1967, Frampton. 1992). Од позиција на алатка која треба да одговори на општествената состојба, архитектурата добива сериозна обврска да ги обнови градовите уништени од виорот на двете светски војни, доминантно решавајќи го станбеното прашање на најзагрозените луѓе во светот. Пред Првата светска војна, фокусот за станбеното прашање е проблем кој се врзува со обезбедување достојни услови за живот на индустриските работници, решавање на состојбата со сиромашните населби и со невработените, како и потребите на различни маргинализирани групи (Glendinning. 2021). Во периодот на војната, намалената станбена реализација, природниот прираст и миграциите од опасните во побезбедните градови значително го зголемува бројот на луѓе со нерешен станбен статус во урбаните средини. Истовремено, се засилува и општата миграција од село кон град, гледајќи ги градовите како места кои нудат подобри животни услови (утописка визија на дваесеттиот век). Таквата состојба претставува подлога за сериозна станбена криза која доаѓа по војната, а со тоа и потребата за брзо и систематско решавање на овој клучен проблем (непознат автор, ? : 277 - 295).

Сериозноста и големото мерило на состојбата ги вклучува државите и властите во решавање на ова отворено прашање. Истовремено, ваквата состојба станува и можност за највисок напредок на концептот на домување. Во различни држави од Европа, власта најчесто креира различни политики со кои се стимулира изградбата на напредни станбени комплекси за потребите на луѓето од работничката класа, замена на гетата со станбени целини кои овозможуваат соодветни услови за живеење и вдомување на населението кое е жртва на воениот период (Glendinning. 2021). Универзалната визија за домувањето се чувствува како единствен и обединувачки прото-наратив,, без разлика на локалните влијанија на општествено уредување. Тенденцијата за „реконструкција“ на разурнатите градови во Британија (што како тежнеење, може да се види и на други места) не претставува само едноставна потреба за материјална обнова на градовите и враќање на изгледот од пред војната. Всушност,

зад прашањето за обнова се чувствува визија, но и шанса за нов начин на живот. Модерна инфраструктура, нови културни перспективи, редовна работа и визии за еднаква еманципација на сите луѓе се носечките наративи кои се изразени низ физичката манифестација на новите изградени населби и градови (Sherring. ? : 1). Ваквата тема на обнова се практикува и во други држави. Уште еден обединувачки модел кој се појавува во нив е новото социјалистичко уредување кое по војната доаѓа на власт во повеќе земји. Користејќи ја повоената урбанизација како дел од својата програмска политика, низ новите изградени населби се претставува обид за создавање на средина и *„општество кое ќе обликува подобар животен наратив“* (Engel. 2019 : 21).

Од прашањето на домувањето е засегната и идеолошката линија на архитектонската професија. Серија значајни архитекти од ова време, покрај проектантскиот придонес за соодветен одговор на темата, даваат и свој теоретски придонес, предлагајќи напредни насоки во кои треба да се развиваат новите простори за домување. Бруно Таут можноста за решавање на големото станбено прашање ја гледа во развој на станбената инфраструктура на нови слободни територии, надвор од градот. Според Таут, новото домување треба да претставува една групна форма која ќе биде измешана со културна и религиозна содржина, дефинирајќи просторна и функционална целина (Taut. 1918 : 41-42). Надоврзувајќи се на него, Берлинскиот совет за уметност ја изразува потребата за формирање на населби за колективно домување кои ќе претставуваат комплетна *„супер визија на хумани станбени простори што ќе претставуваат експериментални територии за тестирање и усовршување на нови архитектонски ефекти“* (Work Council for Art. 1919 : 44). Се појавуваат и комплетно нови визии за градови кои во целост се водени од технолошкиот напредок на човештвото (Le Corbusier. 2023 : 59-60).

Целосниот спој помеѓу идеологиите и рационалните потреби на новиот човек кога е во прашање планирањето на домувањето и населбите кои внесуваат нови социјални вредности, според Ирис Грасиер (Gracier. 1990 : 176) е темелено на три централни идеали:
(1) *Социјални и политички идеали*, потенцирајќи го правото за покрив над главата на работниот човек, дури и ако тоа значи вклучување на државата во изградба на неговото ново живеалиште.
(2) *Реформи и либерални идеали*, поврзани со визијата за „новиот човек“„новата култура“ и „новиот начин на живот“ во „ново општество“.
(3) *Архитектонски идеали*, изразени низ новиот облик на архитектурата, соодветна за основните потреби на работниот човек.

Обединети под заеднички идеали, новите станбени сегменти реализирани по Првата светска војна се забележани како препознатливи градски целини. Нивната архитектонска појавност која на повеќе места е дефинирана од различни типологии и просторно - волуменска организација, во себе ја носи идејата за колективот, идејата за обединување во една форма и во една социјална заедница.

Вредностите на овие станбени интервенции се забележуваат низ нивните квантитативни и квалитативни параметри. На најелементарно ниво, новите станови тежнеат кон обезбедување поголема просечна површина за помал број на жители. Воспоставени се услови за основна хигиена и еколошка свест, реализирани низ оптимизираното природно осветлување и проветрување, како и обидот за внесување приватна бања во секоја од станбените единици. Во поголемата слика, размислувано е на опкружувањето на жителот, поставувајќи ја природата и зеленилото во непосредниот човеков животен простор. На крај, вниманието е насочено и кон економската моќ на човекот и неговиот финансиски капацитет да го обезбеди својот дом, често формирајќи државни фондови кои ќе го субвенционираат градењето на ваквите станбени единици.

Покрај индивидуалните државни политики, често водени од левичарските движења, овој период се формираат и конкретни теории и глобални движења кои влијаат врз развојот на просторот за домување. Во размислувањето и подигнувањето на овие населби за домување неретко учествуваат планери и архитекти кои се носители на новите идеи за рамноправниот и достоен простор за домување на сите и кои учествуваат во (или се дел од колективи насочени кон) креирањето на конкретните теории за архитектурата во дваесеттиот век. Нивното преклопување зборува за обединетото дејствување на општествениот системи и напредните сфаќања на поединците кои заедно учествуваат во промена на доживувањето на изградениот простор. Овие промени може да се забележат повторно на повеќе нивоа. Нивното физичко манифестирање внесува експериментален карактер во градската слика, претставувајќи употреба на нови материјали и техники на градење во големи нови станбени комплекси што стануваат препознатлив сегмент од градскиот простор. Нивната големина и единствен обликовен јазик во кои се изведени ја прават контурата (во хоризонтален план) и силуетата (во вертикален план) на овие просторни целини различна во однос на останатиот дел од градот. Дополнително, просторната организација на овие станбени целини е ориентирана кон подигање на културното и социјално искуство на човекот кој е нивни директен корисник. Со цел формирање на јасна слика за ваквите станбени ансамбли, во продолжението на оваа глава ќе бидат елаборирани неколку концепти и насоки за теоретскиот развој на архитектурата во ова време, поддржани со примери на просторно препознатливи целини изградени во различни географски и општествени средини и временски контексти. Во посочените случаи, покрај доживувањето на целината низ физичката форма, прашањето на целина и заедница е разгледувано и низ нивните социјални можности и политики кои овие станбени целини ги обликуваат и поддржуваат.

### 1.3.4 Единица на соседство на Кларенс Пери / комплетна социо - културна заедница во рамките на градот

Влијанието кое концептот на Град - градина го има врз голем дел од архитеконската авангарда на дваесеттиот век несомнено се чувствува низ идеите кои таа ги пласира како носечки теории за подобрување на условите за живот во новите градски населби. Градот - градина претставува нов обид за воспоставување на станбена целина која ги ползува добрите страни на урбаниот и руралниот модел на живеење. Хауард зборува и за самоодржливоста и богатата програмска разновидност како една од компонентите на планот за Град - градина која го претвора во напредна станбена форма во споредба со моменталната состојба на постојните градови. На слична линија, Пурдон (цитиран во Carter. 1931 : 511) го препознава ограничениот број на жители на градот како позитивен аспект на неговата социјална и економска ефикасност. Сепак, ваквата самодоволност и „*отсуството на интегрално планирање*" всушност е и основа за на истиот да се гледа со доза на негативна критика (Edwards. 1913 : 150-157, Lloyd. 1945 : 280-281). Неговата изолираност како засебен физички ентитет го претвора во самодоволна ексклузивна заедница, отворајќи ја вратата за појава на сегрегација[8] (Maganga. 2022). Од друга страна, идејата на Хауард ги заобиколува тековните проблеми на постојните градови, насочувајќи се кон воспоставување на нов физички изолиран социјален систем.

На почетокот на дваесеттиот век, модерниот живот во градовите обликуван од индустрискиот развој овозможува масовна продукција на производи, но поттикнува и силна миграција, што претставува терен за поддигнување „безживотни" простори за домување. Новите слабо планирани станбени целини кои покажуваат ниско ниво на физичка и социјална кохерентност го загрозуваат постоењето на градот со неговиот автентичен и препознатлив културен карактер (Dahir. 1947 : 7-15). Имајќи го во предвид искуството на Град - градина, американскиот урбанист Кларенс Пери во обид да го врати градскиот социјален дух во проширените хомогени станбени заедници кои претставуваат нематеријална екстензија на домот т.е. населбите / соседства, во 1929 година ја создава „единицата на соседство".

Концептот на единица на соседство е идеја која започнува да се развива во меѓувоениот период[9], инспирирана од концептот на Град - градина[10] (Patricios. 2002). Пери својата идеја за организација на соседството ја гледа во насока на создавање простор кој ќе биде безбеден за неговите жители, со основната идеја за враќање на „лице-в-лице" средбата која ќе ја зацврсти блискоста на луѓето, ќе го засили идентитетското прашање на припадност во средината и ќе го возобнови културниот дух на градот.

---

[8] Ова е случај со повеќе модели на Град - градина кои се воспоставени на Афричкиот континент.

[9] Идејата за соседство во ваква форма опишана во текстот почнува да се развива на почетокот на дваесеттиот век, но обединувањето на повеќе објекти во логична просторна агломерација, кои градат однос помеѓу себе се случува далеку поназад во историјата.

[10] Градот - градина како ограничена целина за 30 000 луѓе е дополнително поделен на 6 помали еднакви целини од 5 000 жители кои ја имаат зградата на основното училиште како физичка и фигуративна инфраструктура која е симбол на нивното социјално обединување.

Остварувањето на ваквата идеја на Пери е овозможена со просторна организација која се потпира на четири основни принципи. (1) Централен елемент околу кој се организира единицата на соседството е основното училиште, ограничувајќи го бројот на жители во неа. Како и во претходните концепти, врз училиштето се гледа како на социјален атрактор на заедницата со потенцијал социјално да ја обедини истата, низ активности и можности кои ги нуди надвор од неговата примарна образовна функција. (2) Ограничување на автомобилскиот сообраќај по работ на единицата. Ваквата просторна организација допира до прашањето на жителот на населбата, ослободувајќи ја внатрешноста на единицата за неговата примарна улога на пешак. Истовремено, ваквиот потег претставува сигурносна мерка за безбедно движење на децата до училиштето[11]. (3) Продавниците кои се комерцијални снабдувачи на единицата, но и нејзини социјални елементи се позиционираат на периферијата на заедницата како би биле подостапни за надворешните корисници, оставајќи го внатрешниот простор за неговите постојани жители. (4) Пропишано е обезбедување на минимална зелена површина на повеќе позиции во соседството, пренесувајќи го природниот дух во урбаната организација на градот и обезбедувајќи повеќе места за спонтана социјализација и средба на жителите на соседството (Perry. 1929) (сл. 5). Од ваквата организација на единицата, можат да се извлечат два заклучоци кои соодветно се однесуваат на нејзините нематеријални и материјали карактеристики.

- *Физичко и социјално димензионирање според потребите на човекот*

Обликот и просторната организација на единицата се подредени на човекот како централна фигура која ќе го користи просторот, правејќи нејзините физички одлики да бидат во склоп со неговите социјални потреби. Овие нематеријални вредности на соседството, подоцна се поткрепени од ставот на Константинос Доксијадис (цитиран во Keller. 1968 : 7) кој ја застапува идејата за човечката димензија во архитектурата, опишувајќи го соседството како *„природна заедница која треба да се задржи во доменот на човекот“*. Според Кули (Cooley цитиран во Keller. 1968 : 43), соседствата се *„мали места во кои жителите градат силно испреплетена мрежа на меѓусебни односи која создава социјална интеграција базирана на сличност т.е. заеднички потреби и со која се справува со дезорганизираноста на актуелниот урбан живот“*. Впрочем, идејата за единицата претставува „ветување“ за мирен и човечен живот во градот кој него, како резултат на големиот технолошки напредок, брзо го напушта (Goldfield. 1987 : 231-236).

- *Единицата на соседство како формален дел од градот*

Единицата на соседство може да се толкува низ нејзините формални и квантитативни одлики. За разлика од претходниот случај, овој пат како дел од градот, единицата е препознаена како официјален структурен елемент кој сочинува поголема

[11] Статистиките во Америка покажуваат дека на почетокот на дваесеттиот век, секој ден едно дете е жртва во сообраќајна несреќа на пат кон училиште.

целина. Како таква е потврдена од Асоцијацијата за регионално планирање на Америка (анг. Regional planning association of America) (Ludobe. 1963). Физичката компонента на единицата се чувствува и низ ограничувањата на бројот на жители и дистанците на кои треба да се наоѓа основното училиште за сите жители, суптилно влијаејќи на нејзиниот облик и големина (Kostritsky. 1952 : 3-12).




сл. 5 - Дијаграм за Единица на соседство на Кларенс Пери (Dahir 1947)

Соодветно на двојниот карактер, дефинирањето на идејата за соседство / населба низ литературата секогаш го претставува урамнотеженото согледување на неговите / нејзините физички одлики и социјални квалитети. Сузан Келер (Keller. 1968: 87-90) во својата книга „Neighborhood“ (мак. Населба) нуди неколку дефиниции низ кои може да се перцепира соседството / населбата: „*Дистинктивна зона во која може да се препознаат поголеми различни просторни единици… оваа дистинкција доаѓа од различни влијанија: географски граници, етнички или културни карактеристики на жителите, психолошко единство на луѓето кои чувствуваат дека припаѓаат заедно…*“, „*дистинктивна територијална група, препознатлива по специфични физички карактеристики на изградениот простор и специфични социјални карактеристики на нејзини жители*”, „*Населбата како помала заедница, дел од поголема целина која најчесто има физички и симболички граници. Улици, железници и*

*паркови одвојуваат одредена зона и нејзините жители или пак историските и социјалните традиции ги прават луѓето да доживеат одредена територија како засебна единица. Најчесто овие две форми на граници се зацврстуваат една со друга: Физичкото единство го засилува симболичкото единство, а симболичките граници се припојуваат до физичките".* Вака дефинираното соседство еднакво ги истакнува двете компоненти на неговото обликување. Она што повторно може да се почувствува е просторното организирање на соседството околу човекот, адаптирано на неговите физички и емоционални потреби. Единицата на соседството ги препознава овие одлики и ги претвора во конкретна алатка за планирање.

Теориите околу концептот за населба претставуваат сложени шеми на размислувања кои привлекуваат позитивни и негативни критички толкувања (Douglas. 1977 : 90). Размислувањата за концептот на населбата како социјална, културна и формално дистинкитивна заедница како што се препознава, започнуваат уште пред истражувањата на Пери (Mehaffy. 2015 : 199-217). Кларенс е оно кој, согледувајќи го контекстот на модерниот град, низ воведувањето на конкретни параметри на просторно и емоционално обликување, го трансформира соседството во единица на соседство. Таа станува формален елемент на градот, претворајќи се во јасна хиерархиска матрица на градската организација (поголема од домот и улицата, помала од градот како единица). Според Луис Мамфорд (Mumford. 1954 : 262), единицата на соседството станува модерен еквивалент на средновековните четврти со изразен повеќепрограмски и богат социјален карактер.

Од друга страна, аспектите кои го дефинираат неговиот карактер, воедно се судираат со општествените состојби и технолошкиот напредок на дваесеттиот век. Бројот на жители кои ја сочинуваат единицата не ја прави одржива соодветно на програмската севкупност која е предвидена за секојдневно и целосно независно функционирање на заедницата (Ling. 1967). Така предвидена, единицата станува социјално самодоволен простор. Истата сеопфатност се препознава и како основа за појава на сегрегација, спротивна на технолошкиот напредок и идејата за остварување контакт и пријателство со луѓе од други делови на градот благодарение на брзиот и евтин моторен сообраќај (Webber цитиран во Douglas. 1977 : 79). На крајот, единицата на соседството претставува целосно контролирана и планирана просторна организација која е формален дел од обликувањето на градот и чија урбана морфологија е испланирана уште пред почетокот на нејзината изградба. Контрадикторно на тоа, единицата на соседството тежнее кон возобновување на искуства на спонтано настанатиот град пред дваесеттиот век, чии социјални и културни својства се одлика токму на неговото спонтано обликување (Jacobs. 1961).

Поделените мислења за единицата на соседството се однесуваат на испреплетеноста на нејзините квантитативни и квалитативни одлики. И покрај рационалните критики, единицата на соседството со своите организациски принципи, претставува оптимален одговор на секојдневните егзистенцијални потреби на просечното семејство (Mumford. 1954: 264), што ја прави соодветен и адаптибилен модел за урбанистичко планирање на глобално ниво (Lee. Park. 2018, Rego. 2018, Patricios. 2002 : 70). Проширена на повеќе континенти, единицата на соседството добива локални карактеристики соодветни на контекстот во кој се појавува (поголема

густина на населението, формално дефинирана од големи згради за колективно домување наместо вообичаените едносемејни куќи во американскиот контекст, пократки пешачки дистанци, различна организација на комерцијалните содржини итн.). Поврзувањето на единицата на соседството со човековите просторни и емоционални потреби ќе биде прилика и за нејзина интеграција во планирањето на градот и организацијата на станбените зони во поголемите градови по Втората светска војна (Caramellino. 2022 : 369). Голем број европски архитекти и урбанисти ќе ја употребат единицата на соседството во своите планови, како што е случајот со Константинос Доксијадис (Erickson. Highsmith. 2018 : 7) во 60-тите години на дваесеттиот век. Примената на овој модел и врската со Константинос Доксијадис е особено важна поради неговата вклученост во формирање на политиките за домување како дел од Планот за обнова на Скопје по земјотресот од 1963 година, правејќи го овој концепт исклучително релевантен за истражувачкиот контекст на дисертацијата. Неговото познавање во Скопје ќе се одрази со организирање на соседството околу училиштето како формативен елемент на населбата, соодветно на концептот на Пери.

### 1.3.5 ЦИАМ (CIAM) и модерната архитектура во меѓувоениот период

Паралелно со развојот на идејата и концептот за „единици на соседството“ во Северна Америка, на европското тло се развива севкупна критичка архитектонска мисла која е поттикната од слабостите, но и можностите на општествениот и временскиот контекст, поставувајќи иновативни теоретски принципи на кои се предлага да се темели новиот изграден простор.

Понесени од технолошкиот напредок и рационалноста која тој ја носи со себе, во 1928 година е напишан манифестот од Ла Сараз, според кој новиот архитектонски израз ги напушта историцистичките и академски архитектонски практики; ја афирмира вредноста на архитектурата помеѓу пошироката јавност; и организацијата на просторот ја подредува според новата човекова социјална природа (Berlage et al. 1928 : 109:112)[12]. Формата на манифестот како декларација која низ својот комуникациски медиум (во случајов текст), претставува идеја, концепт, тежнеење… (Tschumi. 2014 : пасус 15), е првиот документ на Интернационалниот конгрес на модерна архитектура (CIAM). Изнесувајќи критичка мисла која се однесува и на општеството и на архитектурата, овој документ ќе ги изрази основните принципи врз кои ќе се обликува највлијателната авангардна европска архитектонска мисла и пракса[13]. Овој форум на модерна архитектура низ повеќе интернационални конгреси ги отвора прашањата за клучни теми на иднината на модерната архитектура. Прашањето за минималните услови за

[12] Овој манифест не е првиот документ кој повикува на ослободување од историјата и уживање на можностите на технолошкиот напредок. Во слична насока, иако малку посентиментален, е манифестот на футуристите од почетокот на дваесеттиот век (Marinetti. 1973, (оригинално објавен во 1909) : 19-24).
[13] Модерната архитектура во обликовната и идеолошка форма за која CIAM се залага не се раѓа со формирање на оваа организација. CIAM е неформална институција која ја потврдува општествената состојба и ги согледува нејзините тенденции, насочувајќи ги во конкретен архитектонски и урбанистички израз. Она што во најголем дел ќе биде планирано, проектирано и реализирано во европските градови по Првата светска војна, во себе речиси секогаш ќе ги носи начелата на модерната архитектура, и пред појавувањето на CIAM.

домување / минималниот стан (Existenzminimum) станува тема која се проширува низ цела повоена Европа, што од идејата за станот, прераснува во однос кон околината, идејата за целокупното домување и обезбедување еднакви услови за сите жители на градот (Monterumisi. Porroto. 2019 : 77). Подготвеноста на европската мисла да прими нови концепти и истите да ги искористи во подобро уредување на изградениот простор се препознава и низ употребата на концептот на единица на соседство уште на самиот почеток на нејзино идеолошко концепирање (Mumford. 2019 : 293). Дебатата за урбанизмот продолжува и во третата димензија, дискутирајќи го прашањето за оптималната катност на објектите. Правилно ориентираните високи повеќесемејни станбени згради, самостојно поставени во зеленило стануваат архетипот на просторната организација кои го прават морфолошкото „милје" што ги обликува станбените територии и го гради односот со останатите елементи на планирањето (Mumford. 2000 : 49-58). Овие принципи ќе влијаат врз станбениот развој на повеќе европски градови, насочувајќи ги своите напори кон обезбедување достоинствени услови за живеење на сите луѓе. Влијанието и ефектот од овие принципи ќе кулминира со објава на Атинската повелба како резултат на CIAM 4, произнесувајќи се за модерната организација и функционирање на градот, соодветно на тековните напредни технолошки состојби (Le Corbusier. 1973, првично објавена во 1943).

> *„... Урбанизмот ја изразува состојбата на една ера. Досега, тој допираше само еден проблем, сообраќајната циркулација. Насочен беше кон поставување авении и улици, формирајќи блокови од згради чија организација беше оставена на случајните принципи на приватните иницијативи. Ова е несоодветен поглед на неговата мисија. Урбанизмот има четири главни функции. Прво, да обезбеди здрави средини, места во кои просторот, свежиот воздух и сонцето - трите основни услови на природата - се достапни во изобилство. Второ, да го организира просторот за работа како тој не би бил простор на потчинувања, туку природна човекова активност. Трето, да ги организира објектите за квалитетно користење на слободното време, правејќи го истото продуктивно и корисно. Четврто, да овозможи врска меѓу трите различни функции со сообраќајна мрежа која ги овозможува потребните врски, додека ги почитува привилегиите на секој елемент. Овие четири функции, кои се четирите клучни елементи на урбанизмот, покриваат огромно поле, со оглед на тоа што урбанизмот е исход на начин на размислување, интегриран во јавниот живот преку техники на дејствување"* (Le Corbusier. 1973 : 95-96).

Согледувајќи ја состојбата на градот од деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век, прашањето за здравјето, хигиената, пренаселеноста и основните човекови потреби продолжуваат да бидат логични теми кои ги обликуваат урбанистичките тези (Gehl. 2011 : 45). Стандардизацијата и рационалната организација на архитектурата и планирањето се недвосмислено употребени како начин за надминување на претходната состојба на градот. Во тој контекст, Атинската повелба го создава „функционалистичкиот град", делејќи ги сите елементи на урбанизмот во

сопствени зони[14]. Клучно е што домувањето се одвојува од просторот за работа, прочистувајќи ги неговите територии од загадувањето и лошиот воздух кој го носи индустрискиот развој.

Препознавањето на Атинската повелба како значаен документ кој влијае на европската архитектура од дваесеттиот век е несомнено присутно во литературата и изградениот простор. Опишана како *„модел кој ги контролира урбаните функции претворајќи ги претходно емпириски препознаените наоди на урбанистичкото планирање во организирана, беспрекорно хигиенска и структурно транспарентна урбана машина“* (Bosman. 1993 : 6) и како *„ефикасна насока за развој на современата архитектура и урбанистичкото планирање“* (Currie, 1989 : 18), новата визија за градот се бави со неговите целокупни хумани вредности наместо историската идеја насочена единствено кон дизајн на јавни објекти (Gold. 1998 : 230). Таа претставува утописки поглед на иднината, верба дека интелектуалниот и машинскиот напредок ќе ги решат и надминат социјалните човекови проблеми и ограничувања, изразени во просторна форма (Hollis цитиран во Davoudi. Madanipour. 2003 : 460).

Олицетворение на заложбите на CIAM и Атинската повелба се прикажани низ концептот за Ville Radieuse (Озарениот град) на Ле Корбизје[15]. Предвиден да биде подигнат на територија која претходно била изградена со традиционална архитектонска форма зборува за идејата на модерната за раскинување со минатото и вербата во напредокот на човештвото (Merin. 2017 : пасос 2). Носечка тема во овој геометриски град се централно поставени вертикални кули околу кои се развиваат пониски станбени блокови, додека сета изградена станбена структура е втопена во изобилство на зеленило. Покрај идејата за подобар живот на жителите, ваквата композиција е препознаена како обид за постигнување на единство на изградената градска структура и природниот пејзаж (Rabaca. 2016 : 116). Планот за Ville Radieuse кој ќе биде понесен од идејата за економски и машинско - технолошки напредок ќе стане симбол на утопија на идиниата (Agrest. 1980 : 12), станувајќи модел за град на дваесеттиот век (сл. 6-7). Утопијата на Ле Корбизје која според Дал Ко (Dal Co. 1990 : 12-81 цитиран во Rabaca. 2016 : 119) претставува *„модерен град за органско модерно општество, опоравувајќи / закрепнувајќи го хармоничниот живот на минатото на кој индустријализацијата му стави крај“*. Иако овој план нема да се реализира, тој ќе стане пример кој понатака ќе тежнеат да го достигнат други градови.

[14] Функционализмот не се појавува со редефинирањето и организацијата на модерниот град во првата половина на дваесеттиот век. Она што ќе го предложи Атинската повелба како фунционалистички град е екстензија на дисциплина / правец / физозофија која и претходно ќе најде своја примена и пракса во историјата и во други дисциплини. Подетално во (Gold. 1998 : 228-229).

[15] Планот на Корбизје за овој град се појавува пред Атинската повелба и CIAM 4 (во изменета форма како Ville Contemporine), со оглед на тоа што основните принципи кои се цврсти темели на повелбата се поставени уште на почетокот на CIAM.



сл. 6 - Перспектива на Ville Radieuse на Корбизје (Simard. Mercier. 2011)



сл. 7 - План на Ville Radieuse на Корбизје (Simard. Mercier. 2011)

Бразилија претставува физичка транскрипција на концептот на функционалистичкиот град и Атинската повелба. Овој град кој наликува на утопија низ својот префинет геометриски израз прецизно го применува зонирањето на градот, а изобилството на зеленило е врзувачкиот елемент кој ги обединува деловите во една целина (Champan. 2005, Wang. 2019). Замислен како симбол на успехот на Јужна Америка, градот е визија за модерно општество, потврдено низ апстрактната геометрија на зградите кои ги вдомуваат јавните содржини и силните сообраќајни потези кои пробиваат низ целата должина на градот. Со своите високи еколошки квалитети, Бразилија е перцепирана како градот на иднината (сл. 8).



сл. 8 - План на Бразилија на Лусио Коста (Taraves. 2010)

Градовите како Бразилија кои силно се придржуваат до принципите на Атинската повелба се карактеризираат со просторна чистота која произлегува од идејата за подобри животни услови на нивниот жител и тоа недвосмислено го прават. Сепак, суштината на градот не ја чинат само формалните процеси кои го дефинираат обликовно и ја прават препознатлива неговата територија и силуета. Во случајот на Бразилија и нејзиниот поглед кон иднината, препознаено е отсуството на „емоционален" град, отсуство на место со човечки дух и хаотични улици, луѓе кои живеат над продавници и блиску до канцеларии и други јавни програми (Bianco. ? : пасус 12). Отсуството на духовната компонента на градот изразена низ неговите тесни социјални и човекомерни простори, како и мешовитата програма на една територија која прави преплет на разни профили на луѓе кои на едно место, заеднички го живеат градот (Alexander. 1965), се аспекти кои се „слаба точка" на CIAM и Атинската повелба, аспекти на живеењето на кои тие не успеваат да одговорат… Функционалистичкиот град пропушта да ја разбере важноста на обрасците за контакт меѓу луѓето и важноста на психолошката компонента на јавниот простор за градење на здравиот дух на градот (Gehl. 2011 : 45). Загубата на оваа нематеријална компонента на градот, присутна во минатото, ќе направи Атинската повелба да биде препознаена како *„најдеструктивниот документ во историјата на CIAM"* (Frampton. 1992 : 270). Наместо стерилното доживување на прочистениот „униформен" град, на истиот треба да се гледа како на *„артикулација на различни јазици и пресек на различни социјални сили"* (Agrest. 1980 : 13).

Низ толкувањето на Атинската повелба, се забележува нејзиниот формално композициски интерес за градот. Од друга страна, домувањето според Кларенс Пери е состојба која треба да се карактеризира и да биде водена од неговата социјална компонента. Формалната компонента на неговиот модел не е апсолутна и единствена (иако постојат дебати кои зборуваат за најсоодветната примена на повеќесемејни станбени згради во „единицата на соседството“). Со своите недостатоци, обединувањето на овие два концепти во реалноста, теоретски би создало најдобри резултати. Во таа насока, населбите за колективно домување кои се разгледани во следните примери и кои се изградени во различни држави, се обидуваат да ја прикажат врската помеѓу општествените состојби и теориите за новиот облик на градот и градските населби.

### 1.3.6 Германија и формите на колективно домување

Завршувајќи ја Првата светска војна на поразената страна, општествените неповолности на Германија се одразуваат во сите сегменти на нејзиното функционирање. Проблемите со дефицитот на објекти за домување во 1919 година во себе носат финансиска и социјална компонента[16] (Laporte, Gabel. 1920 : 137-141). Со цел заштита на работничката класа и обезбедување добри услови за нејзино живеење, лево ориентираните социјалистички движења кои ја водат државата во дваесеттите години на минатиот век посегнуваат по *„кохерентни и практични решенија на оваа криза“* (O'Connell. 2019 : пасус 7-9)[17]. Според Кипенбергер (Kippenberger. 2024), обединувањето на социјалните цели и амбицијата резултира со *„нов дух на оптимизам“* прикажан низ нова култура на живеење и *„здрав дом за секој Германец“*. Колективната станбена зграда со височина од три ката е предвидена како рационална и оптимална станбена форма која треба да ја насели силуетата на големите градови (Laporte, Gabel. 1920 : 140).

Покрај прашањето на згради кои предвидуваат форма на повеќесемејно домување, релацијата со природата станува фундаментален чинител на новите населби. Изградениот и неизградениот (зелен) простор остваруваат продлабочена врска во која двата се надоврзуваат и заемно ги задоволуваат потребите на другиот. Зелените површини стануваат екстензија на домашните активности, претворајќи ги отворените

[16] Во периодот на војната, станбената изградба е во застој и финансиите се насочени кон потребите на војувањето. По завршувањето на војната, ресурсите се потрошени, оставајќи ја државата без можност веднаш и достојно да се справи со станбениот проблем. Истовремено, се случува мигрантски наплив на луѓе кои се враќаат од војната како и голем број на доселеници кои доаѓаат во поголемите европски градови со визија за подобар живот. Ваквата состојба, заедно со природниот прираст на населението резултира со пренаселеност на постојните станбени капацитети, претворајќи ги нив во хигиенски и еколошки несоодветни простори за домување.

[17] Начинот за постигнување на кохерентни и практични решенија на кризата се постигнуваат со воведување на данок од 15% на приватните сопственици на имот кој ќе се употребува за изградба на државно спонзорирани станбени ансамбли достапни за работничката класа. Со тоа се случува пресврт во државната социјална политика и станбена реализација. Во истата насока, на повоениот природен прираст и миграциите на луѓето е одговорено со нова станбена архитектура која се грижи за хигиената и контактот со природата на нејзините корисници, соодветно на генералните европски идеи.

делови на населбата во продолжена и социјално обединувачка дневна соба. Истовремено, непосредните зелени површини во населбите ја збогатуваат вредноста на ентериерот низ чии прозори, како да се вселуваат во внатрешноста на објектот (Adolf Loss цитиран во Berlin Siedlungen (документарен филм. 1975). Наративот за важноста на врската помеѓу домот и природниот пејзаж може да се забележи и низ актуелната филмографија, текстуалните обраќања и тематските изложби кои човекот го ставаат во директна врска со урбаното зеленило на градот, обединувајќи ги неговите идилични и урбани потреби (Sevilla-Bitrago. 2022 : 100-106).

Поставувајќи ги основните принципи околу кои се обликуваат новите форми на домување, дваесеттите години во Германија раѓаат населби кои се одликуваат со различна урбана морфологија. Во 1929 година Валтер Гропиус го покажува својот дијаграм за типолошката еволуција на градскиот блок. Од деветнаесетовековниот урбан периметрален блок дефиниран со индивидуални станбени објекти и поединечно уредени задни дворови, преку јасно реформираното периметрално решение и колективен двор во внатрешноста, до слободостоечки хоризонтални повеќесемејни згради сместени во зеленило, Гропиус низ цртежот ја прикажува формалната и општествена промена која архитектурата треба да ја изрази (Sonne. 2010 : 122) (сл. 9). Сепак, организациската трансформација на блокот која дијаграмот ја сугерира не се случува во последователен временски етапи. Различните облици на згради и нивната просторна релација кои отсликуваат унифицирана колективна целина се градат и постојат заедно и паралелно (Zedda. 2022 : 201).



сл. 9 - Дијаграм за еволуција на градскиот блок (Gropius.1929)

Населбите во кои колективните згради се поставени една зад друга доминантно се ориентирани во правец север - југ, како би можеле целосно да го искористат пробивот на сонцето во внатрешноста на домот. Во истата насока, внимавано е и на растојанието помеѓу објектите, не дозволувајќи еден објект да го засени другиот. Во празнините се појавуваат зелени површини кои го збогатуваат природниот карактер на населбата, овозможувајќи го контактот на жителот со природата во неговата најнепосредна животна средина. Според Мартин Вагнер (цитиран во Sevilla-Bitrago. 2022 : 102), зеленилото во населбите станува *„фундаментален елемент кој служи за подобрување на физичкото и менталното здравје на неговиот корисник“* (сл. 10).




сл. 10 - Населба Вестхаусен, Франкфурт, Германија (Atala, Z,O.)

Сличен однос на изградениот и слободниот простор се создава и во реформираниот периметрален блок. Изградената структура на овој урбан тип создава јасен однос кон улицата кој истовремено го обликува и внатрешниот слободен, зелен и полујавен простор на градот. Од повеќе мали и запуштени индивидуални дворови на поединецот, овие независни дворови се претвораат во колективни и безбедни зелени површини предвидени најмногу за игра на деца од соседството и социјализација на жителите од блокот. Паралелно со тоа, овие простори се и јавни природни „џебови“, отворени за сите корисници на градот. Тоа е само уште една основа по која овие просторни склопови на обединет изграден и неизграден простор треба да се доживеат како пример за квалитетно уреден станбен сегмент во градот (сл. 11).

На најниско ниво, архитектонскиот јазик со кој се изградени зградите е прочистен од орнаменти, тежнеејќи кон нов индустриски изглед кој е соодветен за времето обележано со технолошкиот напредок. Изгледот на фасадите е униформен и еднозначен, со волуменски транформации и повеќе бои кои најчесто ја означуваат различната промена на програмата во самиот објект[18]. Изградени од монтажни и сериски елементи, становите не ја надминуваат површината од 70 m². Секој стан добива индивидуално греење, а секоја од просториите на станот е директно осветлена и проветрена (Stratmann, 1979 : 18-21).

[18] Во примерот на Hufeisensiedlung, Берлин, се појавуваат исфрлања и вовлекувања во фасадата кои ги потенцираат вертикалните комуникации и заедничките простори на највисокото ниво. Такви состојби може да се прочитаат и во други германски блокови.



сл. 11 - Хуфајнсидлунг, Берлин, Германија ( непознат автор. 2015)

Новите форми на градски блок со својот отворен колективен двор целосно ги поддржуваат барањата на Франц Шустер „за *воздух и сонце, што се одлики на новиот Град - градина, новата куќа, градина и природа*", како и барањето на „*мир што е одлика на домот*" (Schuster цитиран во Michieletto 2012: 16). Доколку тргнеме во едноставна анализа на имињата кои ги имаат овие комплекси, лесно се стигнува до заклучокот дека покрај обезбедување на основен простор за живеење, истите во себе носат и асоцијативно позитивна компонента. Hofgarten (двор - градина) и Sonnenhof (двор на сонцето) се само некои примери кои еколошката и природната компонента ја проектираат и во менталната слика за овие станбени целини. Впрочем, со изградбата на ваквите населби, се надминува строго рационалното прашање за пристоен живот на работничката класа. Овие населби стануваат место каде човекот повторно ја воспоставува врската со земјата и со природата. Тие се своевидна средишна точка помеѓу реалноста и утопијата (Ardizzola. 2012 ). Според Бруно Таут (цитиран во Stratmann, 1979 : 20), новата архитектура идеолошки е *„прогресивна и гледа кон утре, без сомнеж за припадност на минатото".*

### 1.3.7 Станбените политики во време на Црвена Виена

Австрија, слично на Германија, се соочува со последици од загубата на војната. Во поглед на домувањето, целосното насочување на финансиските фондови кон војната прави застој во квалитативниот и квантитативниот напредок на станбената изградба. Тоа ја отежнува станбената состојба по војната, која треба да одговори на прашањето за дом на постојните жители во градот, повоените новоформирани семејства и на мигрантите кои се доселуваат во Виена (Sieder. 1985 : 37). Условите за живот на

работничката класа се на најниско ниво[19], што претставува голем предизвик за Социјал Демократската Работничка Партија која доаѓа на власт во 1919 година. Една од основните реторики на нејзиното владеење е унапредување на станбените политики и станбената состојба во градот, потврдени од слоганите *„воздух и сонце за нашите деца“* (Sieder. 1985 : 39), *„станови за новиот човек“* (Seis. 2012 : 118) и места за живеење кои *„не се само спални соби, туку виситнски дом“* (Novy et al. 2024 : 5). Низ нив се чувствува визија и најава за културолошка промена кога е во прашање односот кон домувањето и изградената животна средина.

Потребата за брзо и системско решавање на проблемот со недостатокот на домови, како и обврската за подобрување на животните услови на работничката класа се манифестира со започнување на изградба на големи и визуелно препознатливи станбени комплекси, насочени кон колективно решавање на тешката состојба[20]. Променетата идеја за развој на станбените политики е видлива и преку новата урбана морфологија. Таа се надоврзува на постојната традиција на градскиот периметрален блок и тежнеењето кон што поголемо ослободување на градежното земјиште[21] (Porotto. 2016 : 84-103). Преку овие две цели, реформираниот и целовит периметрален блок станува основна типологија која ја дефинира станбената програма на Виена во 20тите години (сл. 12). Речиси целосно прилагоден за пешаците и со својата мешана програмска структура, секој од овие нови изградени комплекси е препознаен како Суперблок.



сл. 12 - План на комплексот Карл-Маркс-хоф, Виена, Австрија (авторски цртеж, 2025)

Зад силниот и воедначен уличен фронт, низ пешачки пасажи се влегува во отворени зелени полујавни дворови. Овие централни колективни средишта стануваат носители на просторниот, социјалниот и еколошкиот напредок на изградената форма. Идејата за обединување на она што пред кратко време претставувале индивидуални задни дворови на поединечни објекти во еден заеднички колективен јавен двор за целата заедница, носи одлики на идеја која се труди да воведе нови вредности на заедништво во изградениот простор. Од скриена сервисна зона на едно семејство,

[19] Во анкета спроведена во 1917 година, 90% од работничките семејства живеат во еднособен стан со еден прозорец, а 73% од сите станови во градот се со површина помала од 25 m². Подетално во Schaub.1930 : 575. Во 1919 година, само 5% од становите во градот имаат водоводни инсталации, 7% електрични инсталации и 14% се греат со општински гас. Подетално во Seiss. 2012 : 110.

[20] Пред војната, доминатна типологија се едносемејните куќи во приватна сопственост. Повоените околности повикуваат на решавање на проблемот од позиција на заедница.
Во поглед на финансиските можности за изградба на новите станбени целини, тие се спонзорирани од државата, која обезбедува средства за нивно реализирање благодарение на нови даноци на луксуз, даноци на слуги и оданочување на приватната станбена изградба. Подетално во Siedler. 1985 : 37.

[21] Се воведува стандард кој вели дека 40 - 60% од парцелата треба да е слободна и непокриена со објект.

задниот двор станува суштинска екстензија на станбената програма во слободниот простор. Тоа е место каде што се среќаваат соседите и го поминуваат своето слободно време, тоа е местото каде децата на околните семејства играат на игралиштата. Ваквата организација на отворените дворови недвосмислено ја поддржува новата идеја за социјално единство на заедницата која живее во овие блокови.

Дворовите имаат доминатно зелен и природен карактер, подигнувајќи ги еколошките и амбиенталните вредности на блокот. Благодарение на слободниот простор, во становите може да влезе поголема количина сончева светлина. Во обратниот правец, погледот кој се овозможува кон задниот двор е насочен кон парче природа кое е вселено во градот. Во слична насока може да се толкува и проветрувањето, кое покрај основната улога, во домот внесува дополнителна природна свежина. Ваквиот однос кон непосредниот животен простор зборува за покачување на свеста за физичката и ментална хигиена на работничката класа во Виена. Во прилог на свесното поимање на природните вредности на овие станбени комплекси се движи и нивното именување. Со сличен пристап како и германските нови населби од дваесеттите, честото користејќи го зборот „Hof“ (двор) како дел од името на различни станбени целини од оваа етапа на изградба, води кон асоцијативното поврзување на физичките одлики на овие населби со идејата за врска со природата.

Тежнеејќи кон подобрување на искуството на домување, суперблоковите на Црвена Виена воведуваат и дополнителна програма која се стреми целосно да одговори на секојдневните потреби на работникот. Во слободните простори на овие блокови или како конкретна целина интегрирана во периметралната зграда, често пати се појавуваат јавни содржини за колективна употреба. Градинки, јавни бањи, заеднички кујни и перални, училишта итн. се дел од содржините кои ги карактеризираат овие градски целини. Мешовитиот карактер на содржината има прогресивна цел за културолошка еволуција на работникот. Низ интеграцијата на јавните содржини во секојдневниот живот на човекот, се случува напор за негова модерна еманципација. Истовремено, суперблоковите стануваат своевиден „град во град“, целосно достапен за секој негов жител (Aureli. 2011 : 201) (сл. 13).



сл. 13 - Организација на внатрешниот двор од комплексот Карл-Маркс-хоф, Виена, Австрија (непознат автор, ?)

Во најнискиот размер на домот, се чувствува вистински напредок. Становите се целосно изложени на сонце и проветрување. Секој стан е опремен со соодветна водена, електрична и топлинска мрежа. За разлика од минатиот проблем со пренаселеност, становите имаат полн состав на основни простории за живеење кои ги користат соодветен број на луѓе. Ваквата состојба доаѓа како резултат на големиот капацитет на новоизградени станови како и на нивната материјална достапност[22].

Во контекстот на Виена, новите големи и визуелни доминантни станбени комплекси од дваесеттите години на минатиот век можат да се препознаат како специфична етапа од развојот на планерската и архитектонска мисла на Австрија. Нивната вредност може да се толкува од повеќе перспективи. На елементарно ниво, нивното визуелно и просторно присуство во градот е обележано со препознатлива и воедначена форма[23] која носи непогрешливи одлики на заедница. Во урбано - морфолошка смисла, новите блокови успешно ги обединуваат природните и урбаните одлики на животната средина. Нивното значење е уште поголемо, кога ќе се согледа употребата на овој модел во поширокиот градски контекст. Присуството на суперблокот е различно / препознатливо во споредба со околниот изграден контекст на градот (сл. 14). Повторувањето на периметралниот блок со внатрешен двор низ Виена, внесува во неа суптилна, но цврста зелена инфраструктура која има повеќе од едноставно локално значење за овие населби. Полујавните дворови на овие станбени ансамбли, како и во претходниот случај, стануваат градски „џебови" за контакт со природата и социјализација на жителите во градот. Во квантитативна смисла, во период од 15 години, изградени се повеќе од 60000 станови со речиси 350 нови станбени целини кои ги носат претходно споменатите одлики (Housingeurope. ?). Низ станбената програма на Црвена Виена, новата инфраструктура за домување станува симбол за достојно вреднување на обичниот работник и обид за достигнување на своевидна утопија (Korn. 1923 : пасос 1-5). На тоа, конечно се надоврзува и културолошката вредност која има еманципаторска и инклузивна логика. Квантитативните и квалитативните вредности со кои се одликува суперблокот ги допираат и нематеријалните карактеристики на живеењето, градејќи позитивна асоцијативна врска на жителот со неговиот дом (Aureli. 2011 : 204).

> *„...додека модерното планирање се фокусираше на рафинирање на архитектонскиот простор со оптимални стандарди за живеење, архитектите на суперблоковите се фокусираа на тематскиот перформанс на просторот, давајќи и на архитектурата прецизен ритуален идентитет кој ќе го воздигне социјалното домување од обичен акт на обезбедување простор за социјално менаџирање на работничката класа на ниво на силен гест на монументалност кој им дава на неговите жители достоинство без да го маскира нивниот класен идентитет."*

[22] Месечните средства за одржување на станот не надминувале повеќе од 10 проценти од просечните примања на работникот. Подетално во Sieder. 1985.

[23] Под воедначена форма не се подразбира интерполација на идентичен облик на различни позиции, туку обединет уличен фронт кој не е сочинет од различни едносемејни куќи туку од еден колективен објект со континуирана фасада.



сл. 14 - Фотографија од целиот комплекс Карл-Маркс-хоф и контекстот на неговото опкружување (непознат автор, ?)

**1.3.8 Заклучни согледувања за архитектонската мисла и продукција на меѓувоениот период**

Населбите за колективно домување кои го обележуваат развојот на архитектонската мисла во првата половина на дваесеттиот век претставуваат олицетвроение на напредните идеи за домување на тоа време. Архитектурата и урбанизмот од овој период се обидуваат да го редефинираат општествениот поредок, зборувајќи за единство, еднаквост и достојни животни услови за сите луѓе. Ваквите архитектонски и планерски подвизи уште пред почетокот на изградбата се дефинирани со конкретна просторна визија. Иако во различен општествен и географски контекст, овие населби се темелат врз слична идеолошка позадина и носат препознатлив архитектонски израз. Прашањето за основните потреби на човековото живеење не е предмет на глобална визија за развој на домувањето кога се во прашање овие населби, но истовремено тоа е локално разбирање на потребите и навраќање на основните човекови потреби кои се присутни од секогаш, препознаени од секоја држава поединечно.

Првата форма на колективна глобална визија која повикува на обединето размислување за архитектурата се случува кон крајот на дваесеттите години, со Интернационалниот конгрес за модерна архитектура (CIAM) (Mumford. 2002) која прави сериозно поместување во читање на архитектонските вредности. Јасно поставувајќи ги критичките позиции за архитектурата и планирањето на новите градови, ефектот на CIAM ќе биде препознаен и искористен од широката архитектонска сцена. Неговите парадигми ќе бидат основа на која ќе се надоврзат, но и кои ќе бидат предизвикани од повеќе архитекти, особено во периодот по Втората светска војна. Следното поглавје од овој докторски труд се однесува на еволуција на светската архитектонска мисла во втората половина на дваесеттиот век, пренесувајќи го обликовно - композицискиот фокус на архитектурата во нејзиниот социо -

феноменолошки домен, насочувајќи се кон нематеријалните квалитети на населбата како основно живеалиште на човекот[24].

Хронолошкиот преглед на теориите и реализациите во првата половина од дваесеттиот век е насочен кон: (1) интелектуално и објективно запознавање на првите населби за колективно домување на светско ниво (со својот карактер, со својот облик и својот израз), (2) разбирање на времето и контекстот кои нив ги обликувале и (3) новите вредности и квалети (физички и нематеријални) на кои се темели нивното издвоено препознавање. Со суштинско разбирањето на нивната позадина и визија за поместување на животниот стандард, се формира објективна апсолвирана подлога за понатамошно разбирање на вредностите на населбата Аеродром како централна студија на случај во рамки на докторскиот труд. Нејзиниот развој се случува речиси целосно во втората половина на дваесеттиот век, но со оглед на тоа што архитектурата и планирањето се дисциплини кои се обидуваат да ги разберат минатото и сегашноста со цел да предложат логично решение за просторните проблеми на иднината, разбирањето на состојбата на индустрискиот град и неговото влијание врз обликот на просторите за живеење во првата половина од дваесеттиот век е темел врз кој ќе се развиваат архитеконските и урбанистички парадигми и реализации во втората половина на двасеттиот век. Таквиот континуитет го прави овој период несомнено важен.

### 1.4 Идеите за архитектонската мислам по Втората светска војна

Втората светска војна е војна со најголем број на човечки жртви во историјата (Halloran. 2015). Паралелно со човечката загуба, се случува и огромно разрушување на градовите, правејќи го повоениот период насочен кон нивна просторна, идеолошка, социјална и духовна обнова. Како и во случајот со Првата светска војна, повоените миграции и природниот прираст на населението ја истакнуваат потребата за сериозно решавање на отворените станбени прашања низ Европа (Nactegaal. 2022 : 37, Glendinning. 2021 : 11), а одговорот на оваа состојба најчесто го даваат левоориентираните политики кои прашањето за домувањето, покрај на основното ниво за згрижување на луѓето, го претвораат во повеќедисциплинарен проблем за еманципација и културна преобразба (Glendinning. 2008 : 5-6). Програмите за домување стануваат симбол на силни држави и градови (Glendinning. 2021 : 3-4), градовите се стремат да станат центри на различноста, обединувајќи луѓе од повеќе културни, социјални и материјални слоеви (Wolf. 1974), додека населбите за колективно домување во себе ги носат утопистичките идеали на заедницата (Glendinning. 2021 : 89). Заедница која може да се почувствува и во голем размер, но и во рамките на еден објект (Stewart. 2008 : 26).

Брзо по крајот на Втората светска војна, заложбите на Атинската повелба стануваат доминантен апликативен прицип кој се употребува за обнова на градовите. Просторната реформа која се забележува во нивните новоизградени сегменти го користи повоениот период како соодветен момент на масовна обнова, каде ќе може да се аплицира овој „радикален модел“ на повелбата (Was. 2021). На тој начин,

[24] Изборот на терминот „живеалиште“ не е случаен. Тој се однесува на местото на живеење како посложен систем на просторни секвенци кои го надминуваат прашањето на стан / куќа.

домувањето станува достојно организиран сегмент во системот на останатите фукции кои го чинат градот (Charitonidou. 2020 : 32). Воените уништувања се претвораат во „непријатна“ можност за раскинување на врските со традиционалниот град, доближувајќи ги функционалистичките принципи на планирање на градот и архитектурата од меѓувоениот период поблиску до реалноста (Avermaete. Zuccaro. 2024 : 63-64). Тоа е случајот со обновата на Варшава, Ротердам и Милано. Во истиот период, се употребува конкурсот како демократска алатка за објективен натпревар на напредни архитектонски идеи. За тоа сведочи примерот на населбата Хансафиртел во Берлин од педесеттите години, низ која се манифестира директна инплементација на модерните принципи во Западна Германија (Urban. 2004 : 635). Влијанието на модерната се проширува и во Северна Америка, каде Њу Хејвен брзо по војната добива нови градски сегменти налик на цртежите на Корбизје од дваесеттите (Zavoleas. 2011 : 8). Покрај во физичкиот простор, моделот на фунцкионалистичкиот град е предмет на обработка и кај студентите (најмладите архитектонски ентузијасти) во форма на неколку повоени летни школи организирани од италијански и англиски членови на CIAM. Тоа ја поттикнува дисеминацијата на модерната мисла (Mingardi. 2021 : 107-117).

Повоената архитектура која се реализира во првата декада по војната сè уште се задржува на градот како место кое треба да ги подобри хигиенските и еколошките услови на животната средина, додека истовремено обезбедува достоен простор за живеење за сите негови жители. Ваквите прашања како чиста околина и обезбедување на минимален животен стандард, брзо ќе станат услови кои ќе бидат редовно исполнети во новите интервенции.

Во насока на дополнително подобрување на животните услови, архитектонската мисла од средината на педесеттите години на дваесеттиот век веќе станува ориентирана кон нови просторни и социјални потреби. Периодот на шеесеттите и седумдесеттите години е обележан со постепено напуштање на функционалистичката идеја во архитектурата. Идејата за куќата како машина за живеење (Le Corbusier. 1986 : 4) се заменува со потребата за силна „хуманизација“ на човековата животна средина. Наместо стерилноста на слободостоечките објекти во зеленило (кои секако обезбедуваат голем напредок на станбениот простор во споредба со состојбата на градот од деветнаесеттиот век), новите архитектонски теоретичари ја вреднуваат социјалната, културната и визуелната комплексност на густо изградениот простор сочинет од група на објекти што градат меѓусебни логични односи (Glendinning. 2021 : 86-87).

За разлика од меѓувоениот период во кој доминира една идеја за архитектурата, новата генерација на модерни архитекти промовираат плурализам во архитектонската теорија. Најсилен протагонист на доцномодерната архитектонска мисла се членовите на неформалниот европски колектив TEAM X (ТИМ 10) кои ги застапуваат човекоцентрични ставови за архитектурата и планирањето. Важноста на прашањето за живелиштето / хабитат (анг. xabitat) како простор каде се остварува комплетниот процес на домување (што претставува повеќе од просторот на станот) и посветувањето внимание на локалната историја што влијае врз идејата и обликот на изградениот простор, оваа група ги изразува низ пишаните медиуми и јавните обраќања, но пред се, низ своите материјални архитектонски и урбанистички реализации (Smithson. 1968 : 3).

*„... За TEAM X, ова оди заедно со будното следење на специфичниот контекст на проектантската задача. Дефинирањето на локални и регионални квалитети, како и нивната потенцијална интеграција во проектирањето заземаат важен дел од разговорите на TEAM X. Будноста кон контекстот значи покажување на длабок интерес за историската и социјалната димензија на архитектурата и урбанизмот. Ваквиот интерес доведе до фундаментално и критичко редефинирање на главните принципи на модерната архитектура. Ова редефинирање значеше истовремено продолжување и трансформација на модерната архитектура; значеше формирање на поинаков поглед на релацијата помеѓу поединецот и големата целина; значеше промена од универзални решенија во специфични и локални одговори; промена на визијата за урбанизам понесен од технолошкиот рационализам кон урбанизам инспириран од заедницата и културата; и конечно, значеше создавање на инклузивна и позитивна европска перспектива“* (van den Heuvel. Risselada. 2005 : 13).

Агендата на TEAM X недвосмислено посочува на почувствителен пристап во планирањето, додека овие тенденции својата најсилна манифестација ја прикажуваат во населбите за колективно домување. Паралелно со нив, се појавуваат и други архитекти, планери, теоретичари и социолози  кои се приклучуваат кон оваа „мултиперспективна агенда“, доближувајќи ја идејата, а со тоа и самиот изграден простор, до човекот како негов основен корисник и до историскиот, културен и социјален контекст на околината.

Преплетувањето на повеќе дисциплини и гледишта при размислувањето за изградениот простор може да се почувствува на различни размери. Започнувајќи од идејата за градот, Алдо Роси посочува на дијалектичноста на неговото доживување. Од неговата материјална страна како елементарна форма направена од човекот (Rossi. 1982 : 5) до неговото апстракно поимање како социјален и културен ентитет кој е обликуван од неговите жители (Rossi. 1982 : 33), и во двата случаи централен објект кој физички и фигуративно е вклучен во обликувањето на градот е човекот. Следствено, иако градот е предмет на постојан раст, дури и во моментите на негова глобална дисперзија во форма на Ecumenopolis (град кој се простира на целата планета), Константинос Доксијадис повикува на задржување на неговото човечко мерило (Doxiadis. 1960 : 245).

Прашањето за социјалните и културни вредности кои го обликуваат градот, ги враќа архитектите и теоретирчарите во истражување на духот на историскиот град, гледајќи на него како на изградена форма на утопија (Mumford. 1965 : 271). Обединувајќи ја идејата за учење од искуствата на историскиот град како први форми на утопија и градовите како израз на нематеријални, социјални и културни вредности, Кристофер Александер посочува на потребата архитектите да ги пронајдат и согледаат социјалните и духовни вредности на стариот град кој е недвосмислено изграден за луѓето, преведувајќи ги истите во соодветен современ архитектонски „говор“ кој ќе го употребат за да изградат подобри простори за живеење за луѓето (Alexander. 2015 : 3). Искуство на кое повикуваат и други теоретичари.

Човекот како централна фигура во теориите за планирањето и проектирањето се забележува и во понизок размер. Во најбуквална смисла, изградениот простор станува доминантно обликуван за пешакот, ставајќи го влијанието на автомобилот, кој е толку застапен во дотогашните визии за градовите, на второ место (Smithson. 1967, Doxiadis. 1963 : 45-47). Се возобновува изворната идеја за физичко доближување на човекот до изградените форми и нивно блиско доживување од сите страни, онака како што и впрочем треба да се доживеат.

Во ова време, архитектурата особено се доживува како општественообразувачка и човекообликувачка алатка. Низ нејзиниот обид за транформација на изградениот простор се чувствува и намера за културолошка трансформација на човекот и будење на свесноста за квалитетот на просторот во кој се живее. Според Бакема (Bakema. 1959 : 23) изградените простори треба да ги задоволуваат емоционалните потреби на човекот и да тежнеат кон негов духовен раст. Ваквите простори ќе овозможат создавање услови за еволуција на општеството во кое човекот ќе стане свесен за просторните квалитети кои му ги нуди неговата животна средина (Bakema. 1967). Во слична насока, Алдо ван Ајк ги нагласува континуираните напори на архитектурата преку изградениот простор да ги потенцира човековите квалитети соодветни на неговата културна и општествена позадина (Eyke. 1968а : 20-22).

Низ овие коментари станува јасна идејата за општествената улога на архитектурата. Нејзиното еманципаторско влијание ја надминува основната цел на градење објекти. Во таква сеопфатна форма, меѓудисциплинарните ограничувања на архитектурата како проектантска дисциплина на помал размер и урбанизмот како планерска филозофија за просторно дефинирање на поголеми опфати се заматуваат / бришат, тежнеејќи кон едно обединето доживување на просторот во кој се живее[25]. Поткрепа на ова единство е и идејата за перцепирање на куќата како мал град и градот како голема куќа (Eyke. 1968б : 27). Кај овие две форми, мисловно се изразува нивната сличност на културолошко и структурално ниво, додека истовремено, преку идејата за куќата и градот, архитектонската и урбанистичката дисциплина се доближуваат до разбирливиот дел на човековата ментална мапа.

Во ова време повторно се актуелизира прашањето за домот како основна потреба на човекот. Според Константинос Доксијадис (Doxiadis. 1963 : 44), секое модерно општество треба да обезбеди дом за својот жител. Паралелно на него, Шадрах Вудс (Woods. 1967 : 14-18) ја застапува идејата според која општеството, покрај човекот, има придобивки од вдомување на луѓето во објекти кои имаат повисок квалитет, обезбедувајќи го нивното расположение низ достојни услови за живеење.

Покрај европската линија на архитекти и теоретичари, учесниците во креирањето на доцномодерниот идеолошки плурализам доаѓаат и од други континенти. Во Америка, Кевин Линч ја продолжува темата за идентитетот на местото и неговата врска со жителот (Lynch. 1960). Користејќи ја методата на анкета, тој го користи модерираното размислување на обичниот човек за неговата животна средина, како би создал објективни согледувања за физичките и асоцијативните вредности на градовите. Паралелно со Линч, како критичар на модерниот град се појавува и Џејн Џејкобс.

---

[25] Живеење како сеопфатен процес на материјално и интелектуално постоење на една територија.

Нејзините ставови се изградени од препознавање на социјалните вредности на стариот град кои се резултат на воспоставени меѓучовечки односи, со конечна цел за нивна примена во современото планирање на градот. Преку посочување на квалитетите кои ги носат програмската сложеност / разноликост и спонтано контролираната безбедност на улиците и населбите, таа го посочува човекот како природен корисник на градот со кој истиот треба да се идентификува (Jacobs. 1961). Шеесеттите години на дваесеттиот век на истокот пак, ги одбележува прашањето за колективната форма (Maki. 1964). Како и во претходните случаи, во фокус е ставен односот на изградените структури и релациите кои тие меѓусебно ги градат. Нивното аналитичко читање овозможува препознавање на просторни квалитети кои ги надминуваат географските ограничувања. Разбирајќи ги изградените структури како плод на контекстот кој покрај материјални, го дефинираат и културолошки и социолошки карактеристики, овие тези во позадина повторно го имаат човекот како носител и уживател на просторните квалитети. Колективната форма своите корени ги наоѓа во веќе изградените историски форми, чие просторно - духовно искуство се стреми да ги претвори во модерни урбани склопови[26].

### 1.4.1 Нови визии за архитектурата, проблематизирање на „Атинската повелба“

Иако архитектонската мисла на втората половина на дваесеттиот век допира различни теми кои отвораат дилеми во повеќе дисциплини, нивната сеопфатност може да се сведе околу неколку концентрирани размислувања. Доцномодерната архитектура го препознава човекот како основна фигура и корисник на изградениот простор, организирајќи го истиот соодветно на неговите потреби. Покрај еколошките вредности поврзани со соодветно осветлување, проветрување, топлина итн. кои се неспорно важни, втората генерација на модерни архитекти се обидува во просторот да внесе нематеријални вредности кои се поврзуваат со сензитивните потреби на луѓето. Често пати се отвора прашањето за колективна меморија, сеќавање и идентитет. Се зборува за социјалните и културни одлики на луѓето, со цел да се испроектира / испланира поудобен простор. Во насока на успешно пренесување на културните вредности во модерните реализации се превземаат модели од историјата, но не како историцистичка копија туку како традиционално искуство за духот и карактерот на едно место (Candilis. 1955 : 76). Во тој поглед, прашањето на архитектурата и планирањето добиваат дополнителни амбиентални одлики поттикнати од човековите доживувања на изградениот простор.

Ваквите гледишта кои се разидуваат со Атинската повелба и поделбата на функционалистичкиот град на четири зони најдиректно се изразени во обраќањето на Алисон и Питер Смитсон на CIAM 9, зборувајќи за идејата за „почовечна“

[26] Разбирањето на колективната форма како целина која е сочинета од објекти кои имаат причина да бидат заедно т.е. градат меѓусебен однос, може да се прочита во историските модели на села, праисториските градови кои се смислени како целосни сложени просторни агломерации. Тоа е примерот со наслојувањето на изградената структура на Чатал Хојук, или пак со повторувањето на кружниот модел на објект кој создава сложен однос на изграден и слободен простор во случајот на Кирокитија во Кипар. Сложениот просторен склоп може да се забележи и во средновековниот град со неговата сложена блоковска густина која е пример за целовит просторен ансамбл.

организација на градот (Smithson. Smithson. 1953 : 76-78). Апострофирајќи ја важноста на прашањето за идентитетот, тие предлагаат замена на четирите зони на функционалистичкиот град кои геометриски ја дефинираат неговата територија со нови асоцијативни елементи кои ќе сугерираат различни нивоа на заедници со соодветни социјални и културолошки релации на нивните жители. „Домување“, „Работа“, „Рекреација“ и „Транспорт“ се заменуваат со „Куќа“, „Улица“, „Четврт“ и „Град“ како концепти на ментално препознаени заедници и симболи за различно ниво на меѓусебни односи на луѓето[27]. Наместо поделба на градот во доминантно програмски зони, сугерираната нова организација предвидува обединување на различни програми во заедницата, соодветно на нејзините потреби, со што заедницата станува одржлива, обезбедувајќи целосно искуство на живеење.

Новите асоцијативни простори претставуваат идеја за социо - колективна целина која се претставува преку фигуративното поимање на куќата, улицата, четвртта и градот (Smithson. Smithson. 1963 : 82). На најниското ниво, „куќата“ го симболизира просторот кои го делат најблиските луѓе и просторот со најголема приватност. На следното ниво, „улицата“ претставува простор кој е екстензија на домот. Јавна зона која ја споделуваат жителите на населбата. Слично на идејата за „улицата“ е и толкувањето на Доксијадис за „населба“ која ја опишува како „*природна заедница, најмала единица на градот која оперира над нивото на семејството*“ (цитиран во Keller. 1968 : vii-viii). Ова ниво на заедница има своја трага и во македонскиот јазик. Идејата за улицата има просторен и идентитетски карактер. Во изразот „ќе играме на улица“, децата не повикуваат на игра само на конкретниот физички еквивалент на „улицата“, туку на непосредниот простор на нивниот дом, со деца кои го делат истиот колективен јавен простор. Соодветно, „улицата“ логично станува продолжение на „куќата“. Третото ниво кое ги наследува претходните две е „четвртта“ како просторен сегмент на градот со специфична култура, но и препознатлива просторна матрица или обликовни карактеристики. На крајот е „градот“ како збирна целина на претходните простори, формирајќи затворена физичка, социјална и културолошка група.

### 1.4.2 Влијанието на TEAM X низ нивните проекти

Идејата за новата повоена архитектура се обидува низ изградената фома да ги возобнови социјалните и нематеријалните врски со заедницата кои меѓувоената архитектура ги заборава (Smithson. Smithson. 1956). Доколку се погледнат проектите, плановите и реализациите на повеќе објекти и поголеми просторни структури на членовите на TEAM X, лесно може да се согледа тежнеењето кон враќање на социјалните образци на човековите односи, кои се постигнуваат со употреба на архетипски архитектонски елементи присутни во традиционалниот изграден простор, но проектирани според општествените и културолошки потреби и технолошките

[27] Препознавањето на домот, улицата, четвртта и градот како последователни асоцијативни делови на една поголема изградена структутра не се совпаѓаат со идејата на единицата на соседството на Пери во кој единицата за соседството беше формален дел од обликувањето на градот. Во случајот на Пери, „домот“, „улицата“, „единицата на соседството“ и „градот“ претставуваат физички ентитети, додека во случајот на Алисон и Питер Смитсон, тоа се простори кои треба да го поседуваат карактерот на тие места, ментална врска на нивниот корисник со духот, социјалните и културните врски со тие простори.

достигнувања на модерниот човек (van den Heuvel. 2006 : 84-85). Во нивните проекти се чувствува духот на новото време кој сè уште внимава на еколошките принципи со надоврзување кон постојниот природен / зададен контекст и покажува здрава почит на историските спомени и вредности на одредена локација.

Низ проектите на TEAM X, во потрага по модерниот хабитат (живеалиште), забележлива е честата употреба на пешачката улица, проширувањата / отворените атриуми, визуелната променада и други елементи кои имаат за цел да го засилат обединувачкиот карактер на просторот. Без разлика на размерот, овие принципи на проектирањето се појавуваат соодветно и во големите планови на градските четврти, но и во издвоените комерцијални, па дури и религиски згради.

Пешачката улица како социјален феномен на заедницата се појавува во повеќе проекти. Некогаш во својата традиционална форма како отворен јавен простор за заедницата на нивото на градот (Mulder. 2006 : 220, Avermaete. 2006 : 166), некогаш на повисоките катови во згради за повеќесемејно домување, во форма на длабока галерија која го надоместува традиционалниот простор за средба на соседите и игра на децата кои живеат на повисоките нивоа (van den Heuvel. 2006 : 30-33). Тоа е случајот со конкурсот за домување Голден Лејн (анг. Golden Lane) и населбата Робин Худ Гарденс (анг. Robin Hood Gardens), двата проекти на Алисон и Питер Смитсон. Во конкурсниот предлог за повоената обнова на Берлин на оваа двојка, подигнатата улица (анг. street-in-the-air) во форма на мега структура минува низ градот и како модерен елемент му овозможува визуелна релација на пешакот со историската градска форма, обединувајќи ги старите и новите делови од градот во една континуирана целина (van den Heuvel. 2006 : 76). Херцбергер пак, во спротивниот размер, низ идејата за улицата успева да ги обедини сите делови на еден објект кој во својата внатрешност ја има структуралната организација на цел град (van den Heuvel. 2006 : 208) (сл.15).



сл. 15 - Интерпретација на улицата во проектите на TEAM X
план за станбен развој на селто Матеоти (голе лево),
план за Тулус (горе десно), „улица во воздух“ Golden Lane
(средина лево), перспектива од улица во Берлин (доле десно),
улица во зграда на Centraal Beheer (доле лево)

Јавниот двор како јадро околу кое се обединува заедницата, носејќи корени од античкиот форум е често присутен во проектите на членовите на TEAM X. Во случајот на Буикслотермер (анг. Buikslotermeer urban study) отворените атриуми се плод на традиционален пристап во формирање на заедничкиот двор. Група од неколку слободостоечки згради формираат полупорозен периметрален блок, а социјалните и амбиенталните вредности на централниот дел на блокот се засилени со тремови во приземјето и зеленило за обединување на урбаниот и природен карактер (Risselda. 2006 : 116) (сл. 16). Усложнување на концептот на јавен двор се случува во обновата на Франкфурт, каде Кандилис, Јосиќ и Вудс употребуваат систем на суперпонирани плочи кои се организирани во ортогонална матрица што претставува модерна симулација на старата градска мрежа на улици и блокови. Со цел формирање на нови простори за социјална интеракција на луѓето кои обезбедуваат природни услови за живот и пријатна атмосфера, архитектите внесуваат серија на пробивања низ суперпонираните плочи, замислувајќи сложен систем (организам) кој спонтано треба да го прими градот и модерното живеење во него (Avermaete. 2006 : 132). Моделот на мрежа кој овозможува комплексен систем на беспрекорно надоврзување на различни просторни склопови, понатаму ќе стане модел на кој ќе се темелат повеќе проекти на ова трио (Avermaete. 2006 : 186) (сл.17).



сл. 16 - Урбана студија за Буикслотермер, 1962-63 г. (Risselada. van den Heuvel, 2006)

Променадата како визуелен елемент, силно се врзува со историските и природните контексти и дадености на локациите на кои се поставуваат проектите. Низ неа се чувствува единството на изградениот и слободниот простор кои формираат една континуирана целина. Еколошкиот арктички град (анг. Ecological Arctic Town) на Ралф Ерскин внимава на климатските дадености на локацијата и на топографијата на која треба да се формира нова населба (Waal. 2006 :72). Џанкрало де Карло пак, во своето решение за Универзитет во Урбино локацијата на рид ја поврзува со традиционалната форма на замок, остварувајќи врска со историскиот контекст. Проектот воспоставува

визуелен однос со подножјето на ридот, а патеките кои се движат покрај едноставните кубуси на објектот кои се повторуваат, но и покоруваат на изохипсите на теренот, создаваат возбудливи визури како резултат на спонтано движење (Mulder. 2006 : 124) (сл.18).

Архитектонските мотиви на пешачката улица, проширувањето / атриумот и визуелната променада не се единствени и изолирани елементи на кои се темелат проектите на TEAM X. Тие неретко се преклопуваат во едно решение, спонтано и логично надоврзувајќи се во просторот. Со комбинирање на овие елементи, проектите се претвораат во сложени просторни агломерации, оддалечени од прочистената естетика на меѓувоените кубуси, но со обид за многу похумана форма која во себе го носи социјалниот дух и обединувачкиот карактер на место кое ја овозможува врската на поединецот со заедницата.



сл. 17 - План за обнова на Франкфурт, Германија. 1962-63 г. (Risselada. van den Heuvel, 2006)





сл. 18 - Пресек на еколошкиот град на Арктик (лево), 1958 г.
поглед на студентски дом на Универзитетот во Урбино, Италија. 1962-66 (десно)
(Risselada. van den Heuvel, 2006)

## 1.5 Заклучни согледувања од прегледот и развојот на архитетонската теорија во дваесеттиот век

Речникот Мериам Вебстер зборот „теорија“ (анг. theory) го дефинира како „*апстрактен принцип на збир факти*“ (Merriam Webster. 2024). Соодветно на тоа, архитектурата се доживува како физички резултат на принцип кој е соодветен одговор на контекстот. Ваквото толкување поврзано со хронолошкиот преглед на архитектонската теорија / архитектонската мисла и продуктот од нејзината примена во дваесеттиот век покажува испреплетени размислувања кои се обликувани од различни, но сепак блиски општествени реалности.

Надоврзувајќи се на идејата за контекстот, (по интертекстуална природа на овој труд) Чарлс Дарвин ја објаснува можноста за различни еволуции на видовите кои се развиваат во истиот контекст на настанување (Darwin. 1859 : 95-101). Во случајот со архитектонските и урбанистичките планови и реализации чие настанување е резултат на теориите кои влијаат и се актуелни во дваесеттиот век, формативниот контекст речиси секогаш започнува со слабите просторни, хигиенски и културолошки услови на индустрискиот град. Земајќи ги овие услови како почетна позиција за развој на здравата мисла (а со тоа и развој на изградениот простор), принципите на кои се поставени овие теории, иако во некои насоки различни, сепак имаат преклопливи концепти и неретко се надополнуваат еден со друг.

Во случајот со принципот на Град - градина и времето на обликувањето на неговата теорија, истиот може да го поврземе со првите генерации на мигранти во европските и северноамерикански градови. Доаѓајќи од друг просторен, социјален и културолошки контекст, идејата за пасторалниот дух на непосредната животна средина на индустрискиот работник не е далеку од неговата дотогаш живеена реалност (Gropius. 1929 : 100-101). Единицата на соседството пак, ги препознава вредностите на концептот на Хауард, и истите во ограничен просторен и демографски капацитет, наместо во комплетно нова изградена структура се обидува да ги пренесе во веќе постојниот градски контекст, на кој логично се надоврзува.

Првата генерација на модерни архитекти, основоположниците на CIAM, одговорот на индустрискиот град го гледаат како директна формална и организациска борба против неговите нехигиенски и слаби медицински услови. Во контекстот кој го поставува индустрискиот град, потребата за животна средина која е проветрена, осветлена и во која не недостасува зеленило, како и во која фабриката не е сместена веднаш до недостојниот станбен простор на работникот, е основна, прва и најважна потреба за нормален живот на секој човек. Во таа смисла, функционалистичкото раздвојување на градот на независни зони и моделите на станбени населби кои обезбедуваат станови со високи еколошки квалитети е очекуваната насока во која треба да се развие теоријата за формата и карактерот на градот. Впрочем, слично на пристапот на Хауард и Град - градина, со отсуство на социјалниот елемент.

Кога принципите на Атинската повелба се веќе интуитивен стандард за обликување на новите простори на живеење, она што втората генерација на модерни архитекти го соопштува како критика на модерниот град, е всушност надградба и социјално усложнување на неговиот концепт. Соочувајќи се со новиот контекст на

градот кој станува социјално дистантен и отуѓен (затоа што целта на функционалистичкиот град е најпрво да се избори за враќање на општите и есенцијални животни услови во урбаната форма), втората генерација на модерни архитекти ќе одговори на прашањето за урбаниот простор со проекти и реализации кои покрај основните услови за хигиена и здрави навики, ќе ги вратат продуховените социјални и феноменолошко - асоцијативни квалитети на изградените населби. Питер Смитсон (Smithson. 1959 : 34) потврдувајќи го делото на Корбизје како основа на која новата генерација модерни архитекти ја надградува неговата визија за архитектурата, дава признание на контекстот на кој нивните дела се надоврзуваат.

Кога би се анализирал и бројот на жители околу кој е организиран секој од претходните концепти, се забележува диверзитет во секоја од заедниците. Од пошироки независни заедници, до потесни градски форми. Од милионски градови (со еднакви права на здрава животна средина за сите нови доселеници во нив) до простори чиј број на корисници е променлив и поврзан со асоцијативната идеја за заедница. Повторно, овие теоретски форми на заедници (за градот) се ориентирани околу конктестот на кој треба да одговорат.

Во позадината на сите теории од дваесеттиот век, во големите населби за колективно домување се чувствува јасно изразен наратив за културната еманципација на работничката класа, а дестабилизациите и разрушувањата кои ги носат војните претставуваат можност за нов почеток и напредок на оваа идеја. Подобрувањето на животните стандарди на ваквата група кои се манифестираат не само низ квантитативно растење на станот, присутни се и во експерименталните домови на Корбизје за индустрискиот работник и во повеќето примери на меѓувоени населби од различни европски градови кои ги доближуваат јавните и културни програми на градот до непосредното живеалиште на човекот. Таа еманципација се чувствува и низ естетиката на изградениот простор која е секогаш соодветна на времето во која е настаната. Во еманципацијата се вклучува и изградбата на простор кој ќе го предизвика човекот да изгради позитивен дух на заедницата во која живее, создавајќи потреба кај него, идеолошки да се поистовети со непосредната околина. Населбите не се само места за елементарно живеење, тие се модерни полиња кои го поттикнуваат сопственото вреднување и достоинствената и свесна можност за културен напредок.

Досега истражениот материјал кој се однесува на модерните станбените целини го објаснува постоењето на населбата како физичка и социјално дефинирана територија (во различни форми) од минатото чиј принцип на настанување не се темели на интуитивни формални постапки туку на (материјална и нематеријална) рационална организација на просторот за живеење. Дваесеттиот век нуди продлабочено разбирање на овие принципи околу кои населбите се организираат, формализирајќи ги во јавно изнесени мислења за архитектурата, кои се потврдуваат со обликот на изградениот простор. Овие авангардни размислувања за архитектурата и планирањето се шират низ повеќе делови од Европа, допирајќи и до регионалниот југословенски контекст. Истражувањето на регионалното југословенско прашање за архитектурата во втората половина на дваесеттиот век, општествените и културолошки фактори кои влијаеле во формирање на нејзините населби за колективно домување, како и релациите кои овие

градски форми ги воспоставуваат со модерните примери од европскиот и светски контест е предмет на анализа на главата која следува во продолжение.

Како станбена целина која се развива во времето на Југославија, населбата Аеродром е плод на истиот општествен систем, култура, аспирации, визии, знаења и технолошки напредок во кој се создаваат важни и препознаени примери на модерна архитектура (Sterli. Kulić. 2018). Знаејќи ги историските правци на влијанија север - југ и запад - исток како постојан вектор за пренесување на знаењата и теориите на модерната архитектура (Malešič. 2014 : 34), Југославија претставува географска и културолошка врска, но и слој низ кој истовремено се „проследува и рафинира" архитектонската мисла што од Европа доаѓа до Македонија. Тоа лесно може да се забележи и во населбата Аеродром.

# 2 ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ КОНТЕКСТ

## 2.1 Воспоставување на нов општествен светоглед и неговиот одраз во културолошката идеја за архитектурата и изградениот простор

Глобалниот бран за обнова и можноста за општествен напредок кој се случува во Европа по Втората светска војна е состојба чиј ефект ќе се почувствува и во новообликуваната Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Можноста за нов почеток отвора перспектива за трансформација на земјата во која новиот социјалистички општествен систем своето влијание го проширува во сите домени на живеењето. Следејќи го моделот на останатите европски држави, новото државно уредување се стреми кон заштита на работничката класа, нејзина културна еманципација и особено важната идеја за подобрување на условите за живот на сите жители. (Mrduljaš. Kulić. 2012 : 7). Манифестирањето на лево ориентираната општествена идеологија во физичка форма најјасно се забележува преку начинот на организација на изградениот простор.

Краткото повоено културолошко и општествено сојузништво со истокот завршува со заладување на односите со Советскиот блок во 1948 година[28]. Со прекинот на односите со СССР, Југославија се насочува кон градење сопствена форма на самоуправен социјализам, што резултира со обликот на градење на градови и архитектонскиот израз близу до западните просторни идеологии изразени низ јазикот на модерната (Kordić, Zorić, Todorović, Mrlješ. 2025) Принципите на CIAM стануваат обликовна алатка за создавање на новиот изглед и дух на југословенските градови (Jovanović. Kulić. 2018 : 59). Преку подигнувањето на отворените блокови со слободостоечки згради во зеленило се симболизира идејата за слободниот човек кој ги ползува сите природни квалитети на просторот за живеење (Kulić. 2012 : 37). Прочистената геометрија и стаклените фасади на објектите за колективно домување и јавни содржини во духот на модерната архитектура стануваат стандард кај новоизградените згради.

Обединувањето на општественото уредување и политиките на изградениот простор се препознаваат низ новиот однос кон изградената животна средина. Југославија е социјалистичка федерација сочинета од шест републики чие обединување во една целина доаѓа со товарот на различната култура, историја и економско - технолошка позадина кои ги носи секој од нејзините делови (Alfirević. Simonović Alfirević. 2015 : 3). Токму оваа културна различност е една од основните линии за развој на општествен систем, дистинктивен од комунизмот на истокот. Воедно, различноста претставува праг за чие надминување е искористена модерната архитектура како клучен просторен и духовен наратив на обединувањето. Интернационалниот стил (во директна форма на неговото значење) создава единство помеѓу различните народи, иако кај секој од нив проникнува суптилен индивидуален

[28] Во овој краток период во Југославија се обидува да се наметне социјалниот реализам како правец во кој треба да се развива архитектурата. Подетално во (Steiner. 2012)

регионален феномен во изградената форма (Stierli. Kulić. 2018). Архитектурата и планирањето, со својот јазик, ќе бидат механизмите со кои ќе се преслика самоуправниот социјалистички идеал за „братство и единство“ во изградениот и менталниот простор на секој Југословен (Kulić. 2018 : 29-30).

Вака ориентираното ново општество тежнее кон изградба на „нов град“ кој е планиран за „новиот човек“ (во физичка и во нематеријална смисла). Носена од тие визии, унијата на општествените идеали и изградениот простор во Југославија ги содржи сите одлики кои оставаат впечаток на посегнување кон утопија (Minina. 2024). Хигиенските и еколошките перспективи во планирањето на градот насочени кон културолошка преродба, заедно со изобилството на зеленило поставено околу чистата геометрија на изградените волумени што формираат заеднички континуиран градски пејзаж се движат паралелно со идеалите на европското планирање на дваесеттиот век, а според Тафури (Tafuri. 1976 : 71) *„планирањето е есенцијална врска помеѓу архитектурата и утопијата“*. Препознавањето на овие две компоненти во конкретниот развој на федерацијата е забележано и од Дитмар Штајнер.

> *„Високата присутност на модернистички згради беше резултат на проектантските вештини и архитектонската култура, како и подготвеноста на општеството да внесе знаење и култура во својот проект насочен кон освојување на утопистичките хоризонти. Урбанизацијата се трудеше да ги помири двата екстрема: брзо и прагматично градење на она што може да се подигне одеднаш, но со долгорочна цел за постепено приближување до идеалното, утопистичко општество и соодветно изградена средина за него“* (Steiner. 2012).

Од друга страна, утопискиот импулс не е правилно да се препознава само низ визуелниот сликовит дискурс на модерната архитектура. Модерната архитектура претставува платформа/ начин низ кој се прикажуваат подлабоките општествени тенденции за градење подобра иднина, што е основен стремеж на утопијата. (Корнелиус Касториадис цитиран во Picon. 2017 : 103). За постигнувањето на ваквите цели во заедницата, најдиректно е влијанието на новите политики на домувањето, прашањето за соодветниот стан и потребите на непосредната урбана животна средина.

### 2.2 Нови градови како симбол на новата држава

Досегашниот истражен материјал нѐ соочи со градот како просторен феномен кој преставува повеќе од едноставен збир на неговите различни делови. Во неговото постоење, втиснати се културна вредност и социјална традиција кои му додаваат феноменолошка димензија на неговото функционирање. Неретко тој претставува симбол за моќта на земјата и материјална трага на цивилизациската намера за развој[29].

[29] Ваквото доживување на градот не е плод на новото време. Уште во средновековниот период, кога се зачнуваат почетоците на првите западноевопски градови, зад изградениот простор се насетува духот и карактерот на градот. Тој е материјален доказ, но и идеолошка слика за состојбата кон која општеството посегнува. Подетално во Pounds. 2005.

Тоа е случајот со Нов Белград како симбол за издигнувањето на „новата“ Југославија. Додека Белград е препознаен како *„мајката на југословенските градови“* (Smid. 2016 : 46), неговата нова екстензија на допирот помеѓу Дунав и Сава е препознаена како значаен просторен сегмент и во моментот на почетокот на нејзината изградба, но и по објективна временска дистанца кога критичкото мислење вистински ги покажува карактеристиките и значењето на новиот дел од градот. Тој е претставен како *„културен и идеолошки центар кој е носител на социјалистичката идеја за братство и единство“* (Ilić. 1948 цитиран во Kulić. 2012 : ?), додека пак во современата критика, се доживува како симбол на прогресот *„претставувајќи ја амбицијата за модернизација на социјалистичкото општество кое се движи паралелно со водечките интернационални центри“* (Mrduljaš. Kulić. Jovanović. 2013 :20) (сл. 19).



сл. 19 - Модел / макета на Нов Белград, (Jovanović, 2017)

Поставен на празна, никогаш претходно изградена површина, подигнувањето на градот добива чист почеток. Без прилагодување на претходно изграден контекст, градот не гради никаков однос кон историскиот Белград, идеолошки поврзувајќи се со првата заложба на модернистичкиот манифест од Ла Сараз. Започнувајќи од позиција на tabula rasa, организациската матрица на новиот град е апсолутно рационална, со ортогонален систем на сообраќајници и правилни геометриски блокови кои се развиваат меѓу нив. Имајќи доминантно станбен карактер, блоковите предвидени за домување се предмет на повеќе конкурсни задачи, обезбедувајќи пробив на експериментална и прогресивна мисла за домувањето како комплетно искуство. Конкурсот како форма на потрага по напредни планерски и архитектонски визии е често употребувана алатка во Југославија (Kulić. 2018 : 30, Mrduljaš. 2018 : 46) овозможувајќи размена на идеи низ целата федерација. Тежнеењето кон модерниот изглед на градот се манифестира и низ учеството на странски тимови на локалните конкурси, внесувајќи го надворешното архитектонско и планерско искуство, како и теоријата за домувањето во југословенски-от контекст. Дополнително, авангардните влијанија доаѓаат и низ бројни надворешни

стручни списанија, соочувајќи ја локалната сцена со европските размислувања и реализации (Jovanović. 2017 : 112[30]).

Во слична состојба, соочен со засилен бран на миграции од внатрешноста на државата и Загреб добива потреба за значајна станбена екстензија. Насочен кон материјално отсликување на новото општествено уредување и неговиот нов просторен сегмент станува производ на принципите на Атинската повелба (Zoranic. 2022). Предвидена да претставува нов дом на 250 000 нови жители, слободната територија јужно од стариот град и тука е организирана во рационално поставени ортогонални блокови. Слободостоечките станбени типологии во зеленило го отсликуваат неговиот визуелен модерен карактер, а на прашањето за остварување на заедница одговорено е со употреба на концептот на единица на соседство (Jukić. 2019 : 5). Слична е состојбата и со други поголеми градови во Југославија кои се географски и општествени центри во локалните региони (Horvat. 2022 : 53-77, Kukoč, 2014)[31] (сл. 20).



сл. 20 - Модел на Нов Загреб (Vranić, 2020)

[30] Кога е во прашање Југословенската пракса за домување, имплементирани се повеќе интернационални модели кои добиле локален карактер. Таков е случајот со прилагодување на микро-четвртот од Советскиот сојуз, како и Американскиот модел на единица на соседство (потоа пренесен во Европа). Овие форми на просторни и програмски сегменти за домување ќе бидат прилагодени во моделот на месна заедница која ќе стане основна општествена структурална единица на организирање на соседството во југословенскиот самоуправен социјализам. Подетално во Damjanović Conely. Jovanović. 2012 : 229, Mrduljaš. 2018 : 46)

[31] Изградбата на големите станбени екстензии на градовите е проект кој во најголема мера е финансиран од државата. Слично како и во другите европски земји, за развој на домувањето предвиден е работнички данок со кој се формира фонд за станбена изградба. Имајќи ја визијата за изградба на подобра станбена средина за поудобно живеење на нејзините жители, наместо денешните приватни профитабилни интереси, населбите стануваат промислен план за квалитетен животен стандард (Malešič. 2014 : 37)

### 2.3 За блокот и односот кон целината

Во понизок размер, секој од станбените блокови на Нов Белград, се одликува со јасна форма и унифициран визуелен карактер во поглед на целината. Ваквиот квалитет доаѓа од правилото поставено од градската администрација во 1963 година, која го препознава блокот како минимална единица што може да биде предмет на проектирање (Damljanović Conely. Jovanović. 2012 : 296). Таквиот пристап го спречува ограниченото размислување и проектирање на една засебна зграда, занемарувајќи го контекстот и останатата околина. Блокот станува едно парче кое треба да биде една целина, парче во кое се проектираат изградените простори, но и слободните јавни површини. Зградите и зелените слоеви се обединуваат во една слика која гради претстава на колективна целина што тежнее да биде препознаена како социјална заедница.

Блоковите кои го истакнуваат обликот, визуелниот карактер и просторниот образец на Нов Белград имаат двојна природа. Независно од другите, секој од нив има свој визуелен идентитет. Различната организација на објектите и слободниот простор се спротивставува на потенцијалната монотонија на повторување исти објекти повеќе пати како што е случајот со други големи населби за колективно домување во други европски земји. Комбинацијата на различни типологии на објекти, поставени на различни позиции во блокот, кои остваруваат различен однос со внатрешниот слободен простор и различен однос со улицата како неспореден фронт надвор од блокот, го збогатуваат просторниот диверзитет на Нов Белград (сл. 21).



сл. 21 - Блок 21, Нов Белград, Белград, Србија. (Milos, 2017)

Кон разноличноста на станбените блокови придонесува и развојот на градежната технологија. Соочувајќи се со материјалните оштетувања на градот како резултат на повоената состојба и бројот на човечки жртви (Halloran. 2016), одговорот на ефективната и брза станбена изградба е индустрискиот напредок и префабрикуваните материјали и градежни системи (Alfirević. Simonović Alfirević. 2015 : 8).  Употребата на префабрикуван скелетен конструктивен систем обезбедува голем диверзитет во изградениот простор, по две линии: (1) Префабрикуваниот скелетен систем ја ослободува фасадата, правејќи го изгледот на објектот независен од конструкцијата. Тоа ја поттикнува архитеконската креативност и слобода, проектирајќи станбени целини обединети под општите начела на модерната, но визуелно дистинктивни во градската силуета (Kats. 2021 : пасос 4-6). Истовремено, (2) скелетниот конструктивен систем дозволува флексибилна организација на внатрешниот простор во зградата, правејќи го објектот подобен за луѓе од различни социјални слоеви (Kulić. 2012 : 41). Така, станбените зони стануваат визуелно и социјално инклузивни, спротивставувајќи се на сегрегаторните состојби кои ги карактеризираат ваквите станбени целини во светот.

Во случајот на југословенските градови, стандардизацијата која доаѓа со префабрикуваните елементи не е верна копија на европската слика. Додека серискoто производство на градежни елементи (а со тоа и објекти) во Германија и Советскиот сојуз е во големи серии, на локално ниво тоа се мали серии (Horvat. 2020 : 267), што придонесува кон богат визуелно - типолошки вокабулар на изградениот простор во земјата (сл. 22,23,24).





сл. 22 - Блок 22, Нов Белград, Белград, Србија (непознат автор, ?) (лево).
сл. 23 - Блок  30, Нов Белград, Белград Србија (непознат автор, ?) (десно).



сл. 24 - Блок 37, Нов Белград, Белград, Србија (непознат автор, ?) (лево).

Различниот просторен и визуелен карактер е одлика и на блоковите кои го дефинираат Нов Загреб (сл. 25). Еволуцијата која може да се забележи во организацијата на самите објекти и во обликот на околината во која тие се изградени е одраз на еволуцијата во разбирањето на социјалните меѓучовечки односи и прашањето за колективното чувство на заедница, што се развива во текот на подигање на овој градски сегмент. Кон напредното разбирање на домувањето како комплексен повеќеслоен процес придонесува контактот со светската теорија и пракса во различни форми. Една од нив се и локалните изложби кои се обидуваат да ја надградат културата на домувањето, обединувајќи ја странската пракса со локалниот контекст и традиција. Силно влијание во овој процес ќе извршат изложбите „Семејството и домаќинството", кои се фокусираат на станбени теми од размер на целото соседство и неговите социјални квалитети, до удобноста на домот како независна станбена единица (Galjer. Ceraj. 2011 : 279-280). Зад својот репрезентативен карактер, изложбата ја носи континуираната агенда на самоуправниот социјализам за еманципација и подобрување на условите за живот на обичниот човек.

Во најситен размер, просторните квалитети кои се изразуваат низ специфични просторни склопови може да се забележат и во рамките на станот како посебна единица за живеење. Таков е случајот на индивидуалниот атриум во домот, како обид за најнепосредно соединување на изградениот и природниот простор, или пак двовисинските простори во становите на повеќе нивоа (сл. 26, 27) (Zoranic. 2022 : 58-63). Во развојот на становите во ваквите населби се забележува и одредена линија на оптимизација на просторот, претворајќи го станот од есенцијално засолниште во

естетски склоп на последователни просторни композиции кои создаваат богат внатрешен пејзаж на станот ( Alfirević. Simonović Alfirević. 2018 : 8-17)[32].



сл. 25 - Сигет, Нов Загреб, Загреб, Хрватска (непознат автор, 2012).

Навраќајќи се на големата слика на градот и двојната природа на станбените блокови, и покрај нивниот дистинктивен изглед, сите тие се поставени во јасно дефинирана морфолошка матрица, обликувајќи дел од една поголема модерна целина. Прецизно поставената организациска шема на новиот „град“ која претходи на станбените блокови, истовремено ја дава слободата на архитектонско изразување додека сè уште ја задржува сигурноста за кохерентноста на јасно дефинирана модерна градска агломерација.





сл. 26, 27 - Стан со атриум, Загреб, Хрватска (Zoranic, 2022), Дуплекс, Загреб, Хрватска (Zoranic, 2022)

[32] Третманот на блокот и неговата социјално - културолошка еволуција, како и еволуцијата на обликот на станот како елементарна станбена единица и засолниште на човекот се случува низ сите нови станбени реализации во Југославија. Што се однесува до обликот на станот, препознаени се четири генерални форми на негово организирање кои се поврзани со рационално групирање на простории од близок карактер на едно место, визуелниот контакт на станот со надворешноста и осветлувањето и проветрувањето како примарен фактор на станбен квалитет.

Целокупниот проектантски третман на блокот може да се препознае како потег во правец кон постигнување на општествената агенда за подобри услови за живеење. Истовремено, низ ваквиот мотив, Југославија се надоврзува на трите главни наративи кои ги дефинираат повоените населби за домување во Европа: (1) формирање заедница, (2) индустријализација на изградбата и (3) планирање на цели региони (Glendinning. 2021 : 84).

Ова повеќеслојно и мултидисциплинарно читање на контекстот и реализцијата на новиот град во Југославија, всушност е потврда за општествените тенденции на федерацијата. Повоените состојби претставуваат предизвик и можност за идеолошка и материјална трансформација на нејзината реалност, која јасно се изразува низ изборот на прогресивен стил за обнова на градовите. Еднаквоста е меѓунационална девиза врз која се гради новиот дух на постоењето, а тоа чувство, во доменот на домувањето, се забележува низ тежнеењето за обезбедување на достојни услови за живеење на секоја социјална класа (што е глобална повоена идеологија) (Urban. 2012 : 84) и дом за секој работник (Зафировски. 1975 : 1-2), што е особено важно поради силната миграција во градот како резултат на развој на индустријата. Како и во случајот со еманципативната улога на населбите за колективно домување во првата половина на дваесеттиот век во Виена, и југословенскиот модел на вакви населби претставува привилегија за работничката класа (Иван Зелени циритан во Horvat. 2023 : 3) Домувањето станува јавен интерес низ кој се надминуваат реалните и комплексни проблеми на секојдневното живеење, а резултатот од овој проект ја поддржува федеративната идеологија (Bojović. Rajkocić. Pejović. 2022 : 6).

Сепак, возбудливите наративи кои се насочени кон презентирање на идејата за новите делови на градот како простори кои ја добиваат целокупната програма што го поддржува домувањето и го прави пријатно искуство за секојдневни потреби, за жал не се реализираат соодветно. Доминантната програма на домување нема да биде следена во ист чекор со изградба на јавни содржини (Božić. 2007 : 3). Од таа причина, прекарот на овие реализации станува „градски спални соби“. Иако во денешниот контекст на градот овие простори за живеење исполнуваат високи критериуми за квалитетна животна средина (Kulić. Mrduljaš. 2012, Zoranić. 2022 : 63-64), архитектите од 60-тите и 70-тите години тргнуваат кон преиспитување на функционалистичката природа на градот, предлагајќи нови модели на програмски интегрирани станбени населби, сместувајќи го човекот во центарот на планерскиот и проектантскиот дискурс.

### 2.4 Надграден пристап во планирање на населбата

*„Три до четири децении по војната, урбанизмот институционално се менува, добивајќи нови услови, па од него како дисциплина се очекува повеќе од порано. Чистите архитектонски пристапи на Модерната, Атинската повелба и Ле Корбизје (а тој, иако со покомплексни цели и теми кои сепак биле првенствено архитектонски) веќе не беа доволни...“* (Ференчак. 2025).

Овој извадок од интервјуто со Миодраг Ференчак[33] направено за потребите на докторската дисертација укажува на промената на парадигмите кога е во прашање обликувањето на југословенските станбени населби, кои се движат паралелно со еволуцијата на светската авангардна архитектонска мисла. Теоретските знаења во локалниот контекст доаѓаат преку светските архитектонски списанија од северот и западот (Skansi. 2014 : 23), како и преку редовни научни и образовни посети на скандинавските земји, западна Европа и Соединетите Американски Држави од страна на локалните архитекти и урбанисти (Ференчак. 2025). Новата форма на населбите за колективно домување кои се реализираат во 60-тите и 70-тите години на дваесеттиот век претставува производ на надграденото разбирање на просторот за живеење како силен социјален ентитет, за чие успешно обликување е потребна продлабочена синтеза на знаења од повеќе луѓе обединети во еден повеќедисциплинарен тим. Феноменолошкиот аспект на населбите, идејата за формирање социјална заедница и асоцијативното препознавање на просторот за живеење како една конкретна целина со која нејзиниот жител може да се идентификува, теми кои ги поставува втората генерација на модерни архитекти (што беа разгледани во претходната глава), се размислувања кои го окупираат и локалниот контекст.

Надградените визии за населбите за колективно домување во локалниот контекст може да се забележат и низ темите кои се обработуваат во локалната архитектонска периодика. Промената се чувствува преку очигледната еволуција на критичкото размислување кога е во прашањето домувањето, заедничкиот простор за живеење и заедницата како емоционален слој на градот. Населбите се почесто стануваат простор во кој се обединуваат знаењата за урбанизмот и социологијата (Kara-Pešič. 1967 : 19-20, Đurovič. 1969 : 60, Richter. 1974 : 17).

Новите населби во своето планирање почнуваат активно да го ползуваат и имплементираат искуството и знаењето на познатите актуелни и историски теоретичари на градот и архитектурата. Слободниот простор помеѓу зградите добива амбиентални вредности кои ја обединуваат изградената структура на населбата и ја претвораат во природна / спонтана заедница за живеење на луѓето (Maksimovič. 1967 : 19-20, Ferenčak. 1969 : 55-57). Придонесот кон изградба на животна средина која внимава на емоционалните и социјални аспекти на живеењето се чувствува и преку употребата на колаборативното планирање како можност за учество на обичниот човек заедно со професионалните експерти во процесот на планирање на изградениот простор и носење одлуки за неговиот амбиентален впечаток (Lazič. 1975 : 94).

Контактот со авангардните размислувања во архитектонската област се остварува преку учеството на југословенските архитекти на светските конференции каде се разгледува прашањето на живеалиштето (хабитат). Преку нив, локалната сцена се соочува со мислењата на афирмирани светски архитекти и урбанисти, овозможувајќи им на домашните архитекти продлабочено разбирање и проектирање на населбите кои го надминуваат квантитативниот слој на задоволување на општествените и човечки потреби и норми (Prelog. 1975 : 28-29).

---

[33] Миодраг Ференчак е еден од четирите главни автори на првонаградено конкурсно решение за населбата Аеродром (за која ќе стане збор подоцна), според која ќе биде изведена и реализираната состојба

Преку проширените перспективи и цели кои се стреми да ги постигне изградениот простор, следува и потемелно истражување на амбиенталниот слој на населбата. Еден од начините за унапредување на станбената продукција е изразен низ критиката на целосното раскинување со историските искуства на модерната архитектура. Спротиставувањето на тој концепт се препознава низ ползувањата на знаењата на стариот град како инспирација за модерната социјална интеграција на населбите (Jakšič. 1970 : 57-58, Šopli. 1970 : 46-47). Конечно, се обработува и улицата како елемент за социјално обединување на луѓето и форма на која спонтано се нижат различни содржини (Petrovič. 1977 : 58-59). Оваа будност на архитектите и урбанистите покажува јасна теоретска ангажираност, со што проектирањето и градоградењето се стимулира од интелектуалниот дискурс на дисциплината чија примена потоа е насочена кон културолошка надградба на човековиот простор за живеење.

Доколку се согледа еволуцијата на архитектонската мисла кога е во прашање карактерот на населбите, од Атинската повелба, преку единицата на соседство, па сè до актуелните тенденции на 60-тите и 70-тите години на дваесеттиот век, тие добиваат „нови“ обликовни вредности и појавности околу кои се дефинира нивниот социјален карактер. Со сето прибрано искуство, плановите за новите станбени четврти во Југославија се стремат да ги аплицираат на свое тло знаењата преземени од обновените повоени западноевропски градови и изградби на нивните нови станбени четврти. Тоа им успева на Владимир Брацо Мушич и Антон Пиберник, кои во своите планови за населби за колективно домување, одново ја враќаат пешачката улица на локалната сцена, во современи форма и околности (Malešič. 2014 : 39). Поставувајќи ја најчесто во „рамка“ помеѓу два реда на згради, нејзината цел е обединување на различните програмски елементи кои ја чинат населбата. Таа повторно го добива карактерот на платформа за поврзување на јавните и станбените содржини, елементот кој му дава програмска логика на слободниот простор и неретко претставува место во кое се надополнуваат урбаниот и природниот пејзаж од населбата.

> *“...Зелена улица, зелен појас кој се развива помеѓу два реда на згради. Овој појас е дефиниран од патека, своевидна улица во улога на внатрешна архитектура на населбата. Појасот на некои места се проширува во плоштад, додека пак на некои други се претвора во зелена градина на жителите. Некогаш, наместо тоа, улицата води кон поинтимни места покрај станбените згради. Зелената (пешачка) улица игра важна улога во идниот развој на станбените населби“* (Malešič. 2014 : 40[34]).

[34] Во овој извлечен цитат, описот на улицата се однесува на конкретна пешачка улица која е дел од студентски конкурс за населба за 10 000 жители кој се одржува во Хаг. Иако описот е јасно насочен кон специфичен пример, одлично го опишува карактерот на пешачката улица која се „движи“ низ населбата и која на моменти го менува својот профил за спонтано да се трансфомира во места со различна социјална логика. Затоа овој опис е земен како репрезентативен модел на нејзиниот карактер и во други населби. „Зелениот“ карактер пак, потенцирајќи ја застапеноста на природни елементи во нејзиниот развој како клучен елемент во модерната архитектура, во овој период не претставува само пејзажно пополнување на празниот простор, туку конкретен проектантски елемент кој дава дополнителен карактер на населбата, и како таков често е дел од пешачката улица.

Инспирацијата за доцно - модерната пешачка улица се навраќа кон разбирањето на истата во контекстот на стариот град како јавен простор кој ја надминува улогата на едноставна физичка врска помеѓу две точки (Sitte. 1945 : 53-74). Препознавањето на нејзините квалитети низ физичките параметри (должина, широчина, човекомерност итн…) и нематеријалните карактеристики (социјалниот наратив на обединување на градот) (Mumford. 1938) се основа за навраќањето кон пешачката улица и обновување на нејзиниот карактер и дух во повоените европски градови, на модерен начин. Во домашен контекст, пешачката улица станува дел од концептот на подоцна планираните и реализирани блокови на Нов Белград и Нов Загреб (Milaković. Vukmirović. 2011 : 661)[35], но сепак, нејзината најуспешна примена како елемент на социјално и просторно обединување помеѓу изградениот станбен фонд (како физички параметар) и заедницата (како апстракна форма на обединување) се случува во новите населби, каде истата ја игра улогата на носечки и автентичен мотив на просторното обликувањето.

### 2.4.1 Сплит 3 - стандард за социјална населба

Прашањето за обликот и карактерот на населбата и елементите кои ја формираат истата е значајна тема во дваесеттиот век, добивајќи различни дефиниции кои ја отсликуваат нејзината сувереност (Melvin. 1985 : 357-367). Од формалниот израз и демографската ексклузивност, во втората половина на дваесеттиот век населбата се повеќе е толкувана како социјална средина со колективен карактер (Warner. 1995). Една од одликите која особено го изразува нејзиниот обединувачки дух и човечки карактер е можноста населбата да се организира околу пешачкото движење, правејќи ги пешачката улица и променада клучен дел од многу нови населби. Во југословенскиот контекст, исклучителен пример на градска целина која ја препознава човековата пешачка природа и истата ја вклучува во организација на населбата е третата станбена експанзија на Сплит - Сплит 3.

Изборот за станбена експанзија на Сплит доаѓа од големиот и засилен демографски раст, кој покрај по природен пат, е резултат и на миграција, што е вообичаена состојба за позначајните југословски градови во повоениот период (Jelinek. 1974 : 8). Покрај зголемениот број на жители, новиот станбен фонд, доминантно изграден во шеесеттите години, нуди повисок станбен стандард изразен преку квантитативните параметри на овозможената станбена површина и сервисна инфраструктура. Она кое што претставува дополнително подобрување на станбениот стандард и животна средина се однесува на прашањето за социјалниот и хуман карактер на новопредвиденото станбено проширување[36].

Постигнувањето оптимален израз и функција на станбената архитектура во Сплит која ќе биде одговор на времето, контекстот и човечките интимни и суптилни

---

[35] Нејзината употреба во сегменти од градот чија организација рековме дека почива на принципите на Атинската повелба зборува за континуираната еволуција на модерната архитектура и нејзина хронолошки оправдана трансформација.

[36] Трите етапи на развој на Сплит се хронолошки и нумерички именувани како Сплит 1, Сплит 2 и Сплит 3. Сплит 1 го опфаќа стариот град, Сплит 2 е градската територија изградена по принципот на Атинската повелба и Ville Radieuse, додека Сплит 3 е просторната етапа од развојот на Сплит која се развива со идејата за социјална обединетост и човечки дух / карактер. Подетално во Kukoč. 2014 : 95.

потреби е овозможено низ стандардната југословенска пракса за спроведување урбанистичко - архитектонски конкурс на кој победува словенечкиот тим на Владимир Брацо Мушич, Марјан Бежан и Нивес Старч. Успехот на ова решение може да се „припише“ на квалитетниот урбанистички израз кој носи теоретска поткрепа од учењата на TEAM X, Кевин Линч и други доцномодерни размислувања за архитектурата од крајот на педесетите и почетокот на шеесеттите години (Skansi. 2018 : 157).

Новопредвидениот станбен сегмент замислен за 50 000, жители кој почнува да се гради на крајот на 60-тите години, претставува сложена просторна екстензија на градот. Неговата реализација не е само производ на напредни просторно - архитектонски вештини на архитектите вклучени во процесот на изградба на градот, туку е и плод на сериозна работна организација, како и легислативна и правна насоченост и поддршка (Jelinek. 1974 : 6-9). За големината и важноста на изградбата на оваа просторна етапа од градот сведочи и превземањето на нејзината целосна организација од страна на „Претпријатието за изградба на Сплит“ (Poduzeće za izgradnju Splita - PIS) како посебна институција која се занимава со сите активности за изградба на населбата (Kukoč. 2014 : 99).

Урбаната морфологија на Сплит 3 ја чинат систем од двојни паралелно поставени линиски повеќесемејни згради помеѓу кои, како јавна инфраструктура и спонтана врска се развива пешачката улица. Пешачките улици се основниот концепт околу кои се организира населбата и на кои се темели изградбата на просторниот карактер на населбата, недвосмислено организиран околу човековата природа. Улицата е соодветната јавна зона која како слободна површина ги ползува придобивките на медитеранската клима (локалниот контектс), додека истовремено одговара на регионалната политика за обединување на луѓето и градење спонтани социјално - општествени односи (општествениот контекст) (Ban. 2019).

Човековиот карактер на пешачката улица се гради низ нејзиното програмско, формално и топографско обликување. Покрај основната идеја за улицата како инфраструктура за рационално поврзување на две позиции, духот на пешачката улица во Сплит 3 е формиран и од доживувањето на истата како јавен атрактор и „продолжение“ на домот. Мотивацијата за нејзино користење произлегува од програмскиот диверзитет кој истата го нуди. Како ехо на традиционалниот град (Mušič цитиран во Kukoč et al. 2020 : 130), станбениот карактер на населбата е збогатен со секојдневна комерцијална и јавна содржина што ги задоволува локалните неопходни потреби на корисниците преку вклучување на различни сервисни и услужни простори (продавница, кафуле, ресторан, фитнес центар, фризер и т.н.). На некои позиции, улиците добиваат проширувања во кои се појавува дополнителна јавна програма од отворен карактер. Овие своевидни плоштади со фонтани, зеленило, жардињери и други слични содржини го засилуваат јавниот карактер на улицата и просторниот диверзитет на истата (од простор со континуиран попречен профил истата добива проширувања со друга форма кои повикуваат на нејзино алтернативно користење), мотивирајќи ги луѓето да поминат повеќе време на неа.

За активно користењето на улицата придонесува и присуството на урбана опрема која се појавува на различни места долж неа. Клупите за неформално седење и починка, како и за спонтана средба со соседите го засилуваат нејзиниот капацитет за

изградба на јавен и истовремено хуман дух. Дополнително, низ нејзиниот подолжен профил се нижат мали дворови на жителите во приземјето во повеќесемејните згради. Присуството на дворовите ја заматува острата граница помеѓу јавниот и приватниот простор, создавајќи меѓузона за ублажување на таа транзиција. Покрај тоа, зеленилото по пешачката патека го внесува природниот карактер во урбаната структура, доближувајќи ја основната човекова потреба за контакт со природата во неговата непосредна животна средина.

Улиците се доминатно поставени во правец исток - запад, задржувајќи една оска за подолжен развој. За разбивање на монотонијата, употребени се обликовни постапки за дестабилизација на континуираното движење. Првенствено, прилагодувањето на населбата на постојната нерамна топографија прави пешачките улици да се претворат во рампи, додека пак на некои места се појавува и посилна структура на скали со кои се надминуваат висинските разлики. Ова прилагодување на теренот суптилно ја сегментира пешачката улица, правејќи ја должински совладлива за сите нејзини корисници, како физички и како ментален предизвик. Во некои случаи, пешачките патеки добиваат и испланирано скршнување на оската на развој, со што се затвораат континуираните отворени перспективи на улици во еден правец и истите стануваат отсечоци од една „подолга“ патека во која нејзиниот корисник станува просторен истражувач на населбата (сл. 28, 29).



сл. 28 - Поглед на пешачка улица Марина Геталдица во моментот на нејзината изведба, без зеленило (Jelinek, 1974)



сл. 29 - Поглед на пешачка улица Марина Геталдица во поново време кога зеленилото и го менува карактерот (Kukoč, 2014)

Низ ваквото програмско и формално обликување на пешачката улица, јасно може да се почувствуваат тезите на Џејн Џејкобс за богатата демографска разновидност која ја населува улицата како потврда за нејзиниот жив дух и безбедност, како и емпириските истражувања на Јан Гел за оптималната должина на улицата и достапноста на урбана опрема како начин за изградба на активна улица која ќе се претвори во место со кое ќе се идентификува околината.

Изградената форма на населбата пак, сочинета е доминантно од станбени згради кои во пониските нивоа често добиваат јавна содржина, комплементарна на пешачката

улица. Гледајќи го попречниот профил на улицата, различните станбени згради како типолошки решенија припаѓаат на специфична група. Истите се сочинети од два дела од кои (1) еден понизок е поставен поблиску до улицата и најчесто има јавен карактер; и (2) еден повисок, со доминантно станбена содржина, поставен зад првиот (сл. 30). Ваквата форма, со висината и геометријата на објектите создава чувство на човекомерност и отвореност на пешачката улица, додека високите станбени сегменти се доволно оддалечени за да ја чувствуваат својата независност и слобода (Kun цитирана во Ban.2018).



сл. 30 - Техничка документација, пресеци на населбата Сплит 3, Сплит, Хрватска (Kukoć, 2014)

Покрај станбената содржина, кон изградба на човекоцентрична станбена екстензија на Сплит која ги задоволува целокупните потреби на нејзиниот жител, придонесува и планирањето на конкретна јавна инфраструктура што треба да овозможи остварување на секојдневните активности на нејзините жители. Помеѓу станбените целини на двојни слободостоечки линиски структури со станбена намена и пешачки патеки, на соодветно растојание предвидени се зони со рекреативни паркови, спортски терени, зелени површини, училишта и други научни установи. Соодветно на концептот на Пери за „единица на соседство", овие места се центри на јавни случувања кои претствуваат средиште за одвивање на јавните содржини што го создаваат обединувачкиот дух на населбата.

Големината на предвидениот развој на Сплит ја надминува можноста за негова целосна и едновремена реализација. Предвидениот етапен развој значи изградба на населбата во различни временски и општествени контексти, што го отвора прашањето на нејзино доследно реализирање соодветно на автентичниот план. Во тој поглед, изградениот станбен дел од населбата кој е во согласност со визијата за Сплит 3, доследно е спроведен од неговата конкурсна форма во реалност. Од друга страна, предвидената јавна содржина која е насочена кон овозможување потполно искуство на домување во населбата, не е целосно реализирана (Mrduljaš цитиран од Ban. 2018). Таквата состојба може да се следи низ повеќе југословенски реализации.

Нецелосната изградба на автентичната визија на планот не ја ослабува неговата целовитост само во поглед на отсуство на конечна и затворена градска форма. Ваквата недовршеност отвора можност за просторна реализација на нови концепти кои ја нарушуваат претходно изградената структура (Kukoč. 2014 : 117). Дополнително, Југославија не успева да ја реализира својата идеја за обезбедување „стан за секој работник" (Dobrivojević Tomić. ? 89-103) што резултира со бројни бесправни изградби на индивидуални куќи во предвидениот урбан контекст, насочени кон самостојно

решавање на станбеното прашање на голем број жители[37]. Присуството на вакви станбени форми се забележува и во Сплит 3, каде поединечните објекти се „спротивставуваат“ на урбаната колективна форма од планираната населба. Гледано низ судирот и привидната коегзистенција на овие две урбани морфологии, разликата не се забележува само во обликовната манифестација на истите. Суштинска е културолошката разлика поставена околу начинот на живот. Додека Сплит 3 мотивира обединетост и емоционално - социјално единство, импровизираната градска форма отстапува од тој концепт, „застапувајќи“ индивидуални (и неградски) позиции.

И покрај нецелосно довршениот градски сегмент, реализираните делови на населбата се цврсти носители на темата за човекоцентричен урбанизам со изразен социјален дух. Социјалната компонента на просторот особено се чувствува низ неговите отворени делови, замислени за целосно населување од страна на неговите жители, што е насочено кон поттикнување на колективниот дух, изградбата на емоционална заедница и идентитет со непосредниот простор на живеење. Препознавањето на квалитетот на оваа населба станува уште повпечатлив во современиот општествен контекст, насочен кон индивидуален напредок и планирање, во кое отсуствува јасна идеја за човекомерност, човекоцентричност и комплетно живеење. Навраќањето на основните човекови емоционални потреби и нивно просторно интерпретирање во непосредната изградена животна средина го прават Сплит 3 автентичен градски простор во целосна служба на човечките потреби и место чии просторни квалитети препознаени од европската и американска планерска и теоретичарска авангарда (Skansi. 2018 : 157) почнуваат да се препознаваат како позитивни одлики и исклучителни вредности и во сегашниот контекст.

### 2.4.2 Церак Виногради и идеја за населбата за колективно домување како заштитено градителско наследство

Во југословенскиот контекст на повоена обнова и проширување на градскиот станбен фонд, согледлив е паралелниот развој на локалните политики на домување и урбанистичката теорија со светските авангардни архитектонски парадигми. Соодветно, станбената продукција на 70-тите е водена од критичката мисла на доцната модерна архитектура, па планирањето во мерило на цела населба чија примарна просторна организација е подредена на задоволување на човековите потреби за социјална интеракција и контакт со природата станува честа тема на новите визии и реализации. Моделот на пешачка улица поставена меѓу двојна линиска структура сочинета од слободостоечки повеќесемејни згради продолжува да ги дефинира новите населби, а уште еден значаен пример на вакви планерски тенденции е населбата Церак Виногради во Белград.

На конкурсот за нова станбена населба во Белград од 1977 година, предлогот на Дарко Марушиќ, Миленија Марушиќ и Недељко Боровница се вбројува во редот на новите населби од овој период кои се спротивставуваат на концептот на „кула во парк“

[37] Таквата состојба може да се забележи и во случајот со населбата „Аеродром“, чија состојба појасно ќе биде образложена во главите кои следуваат.

(Bjažić Klarin. 2018 : 92). Главните просторни елементи кои го чинат концептот на населбата „Церак Виногради“ се концентрираат околу пешачката слобода за целосно користење на населбата и зеленилото како формативен елемент на нејзиниот карактер. Сето тоа е насочено кон засилување на социјалните одлики на животната средина. Слично на Сплит 3, пешачката зона се развива во просторот помеѓу двата реда на објекти, со особено внимание посветено на природниот амбиент на овој дел од населбата. Она што во претходниот пример претставуваа јасно оформени улици, во конкретниот случај се претвораат во патеки кои речиси ненаметливо се провлекуваат низ високото и ниското зеленило. На повеќе места, ваквите патеки добиваат проширувања во кои се сместени различни облици на урбана опрема, детски игралишта, па дури и мали просторни архитектонски интервенции за игра, дружба и непосредна интеракција на соседите (сл. 31).

Во поглед на изградената структура, од најголемото мерило на населбата, согледливо е логичното групирање на станбените објекти во целини кои формираат јасно препознатливи просторни агломерации (блокови)[38]. Ползувањето на концептот на Кларенс Пери може да се забележи со решавањето на сообраќајното прашање, каде возилата го завршуваат своето движење во периферијата на блоковите, додека зад објектите се развива целосно пешачкиот домен.




сл. 31 - Дијаграмска претстава на различни пешачки улици
во населбата „Церак Виногради“ (авторски цртеж, 2026)

[38] Како и другите населби од овој размер, и изградбата на „Церак Виногради“ е предвидена да се одвива етапно. Од 1977 до 1981 година се одвива првата фаза, додека помеѓу 1982 и 1985 се одвива втората фаза. Тоа е една од причините за јасното согледување на различни просторни целини во населбата.

Станбените објекти припаѓаат на две типологии. (1) Помалку застапената кула и (2) почесто употребуваниот повеќесемеен блок (со две варијанти каде едната има три нивоа, а другата шест). Разликата на објектите во катност и организацијата во двојна линиска станбена структура создаваат карактеристичен попречен пресек, каде секоја од зградите добива соодветна изложеност на сонце, соодветно проветрување и добар визуелен контакт со природата. Во поглед на архитектонскиот израз, објектите имаат „резервиран“ облик без наметлива фасадна обработка. Во приземјето, често се појавуваат пасажи како и делови на објекти подигнати на столбови (тремови), што уште повеќе ја потенцира идејата за пешачка слобода на населбата. Во ветрикала, објектите завршуваат со закосени покриви, обидувајќи се обликовно да се дистанцираат од интернационалниот стил и неговата тенденција за рамни кровови. Ваквиот формален гест претставува модерна интерпретација на традиционалниот архитектонски речник, што е карактеристично за актуелниот авангарден архитектонски дискурс (Милосављевић. 2021 : 145).

Навраќајќи се кон повисокиот размер, начинот на кој блоковите се просторно организирани прави создавање на уште еден елемент кој го дефинира карактерот, а со тоа и духот на населбата. Помеѓу блоковите се формираат широки полујавни дворови во кои се сместени главните јавни содржини. Низ нив се овозможува соодветна рекреативна, комерцијална, образовна и услужна подлога за нејзините жители. Овие своевидни урбани ливади, покрај колективниот карактер, со својот изглед на „припитомена дивина“, претставуваат признание на претходната важност на локацијата (шума) (docomomo_srbija. 2013), препознавање на важноста за присуство на природата во секојдневието на човекот и непосредно места за остварување на таа потреба (сл. 32).



сл. 32 - План за населбата Церак (приватна архива), Белград, Србија (Marušić. ?)

Исклучителноста на населбата „Церак Виногради“ доаѓа од начинот на нејзиното планирање и реализирање. Тежнеејќи кон целовито просторно решение, населбата е плод на едновремено и синхронизирано размислување за урбанизмот и

архитектурата како една логична целина (Marušić. во интервју за SFERA. 2025). Преку планирањето, обединетото размислување во различни мерила води кон создавање на човекоцентричен простор кој е резултат на потрагата по правилен и урамнотежен амбиент помеѓу изградената и природната средина (во која човекот сака да живее) (сл. 33,34).



сл. 33 - Пешачка улица помеѓу изградената станбена структура во населбата „Церак Виногради" (Popović, 2023)



сл. 34 - Пешачка улица помеѓу изградената станбена структура во населбата „Церак Виногради" (Popović, 2023)

Квалитетите кои населбата ги носи со себе сè повеќе се препознаени во научната дисциплина, афирмирајќи го Церак Виногради како репрезентативен пример на станбена населба и реализација во југословенскиот контекст од втората половина на дваесеттиот век (Janković. Kušić. 2017; Brankov. 2019; Јевтић. 2019; Novaković. 2025…). Она што е особено важно за разбирање на вредноста на оваа населба е нејзиното препознавање како градска целина која претставува заштитено градителско наследство во Србија (Службени гласник РС. 2019). Иако на светско ниво постојат

повеќе населби кои уживаат статус на градителско наследство,  во регионалниот контекст ваквата состојба претставува реткост. Истовремено пак, ваквиот чекор е потврда за постигната научна зрелост и способност за објективно согледување на вредностите на еден временски близок, но општествено и културолошки далечен систем. Систем во кој прашањето за станбената населба го третира концептот на отворениот простор како неопходно јавно и колективно добро (Bugarski. 2023 : 263-274), каде квалитетот на населбата се одмерува низ квантитативните параметри на слободниот простор и каде изградбата на населба претставува културен исчекор и општествен потфат (Marušić. во интервју за Al Jazeera Balkans. 2019).

### 2.5 Заклучни согледување за регионалната станбена амбиција по Втората светска војна

Доколку се споредат обрасците на општествената трансформација по Втората светска војна и нивните импликации врз урбаниот станбен простор во (1) земјите од западна Европа и (2) Југославија, објективна е констатацијата за регионалното доследно и речиси симултано следење на авангардните теории и пракси. Развојот на независна форма на самоуправен социјализам, во комбинација со честите контакти со земјите од „првиот свет“ (во директна или индиректна форма), градат стабилна федерација чија визија за општествен напредок се забележува со амбициозниот облик на изградената форма.

Станбената политика насочена кон апсолутно задоволување на животните потреби на секој човек се движат од умерената и облигаторна задача за обезбедување квалитетна урбана животна средина, достојна за живот на граѓанинот во дваесеттиот век, до утописката желба за решавање на станбеното прашање на секој работник во федерацијата. Кон остварување на тие политики, насочени се сите интелектуални и индустриско - технолошки механизми, а како резултат се добиваат станбени простори со додадени квантитативни и квалитативни вредности. Потврда за напредните тенденции на Југославија е следењето на еволуцијата на европската архитектонска мисла и успешната примена на доцномодерните парадигми во подоцна испланираните и реализирани станбени населби на нејзината територија.

Трансформацијата од „озарениот град“ до населба која се обликува според духовните / нематеријалните потреби на човекот е јасно видлива, но и културно препознаена. Од слободостоечки згради и солитери кои го ползуваат сонцето и чистиот воздух, до пешачки улици и јавни простори низ кои се чувствува правилно толкување на човековата социјална природа и потреба за идентификување со сопствената животна средина, станбените населби во Југославија се одраз на општество чии фокус е успешен човеков развој.

Во контекст на населбата „Аеродром“ во Скопје, децентрализираната политика на Југославија овозможува влез на напредни архитектонски идеи во границите на главниот град на Македонија. Она што во втората половина на дваесеттиот век претставува експанзија на скопската градска форма кон исток, се препознава како

непогрешливо западноевропско влијание[39]. Низ неколку временски етапи и просторни сегменти, истокот на Скопје создава станбени целини кои идеолошки се речиси во чекор со примерите на поголемите југословенски градови и светската сцена, континуирано надградувајќи го теоретското разбирање (а со тоа и материјалната форма) на културата на домување. Третата глава на докторскиот труд ќе навлезе во фокусиран преглед на развојот на истокот на Скопје во дваесеттиот век, контекстуално читајќи ги сите промени на неговата форма. Од архитектонска и планерска форма недвосмислено повлијаена од меѓувоеното модерно движење, до препознавање на доцномодерни шеми и обрасци кои населбата Аеродром објективно може да ја сместат во еволутивен ланец на југословенски населби од втората половина на дваесеттиот век. Од празна територија до „современ мал град на иднината“.

[39] Модерниот архитектонски израз во Скопје се забележува уште порано, со населбите Карпош 1 и Карпош 2 кои се рзвиваат на запад од градот и кои му претходат на периодот кој ќе биде следно разгледуван.

# 3 АЕРОДРОМ И МОДЕРНАТА АРХИТЕКТУРА И УРБАНИЗАМ НА ДВАЕСЕТТИОТ ВЕК

## 3.1 Општиот контекст на градот

Скопје е град кој во дваесеттиот век, поминува низ повеќе урбани и архитектонски модернизации. Таквите состојби се условени од различни општествени, социјални, културолошки и природни контексти (Дојчиновски. 2005 : 49-78). Низ нив, може да се проследи еволуција на планерската и архитектонска мисла, која минува низ повеќе фази на Модерната архитектура.

По Балканските војни, повлекувањето на османлиската империја создава можност за реална промена на ориенталните вредности на градот низ процес на просторна европеизација и модернизација. По Првата светска војна, територијата на Македонија е додадена во составот на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, а Скопје од заостанат град станува општествен и културен центар на Јужната бановина. Добивањето на овој статус значително го зголемува бројот на жители во него[40]. Ваквите промени доведуваат до потреба за просторна трансформација на Скопје, поведена од новиот општествен статус и демографска состојба. Промените се чувствуваат во целокупните просторни одлики на градот, но и на ниво на поединечни архитектонски реализации.

Низ целокупниот период на постоење на Скопје, реката Вардар како природна даденост на оваа географска локација, секогаш остварувала релација со градот. Како град кој низ историјата ја менувал својата позиција од разни причини (Цартовска. 2005 : 17-26), некогаш помалку директно, а некогаш поконкретно, Вардар учествувал во градскиот пејзаж. Во дваесеттиот век, реката станува еден од дефинирачките фактори за повеќето големи обликовни интервенции во Скопје. Таа со себе носи повеќеслојно значење, кое се движи од основен извор за живот и безбедност до социјален атрактор за културни случувања. Од составен дел на рекреативен природен парк, преку нејзино прилагодување за изведување водени спортови, до извлекување на вештачки водени ракави кои ќе минуваат низ станбените населби и ќе го засилуваат нивниот социјален и идиличен карактер.

## 3.2 Урбанизацијата на Скопје во првата половина на 20ти век

### 3.2.1 Планот на Димитрие Т. Леко / 1914 г.

Клучни документи кои влијаат врз обликувањето на градот во првата половина од дваесеттиот век, до почетокот на Втората светска војна, се Генералниот регулационен план на Скопје на Димитрие Т. Леко од 1914 година и Генералниот регулационен план на Скопје на Јосиф Михајловиќ од 1929 година.

---

[40] Во 1921 година, Скопје има 44 660 жители, во 1931 година околу 68 000, а во 1939 година, бројката расте над 80 000 жители (Томовски. 2003 : 31)

Визијата на Димитрие Т. Леко територијално се поклопува со просторот каде претходно се развивал отоманскиот град, но во него се забележуваат промени кои носат силни западни влијанија во различни размери. Во голема мера, проширувањето на градот е насочено кон десниот брег на реката Вардар (Ивановски et al. 2015 : 28-30), засилувајќи ја оската југ - север која ја поврзува централната железничка станица на градот како најјужна урбана точка во Скопје со Бит Пазар и економско - работниот дел од градот на север.

Композициски, станува збор за компактна целина, во која како модерен елемент се внесува концептот на „прстен“, замислен да го дефинира централното градско подрачје. Обиколувајќи разни елементи кои го презентираат културното и општествено минато на градот (Тврдината Кале, Чаршијата итн.), прстенот ги обединува левиот и десниот брег на реката Вардар т.е. стариот и новиот дел од Скопје. Уличната мрежа е радијална, што соодветно на примерот на познатите европски престолнини се шири од центарот на градот, кон неговата периферија.

На понизок размер, западните европски влијанија се манифестираат низ поединечни архитектонски визии и реализации, низ нивната поставеност во однос на отворениот јавен простор (плоштади, паркови, улици и т.н.) и геометриските одлики на самите згради (симетричност, орнаменталност и тн.). Имајќи го предвид политичкиот контекст и оддалеченоста на градот од влијателните центри на модерната авангардана сцена, архитектонскиот израз на градот е ехо на задоцнети еклективни и академски влијанија од Европа, носејќи во себе и влијанија на движењето за „Убавиот град“ (Христова Поповска. 2019 : 47-48), што се надева на подобрување на социјалното однесување на жителите во градот и засилување на културната доблест на истиот низ изградба на „убави“ објекти (Caves. 2005 : 104).

За споредба, европските трендови во меѓувоениот период веќе започнуваат градска изградба која го најавува појавувањето на модерното движење како правец што ќе го дефинира градскиот облик на дваесеттиот век. Иако Скопје во овој период е идеолошки и материјално далеку од овие визии, (што е разбирливо со согледување на општествениот контекст кој до тогаш влијаел на овие простори), важно е да се напомене значењето на модерното движење во рамките на градот, бидејќи тоа ќе е изразот кој во поголем дел од дваесеттиот век ќе го даде изгледот на градот.

Во контекстот на Аеродром, на југоисток, источно од железничката линија почнуваат да се исцртуваат првите територии кои го најавуваат развојот на источната станбена зона. Сепак, надвор од првичен систем на блокови и улична мрежа, ништо друго не е поконкретно решено, ниту реализирано на тие простори.

### 3.2.2 Планот на Јосиф Михајловиќ / 1929 г.

Генералниот регулационен план од 1929 година на Јосиф Михајловиќ е своевиден континуитет на планот на Димитрие Т. Леко, но и надградба и модернизирање на Скопје според принципите на актуелните европски и светски планерски и архитектонски движења. Ваквите влијанија може да се припишат на интернационалното образование и искуство на Јосиф Михајловиќ (Христова Поповска. 2019 : 64).

Теоретската позадина на овој план, која остварува врски со западните идеологии, може да се согледа низ неколку организациски принципи на градот. Првенствено, при читањето на градот се гледа поинаков пристап при интевенциите во централниот, постоен дел на Скопје во споредба со периферните зони кои претставуваат слободно земјиште за потенцијален иден развој. Планерските визии кои се суперпонираат врз деловите од градот што се веќе изградени и се опфатени во претходниот план се умерени и внимателни. Предвидениот ринг кој треба да го дефинира центарот на градот е дополнително конкретизиран. Во продолжение, на двете страни од реката се појавуваат плоштади кои се фокална точна на зракасто поставените улични правци[41], додека пак на повеќе позиции, околу плоштадите  и градските проширувања, се поставуваат доминантно јавни згради. Просторниот склоп на отворените градски простори и изградените објекти околу нив формираат монументална композиција која најчесто користејќи ја симетријата, ја акцентира важноста на дадениот простор. Имајќи го во предвид времето и (општествениот и веќе изградениот) контекстот во кој овие интервенции се случуваат, ваквото планирање се поврзува со европските неокласични теории (Giedeon. 1954 : 327). Во сличен теоретски правец се испланирани и зракастите улици кои се врзуваат со барокната теорија за улицата, нејзините визури и фокусот кој треба да се потенцира (Sitte. 1965 : 60-67). Сето ова е насочено кон постигнување јасен ред на изградената структура и „убави“ простори.

Од друга страна, периферните зони на Скопје покажуваат поинаков пристап во градообликувањето. Истражувајќи ги рабните територии на градот, претходно нетретирани во минатиот генерален урбанистички план, лесно е воочлива концепцијата на Град - градина (Howard. 1902 : 22). Планот на Михајловиќ предвидува ширење на станбената зона кон периферијата (Пенчиќ. 2011) во вид на населби за колективно домување организирани околу слободостоечки доминантно индивидуални објекти, со сопствени дворови и обвиени во зеленило.

Урбаната морфологија на ваквите населби се одликува со правилна матрица од најчесто ортогонално и дијагонално поставени улици. Покрај нив, се нижат објектите за домување, а во пресекувањето на повеќе улични правци, на места каде што се појавуваат поголеми улични проширувања (плоштади), се појавуваат објекти од јавен карактер, наменети за поддршка на населбите.

Студирајќи го планот од 1929 година, ваквите населби се развиваат на периферијата на градот. Нивното ширење е оневозможено од предвидениот зелен појас кој треба да го ограничи растот на градот,  но и да му даде обединувачки природен карактер, од едната страна, и конечна изградена структура која гравитира кон центарот на Скопје, од другата. Доколку се потсетиме на планот за Град - градина, ограничениот раст на таквата градска целина води кон формирање на една компактна заедница на луѓе во населби што овозможуваат обединување на човековите биолошки потреби за контакт со природата заедно со урбаната, социјалната и економската реализација, надвор од централното градско јадро. Речиси идентичен е случајот со периферните населби на Скопје, една од која се развива на истокот од градот, онаму каде што во

[41] Ваквиот модел на радијално поставени улици, особено е силен на левиот брег на реката Вардар.

иднина ќе се видат првите реални траги од населбата Аеродром. Како споредба на временската рамка на светската планерска мисла, во 1929 година Пери ја постави идејата за единица на соседство, како унапредена форма на град - градина.

Доколку идејата за град - градина се толкува низ призмата на екологија, хигиена и хуманост на животниот простор (Mumford. 1970 : 22), населбите на Михајловиќ ги исполнуваат ваквите одлики. Нивното присуство претставува нова и современа алтернатива на домување во градот и како таква ќе еволуира во следните планови за Скопје.

Планот на Михајловиќ прави и диференцијација на градот на различни функционални целини. Меѓу другите функции, се појавува позиција и за индустријата. Во него таа е поставена источно, по течението на Вардар и во југоисточните делови на градот. Ова е време кога во авангардната пракса веќе се поставени „Citte industriale“ на Тони Гарние (Evers. 2015 : 670-681) и „Cite Fruges“ (UNSECO. 2019) на Ле Корбизје. Согледувајќи ги нивните теории и преклопувајќи ги со претходно споменатиот концепт на град - градина применет во Скопје, источните територии на градот претставуваат концептуален почеток на станбена населба за потребите на индустриските работници, која ќе го одговори прашањето на достоинствено и хумано живеење на луѓето и ќе ги ползува модерните урбани и архитектонски концепти прилагодени на локалниот контекст.

Следејќи ги хронолошки плановите на Леко и Михајловиќ, низ нив може да се почувствува транзицијата од отоманскиот град, кој полека низ спорадичните еклектични влијанија, почнува да ги прима принципите на модерната архитектура кога се во прашање поединечни интервенции на засебни локации во рамките на веќе изградениот град. На слободните територии пак, се појавуваат поголеми градски зафати со станбен карактер кои се предвидува да се реализираат соодветно на актуелните светски урбанистички теории и воопшто, теории поврзани со концептот на домот и домувањето.

Кога е во прашање развојот на источните територии на Скопје, планот на Михајловиќ е супериорен над оној на Леко, поставувајќи прецизен концепт за изградба на конкретна станбена целина. Неговата идеја може да се толкува како одговор на станбените потреби за индустрискиот развој предвиден во овој дел од градот. Иако постои конкретна визија, изградбата на „Град - градини“ во овој дел од Скопје никогаш не започнува да се реализира[42]. Сепак, она што како напредна идеја ќе биде поставено со овој план, во далеку различна урбана морфологија, густина, оштествен контекст и архитектонски јазик, ќе се задржи и реализира со следниот Генерален регулационен план на Скопје од 1948 година.

[42] Планот е пресретнат од почетокот на Втората светска војна, а по неа, се менуваат општествените состојби во Македонија, па нереализираните територии отстапуваат место на новиот урбанистички план кој воведува поинаква просторна и идеолошка матрица на Скопје.

### 3.3 Развојот на Скопје кон исток по Втората светска војна / 1948 - 1963 г.

По Втората светска војна се случува трансформација на светскиот поредок и напредок, која се одразува во сите сфери на општествените и културните односи. Досегашното истражување покажа дека таквите промени влијаат и врз идејата за планирањето на градот и архитектурата, а таквиот одраз се забележува и во локалниот контекст. Периодот по Втората светска војна во Скопје го означува почетокот на изградбата на источниот дел од градот, она што денес територијално е познато како населба Аеродром.

Ширењето на градот кон исток е процес кој се одвива во повеќе временски етапи и социо - културни контексти, секој носејќи со себе специфични просторни одлики на изградената форма. Во продолжение на трудот следи хронолошки преглед на различните планови и проекти, кои во различно мерило предвидуваат развој на овие територии на Скопје. Идејата е низ нивно последователно критичко „читање" и анализирање, да се согледа еволутивниот процес на модерниот израз во овој дел од градот, кој започнува со јасна функционалистичка матрица и кулминира со сложена просторна агломерација и симбиоза на изградениот и слободниот простор. Преку плановите и реализациите со различни просторни одлики не се согледува само палетата на урбано - морфолошки диверзитет со која се одликуваат источните територии на Скопје, туку и тенденцијата за промена на културата на домување, животниот стандард и општествено - социјалните односи на луѓето.

#### 3.3.1 Општиот контекст на градот по Втората светска војна

*„Луѓето го прават општеството, а општеството, потоа ги обликува нив".* Овие зборови на Јап Бакема (Bakema. 1967 : 10), посочувајќи на заемното влијание на човекот и општеството (како што беше посочено во претходните глави), може да се поставaт во релација со Скопје во втората половина на дваесеттиот век. Како град кој се стреми кон напредок, поттикнат од општествените и идеолошки промени на контекстот во кој постои, физичкото градење на градот како ново секојдневие, несомнено учествува во обликувањето карактерот и културата на неговите жители. По турбулентната прва половина на дваесеттиот век, означена со деструктивни војни и промена на територијалната припадност на Македонија во рамките на повеќе кралства и империи, по Втората светска војна, таа станува стабилна, суверена и рамноправна членка на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а Скопје е општествен и културен центар на Социјалистичка Република Македонија и Косово и Метохија.

Силните модерни тенденции во дефинирањето на изградениот простор во Скопје почнуваат да се чувствуваат со новиот Генерален регулационен план на чешкиот архитект Лудјек Кубеш од 1948 година (Државен архив - одделение Скопје. 1948а : кутија 2). Новиот план, споредeн со претходните два, покажува радикално поместување на насоката во која е предвидено градот да се развива. Промените се забележливи и во размерот на урбанизам и во архитектонскиот израз. Наместо централното решение на град кој радијално се шири и ја задржува традиционалната оска на развој север - југ,

новиот план за Скопје ја менува неговата структура и урбана морфологија. Дефиниран од природните елементи кои ја оформуваат скопската котлина, планот почнува да се развива лонгитудинално. Помеѓу планината Водно на југ и Скопска Црна Гора на север, новиот облик на градот добива издолжена форма и се развива во правец запад - исток, паралелно со реката Вардар која станува природен и урбан ‘рбет на кој се наслојува повоено Скопје. Истиот предвидува речиси целосна преработка на изградените градски површини, предложувајќи урбана матрица соодветна на времето во кое планот се спроведува.

Домувањето е една од кучните цели на планот. Станбените населби предвидени врз веќе постојните дефинирани градски блокови на левиот брег на реката Вардар, како и новопредвидените населби кои за прв пат се појавуваат во Скопје и се развиваат по издолжената оска запад - исток во својот планерски манир ги носат заложбите на Корбизје, Атинската повелба и CIAM (Ивановска Дескова. 2015)[43]. Во големата слика, целиот план не се одликува со поединечни архитектонски реализации кои треба да бидат специфична / централна точна на една поголема изградена територија. Спротивно на тоа, планот предлага подигнување на јасни градски целини кои се планирани како еден потег, со конкретна урбана морфологија и уште поконкретна модерна парадигма материјализирана низ обликовниот карактер на разгледуваните станбени сегменти. (Ивановски. et al. 2015 : 42-43).

Источните територии на Скопје сѐ уште ја задржуваат станбената намена од претходниот план, иако нивното планирање сега е поконкретно и во поголем обем. Во нив се задржува актуелната модерна мисла која е белег на планот, а покрај обликовниот карактер, низ ваквата станбена организација се забележува обид за суштинско подобрување на просторните и социјални политики на домување. Модерниот пристап претставува основа за понатамошната еволуција и надградба на станбените капацитети и визии во овој дел од градот во овој, како и во периодот што следи.

### 3.3.2 Населба „Вардар“ како почеток на источниот развој / 1948 г.

Напуштањето на блиските релации со СССР и ориентирањето кон идеалите на европскиот запад, во полето на урбанизација на градот ќе воведе модерна струја која ќе означи „нов почеток“ во развој на градот (Ивановска Дескова. 2015). Генералниот регулационен план на Скопје од 1948 година подготвен од Лудјек Кубеш и групата чехословачки архитекти материјално и идеолошки го редефинира градот. Со најголем акцент поставен на домувањето, лонгитудиналниот план на Кубеш покрај експанзија на градот, се стреми да понуди надградени форми на домување во однос на постојниот станбен ансамбл на Скопје[44].

[43] Планот на запад, север и исток има доминантно згради за колективно домување. На југ, на северните падини на планината Водно, се појавува населба со индивидуални станбени објекти, исто како и на североисток.

[44] Според извештајот за домување од 1954 година, Скопје не доживува сериозни разурнувања како последица од Втората светска војна, но затекнтатиот станбен капацитет и квалитет во градот е на незавидно ниво. Сакајќи таквата состојба да се подобри, урбанистите кои работат на идните градски планови, гледаат на домувањето како состојба во градот која треба да добие современ карактер. Таквите тенденции се отсликуваат во просторните решенија на Скопје

Еден од првите урбани сегменти од градот кој може да се прочита како почетна позиција за развојот на Скопје кон исток е населбата Пролет. Анализирајќи ја целокупната слика на градот и неговата просторна организација, оваа населба е објективно да се толкува како градска единица со двојна припадност. Според позицијата на блокот и системот на сообраќајници кои ја оформуваат, таа несомнено е дел од централното градско подрачје. Анализирајќи ја пак урбаната морфологија на блокот и организацијата на станбените објекти, оваа населба се доживува како почетна единица, своевиден „протоблок“ и модел за идеолошки развој за идната станбена изградба, предвидена кон исток. Оваа населба е првиот носител на модернистички и функционалистички влијанија и реализиран материјален доказ за присуството на меѓувоените модерни принципи во Скопје (Христова Поповска. 2019 : 138-141).

Меѓутоа, она што со сигурност припаѓа на источната станбена зона е населбата „Вардар“. Источните територии на Скопје, кои се за прв пат конкретно и детално дефинирани со овој план, претставуваат соодветен простор за напредни станбени експерименти и амбиции (следејќи го примерот на другите современи населби од ваков карактер во Југославија (Максимовиќ. 1948 : 241)). Доминантна материјална цел на населбата „Вардар“ претставува решавање на станбеното прашање за потребите на индустриските работници кои се дел од индустриските центри веќе воспоставени на истокот и кои тековно се развиваат на југоистокот од градот (сл. 35).



сл. 35 - План на населбата „Вардар“ на Кубеш, 1948 година (дигитализиран план од архивска документација. 2025)

Населбата се одликува со јасни просторни граници. Западниот праг на населбата „Вардар“ е населбата „Пролет“, на југ таа граничи со југоисточната индустриска зона, а на исток и север, изградениот дел на населбата е ограничен со источните ливади на Скопје и со реката (и речните ракави на) Вардар. Во поглед на големината, станува збор за издолжен станбен потег со доминантна оска на протегање запад - исток, долг 2.4 km и широк помалку од 500 метри. На овие територии, предвидено е да се изградат 3500

станови, кои треба да ги задоволат станбените потреби на 17 500 жители (Државен архив - одделение Скопје. 1948б : кутија 2).

Уличната мрежа која ги дефинира блоковите во населбата е ортогонална и крајно рационална. Главните улични правци се протегаат во насока запад - исток, додека врзните улици ја доминираат оската север - југ. Основните обликовни елементи кои го формираат станбениот ансамбл на населбата Вардар се четири правоаголни блокови составени од повеќе паралелно поставени станбени објекти со идентична типологија и отворени зелени површини помеѓу нив. Овие повеќесемејни слободостоечки згради, со доминантна ориентација север - југ, имаат едноставен архитектонски израз и мала височина (најчесто П+1 со мал број П+3). Умереноста во обликот на зградите произлегува од потребата за, пред сè, елементарно подобрување на станбениот простор и капацитет во градот. Извештаите за станбената состојба на град Скопје од 1955 година посочуваат на слаби 6.5 m² станбен простор по жител во домот, што е далеку зад југословенскиот стандард (Државен архив - одделение Скопје. 1955 : кутија 2).

Напредокот на станбената политика и идеологија низ моделот на населбата Вардар сепак, не се сведува единствено на едноставно зголемување на основниот станбен капацитет на градот. Од поголемо значење е обидот населбата да ја подигне идејата за домување на овие простори на повисоко културолошко и еманципативно ниво. Доживувајќи го прашањето на домување како целина која вклучува повеќе состојби, планот на Лудјек Кубеш го третира прашањето на животната средина инклузивно, имајќи ги во предвид природните и социјално - колективните потреби на човекот. Таквите намери се забележуваат низ модерниот пристап и мисла при обликување на просторот, особено видливи во третирање на отворените простори и односот на човекот со природата.

„Неограниченоста“ на новите слободни територии кои оваа населба ги освојува и на кои го шири урбаниот дел од градот, овозможуваат изградба на слободостоечки објекти кои „пливаат“ во зеленило. Нивната ограничена височина го спречува изградениот простор да надвладее над природната силуета на регионот, работејќи во полза на идејата за *„град кој никнува од зеленило“* (Dobrović. 1949 : 5). Ваквиот став за просторот кој се покажува во планот, лесно може да се постави во релација со идеите на Ле Корбизје за редоследот на планирање на елементите во градот каде *„присуството на природата е првенствено во однос на изградениот простор“* (Atkinson. 2016) како и на визијата на Бакема за квалитетен простор како сума од *„човекот, природата и идејата за природата“* (Bakema. 1942). Вака манифестираниот план го назначува почетокот на разбирањето на социјалната и биолошката природа на луѓето и нивното вклучување во обликување на градот, агенда која понатаму дополнително ќе се нагласи во развојот на источниот дел од Скопје.

Симбиозата на природните елементи и изградениот простор во планот на Кубеш може да се проследат низ три размери. На најниското ниво, секој жител на населбата пред својот дом има мал заеднички и отворен „двор“ со кој ја остварува непосредната врска со природата. Според Христова Поповска (2019), почетните реализирани објекти во оваа населба биле предвидени со отворени пасажи и комуникации, што дополнително ја заматуваат ненагласената граница меѓу архитектонското доживување

на просторите „внатре“ и „надвор“. Во прилог на директната врска на човекот со природата е и ниската катност на објектот. Блиску на идеите на Валтер Гропиус (Gropius. 1931), ограничената висина на објектите прави човекот да остане во физичкиот домен на природата, видно чувствувајќи го нејзиното присуство и можноста да изгради непосредна релација со истата (како да е застанат на трева, гледајќи ги дрвјата од својот дом, уживајќи под сенките на крошните итн.).

Одејќи еден чекор понатаму, зеленилото како идеја за колективно добро кое ја надминува поединечната зграда и го става во контекст целиот станбен блок, може да се забележи во најзападниот и најисточниот блок од населбата Вардар. Помеѓу станбените згради, централно во блокот и по неговата издолжена оска, предвидена е тесна колективна зелена зона која ги вдомува рекреативните програми за потребите на блокот. Иако можеби не толку значајна и просторно доминантна, од композициски и формален аспект, идејата за ваквиот обединувачки и социјален простор понатаму може да се проследи и постави во релација со други напредни форми на урбано зеленило во рамките на блокот, кога се во прашање идните развојни визии на источните скопски територии.

На најголемото мерило, релацијата на природата и изградениот простор, на урбано ниво во овој план, може да се почувствува низ зелениот парк и утилизацијата на природниот воден ракав на реката Вардар, кои се предвидени да се развиваат паралелно со лонгитудиналната оска на изградениот дел од населбата. Слободно закривените пешачки патеки кои прават движењето низ паркот да добие природен амбиентален карактер, како и водените површини кои наместо бариера претставуваат можност за засилување на природното искуство, ги збогатуваат содржините на населбата и прават преклоп на програмите, каде рекреацијата и домувањето постојат непосредно една покрај друга. Низ овој случај, иако зборуваме за модернистичка населба, полека се чувствува тенденцијата за напуштање на фунционалистичката природа на градот и приклонување кон повоените парадигми за обединување на фунцкиите во една логична животна средина, кои сѐ уште се во зачеток[45].

Збогатување на содржините на населбата се случува и со блоковите предвидени за нејзината јавна програма. Насоечни кон поддршка на домувањето, помеѓу два станбени блока се појавуваат обликовно блиски зелени зони (што се развиваат попречно на населбата, во правец север - југ) во кои се сместени основни училишта, спортски игралишта, детски установи, сервисни маркети и слични содржини кои ги исполнуваат потребите на секојдневното живеење во населбата. Покрај примарната функција, овие јавни згради и отворени површини претставуваат генератор на социјални активности и организирани средби кои придонесуваат кон изградба на идентитетот на една населба и поистоветување на нејзините жители со истата.

Според принципите на организацијата на населбата „Вардар“, планот на Кубеш анализиран од современа перспектива и со објективна временска дистанца, може да се доживее како ехо на единицата на соседство на Кларенс Пери (Perry. 1929), имајќи го училиштето како центар на социјалните случувања и зеленилото како структурален дел

[45] Идеите на Team X како наследници на првата генерација на модерни архитекти, кои во повоениот период први ќе ја преиспитаат фунционалистичката парадигма јасно ќе почнат да се чувствуваат на средината на 50тите.

од животната средина на човекот. Во исто време, населбата може да се препознае и како своевиден обид за модел на Град - градина (Howard. 1902), како самодоволна целина на источната периферија на Скопје. Низ овие теоретски позиции, лесно е да се поставаат паралелни линии помеѓу овој и планот на Михајловиќ од 1929, кои иако обликовно различни и далечни по архитектонскиот јазик, суштински тежнеат кон слични концепти.

Ваквите паралели ги носат на виделина суштинските вредности на населбата Вардар за кои зборувал и Живко Поповски (2006 : 177-178), потсетувајќи дека таа (заедно со населбата Пролет) во времето на нејзиното создавање била *„на ниво на најдобрите европски остварувања, посочувана во стручната периодика“* заради нејзиното хумано и културно значење (сл. 36).

Во продолженото раст на градот, односот кон модерните амбиции на планирање ќе продолжат да се негуваат при развојот на источната станбена зона на Скопје, почитувајќи ги насоките на Кубеш, но истовремено, соочувајќи се со тековните потреби и контекстуални состојби.




сл. 36 - Аксонометрија на населба Вардар, Лудјек Кубеш, 1948 (авторски цртеж, 2025)

### 3.3.3 Спортски парк „Острово“ и населба „13 Ноември“ / 1961-62 г.

Планот на Лудјек Кубеш го предвидува кејот на реката Вардар како оска со доминантно спортска и рекреативна содржина. Слободна зона и континуиран зелен појас кој ќе влијае на микроклимата и доживувањето на градот (Dobrović.1949). Задржувајќи се до програмата на регулациониот план, во 1961 година Заводот за урбанизам и архитектура на скопската околија, на паркот кој во генералниот план на Кубеш е предвиден како простор за рекреација, му додава спортски карактер, предвидувајќи го Спортски парк „Острово“ (Државен архив - одделение Скопје. 1961 : кутија 72). Дел од територијата на паркот, неговиот западен раб кој се граничи со постојната градска структура, предвидена е за изградба на станбената населбата „13 Ноември“ (Државен архив - одделение Скопје. 1962 : кутија 77).

Спортскиот парк е позициониран северно од изградениот дел на населбата „Вардар“ и се развива паралелно со нејзината лонгитудинална оска. Реката Вардар ја дефинира неговата северна граница и претставува активен елемент во спортските содржини кои паркот ги нуди. На запад, граничи со железниот мост, а на исток, како и населбата „Вардар“, допира до слободните источни ливади на Скопје. Според својот просторен и програмски капацитет, паркот ги надминува потребите на една населба, станувајќи атрактивна позиција и точка од интерес во размерот на целиот град. На површина од 92,033 хектари, предвидена е спортска содржина за различни категории на корисници (рекреативци или професионалци), за различни возрасни групи (деца, млади и возрасни) и за користење во различни годишни времиња[46]. Зеленилото и закривените пешачки патеки сè уште остануваат составен дел од паркот, оставајќи го препознатлив како место за спонтани средби и прошетки во природа (сл. 37).

[46] Спортскиот центар предвидено е да содржи голем стадион со капацитет од 40000 гледачи, кој потоа е посочено да биде ревидиран, со цел да собира 60000, мал стадион, простор за масовни спортови, пливачки и веслачки спортови, плажа, детски игралишта, управна зграда и дом на физичката култура и друга дополнитена содржина како поддршка на спортската целина.




сл. 37 - План на спортски парк „Острово“, 1961 (дигитализиран план од архивска документација, 2025)

Со цел успешен развој на овој дел од градот, предвидена е регулација на реката Вардар. Дополнително, на нејзините природни водени ракави предвидено е формирање на мало вештачко проширување кое се труди да ја збогати спортската и рекреативна содржина на паркот. Големината на овој план, и во конкретна и во идеолошка форма, може да се забележи и низ ревидираниот Голем стадион со предложен капацитет од 60 000 посетители. Споредено со денешните стандарди (stadumguide.com), овој стадион би се вбројувал меѓу денешните 30 најголеми стадиони во Европа. Оваа визија за спортскиот парк зборува за амбициозната перспектива на Скопје, според која може да заклучиме дека станува збор за напреден и прогресивен план кој според програмата и бројот на жителите за кој е предвиден, ги надминува и потребите на градот.

Испреплетувањето на рекреацијата и станбената програма, изразена преку близината на спортскиот парк до населената територија, како и беспрекорната врска која треба да ја оствари најмногу со населбите „Вардар“ и „13 Ноември“, зборува за воведување на една нова вредност на живеењето во градот. Ваквиот план се обидува ненаметливо да ја поврзе спортската култура со секојдневието на обичните граѓани, особено кога зборуваме за источната експанзија на Скопје. Анализите од 1961 година посочуваат на недоволни 0.3 m$^2$ површина на детски игралишта по дете на територијата во градот (ЗУАС. 1965). Визијата за ваквиот парк во себе носи идеја за подобрување на таа статистика, со суштинска промена на концептот на игралиште и перспективата за спортска иднина во Скопје.

Паралелно со идејата за спортски парк, се развива и идејата за населбата „13 Ноември“. Таа го следи моделот на единица на соседство (Ќосевски. 1962), со две станбени целини меѓу кои се развива јавната програма за поддршка и еманципација на живеењето во населбата (сл. 38).



сл. 38 - План на населбата „13 Ноември“, 1962 година (дигитализиран план од архивска документација. 2025)

Урбаната морфологија на станбените блокови го следи примерот на актуелните југословенски и европски реализации во архитектурата (Kulić. 2018 : 26-39). Различните типови на станбени објекти (еден тип на кула и два типа на издолжени објекти) кои ги формираат станбените блокови на населбата, според просторната конфигурација покажуваат повисоко ниво на комплексност и ја надминуваат матрицата на Кубеш[47]. Поставени во ортогонален систем, различните типови на слободостоечките згради формираат „отворен" периметрален блок во чија средина се наоѓа слободен зелен двор со игралишта и дополнителна програма за деца и млади. Согледано преку квантитативни вредности, жителите на оваа населба добиваат 18 $m^2$ бруто станбена површина и речиси 17 $m^2$ зелена површина за рекреација и уживање во природни амбиенти по жител, што покажуваат значително подобрување во споредба со постојниот стандард.

Јавната програма сместена во центарот на населбата го надминува капацитетот само на елементарна и услужна дејност која треба да ги задоволи станбените потреби. Во неа, покрај вообичаената програма на градинка, училиште, самопослуга и амбуланта, се вклучува и јавна бања, и кино сала за 300 гледачи. Архитектонскиот израз се состои од прочистена геометрија, со апстрактна естетика во јазикот на модерната. Внесувањето на ваквата програма и објекти во планот посочуваат на идејата за вклучување на културната програма непосредно и спонтано во животот на населбата. Сместувајќи содржина од таков карактер, визијата од 1962 година прави обид за дофат на современите урбанистички и архитектонски парадигми (Smithson. Smithson. 1953 : 77-78), манифестирани со просторно суперпонирање на повеќе програми на една површина. Целта на ваквата идеја, покрај квантитативниот напредок е и разбирање и унапредување на животните навики на жителите во населбата (сл. 39).

[47] Треба да се напомене дека овие блокови не се наоѓаат/преклопуваат физички на истата територија, а нивната споредба е искористена во насока на хронолошко согледување на еволуцијата на идејата за изградениот простор.




сл. 39 - Аксонометрија на населба „13 Ноември“, 1962 (авторски цртеж, 2025)

Во зацврстување на врската на човекот со природата, но истовремено и релацијата на новопланираната населба со остатокот од градот, „13 Ноември" воспоставува директен однос со реката Вардар. Со цел поврзување на стариот / постојниот дел од градот со новопредвидениот спортски парк на исток, населбата предвидува артикулација на кејот од Вардар, овозможувајќи пешачка патека, а со тоа и врска на новиот и стариот дел на градот покрај реката Вардар. Покрај вмрежувањето, вака предвидениот кеј придонесува и кон директно поврзување на жителите на населбата со реката. Засилувањето на тој природен амбиент се случува и со два планирани видиковци, пристапни од населбата и директно насочени кон реката.

Ваквите напредни планови и визии за Скопје ветуваат силна модерна етапа од неговиот развој. Иако плановите започнуваат делумно да се изведуваат, состојба на урбанизмот и архитектурата во главниот град на Македонија ќе биде нагло променета. На 26 јули 1963 година, Скопје е жртва на силен земјотрес кој ќе уништи или ќе остави надвор од употреба 80% од неговиот градежен фонд, повикувајќи на нов пристап на планирање и брзо решавање на станбеното прашање на голем број од неговите жители (Ивановски et al. 2015).

### 3. 4 Состојбата на исток на Скопје по земјотресот / 1963 г. - 1974 г.

#### 3.4.1 Апсорбирање на шокот

Архитектонската и урбанистичката историја на Скопје во втората половина на дваесеттиот век во голема мера е дефинирана со поземјотресната обнова на градот. Со 150 000 луѓе кои останале без својот дом (Ивановски et al. 2015 : 56), претседателот на Југославија, Јосип Броз Тито, ден по катастрофата уверува дека *„Скопје повторно ќе се изгради со помош на целата земја, станувајќи симбол за братство и единство на југословенската и светската солидарност"* (К.Т. 1975а : 9). Веднаш по потресот, потребата од брз одговор на отвореното станбено прашање на жителите на градот, резултира со план за подигање 8 населби за 35 000 жители, но набрзо се доаѓа до број од 17 населби со монтажен карактер кои се подигнуваат во сè уште разурнатиот град (Mijalkovic, Urbanek. 2018 : 7). Во изградбата на оваа структура учествува странска помош од различни земји, од почетокот покажувајќи го отворениот солидарен дух на целата обнова на Скопје. Овие населби, суштински носејќи ги во себе сите одлики на модерната архитектура преку својата модуларност, монтажност и масовна продукција (Kransy. 2018 : 16-20), се брз одговор на потребата за решавање на станбеното прашање на најзагрозените жители на Скопје. Специфична етапа од развојот на источната територија на Скопје претставува и приградската монтажна населба Аеродром[48] која се развива на дел од територијата предвидена со генералниот план на Кубеш во 1948 година.

[48] Името на населбата Аеродром доаѓа од причина што на источните ливади на Скопје се наоѓал цивилниот аеродром во градот. Понатаму, различни етапи од развојот на населбата ќе го добиваат името „Аеродром", па не ретко, тоа име ќе биде употребувано за дефинирање на територијалниот развој во продолжението на дисертацијата.

### 3.4.2 Приградска населба Аеродром / 1963 г.

Проектот за приградската населба „Аеродром“ подготвен од „Центро проект - Белград“ од 1963 година (Државен архив - одделение Скопје. 1963а : кутија 50-51) и финансиран од Југословенската народна армија ги зема во предвид локалниот контекст и природните дадености на локацијата, насочувајќи се кон создавање станбено решение кое ќе ја надмине основната мотивација на монтажните населби за обезбедување сигурно живеалиште за најранливите жители на градот пред зимата (Senior. 1970).

Оваа интервенција во градот граничи со изградените блокови од населбата „Вардар“ на запад, додека пак кон исток таа нема конкретно ограничување. На југ граничи со индустриската зона, а на север населбата се доближува до реката Вардар. На оваа територија предвидена е изградба на повеќе од 1000 станови, соодветно за различни групи на семејства и за самци (Krstić. 1963: кутија 50-51). Со цел постигнување диверзитет и различни можности за различни семејства, во населбата се предвидени 6 типови на станови. Истите се оранизирани во приземни или објекти на две нивоа, во различна композиција во повеќе блокови (сл. 40).



сл. 40 - План на приградската населба Аеродром, 1963 година (дигитализиран план од архивска документација. 2025)

Населбата брои 12 блокови (11 доминантно станбени и 1 за основно училиште и јавни содржини што е формиран со планот на населбата „Вардар“) со различна геометрија, диктирана од уличната мрежа. Во секој од нив се појавува микроурбанистичка варијација на изградената структура. Монтажните станбени објекти во тие блокови, и воедно во населбата Аеродром, ја немаат вообичаената организација, својствена за другите монтажни населби во Скопје (Jankovic. 1964). Наместо често применетиот модел на едносемејна слободостоечка куќа со сопствен двор, мала зелена градина и чувство на индивидуалност, организацијата на станбените единици во населбата Аеродром е таква што становите образуваат структура на куќи во низа (приземните објекти) или повеќесемејна зграда со систем на галерија ориентиран кон отворен заеднички простор (објекти на приземје и кат). Ваквата „обединета“ форма, визуелно и идеолошки го поттикнува чувството на колектив и заедница. Дворовите се минимални, а пристапот до секој од објектите се остварува преку една заедничка пешачка патека која ги тангира куќите или се претвора во претпростор што ја заматува границата помеѓу внатре и надвор и формира своевидна „отворена дневна соба“ на објектите. Воедно, ваквиот дизајн и однос кон изградениот простор се поклопува и со желбите на жителите на Скопје, водени од нивните веќе воспоставени навики и социјални релации на живеење (ЗУАС. 1965 : 98-99).

Компактната организација на објектите ослободува повеќе простор за јавни содржини кои во најголема мера се предвидени како групен двор кој треба да го користат сите жители на населбата. Повеќе блокови добиваат обединет заеднички простор предвиден за остварување на социјалните релации, додека останатиот дел од блоковите е полн со ниско и високо зеленило кој го зголемува природниот амбиент на населбата.

Своевидно засилување на врската помеѓу јавните содржини кои се испреплетуваат со природата, но и почитување на вредностите на планот на Кубеш претставува и природниот воден ракав од Вардар кој и во овој план, 15 години подоцна, ја засилува врската на човекот со природата. Замислен како социјален атрактор, овој воден ракав слободно минува низ неколку блокови од северниот дел на населбата. Идејата на проектантите е истиот, покрај амбиенталните карактеристики, да формира два плитки базени кои во текот на летото ќе се користат за разладување, а во текот на зимата ќе станат лизгалишта, со што ќе ја збогатат програмата на населбата.

Како и во досегашните примери, јавните содржини кои ја надополнуваат станбената програма не отстапуваат ни во овој случај. Населбите од ваков карактер го носат значењето на месни заедници (некои од нив влегуваат во состав на една, некои во повеќе на број, во зависност од капацитетот на луѓето кои во нив треба да се вселат), што претставуваат сложена урбана единица препознаена во социјално - општествениот систем на Југославија (Јанковиќ, 1964: 37)[49]. Нивното планирање содржински е

[49] Концептот на Месна заедница во Југославија се појавува со промените на уставот во 1963 година. Повеќе теоретичари се обидуваат да го дефинираат нејзиното значење и да ја одредат нејзината функција. Размислувањата се движат од општествено правна форма на самоуправување и локална власт, до социјална и асоцијативна заедница, врзана со идејата за проширено семејство.

стандардно дефинирано, предвидувајќи ја сета програма потребна за целовито функционирање на заедницата (ITPA. 1965 : 84-89). Како и за останатите, така и за приградската населба Аеродром, дури и во состојба на станбена криза и итност, предвидени се соодветните јавни и колективни содржини (сл. 41).

Иницијалниот притисок на земјотресот е првенствено апсорбиран од брзо подигнатите монтажни населби. Иако зборуваме за своевидна интервентна архитектура и изнудено планирање, имајќи го предвид времето од замисла до почеток на реализација на населбата, вниманието кое е посветено на општествено - социјалните односи во населбите и можностите за унапредување на животниот стил дури и во вакви услови е потврда за вредноста која со себе ја носи населбата Аеродром. Неопходноста, но и значењето на оваа населба се потвдува и со основниот урбанистички план за Скопје од 1965 во кој се напоменува *„интегрирање на монтажните населби“* во следните развојни етапи на градот (ЗУАС. 1965 : 92)

---

*„Се повеќе преовладува препознавањето на месната заедница како облик на општествена организација, како формална заедница која треба да се основа за населбата, дел од населбата, односно група на поврзани населби во која жителите се поврзани не само низ одреден број на заеднички интереси, туку и низ заеднички општествено - психолошки карактеристики и развиени чувства на солидарност, територијална припадност и колективизам. Сè повеќе се чувствува потребата за месната заедница, како организација, во повеќе случаи да се поклопува со постојните реални локални заедници во кои постои свесна идентификација на станарите со заедничките интереси и сфаќањето дека заедничките интереси можат успешно да остварат заеднички акции. Во таа смисла, идеалното решение е, каде и да е возможно, месната заедница, како организација, како општествен подсистем и како облик на самоуправување и политичко организирање, да се преклопува со населбата, делот од населбата, односно неколку населби како реална заедница* (Tomic, ? : 98).

Кон идејата за формален и идеолошки преклоп на месната заедница зборува уште еден цитат:

„*Треба да се тежнее кон тоа месната заедница да биде што поцеловита урбанистичка целина (населба, група мали населби, дел од поголема населба), односно, во неа што попотполно да се задоволуваат потребите на прошреното семејство т.е. секојдневните заеднички животни потреби на семејството во местото на домување. Во таа смисла, носењето на урбанистичките планови треба да тежнее во секоја месна заедница да постои општествен дом (општествен центар), т.е. основно училиште, детска градинка, рекреативен простор, продавница за секојдневни намирници, ресторан и тн.“* (Tomic, ? : 105).

Ваквото дефинирање, недвосмислено ги опишува претходно споменатите типови на заедници, кои не носат само административна и управна улога на државата, туку претставуваат јасна идентитетна заедница што има свои културолошки и социолошки обележја.




сл. 41 - Аксонометрија од приградска населба „Аеродром“, 1963 (авторски цртеж, 2025)

### 3.4.3 Подготовка на долгорочен план за обнова на градот

Покрај брзото подигање на градот и експанзијата на монтажните населби, катастрофалниот земјотрес во Скопје претставува можност тој да доживее комплетна трансформација. Веќе воспоставената модернистичка пракса во Југославија (Mrduljash. 2018 : 128-140) создава ситуација во која неговиот иден развој несомнено ќе се одвива во тој правец. Предводена од Специјалниот фонд на Обединетите Нации (Senior. 1970), обновата на градот и изработката на Регионалниот и Генералниот урбанистички план за обнова и проширување на Скопје од 1965 година вклучува голем број на странски експерти, а со тоа и интернационално знаење кое треба да се преточи во нов град. Како раководител на процесот на обновата на градот е поставен Ернест Вајсман, дел од југословенската група на CIAM во 30тите. Полскиот архитект Адолф Циборовски е назначен за проектен менаџер, одговорен за спроведување на изградбата на градот. Значајно е и вклучувањето на фирмите Полсервис и Доксијадис и партнерите. Директно во подготовка на урбанистичкиот план е вклучена полската фирма Полсервис; а за креирање на политиките за домување повикана е експертизата на Доксијадис и соработниците (Doxiadis Associates) која треба да даде нови визии за станбената експанзија на градот заедно со Заводот за урбанизам и архитектура на Скопје (Kritikos. 2018 : 11-37).

Демографските анализи посочуваат скок на бројот на жители на Скопје, кој од 220 000 непосредно пред земојотресот, во 1980 се очекува да биде дом на 350 000 жители (Senior. 1970 : 178). Ваквите бројки повикуваат на темелен пристап при планирање на идниот град и неговите станбени капацитети, започнувајќи со избор на оптимална локација за масовна изградба на поголема унифицирана станбена целина.

Изборот на рационална и оптимална локација за новата експанзија на станбената зона во Скопје е направена со спроведување на детална анализа, земајќи ги во предвид сите чинители кои можат да влијаат врз вредноста на најприфатливото земјиште. За таа цел, употребена е Теоријата на прагови (Kozlowski. 1971). Проучени се голем број на физички, квантитативни и структурални ограничувања поврзани со потенцијалните позиции на работни места, постојна градска инфраструкура, оптималните рути на јавниот сообраќај, сеизмичката и хидролошка соодветност на земјиштето и т.н. Ваквиот работен метод придонесува кон избор на најекономичните површини за рационална изградба на новата резиденцијална територија на градот (Senior. 1970 : 185-188). Како најсоодветни територии за распространување на новата станбена експанзија се покажуваат источните скопски ливади со потенцијал, истите да примат 81 000 жители од очекуваните 154 000 жители чие станбено прашање било потребно да се реши до 1980 година. Споредбено со бројот на жители на Скопје во времето на спроведување на овие истражувања, па дури и со демографските статистики добиени од пописот во Македонија во 2021 година (Државен завод за статистика. 2022), големината и капацитетот со кој треба да се развијат источните територии на Скопје (физички и фигуративно) се во размер на еден македонски развиен град. Ваквите квантитативни одлики ја прават идната експанзија кон исток, а со тоа и населбата Аеродром важен дел од современата историја на градот.

### 3.4.4 ЗУАС и Доксијадис и партнерите (DA) во дефинирање на политиките на домување

Стремежот за реализирање на 2 000 000 станови до 1980 година на ниво на Југославија (Нова Македонија. 1980), зборува за прашањето на дом кој ја надминува идејата да претставува само физички капацитет, станувајќи еманципаторска алатка на културен напредок на народот. Планот за обнова и изградба на Скопје од 1965 година целосно ја прифаќа таквата состојба и очекувања, па креирањето на политиките на домување во поземјотресниот период покажуваат високо ниво на разбирање на човечките физички и емоционални потреби во релација со неговата непосредна животна средина.

Заводот за урбанизам и архитектура во Скопје (ЗУАС) и Доксијадис и партнерите (DA / Doxiadis Associates) креирањето на политиките за домување го прават со поставување насоки за идната етапа во процесот на градоградење. Овие правила и насоки се резултат на темелни демографски, социолошки, економски и просторно мерливи одлики кои влијаат врз квалитетот на просторот за живеење (Tsiambaos. 2018 : 62). Размерот на овие политики се движи од нивото на домот (ЗУАС. 1965 : 71) па сè до урбанистичко ниво, дефинирајќи ги позициите на објектите, нивната композициска ориентација во релација со осветлувањето, проветрувањето и контактот со природата (ЗУАС. 1965 : 68-136).

ЗУАС и DA се обидуваат да направат унија помеѓу (1) светската планерска и архитектонска авангардна мисла и (2) социјалната потреба и културните традиции на локалното население. Во тој обид предвидени се повеќе нивоа на просторни и асоцијативни заедници кои се дефинирани од бројот на жители кои ги сочинуваат и програмата која ја содржат. Започнувајќи од најниска заедница која вклучува само станбена содржина, секој нареден тип на заедница е збогатена со јавна програма која го надополнува живеењето. Растот на заедниците е насочен кон формирање градска целина со целовита резиденцијална и јавна програма што комплетно ќе одговори на секојдневните и специјалните потреби на населението во Скопје (сл. 42).

Анализата на станбениот простор лесно може да се доведе во релација со раните идеи на CIAM и Existenzminimum (Mumford. 1996 : 52-58). Прашањето за основните човекови потреби, не се пресметува единствено во метри квадратни. Напротив, нематеријалните квалитети на домувањето се неопходни во минималниот сет на елементи кои учествуваат во обликување на човечкиот живот (Porotto. Monterumisi. 2019 : 77). Практично, низ прашањето за минималниот стан, се отвора прашањето на заедницата (Mumford. 2019 : 291), тема која е веќе актуелна на југословенската архитектонска сцена. Тема која ЗУАС и DA ќе ја оптимизираат, соодветно на потребите на Скопје.




сл. 42 - Типови на станбени заедници обликувани од Заводот за урбанизам и архитектура – Скопје и Доксијадис со партнерите (ЗУАС. 1965)

Различните типови на заедници ја доближува работата на ЗУАС и DA до идеолошки напредните концепти на модерните архитектонски мислители и практичари. Ваквиот модел на заедници е познат и веќе присутен на југословенската архитектонска сцена. Истиот е цврсто врзан со принципите на самоуправниот социјализам на Федерацијата (Dobrivojević Tomić. ? : 81-93), а предлозите за ваквите форми, прилагодени на скопскиот контекст содржат концептуална организација темелена на единицата за соседство на Кларенс Пери (Perry. 1929), модел кој Константинос Доксијадис веќе успешно го тестирал во минати искуства (Ericson. Highsmith. 2018 : 7).

Со промена на уставот на Југославија, станбената заедница го отстапува местото на концептот на месна заедница. Месната заедница во југословенскиот општествен систем, според различни автори, е дефинирана на повеќе нивоа и перспективи. Истата се анализира од позиција на општествена и правна манифестација, како форма на самоуправување и локална власт, па сè до социјално – асоцијативна творба поврзана со идејата за проширеното семејство (Dobrivojević Tomić. ? : 98 - 105). Преклопувањето на материјалните и нематеријалните разбирања на заедницата доведува до вмрежување на нејзината директна и преносна форма, преку која урбанизмот и архитектурата како дисциплини, покрај просторното дефинирање на градот, учествуваат во обликување на социјалните релации помеѓу луѓето. Ваквата хипотеза се поврзува со толкувањето на Доксијадис за концептот на „населба“, како природна заедница, најмала единица на градот која оперира над нивото на семејството (Talen, 2019 : 85-95).

### 3.4.5 Идеен план за развој на населбата Аеродром / 1965 г.

Практичното манифестирање на овие станбени насоки кои треба да претставуваат потврда на позитивните политики на домување е направено преку концептуалниот / идеен план за идниот станбен раст на градот, подготвен од ЗУАС и Доксијадис со партнерите. Истиот се спроведува на реална територија на Скопје, предходно дефинирана како најсоодветна, според т.н. „теорија на прагови“. Следствено, овој план ги поставува првите напредни идеи за развој на новиот сегмент на градот предвиден кон исток, со што се поставуваат и првите напредни идеи за новиот сегмент на населбата Аеродром (ЗУАС. 1965 : 137-139, 174-178).

Новата просторна етапа на исток, населбата Аеродром, претставува логично формално продолжување на градот во таа насока. На претходно неизградена површина и територија од 3.7 $km^2$, предвидено е решавање на станбеното прашање на 54 000[50] жители. Концептот на „tabula rasa“ го ослободува предложеното решение од потребата да се прилагодува на било какво претходно ограничување. Со тоа, целосно е овозможено ползување на воспоставените правила од урбанистичкиот план и доследна примена на современите урбанистички и архитектонски концепти.

Идејното решение за населбата Аеродром претставува сложен систем од заедници на повеќе хиерархиски нивоа. Во духот на актуелните парадигми кои се развиваат паралелно со формирањето на идеите за населбата, главниот фокус при планирањето претставува создавање просторен склоп кој ќе е насочен кон задоволувањето на природните и амбиентални потреби на човекот. Човекоцентричниот пристап резултира со планирање на населба со мешан карактер. Придружните содржини кои го надополнуваат домувањето, спонтано се надоврзуваат на станбената структура, формирајќи хомогена композиција. Изградените и слободните површини се поврзуваат во уникатна урбана морфолигја која во себе вклучува урбани и природни мотиви кои заедно, напредно го интерпретираат концептот на Град - градина (Howard. 1902).

Населбата е целосно приспособена на пешачкиот домен, ослободувајќи го нејзиниот жител од несакани физички средби со моторните возила. Автомобилите остануваат на рабовите на изградните делови од населбата, ослободувајќи го централниот простор за формирање на населба чие просторно доживување нема да е обременето од визуелното присуство на моторни возила. Воспоставувањето на сообраќајна хиерархија во која човекот е на највисоката позиција е еден од начините за доведување на човекомерниот дух во населбата.

Во планот се употребени повеќе различни типологии на објекти кои воведуваат проширен станбен диверзитет, а со тоа и можност за поширока демографска разноликост на жителите од различни културни и социјални слоеви. ЗУАС и DA при изработката на политиките за домување, подготвуваат и серија на прототипови на објекти кои во себе носат модерни и иновативни проектантски решенија.

[50] Она што се развива како идеен план за населбата Аеродром, не е предвидено да ги покрие сите расположливи територии на исток. Затоа, претходно предвидениот број од 81 000 жители, не се совпаѓа со концептуалното решение на ЗУАС и DA кои предвидуваат заедница за 54 000 жители.

Најмалите објекти претставуваат еднокатни едносемејни објекти со сопствен двор. Посложени едносемејни објекти претставуваат двоспратните едносемејни објекти со внатрешни скали. Овие објекти се предвидени да се поставуваат еден до друг, делејќи заеднички надворешен ѕид, со што се забележуваат првите обиди за продлабочена соседска релација помеѓу жителите на населбата. Ваквите едносемејни слободностоечки објекти се предвидени да се појават во периферните зони на населбата, оставајќи ја внатрешноста на блокот слободна за згради за колективно домување (сл. 43).



сл. 43 - типологии на едносемејни и двокуќи на DA и ЗУАС, 1963 (авторски цртеж, 2023)

Разноликоста на повеќесемејните згради може да се забележи низ повеќе типови на објекти. Наједноставните од овој ред се објектите на три нивоа, со заеднички надворешни скали. Малата височина ги прави истите човекомерни, а балкон – галеријата на првото ниво, која се движи по целата нивна должина, го прави поблаг архитектонскиот премин помеѓу „внатре“ и „надвор“.

Усложнувањето на објектите се случува низ неколку видови на згради со различна организација на заедничкиот простор. ЗУАС и DA предлагаат згради со централно скалишно јадро, галериски тип каде вертикалните комуникации се одвоени од главната станбена површина, коридорски тип на згради и станбената кула како симбол на модерната архитектура. Во типот на зграда со коридор е покажана особена квалитативна сложеност и проектантска вештина. Структурно и организациски, во неа се забележува голема сличност со Корбизјевата Unité d'habitation. Становите се развиваат на две нивоа и добиваат двојна ориентација, а коридорите се повторуваат на секое второ ниво, ослободувајќи повеќе простор за станбените единици (сл. 44).

Покрај проектантската вештина во поединечните објекти, од особена важност за планот се и отворените јавни простори, кои се нераскинливо поврзани со станбените објекти. Во насока на очовечување на оваа изградена структура, јавните простори на населбата се основните елементи кои го чинат просторниот и идеен ‘рбет на населбата, употребен за физичко и духовно обединување на заедницата. Низ темата на јасно дефиниран пешачки центар и пешачка улица, поставен е нов елемент во модерното обликување на градот, а конкретниот концепт на пешачка улица ќе повлијае во наредните фази од развојот на идејата за овој дел од Скопје.



сл. 44 - повеќесемејна типологија на DA и ЗУАС, 1963 (авторски цртеж, 2023)

Претворајќи се во модерни „форуми“ на населбата, пешачките центри стануваат позиција во која се обединуваат различни групи на луѓе, привлечени од богатата јавна програма која центрите ја нудат. Со станбена и културна содржина и со непосредната близина на природните отворени зелени површини, овие места се предвидени да бидат катализатор на човечки спонтани средби, соодветни за градење на односи кои го зацврстуваат духот на заедницата.

Пешачките улици претставуваат просторна променада која на својот пат обединува различни содржини и просторно – волуменски склопови. При нејзиното планирање, искористени се методи за формирање возбудлив пејзаж кој пешакот ќе го гледа пред себе. За таа цел, обединети се природните и слободни делови од населбата со зградите кои ги дефинираат уличните фронтови. Нивното речиси спонтано надоврзување прави испреплетена слика на континуирана промена која го прави пешакот буден и активен во неговото движење по улицата. Промената на правците на патеката е искористено со цел добивање „затворени перспективи“ и симболични цели кон кои е насочен жителот на населбата. Профилот на улицата, на различни места е проширен, па истата на различни позиции, заедно со присуството на објектите, формира проширена „маалска дневна соба“ што служи за непланирани средби на луѓето.

Вака искористениот ансамбл на просторообликувачки методи работи во насока на создавање попријатна атмосфера во населбата, човекомерен дух и социјална кохезија на жителите кои живеат во неа. Истовремено, ваквиот концепт претставува обид за влез на доцномодерни планерски и архитектонски принципи кои за прв пат се појавуваат на територијата на градот (сл.45).





сл. 45 - идеен план за целата населба „Аеродром“ за 54 000 жители (горе), план на една месна заедница (средина), план на центарот на месната заедница, со особено внимание на пешачката улица (доле) (ЗУАС.1965)

Константинос Доксијадис, основоположникот на Екистиката, (наука за човековите населби) ја дефинира населбата како *„комплексен систем сочинет од пет елементи. Природа, човек, заедница, обвивки (мислејќи на згради) и систем на врски/ мрежи“* (Doxiadis. 1970 : 393). Концептите кои го градат планот за новиот просторен сегмент на населбата Аеродром може да се толкуваат преку ваквиот став, гледајќи на нив како на природни, социјални и човекообликувани елементи кои обединето работат кон создавање на една препознатлива целина. Надминувајќи ја идејата за просто рационални параметри во планирањето, Доксијадис и ЗУАС низ примерот на населбата Аеордром создаваат простор кој целосно припаѓа на доменот на пешакот. (Smithson. 1967 : 8). Оставајќи го возилото зад себе, жителите имаат можност да ја почувствуваат

архитектурата и просторот во нивната оригинална замисла, свесно „приближувајќи“ се до изградената форма и создавајќи слика за целокупната организација на животната средина (Doxiadis. 1963 : 47). Низ таквите обликовни постапки, создадена е идеја за населба која освен просторот, тежнее да ја обликува и заедницата. Низ просторните манифестации на овие правила, планот за населбата Аеродром дава слика за простор соодветен за слободно живеење на нејзините жители. Во исто време, планот нуди простор кој има потенцијал да изгради локален идентитет што ќе ги обликува неговите жители, што се поврзува со ставот на Бакема за обострано „градење“ на општеството од луѓето, но и на луѓето од општеството (Bakema. 1967 : 10).

Ова концептуално решение за населбата е план чија важност се манифестира во повеќе размери и насоки. Во крупниот размер и релација со градот, решението претставува емпириска потврда за успешниот потенцијал на насоките и правилата поставени во планот за обнова и изградба на Скопје од 1965 година. Неговата напредна визија открива нова идеолошка организација на изградениот простор, детерминирана од инклузивните човекови физички, природни и социјални потреби. Неговата важност пак, на реонско ниво е од уште поголемо значење за спроведеното истражување. Овој план претставува парадигматски темел за следната етапа од развојот на градот кон исток.

Во 1974 година, оваа територија станува отворен терен за спроведување на конкурс за идејно урбанистичко решение на населбата „Аеродром“. На општојугословенскиот конкурс, организиран од страна на Фондот за комунално уредување на градежно земјиште – Скопје ќе учествуваат големи планерски куќи од целата држава, предлагајќи различни концепти за модерна населба која според дневниот весник „Нова Македонија“ (1974:13), ќе стане *„новиот мал град за 100 000 жители“.*

### 3.5 Кензо Танге и Градската порта / 1965 г.

Концептот за населбата Аеродром е дел од долгорочната стратегија која темелно го предвидува ширењето на градот и подигнувањето на неговиот станбен стандард. Сепак, она што е предвидено, како нова градска експанзија, го отстапува местото на позначајната и неопходна градска изградба. Паралелно со подигнувањето на монтажните населби, Скопје минува низ подетална фаза на просторно и формално редефинирање. Во процесот на обнова на градот, вклучени се голем број на странски експерти, предводени од Обединетите нации (Senior. 1970 : ?). Можеби најзначајната и најпознатата етапа од поземјотресната реконструкција на Скопје е конкурсот за обнова на централното градско подрачје. За него се поднесени осум предлози за новиот изглед на градот од интернационални и југословенски автори. Низ повеќето од нив се забележуваат различни модерни идеи, што зборува за диверзитетот и доцномодерниот плурализам на архитектонската и урбанистичка мисла (Korobar. 1970 : 90-99). Првата награда на конкурсот е поделена меѓу тимот на Кензо Танге од Јапонија (60%) и тимот на Мишчевиќ и Венцлер од Хрватска (40%). Со синтеза на нивните две решенија, добиена е нова, деветта варијанта, која тежнее да ги обедини најзначајните елементи на обата предлога. Преземени од планот на Танге, просторните сегменти кои доминираат

во планот на Скопје се станбениот комплекс Градски ѕид и репрезентативната урбана структура со мешана содржина која го хиперболизира влегувањето / пристигнувањето во градот - Градската порта.

Градската порта е силен урбанистички, архитектонски и сообраќајно инфраструктурен проект во кој лесно се препознава влијанието на јапонскиот метаболизам. Во себе обединува различни функции со јавен и резиденцијален карактер. Градската порта е предвидена да претставува симболична порта која ќе го отвори Скопје на посетителите која ќе ги насочи кон неговиот модерен центар. Дури и во семантичка смисла, идеја за порта прави асоцијативна врска со почеток и влез, за која зборува и самиот Танге (Cvitković, Klien. 2017 : 42). Програмски, Градската порта обединува банки, хотели, трговија, домување и други секојдневни содржини кои одговараат на потребите на жителите на градот. Особено важна е нејзината инфраструктурна улога, низ која истата ги обединува пешачкиот, колскиот, такси, автобускиот и железничкиот (патнички и товарен) сообраќај во една точка. Ваквата богата содржина прави Градската порта да се доживее како мега структура, иновативен урбан концепт карактеристичен за повоеното планирање (Wang. ? : параграф 11).

Содржините предвидени за градската порта се вдомени во повеќе објекти чија манифестација покажува пример на тридимензионално планирање. Низ планот, доминира лонгитудиналноста на решението кое ја потенцира оската исток-запад, додека третата димензија ја дефинираат високите објекти со мешана намена.

Просторната композиција започнува со новиот транспортен центар чија позиција е променета од подножјето на планината Водно на јужниот урбан раб од градот, на источниот раб на централното градско подрачје, речиси симболично обележувајќи ги границите на стариот град наспроти она што повоениот урбанизам и изградба го планираат и реализираат на исток. Со цел поуспешна врска помеѓу центарот на градот и источно Скопје, железничкиот транспорт е качен на повисока кота (приближно 10m) овозможувајќи непречено движење од едниот до другиот дел од Скопје, на нивото на пешаци и автомобили.

Од транспортниот центар кон запад, предвидени се повеќе сообраќајници за различна форма на сообраќај. Нивната напредна визија не е само во разделеното и безбедно движење, туку и во тоа што сите форми на сообраќај се суперпонирани една над друга, на различни нивоа и без меѓусебен ненадеен контакт и опасност. Ваквата организација која се одвива на повеќе нивоа со јасна поделба создава силен и динамичен сообраќаен јазол.

Она што најдиректно се врзува со буквалната идеја за порта на градот се серија кули со мешана програма, кои се развиваат паралелно, од двете страни на претходно споменатата сообраќајна инфраструктура. Содржински, кулите ја вдомуваат сета претходно спомената јавна, административна и резиденцијална содржина. По подолгата оска на комплексот, кулите се поставени паралелно една на друга, засилувајќи ја перспективата на патникот кој пристигнува на транспортниот центар и кој треба да се упати кон градот. Волуменски, кулите се одликуваат со променлива височина и закосени елементи на обвивката / фасадата. Дополнително, некои делови ориентирани кон улицата се повлекуваат од неа, за сметка на други кои храбро конзолно се исфрлаат кон неа.

Сиот комплекс, онака како што е замислен формира динамична силуета во градот, а технолошката и идеолошката иновативност која истиот ја покажува може објективно да се поистовети со идејата на Луис Кан за Филаделфија или со концептот на Џефри Колкат за Градски центар на Кумбернаулд (Urban realm. 2024).

### 3.5.1 Продолжување на манирот на Кензо Танге кон исток / 1970

Екстензивниот опис на Градската порта (што изгледа како потенцијален непотребен додаток на хорнолошкиот развој на станбената населба Аеродром) е направен бидејќи нејзиното влијание се чувствува и пренесува кон истокот на Скопје. Композицискиот план за обликување на источниот дел на градот (Архив на Град Скопје, Оддел за урбанизам при Собрание на Град Скопје, седница на датум 13.2.1970) покажува идеја за нова етапа (во хронолошкиот преглед) од развојот на населбата Аеродром, овој пат со интервенции на веќе предвидени и делумно изградени територии[51]. Новиот предлог предвидува продолжување на мега структурата поставена симетрично на подолгата оска на транспортниот центар, задржувајќи ја оската исток - запад како доминантна оска на развој, и беспрекорно продолжувајќи ги визиите на Кензо Танге. Дополнително, паралелно со транспортниот центар, предвиден е и друг дел од мега структурата, обликувајќи комплекс со „Т“ облик во планот (сл. 46).

Автомобилските собраќајници кои минуваат низ Градската порта на ниво на теренот, продолжуваат во иста насока кон исток. Паралелно со нив, во сличен јазик на веќе предвидената структура, испланирани се два издолжени објекти со мала височина, кои го обележуваат влезот во населбата. Содржински, овие згради во себе вклучуваат сервиси, трговија, продавници од општо градско значење, кафулиња и ресторани. Ваквата програма е сместена во серија од повеќе сегменти кои идејата за целина ја чинат обединувајќи се низ една подигната пешачка платформа што меандрира низ целиот објект.

Иако се значително долги, објектите долж населбата не предизвикуваат чувство на монументалност и тежина. Тоа е резултат на применетите модерни планерски теории и архитектонски методи кои зградите ги доближуваат на човечкото мерило. Гледано според обликот на објектите, зградите не претставуваат еден континуиран волумен. Динамичниот облик и сегментирање на програмата се чувствува и на обвивката, делот од објектот кој „разговара“ со улицата и низ неа, со околината. Во истата насока работи и нивниот отворен карактер со можност на пешаците за слободно движење низ зградите. Тие стануваат своевидна пешачка променада, редовна патека во секојдневното движење на луѓето, засолниште од сонце и дожд, место каде ќе седнат да се одморат и простор помеѓу внатре и надвор каде ќе се социјализираат. Сето тоа се случува додека во позадината на својот поглед, пешаците ја имаат улицата и животот кој се случува надвор од објектот. Кон социјалниот карактер на објектот придонесува и содржината која ја нуди зградата, што ја анимира улицата, станувајќи атрактор и социјален генератор на случувања.

---

[51] Новиот план предвидува интервенции на дел од населбата Вардар, дел од населбата 13 Ноември и дел од монтажната населба Аеродром.



сл. 46 - екстензија на Градската порта кон исток (дигитализиран план од архивска документација. 2025)

Ваквиот опис создава чувство на визија за објекти кои не се позиционирани на улици чија улога е собирање и насочување на најголемиот дел од сообраќајот на истокот кон центарот на градот. Носејќи ги претходно спомenатите параметри, овие објекти во себе ја носат доцномодерната доктрина за улицата, застапена од Алисон и Питер Смитсон, квалитетот на простор кој нуди место за седнување и непредвидена социјализација, препознаен од Јан Гел, како  и ставот на Џејн Џејкобс за богата јавна содржина што улицата ја прави неопходна и атрактивна за посета, а со тоа и безбедна за нејзините корисници.

Просторна композиција која започнува од Градската порта во централното градско подрачје, симболично запира во центарот на месната заедница на монтажната населба Аеродром. Вообичаено за југословенската практика, и овој центар на месната заедница е дефиниран од јавни содржини (супермаркет, пошта, полиција, библиотека и кафе - ресторан) кои се поставени во серија од повеќе ниски објекти што дефинираат јасни просторни оски на развој на заедницата. Она што овој центар на месна заедница содржи, а е од особено значење и интерес, е групацијата од три резиденцијални кули, поставени помеѓу јавната програма, кои доминираат на релативно ниско изградениот контекст. Препознаени како „*атракција на населбата*“ (Т.И. 1975), тоа се идентични станбени солитери (чија единствена разлика е катноста) кои во 1975 година ја понесуваат наградата „13 Ноември“ во областа на архитектурата. Според Мимоза Несторова Томиќ (1975 : 8) станува збор за групација на кули кои претставуваат

*„успешно, духовито, хармонично и несекојдневно решение што ги почитува аксијалните квалитети кои ги формира групата објекти од ГРАДСКАТА ПОРТА“* и кое наоѓа „*целовита урбанистичка сатисфакција во општата композиција“*. Слично на останатите сегмени од овој мега потег, сета програма е поврзана со платформа која се развива над нивото на улицата, додека пак сообраќајница минува низ центарот на месната заедница, помеѓу објектите и под пешачкото движење. Генералната тема за одвојување на пешаците од автомобилите сè уште продолжува да биде една од носечките теми на овој проект. Архитектонскиот израз на овие солитери е скулптурален, а употребувајќи натур бетон како доминантна завршна обработка на обвивката, материјално и идеолошки се врзува со идеите на брутализмот и метаболизмот на Танге.

Идејата за продолжување на јапонскиот метаболистички дух и во центарот на месната заедница на монтажната населба Аеродром покажува исклучително прогресивни стремежи. Сепак, намерата за третирање на јавниот простор на оваа позиција не изостанува и од изворниот проект за центарот на месната заедница. Планот за трите кули и комплементарните јавни содржини направен неколку години порано, во себе вклучува и артикулација на просторот помеѓу објектите, давајќи му помалку експресивен, но сè уште јавен карактер за секојдневна употреба (Државен архив - одделение Скопје. 1963б : кутија 51). Средиштето на месната заедница е обликувано со спуштање на теренот помеѓу кулите, што овозможува формирање на централен отворен аудиториум кој ги „кани“ посетителите да го користат и без конкретна потреба. Неговата неправилна геометрија овозможува создавање на повеќе катчиња, правејќи го јавниот простор погоден за негова истовремена употреба од поголеми и помали групи на луѓе. Немањето на конкретни граници го прави јавниот простор слеан со останатите функции, додека неговата слободна интерпретација го ослободува од конкретна функционална определба, правеќи го истовремено собиралиште, детско игралиште и простор за разни активности, соодветни на потребата. Низ ваквата идеја, може да се почувствуваат зборовите на Алдо ван Ајк за обединување на функциите и интегрално обликување на просторот во една кохерентна целина каде можностите за просторна употреба се доживуваат интуитивно, без наметнување.

Нормално на оската запад - исток и паралелно со транспортниот центар се развива другиот дел од оваа мега структура. Позициониран во правец југозапад - североисток, и поделен на два дела со претходно споменатата оска, овој дел од структурата се одликува со поинаква програма и облик. Јужниот сегмент сместен на парче од територијата на населбата Вардар, го сочинуваат шест станбени кули, обединети низ заедничка јавна содржина во пониските катови. Во рамките на блокот кој го зафаќаат, кулите се поставени во ортогонална матрица, обединети со единствена платформа што се развива над нивото на улицата и се поврзува со објектот од оската за запад - исток. Централниот дел на блокот останува неизграден, добиваќи намена на место кое ќе ги обедини шесте кули и ќе претставува простор за социјализација низ екстензија на јавната содржина.

Во северниот сегмент на овој градски потег, предвидена е јавна и културна содржина. Интервенцијата започнува со две кули чии облик е продолжение на ликот на градската порта, додека зад нив се појавува пониска комплексна зграда. Програмски, објектот вклучува простор за кино дворана и забава, централна катна гаража,

здравствен дом, простор за администрација и дополнителна јавна содржина. Ваквата јавна програма, со оглед на нејзините обем и позиција во градот, тежнее да задоволи повеќе од единствените потреби на населбата Аеродром. Оваа мега структура овозможува задоволување на општите и социјални потреби на жителите на сета источна зона на градот, но и на оние од центарот на Скопје. Волуменски, содржината е разбиена во неколку целини, правејќи објектот да нема континуирана фасада кон улицата. Неговите различните делови наизменично се повлекуваат и исфрлаат кон улицата, создавајќи динамика при движење покрај него. Дополнително, ваквиот облик ја руши монументалноста и со неправилниот ритам, ја доближува зградата до човечкиот размер (сл. 47).

Градската порта и нејзината екстензија кон исток се пионерски примери на мега структура на територијата на градот. Значењето на овој потег не доаѓа само од неговата големина и содржина, туку и од начинот на неговата организација. Градската порта претставува манифестација на идејата за целосно организирање и обликување на просторот, што според Бакема (Bakema. 1968 : 33) е чекор кон создавање почит и доверба во просторот кај човекот. На прашањето за доживувањето на човекот, сиот комплекс, иако голем, во својата организација е покорен на неговиот размер. Пешачкото движење, околу кое се нижат волумените и содржините, на оваа мега структура и дава карактер на комплетен град. Ваквата идеја во себе носи структуралистички одлики, кои во времето на развој на планот доминираат на европската планерска и архитектонска сцена. (Söderqvist. 2011). Доколку на крај, архитектурата ја дефинираме како „огледало“ на општеството во кое истата постои или е замислена (Hunneyball. 2004 : 22), низ примерот за оваа мега структура се гледа отсјај на прогресивна средина која низ модерниот јазик, тежнее кон еманципација на обичниот човек и негово општествено вреднување; впрочем, она што е цел на самата модерната архитектонска мисла (Backović, Mairević. 2010 : 227-228).




сл. 47 - Аксонометрија од екстензија на Градска порта кон исток, 1970 (авторски цртеж, 2025)

### 3.5.2 Модерен станбен сегмент во продолжение кон исток / 1970 г.

Покрај екстензијата на Градската порта кон исток, композицискиот план за населбата Аеродром останува доследен на генералната визија за доминантно станбена експанзија на источните територии на Скопје. На површина од 2.2 km², граничејќи на запад со монтажната населба, предвидени се неколку нови блокови со доминантно станбена програма и неопходни јавни содржини (основно училиште, детска установа и гимназија).

Планираните сообраќајници ги делат овие територии на две резиденцијални целини. Во нив, доминантниот композициси принцип го чинат слободостоечки згради поставени во зеленило. Типолошки, планот препознава две издолжени станбени решенија со катност П+4 кои ја менуваат својата големина (бројот на модули кои ги сочинуваат) според потребните просторни ограничувања. Низ ортогонално редење на објектите, двете целини покажуваат различни модерни урбано - морфолошки шеми за обликување на просторот.

Поставеноста на објектите во јужниот блок од оваа нова станбена зона формира порозна и слободна меандрирачка станбена низа. Прекршувањето на оваа „оска" создава просторни џебови и јадро околу кое гравитираат жителите на околните згради. Истото ја добива функцијата на локален парк, вдомувајќи најчесто детски игралишта и зеленило за задоволување на социјалните и амбиентални потреби на сите околни жители.

Ваквата просторна организација формира неколку маала - урбани заедници кои носат сопствен локален индентитет. Заедничкиот двор пак, како елемент кој физички и феноменолошки ја обединува заедницата, не е стран за светот ниту Скопје. Во дваесеттиот век дворот е теоретски обемно толкуван и практично употребуван. Во случајот на населбата Аеродром, неговото значење ќе биде особено важно во идните етапи на просторен развој каде, во поголем размер, истиот ќе биде еден од дефинитивните елементи на она што Јап Бакема го нарекува „визуелна група" (van den Heuvel, 2008 : параграф 24).

Северниот блок на овој план предложува поинаков организациски принцип на објектите и нивниот слободен простор. Станбените згради во овој сегмент најчесто се поставени паралелно меѓусебе, додека зеленилото и пешачките патеки го исполнуваат просторот помеѓу нив. Организирани на тој начин, објектите одаваат впечаток на компактна целина, заматувајќи ја јасно диференцираната идеја за преден и заден двор во градскиот контекст (Ossola et al. 2019 : 141). Овие дворови како и во претходно споменатиот дел, во себе примаат детски игралишта и го збогатуваат природниот амбиент на маалото.

Доминантноста на човековиот и природниот карактер на просторот се чувствува и низ грижата за паркираните возила. Предвидените подземни паркинг површини го ослободуваат секојдневниот јавен простор од прекумерната визуелна загаденост на стационираниот автомобил. Со намалување на неговото присуство во човечкиот хоризонт на видик, засилено е чувството на слободно живеалиште и допир со природата, стремеж кој е континуирано присутен во модерните урбанистички парадигми (Myers. 1967 : 411-412).

Сиот просторен раст на градот, опфатен со оваа фаза на развој овозможува и зголемување на станбениот капацитет на Скопје. Според седницата на Советот за урбанизам на Град Скопје од 9.7.1970 година, новиот план кој покрива територии на истокот од градот овозможува 1308 нови станови (вкупно 3527 станови) во кои ќе живеат 12323 жители. Покрај квантитативниот раст на населението, кој е овозможен со овој план, од големо значење е и доследното следење и релативна примена на своевремено влијателните архитектонски идеологии во пракса. Таквиот пристап обезбедува квантитативен напредок на прашањето на станот, и поважно, на непосредната човекова животна средина.

### 3.5.3 Помеѓу визиите и реализациите на идеите за домување на истокот од Скопје

Градот е просторен сегмент дефиниран низ различни материјални и социјални состојби кои неизбежно и континуирано влијаат на неговата трансформација (Thorns. 2002 : 14). Особено чувствително во дваесеттиот век, лицето на градот (особено во Европа) рапидно се менува како резултат на деструктивниот воен период и процесот на обнова и индустријализација. Во истиот век, Скопје минува низ повеќе формални урбани преобразби кои со секоја нова етапа се обидуваат да го следат чекорот на актуелните авангардни урбани парадигми. Со цел критичко разбирање на градската еволуција со конкретен фокус на источниот развој на Скопје, зад секој од плановите кои го означуваат неговиот раст, покрај материјалниот напредок, потребно е да се разбере и идеолошкиот исчекор што го прави градската форма (Ungers. 2011).

Искуството од читањето на неколкуте планови поставени во хронолошки редослед, иако во различен размер и контекст во кој настануваат, создаваат слики што можат да доведат до објективни заклучоци за еволуцијата на источниот дел од градот, а низ тоа и на намерите за трансформација на станбениот стандард, животниот стил и животната средина во Скопје. Регулациониот план на Јосиф Михајловиќ од 1929 година го воведува моделот на „Град - градина“ и “Единица на соседство“ како основа за развој на периферните резиденцијални зони. Со него, доближувањето на природата до обичниот жител на градот како да станува основна тема за развојот на градот во минатиот век, која еволуира низ визиите што следуваат. Со планот на Кубеш од 1948 година, Скопје покажува јасна намера за модерен развој. Промената на општествениот статус и рамноправноста на Македонија во рамките на Југославија преку кои симболично се отвора вратата на меѓувоената функционалистичка парадигма за уредување на градовите, задоцнето влегува на архитектонската сцена на федерацијата, непосредно по Втората светска војна[52] (Meleshich. 2014 : 34). Населбата Вардар претставува прв пробив на комплексна резиденцијална шема кон исток која покрај подигнување на основните животни стандарди, во себе носи и повисока цел. Предвидена како населба за потребите на индустриските работници, во нејзината организација лесно се читаат утописките аспирации на Индустрискиот град на Тони

[52] Тој задоцнет влез на модерната особено се чувствува во Скопје. За разлика од него, посеверните градови на Федерацијата, поради физичката близина до изворот на модерната архитектура, полесно доаѓаат до контакт со истата и до реализација на простори според нејзините заложби.

Гарниер (Wiebenson. 1960 : 16-24) каде придобивките и чистиот воздух, здравата околина и активниот секојдневен живот се достапни за секого. Културната еманципација на просечниот градски жител е уште една реформа која новите планови за Скопје се обидуваат да ја преточат во изграден простор. Низ нив, се насетуваат првите обиди за социјална ангажираност на архитектурата и обликување на човекоцентрична животна средина, што е влијателна градообразна доктрина на 60тите (Schrijver. 2021 : 19-28).

Поземјотресната обнова на Скопје е најзначајниот градообликовен настан во неговата модерна историја. Соработката помеѓу домашни и странски експерти резултирала со визии за современ град. Истовремено, дефинирањето на нови политики на домување кои во голема мера го вклучуваат хуманиот, човеков аспект и неговата социјална природа во проектирањето на населбите се чувствува и во брзите интервенции по катастрофата, но и во намерите за долгорочен развој на градот[53]. Визијата за пробив на мегаструктурите кон исток е обид за втопување на повеќе градски функции на едно место. Пионерска мисла која во Скопје се случува паралелно со актуелноста на метаболизмот и концептите на Архиграм.

Неколкуте планови кои го дефинираа изгледот, а со тоа и идентитетот на источниот дел од Скопје претставуваат различни обиди за модернизација на градот. Искажани со различен речник, секој од нив е насочен кон создавање современи форми на живеење. Збирот од овие планови претставува урбан тестамент на напредната мисла на модерните градоградители и основа за понатамошна еволуција на планерската и архитектонска мисла.

Од зачетокот на идејата до денешниот современ контекст, реализацијата на источната станбена зона не е целосна и доследно спроведена, согласно сите планови кои го обликувале нејзиното постоење. Материјалните траги од речиси сите планови остануваат нецелосни, ставени истовремено да постојат во едно урбанистичко „милје“ на недовршености, предизвикани од различни причини. Од населбата „Вардар“, реализиран е само најзападниот блок, во кој наместо континуираниот систем на ниски колективни згради, инфилтриран е сегмент на индивидуални станбени куќи во засебни парцели. Спортскиот парк „Острово“ никогаш не се реализира, иако идејата за рекреативен центар во тој сегмент на градот останува присутна и во конкурсите кои следуваат понатаму. Јавната содржини на населбата „13 Ноември“ не е изградена иако станбените блокови се изградени и сѐ уште постојат во (благо изменета) препознатлива форма. Монтажната населба Аеродром не го добива водениот ракав кој треба да е социјален атрактор и збогатувач на природниот амбиент во населбата. Градската порта, и покрај нејзиното екстензивно планирање, никогаш не е реализирана. Единствено транспортниот центар (во редуцирана форма) останува во својата изворна форма, да го обележува замислениот влез во градот. Она што како нејзино продолжение треба да пробие кон истокот на градот е видоизменето и присутно, препознатливо како манир сличен на метаболистичкиот концепт, само од едната страна на населбата. Културните

---

[53] За опширно и детално разбирање на состојбата по земјотресот, обновата на градот и вреднувањето на реализираната архитектура, побарајте Ивановска Дескова, А. (2015), *„Архитектурата од периодот на постземјотресната обнова на Скопје - вредности и состоби во рамките на современиот контекст“*, докторска дисертација, неиздадена. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје: Скопје.

и резиденцијалните центри кои се предвидени паралелно со транспортниот центар не се изведени, а истото се случува и со јавната програма во центарот на месната заедница на монтажната населба Аеродром која треба да претставува крај на оваа градска оска.

И покрај прекините, она што може да се извлече како впечаток од плановите е недвосмислен стремеж за модерно архитектонско и урбанистичко изразување на Скопје. Во намерата за надградување на станбениот капацитет се потврдува и подлабоката архитектонска мисла за подобрување на животните стандарди. Она што може да се преземе како позитивно искуство од плановите, гледано низ аналитичката призма за еволуција на станбената мисла, секако ќе биде од корист при следната експанзија на градот кон исток. На средината на 70тите години, оваа нова етапа од развојот на Скопје, дневните весници ќе ја наречат *„Нов и современ град од околу 100 000 жители"* (Т.М. 1975: 9) во која ќе се случи кулминација на доцномодерната станбена идеологија и реализација.

### 3.6 Конкурс за идејно урбанистичко решение за станбената населба Аеродром / 1974 г.

Конкурсот како форма на рамноправен архитектонски натпревар претставува алатка за „отвореност", каде архитектите може да ги избегнат стегите на клиентите и силните насоки, проектирајќи и планирајќи *„слободен простор без креативни ограничувања"* (Minina. 2024 : 3). Во контекстот на Југославија, конкурсот е често употребувана алатка за создавање просторни склопови кои носат повисоки вредности. Впрочем, во дваесеттиот век, на нив се гледа како на можност за промоција на нови идеи кои ги надминуваат задоволувањата на нормативните потреби и тежнеат кон парадигматска блискост со идеите на актуелната модерна (Šišović. 2016 : 51).

Прашањето за новиот човек кој живее во држава со нов општествен систем, го повлекува прашањето на новиот дом и животна средина, па конкурсите за големи станбени комплекси во Југославија во втората половина на дваесеттиот век се честа појава. Во тој контекст, еден од големиот број натпревари на локалната сцена е и повиканиот југословенскиот конкурс за идејно урбанистичко решение на стабената населба Аеродром, објавен во мај, 1974 година.

Надминувањето на предвидениот број на жители во градот порано од очекуваните години (Мангаровски. 1984) ја поттикнува потребата за долгорочно и модерно решавање на прашањето за проширување на градот. Конкурсот за нова експанзија кон исток влева надеж за тестирање нови просторни концепти и примена на современи урбанистички и архитектонски практики. Со капацитет од 25 000 станови, со кои ќе треба да се задоволат станбените потреби на 100 000 жители, на одбраните територии се очекува да се изградат згради *„различни по височина, фасада и облик, што ќе ја разбие монотонијата и едноликоста на дотогапниот станбен простор"* (Т.М. 1974a : 9). За потребата од поголема динамика на градската форма зборува и Куновски Спасе неколку години порано, македонски сликар кој е дел од одделението за урбанизам на Град Скопје (Кирјас. 1970 : 5), дополнително поттикнувајќи ја обврската за задлабочена ангажираност на архитектите и планерите во ликовното обликување на градскиот простор.

На конкурсот се поканети десет важни институции за урбанизам од целата Федерација, а на крајот на конкурсот во октомври, пристигнати се седум решенија од Заводот за урбанизам на Љубљана, Заводот за урбанизам на Белград, Заводот за урбанизам на Нови Сад, Југословенскиот институтот за урбанизам и домување, Заводот за урбанизам на Скопје, Заводот за урбанизам на Социјалистичка Република Македонија и Институтот за студии и проектирање при Архитектонско - градежниот факултет од Скопје. Третонаградено е решението на Заводот за урбанизам на Љубљана, второнаграден е Заводот за урбанизам на Белград, а првата награда ја понесува Југословенскиот институт за урбанизам и домување (David. 1975 : 142).

Важноста на овој конкурс доаѓа од диверзитетот на идеи кои се насочени кон планирање на Скопје. Главниот град на Социјалистичка Република Македонија станува простор за натпревар на напредни станбени идеи кои се во допир со актуелните светски доцномодерни архитектонски влијанија. Федеративното ниво на кое се спроведува овој конкурс обезбедува учество на тимови чии решенија се продукт на размислувања директно повлијаени од центрите на современата мисла на полето на домување. Во продолжение следува содржински и аналитички преглед на пристигнатите конкурсни решенија.

### 3.6.1 Конкурсно решение под шифра „SKUPI“

Решението СКУПИ нуди „отворен концепт“ кога е во прашање бројот на жители во населбата, со можност за зголемување или намалување на катноста на станбените објекти.

Реонот е сочинет од шест месни заедници, распоредени на северниот и јужниот издолжен дел од населбата, додека централниот појас е предвиден како зелена оска со отворен карактер. Низ него е предвидено слободно движење на пешаците, а содржиниски, оваа зона ја прима јавната и општествена програма што го надополнува концептот на домување. Зелените површини продираат и во териториите предвидени првенствено за домување, создавајќи попријатна атмосфера на живеење[54] (сл. 48).



сл. 48 - слика од макета на конкурсно решение под шифра „SKUPI“ (David.1975)

[54] Наоди за решението „SKUPI“ беа со ограничена големина, не дозволувајќи подетална експликаицја. Дополнително, Иако се знаат учесниците на конкурсот, за решението „SKUPI“, „konkord-420” и „ABCDE“ не беше дојдено до податоци кој е нивниот конкретен автор.

### 3.6.2 Конкурсно решение под шифра „konkord - 420“

Идејниот урбанистички план предаден под шифрата „konkord-420“ нуди хомогено станбено решение, рамномерно дисперзирано низ целиот реон предвиден за градската станбена експанзија. Територијално, реонот на населбата Аеродром е поделен на повеќе блокови. Нивното дефинирање го чинат три подолжни сообраќајници. Две од нив се поставени периферно, ограничувајќи ја станбената зона. Воедно, истите се структурна граница за ширење на населбата, присутни во секое од конкурсните решенија. Третата сообраќајница, минува низ центарот на населбата, претставувајќи основен „крвен сад“ кој го спроведува моторизираниот сообраќај од и кон центарот на градот. Во пократкиот правец, блоковите ги дефинираат булеварот „Србија“ и уште две попречни новопроектирани улици. Вака формираните блокови, функционално ја добиваат улогата на месни заедници, кои пак се изградени од неколку основни станбени единици. Оваа форма на организација е соодветна на различните типови на заедници, усвоени со урбанистичкиот план од 1965 година.

Дистрибуцијата на програмата се организира од исток кон запад. Периферните делови на населбата се наменети доминатно за станбена содржина, додека во централниот дел, станбената зона со блага и ненаметлива транзиција се менува во јавна. Тука е сместен и реонскиот центар на населбата. Замислен како комплетно отворена зона, предвиден за потребите на пешакот, реонскиот центар претставува големо парче јавен простор кој ја поврзува монтажната населба „Лисиче“ со спортскиот центар и паркот за рекреација на кејот на реката Вардар. Вниманието кон пешакот при процесот на планирање особено се чувствува со можноста за негово слободно движење низ сета територија на населбата. Првенствено во јавниот простор кој го дефинира реонскиот центар, пешачките патеки минуваат над коловозите, овозможувајќи безбеден премин на жителот на населбата во различните блокови. Праксата за слободно пешачко минување се појавува на повеќе места во населбата, спроведувајќи низ неа пешачка инфраструктура, со што се поттикува слободно движење на нејзините жители и спонтаните средби. На тој начин се засилува чувството на заедница кое е од особена важност во планерските парадигми од овој период.

Месната заедница, како централен станбен елемент кој го дефинира домувањето во населбата, е сочинета од неколку станбени единици кои покажуваат формално нова урбана морфологија во рамките на градот. Маалата (станбените единици) ги прават згради, наредени по работ на блоковите без строга организација. Обликовно, позиционирањето на овие згради формира полупорозен периметар, мека граница која треба да го „дистанцира“ постоењето на градот и сообраќајот од внатрешноста на блокот. Од друга страна, распоредот на објектите овозможува формирање на урбани агли, микро јавни простори кои со својата празнина го обединуваат маалото и неговите жители во една асоцијативно препознатлива целина. Овие завиени дворови на маалото нудат простор за дневна социјализација, улични спортски натпревари и игра на најмладите генерации. Како конкретна јавна програма, во нив се сместени и детските установи, додека две маала ја делат зградата на основното училиште. Отворените микро јавни простори од сите станбени единици во месната заедница гравитираат кон еден, централно поставен, центар на месната заедница. Оваа пешачка платформа се

надоврзува природно на помалите јавни простори, а обединувачкиот карактер ја носи поблиску до темата на локален плоштад на блокот. Преку нив се остварува и директна врска со реонските центри, користејќи пешачка патека која дијагонално минува низ маалата и над коловозите и пристигнува во средината на населбата.

Последната програмски различна целина на населбата претставува кејот на реката, идентично третиран во секој од конкурсите, со доминантно спортски, рекреативен и здравствен карактер. Во случајот на решението „konkord-420“, изградените објекти се појавуваат во централниот дел, додека кон исток и запад преовладува природниот карактер на просторот. Сиот кеј е предивден како пешачка зона на која се редат отворени зелени ливади и урбани шуми. Дополнително засилување на природниот амбиент е направено со двете мали вештачки езера, задржувајќи ја темата на вода како социјален атрактор во населбата, присутна и во постарите нејзини решенија.

Сета просторна организација на населбата наликува на еден станбен архипелаг, поставен во море од зеленило. Станбените згради, позиционирани без цврсти ограничувања, формираат полујавни заливи, кои овозможуваат продолжување на станбената содржина во отворените простори на населбата. Слободната поставеност на зградите, симултано создава неповторливи амбиенти, својствени само за конкретното место кое се разгледува. Спротивно на тоа пак, гледајќи критички и со доза на рационалност, слободата во организацијата на овие единици, во големата слика создава чувство на слабо организиран простор и станбени единици чија припадност во месните заедници е недефинирана.

Релацијата помеѓу населбите за колективно домување за голем број жители и создавањето на заедница која се стреми да е повеќе од збирот на нејзините чинители е чест предизвик за планерската и архитектонска повоена авангарда. Трансформацијата на просторот за живеење од меѓувоениот кон овој период не е производ на драстична физичка метаморфоза, туку е насочен кон промена на идејата и културата на формирање на заедница (Sammartino. 2016 : 494). Соодветно на тоа, населбите кои се градат се стремат кон обликување простори што ќе придонесат кон зближување на нивните жители и вистинско градење на колектив. Таквите обиди често се случуваат низ концептот на микро полујавни дворови, наменети за сите жители на населбата. Пример е населбата Tinggarden во Шведска од 1974 година (Gehl. 2011 : 55-57), која препознавајќи го и ширејќи го концептот на домот на повисокиот размер на населбата, овозможува социјализација на нејзините жители во мали полујавни дворови (своевидни маалски дневни соби), формирани од специфичната просторна организација на објектите за живеење. Наелбата физички дефинира простор во кој симболично може да се „одлее“ дел од домашниот живот надвор, правејќи го соседот сожител, со тоа несомнено поцврсто обединувајќи ја заедницата. Полујавниот двор како модел за обединување на жителите на населбата се среќава како манир и кај високо реализираните архитекти од тоа време. Тоа е случајот со Маркишес Фиртел во Берлин (Märkisches Viertel) граден помеѓу 1963 и 1974 во кој свој печат оставаат Вудс и Освалд Матиас Унгерс (Urban. 2018 : 106). Дворовите формирани од прекршениот облик на зградите чинат скриени зелени градини, предвидени за игра и социјализација на млади, но и повозрасни. Во таа смисла, ваквите скриени дворови кои се појавуваат во

„вториот“ план од населбата Аеродром се своевидно следење на современи светски архитектонски и планерски примери кои ја зголемуваат вредноста на предвидениот простор, на материјално и продуховено ниво (сл. 49).



сл. 49а - Конкурсно решение под шифра konkord-420



сл. 49б - дијаграм на изградена структура



сл. 49в - дијаграм на отворени простори

### 3.6.3 Конкурсно решение под шифра „ABCDE“

Конкурсното решение „ABCDE“ предлага апсолутно рационална и лесно читлива просторна матрица за станбениот реон Аеродром. Сообраќајното решение го чини систем од ортогонални улици кои ја делат територијата на населбата на повеќе правилни четириаголни блокови, во кои се предвидени различни видови на програма. Станбената содржина е поставена во северниот и јужниот дел на населбата, оставајќи го централниот издолжен дел од предвидениот реон слободен. Во него, се предвидува зелен пешачки појас, седиште на центрите на месните заедници и простор кон кој гравитираат центрите на станбените единици. Оваа зелена пешачка зона, не е единствената пешачка оска. Нормално на неа, по должина на булеварот „Србија“, формиран е уште еден зелен појас кој го компензира закривувањето на сообраќајницата и со тоа, создава зона за спорт и рекреација во рамките на самата населба. Низ позиционирањето на овие два зелени појаси, населбата добива крстовидна јавна и отворена површина која претставува највисока форма на простор за социјализација и средби на жителите од целата населба.

Во понизок размер, на рангот на месна заедница, организацијата е повторно јасна и лесно согледлива. Урбаната морфологија се одликува со серија на попречни појаси кои во себе примаат различна функција. Месната заедница ја прават две станбени единици, „маала“ што се сочинети од три појаси. На рабовите на маалата се појавуваат станбени сегменти кои се состојат од (1) згради за живеење, (2) нивниот преден колективен двор и (3) простор за паркирање на возилата. Помеѓу ваквите сегменти се појавуваат попречни зелени појаси кои го дефинираат центарот на станбената единица. Во нив се чувствува хуманиот карактер на единиците каде луѓето може да остварат спонтани средби со соседите и да се социјализираат. Кон целокупната слика на ред и организација придонесува и позицијата на станбените објекти. Тие се наредени еден до друг и дефинираат една оска, со што дополнително се истакнува функционалната организација на просторот. Меѓутоа, таквата организација истовремено придонесува кон монотонија во просторната шема, а во големиот размер создава чувство на монументалност што е спротивно од амбиентот во пониските типови на заедници. Дополнително, бришењето на населбата „Лисиче“ и нејзина замена со истата типологија на згради и просторна организација како сѐ останато, само се надоврзува на повторливиот ритам на целата населба. Делумен обид за разбивање на повторливоста се случува во двата блокови поставени западно од булеварот „Србија“. Со поинаков распоред на објектите, низ нивно ротирање и разместување од идентична оска, се добива подинамична композиција и ефект на фигура - позадина што алудира на формирање поинтимни микро јавни простори.

Реонскиот центар во ова решение е сместен во централниот дел на населбата, во еден од северните блокови. За успешно вклучување во композицијата, и тој добива издолжен карактер. Објектите со јавна содржина сместени во реонскиот центар се обединети во две структури што благо се закосуваат и постепено се повлекуваат од центарот на блокот. На тој начин, се формира отворен пешачки простор, налик на плоштад во зоната на главниот центар на населбата. Ова проширување и насочување

продолжува и композициски завршува со спортско рекреативниот парк, покрај кејот на реката Вардар.

Јасната програмска организација на реонот се заокружува со позицијата на сервисните содржини во населбата. Овие згради се поставени на јужниот и северниот раб на населбата, што покрај логичната позиција, влијае и врз безбедноста и човечноста на животната средина. Блокот на сервисни функции ги дели периферните сообраќајници на населбата на два коловозни ракави, создавајќи двослоен филтер на нивни корисници. Додека жителите ја користат внатрешната траса на движење, оние кои само минуваат покрај „Аеродром“ воопшто немаат контакт со населбата, користејќи ја надворешната сообраќајница за движење. Вака поставената сервисна зона и дистинкцијата на сообраќај ја зголемува сообраќајната безбедност и го намалува звучното загадување на населбата.

Прашањето за линеарна и строга организација на објектите во повторлива мрежа е одлика на веќе одминатата функционална визија на градот. Ваквата урбана морфологија во својата организациска суштина може да се поистовети со повеќе концепти за градови и населби на серија пионери на модерната архитектонска мисла, мотивирани најчесто од добрата ориентација (Denzer. 2014 : параграф 6). Знаејќи го контекстот на двете непосредно блиски индустриски зони и нивниот капацитет за вработување голем број на луѓе, предлогот со шифра ABCDE може да се протолкува како современа интерпретација на концептот на индустрискиот град на Тони Гарние (Frampton. 2001 : 100-104) или напредната верзија на планот на Кубеш за источното градско проширување во Скопје. Сепак, чекорот со современите пракси и теории во овој предлог, може да се препознае во повеќесодржинскиот карактер на станбените блокови. Системот на појаси претставува обид за преплет и достапност на различни потреби од секојдневието на современиот човек. Дополнително, исклучувањето на возилата и дефинирање на простор посветен единствено за човековите потреби и неговата слободна реализација која доаѓа со природната еволуција, е мотив кој често ги обликува парадигмите на ова време (сл.35).




сл. 50а - Конкурсно решение под шифра ABCDE



сл. 50б - дијаграм на изградена структура



сл. 50в - дијаграм на отворени простори

### 3.6.4 Конкурсно решение под шифра „SKP-03“, Завод за урбанизам на град Скопје

Конкурсното решение со шифра „SKP-03“ е предлог на Заводот за урбанизам на Скопје. Сообраќајната структура која ја дефинира основната блоковска распределба во населбата ја градат два периферни и еден централен подолжен булевар кои се развиваат во правец запад - исток, додека во правец север - југ истата ја чини булеварот „Србија“ и неколку попречни новопроектирани улици од понизок ранг.

Архитектонско - визуелната доминација и централната позиција во целото решение е доделена на реонскиот центар. Зградата која ги содржи највисоките јавни содржини и која претставува главен социјален центар на жителите на населбата е позиционирана северно од монтажната населба „Лисиче“ и го дефинира лицето на булеварот кој минува низ населбата. Програмското и визуелно влијание на реонскиот центар се пренесува и во другите блокови, каде обликовно слични згради се поставени покрај централниот булевар на Аеродром. Така, најголем дел од оваа сообраќајница е дефиниран од јавната содржина која населбата ја нуди. Засилување на врската помеѓу јавните згради од двете страни на сообраќајницата се случува со три серии на пешачки патеки кои минуваат над булеварот и ги поврзуваат јавните објекти од двете страни, претворајќи ги нив во своевидна мега - структура, елемент воспоставен со јапонското метаболистичко движење. Средната пешачка оска дури ја надминува сообраќајницата и оваа мега - јавна структура ја проширува по попречната оска, носејќи го нејзиното просторно и визуелно присуство сè до кејот на реката Вардар, каде се сместени спортско - рекреативните содржини на населбата. И покрај големината, проектантските алатки / методи кои се искористени за добивање на формата на јавните згради, особено на реонскиот центар (длабење, вовлекување, продирање, формирање атриуми, внесување динамика во висината, исклучување на симетрија) ја намалуваат нивната монументалност и товар кој во спротивно би го носеле. Намалувањето на размерот се случува и со краците кои излегуваат од јавните објекти. Нивната идентичност со станбената типологија во месните заедници создава помека транзиција помеѓу програмски различните згради и хомогено доживување на населбата.

Месните заедници во ова конкурсно решение покажуваат типолошка и обликовна хетерогеност на изградениот простор. Станбената архитектура е организирана во повеќе шеми кои независно образуваат различни просторни конфигурации, што во организација на блокот чинат колаж на архитектонски обиди. Најзастапена е типологијата на издолжени колективни згради кои со закосување ја менуваат својата форма. Нивното концетрично повторување образува широки пешачки коридори со полузатворени перспективи кои го насочуваат движењето во конкретен правец, додека истовремено постигнуваат простор со хуман карактер. Во северните блокови на населбата, поставени се објекти кои следат ортогонална матрица. Нивната организација е прилично независна во релација со останатите изградени и неизградени простори на заедницата, но меѓусебе тие градат неповторувачка шема на отворени полујавни микро простори. Во најисточните блокови на населбата се појавува и трета типологија на станбена организација. Неа ја чини удвоен ред на ниски станбени објекти, меѓу кои се појавува заедничка пристапна патека за поединечните станбени

ќелии на зградите. Во урбано - морфолошка смисла, овие ниски станбени целини делат организациска сличност со објектите во монтажната населба Аеродром.

Ваквиот диверзитет на станбени објекти овозможува различни локални амбиенти во пошироката слика на сиот реон. Таа разноликост на станбениот простор, веројатно е насочена кон субјективно задоволување на животните навики на различните жители кои се предвидени да ги населат овие територии.

Карактеристика на месните заедници се и издолжените отворени зелени појаси кои делумно меандрираат низ блокот. Преку нив се задоволува пешачката потреба за блискост до природата. Наместо прави и кратки патеки, урбаните паркови добиваат мрежа на коси испреплетени правци кои треба да го продолжат и засилат природното искуство на слободно движење низ населбата. Покрај амбиенталните вредности, овие поголеми попречни зелени масиви ја имаат улогата и на прочистувачи на воздухот и го спречуваат ширењето на загадувањето од околните индустриски зони. Композициски, урбаните паркови завршуваат како краци од чешел - структура во спортско - рекреативната зона на Аеродром, која пак е поделена на неколку сегменти со изграден или неизграден карактер.

Просторната организација на месните заедници во ова решение, изразени низ плурализмот на станбените конфигурации, програмскиот диверзитет и ослободувањето на возилата од блокот со цел негување на пешачката култура и природниот амбиент, може да се прочита низ дефинираната идеја за суперблокот од 60тите и 70тите. Присуството на овој концепт како целовит елемент на градот во неформална форма е застапен и во пораните ери од историјата на развојот на градот (Colquhoun, 1978 : 94-112), но во дваесеттиот век, неговата суштина како валидна урбана стратегија за обликување на градот (Diez. ea al. 2018) е плод на повоените планерски парадигми што се стремат кон генерално подобрување на животната средина (Šeruga. 2005, Babič, 2021). За прв пат појавувајќи се во Бразилија како локална форма на единица на соседство, концептот во својот модерен изглед се проширува во повеќе европски градови. Основачот на идејата за суперблоковите во Барселона, Салвадор Руеда, зад визијата за суперблокот ја поставува желбата човекот да стане целосен жител на градот, правејќи го слободно и лесно дофатливо неговото право на спорт, забава, допир до знаење и демократија (Urbanmobilitycourse. 2025) (сл. 36).



сл. 51а - Конкурсно решение под шифра SKP-03



сл. 51б - дијаграм на изградена структура



сл. 51в - дијаграм на отворени простори

### 3.6.5 Третонаградено решение, Завод за урбанизам на Љубљана под шифра „75090“

Автентичноста на третонаградениот решение доаѓа од неговата концептуална природа. Согледувајќи го градот како структура која постојано се менува, тимот зад овој план предлага јасна ортогонална матрица во која треба да се смести програмата предвидена со конкурсот. Нормално поставени сообраќајници кои формираат квадратни резиденцијални блокови на север и југ од реонот, додека централниот издолжен појас на населбата е предвиден за јавните содржини. Едноставноста и повторливоста на мрежата е насочена кон оптимизација на напредниот раст на градот и промената на неговиот лик што не нуди негов конечен облик туку образец за негова континуирана транформација во иднината.

Рационалноста на решението се манифестира на сите нивоа на организација на населбата, дури и во најниската станбена единица. Поделбата на просторот во станбените блокови го следи ортогоналниот метод, со полиња во кои се предвидени станбените згради со различна типологија. Формалните трансформации на микро блоковите се универзални и обликувани од капацитетот на жителите кои треба да ги задоволат. Според љубљанскиот тим, станбената композиција може да ја чинат различни решенија, од едноставна периметрално дефинирана структура со празно двориште, до сложени згради во облик на зигурат и сè помеѓу таквите типологии. Намерите за трансформација на станбената структура се пренесуваат и директно влијаат на отворените делови во станбената единица. Дијалектиката на изградените и празните зони идеолошки се обединува во единечна хумана целина и здрава животна средина. Покрај квалитативните параметри, отворените простори во рамките на најмалата форма на станбено обединување (станбената единица) се првите простори кои го дефинираат колективот и карактерот на непосредната заедница. Тимот планери го доживуваат овој простор како мултинаменски, како продолжение на домот кон надворешниот домен на населбата и нејзино социјално упориште. Според неговата организација и идеја, истиот може да се протолкува како современа интерпретација на агората и центар за секојдневна интеракција (Britannica. 2023 : параграф 1). За социјалните и обединувачките карактеристики на плоштадот зборува и Камило Сите (Sitte. 1945 : 8-24), а за социјалниот капацитет на отворениот простор во населбите за колективно домување зборуваат и серија современи истражувачи (Stanley et al. 2012 : 1091-1092; Basaslan.2022 : 74-76; Lawsone, Zhang. 2009 : 209-211). Отворените простори со ваков карактер се појавуваат во поединечните микро блокови во рамките на станбената единица, но и во нејзините централни празни делови во поголем размер, наменети за целокупно социјално обединување на жителите на единицата.

Централниот издолжен појас на населбата кој ја прима јавната програма, како и останатиот дел на населбата, е адаптибилен и обликовно зависи од капацитетот на жителите и вредностите на времето во кој настанува. Во него се сместени и центрите на месните заедници. На тој начин, во оваа тесна оска на населбата предвидени се содржини кои го поддржуваат функционирањето на станбената зона, програма од лесната индустрија, спорт и рекреација. Идејата за преклопувањето на функциите на едно место, несомнено потекнува од критиката на модерната, идеологијата која го

враќа градот во просторниот и менталниот дофат на човекот и која истовремено со развивањето на овој план за населбата е актуелна на авангардната архитектонска сцена.

Трансформацијата на просторот, предвидена од различни социо - културни влијанија на неговата околина, како неминовна состојба во природниот развој на градот е идеологија која ја застапуваат приврзаниците на источното „Метаболистичко“ движење во архитектурата во 60тите. Променливоста на градската форма, споредена со развојните фази на еден природен метаболизам, станува основа за проникнување на нова форма на урбанизам која предлага различен лик на градот, обликуван од влијанието на демографските барања и од културните и општествени околности (Percine. 2002 : 3). Ваквите просторни тенденции можат да се прочитаат и низ предложеното идејно урбанистичко решение за населбата Аеродром. Воспоставената урбана матрица која треба да претставува квантитативна рамка за станбен развој, може да се прочита преку идејата на Фумихико Маки за групната форма, каде редот е постигнат со обединување на повеќе индивидуални форми во лесно согледлива целина (Lin, Z. 2016 : 615). Од друга страна, проектот може да се толкува и како структуралистичка мрежа подготвена да се полни со независни елементи, слично на планот на Иван Илич Леонидов со својот план за Магнитогорск (architecture-history. 2024). Во отсуство на конкретно дефинирана архитектура, решението под шифра 75090 повикува на умерен и одмерен раст на градот. Замислените урбани блокови ја добиваат можноста слободно да ги примаат современите градски архитектонски потреби и визии за иднината. Ваквата тенденција е одговор и чекор напред на ограничената можност на метаболистичките идеи за обединета еволуција на архитектонските форми заедно со човековите потреби во едно „комплетно и поврзано тело“ (Ito. 2022 : xxi) (сл.37).



сл. 52а - Конкурсно решение под шифра 75090



сл. 52б - дијаграм на изградена структура



сл. 52в - дијаграм на отворени простори

### 3.6.6 Второнаградено решение, Завод за урбанизам на Белград под шифра „АХЕ-3“

Главниот проектант во тимот на второнаградениото решение на конкурсот е Јосип Свобода, урбанистичкиот планер зад блоковите 61-64 во Нов Белград (за кои црпи инспирација од пешачките улици на Дубровник) (Damjanović, Jovanović. 2012 : 306) и своевремено директор на Заводот за урбанизам во Белград (DOCOMOMO_србија. 2003 : 22). Покрај него, свој печат во планот оставаат и Татјана Јаксимиќ и Мирјана Вуковиќ како архитекти, Славко Џефри и Божидар Тољевиќ како градежни инженери и Миодраг Бојовиќ како сообраќаен инженер.

Ова решение го чинат седум блокови со различна геометрија кои ја дефинираат организацијата на реонот. Освен еден предвиден за реонскиот центар и дополнителна јавна содржина, останатите ја носат станбената програма. Сообраќајниот систем го дефинираат ортогонални колски улици кои остваруваат логична и континуирана врска со центарот на градот.

Во композициско - организациона смисла, видливи се три елементи кои ја обликуваат целата населба. Покрај главните сообраќајници и во источниот сегмент на новопроектираната населба се појавува комерцијална јавна содржина поставена во двоен ред на слободостоечки објекти. Со својата големина и позиција, комерцијалните објекти формираат моќен фронт кон улицата, заштитувајќи и ставајќи ги во втор план станбените содржини кои се развиваат во внатрешноста на блокот. Во случајот на источната улица, ваквиот мотив е повторен од двете страни на улицата, создавајќи јавна и репрезентативна променада на населбата.

Вториот елемент е блокот предвиден за реонскиот центар и јавната програма поврзана со истиот. Поставен во централната трансверзала на населбата, реонскиот центар завзема големо и впечатливо место во населбата и се поврзува со најголем дел од јавната програма во Аеродром, преку систем на пешачки врски кои минуваат над улиците. Како и во претходното решение, задржана е намерата просторот да биде совладлив и безбеден за пешаците. За интеграција и обединување на градот и населбата, јавната трансверзала продолжува со својата содржина на левата страна на Вардар, поврзана со пешачки мост над реката. Во поглед на спортската и рекреативна компонента на планот, десниот брег на реката е претворен во парк за прошетки и рекреација, како голем зелен масив во кој се појавува дополнителна програма.

Третиот елемент, кој ја чини основната функија на оваа резиденцијална градска целина, е станбената зона и нејзината организација. Системот на структурна хиерархија е поделен на основни станбени единици со капацитет од 4500 жители и месни заедници составени од две или три станбени единици. Според просторната организација, станбените единици имаат коридорски концепт, нижејќи серија станбени објекти покрај пешачка патека. Обликот на патеката е закосен, што формира затворени пешачки перспективи. Ваквиот облик на улиците придонесува и во уникатноста на урбано - морфолошката појавност на населбата, во која станбените единици се претвораат во трикраки или повеќекраки станбени решенија сместени сред зеленило. Обединувањето на станбените објекти околу пешачкиот коридор го поттикнува социјалниот дух на населбата. Оваа одлика предизвикува спонтани средби на нејзините жители на

пешачката улица. Од таму, тие заедно продолжуваат кон центрите на месните заедници или во останатиот дел од јавниот простор.

Планирањето во кое пешакот е во центарот на вниманието, дополнително е изразено и со позицијата на стационарниот сообраќај. Паркираните возила се наоѓаат на периферијата на блокот, далеку од визуелното и звучно присуство на станбените зони. Дополнително, неретко жителот на населбата треба да помине конкретна дистанца до својот дом, согледувајќи ја архитектурата на неговото непосредно живеење од повеќе агли. Според Доксијадис, токму онака како што таа и треба да се доживува (Doxiadis. 1963 : 54).

Значајна тема на второнаградената решение е зеленилото. Станбените единици се опкружени од масивни отворени зелени површини, каде се наоѓаат и дополнителни образовни и воспитни содржини на населбата. Покрај амбиенталните квалитети и задоволувањето на човековата потреба за контакт со природата, што е особено присутно во светските, и соодветно, во југословенските планерски и архитектонски парадигми (Lazić. 1975 : 94-97), прашањето на зеленилото во населбата Аеродром има и функционално значење, заштитувајќи ја населбата од аеро-загадувањето од блиските индустриски зони.

Гледајќи ја организацијата на населбата, лесно може да се повлече паралела помеѓу второнаградената решение на населбата Аеродром и планот за Тулус на Кандилис, Јосиќ и Вудс, кога се во прашање сличностите на убаната морфологија и обликовните постапки (Candilis, Josic, Woods. 1961). Она што покрај формалната блискост, дополнително ја засилува релацијата помеѓу двата проекти е концептот на отворено општество и изградба на денешна архитектура соодветна за иднината. За архитектите, прашањето на заедницата се реализира создавајќи средина во која изградената архитектура го поддржува нејзиниот развој и средина во која зградите и изградениот простор комуницираат меѓусебно. Ваквите потреби, триото Кандилис, Јосиќ и Вудс ги спроведува, популаризирајќи го концептот на улицата (не во нејзината традиционална смила), гледајќи на неа како на „мрежа од релации меѓу различни колективни функции на населбата и приватниот домен на нејзиниот жител“ (Avermaete. 2005 : 19-24). Во решението на Заводот за урбанизам на Белград, концептот на пешачката улица е буквален и апстрактен двигател на активностите во населбата, одговарајќи го прашањето за социјализација и идентитет на населбата како на значаен елемент во идеолошкиот пристап за обликување на просторот (сл. 38).




сл. 53а - Конкурсно решение под шифра AXE-3



сл. 53б - дијаграм на изградена структура



сл. 53в - дијаграм на отворени простори

### 3.6.7 Првонаградено решение, Југословенски институт за урбанизам и домување под шифра „AS+2000“

Конкурсното решение за населбата Аеродром под шифра AS+2000 е дело на Југословенскиот институт за урбанизам и домување (ЈУГИНУС), зад кое како главни проектанти / планери на проектот се потпишуваат Џорџе Бобиќ, Миодраг Ференчак, д-р Мирољуб Јоковиќ и Ненад Новаков. Збирното резиме на овие водечки автори претставува долга референца на значајни достигнувања. Од меѓународна пракса (N1. 2024 : параграф 3-6;) и студиска специјализација (ekapija. 2008 : параграф 4), преку учество во формирање на Центарот за планирање и урбан развој во Белград (djordjebobic.com . 2025 : параграф 2), до излагања на конференции за модерна архитектура (muzej-jugoslavija. 2011) и конечно до академски остварувања (Dukanac. 2023 : 87), нивното колективно знаење и искуство претставува темел за поставување на населба чиј концепт е близок до авангардните доцномодерни планерски парадигми. Во време кога населбата Сплит 3 е врвно реализирано и идеолошко достигнување на југословенската станбена сцена, победата на конкурсот за населбата Аеродром Миодраг Ференчак (2025) ја доживува како индиректна ривалска „освета“ над Владимир Мушич и неговиот тим за заслужениот пораз на конкурсот за Сплит 3. Според него,ова е време во кое конкурсите биле формат за одмерување на силите на младите планери на југословенската сцена и мотивационен натпревар за остварување подобро решение.

Со цел да се осмисли поуспешно конкурсно решение, поширокиот тим на ЈУГИНУС вклучува експерти од различни дисциплини чие знаење директно придонесува кон создавање на подобри населби. На предложеното решение, покрај главните автори, работеле и сообраќајни инженери, шумарски инженери и психолози (непознат автор. 1975a : 142). Со учество на повеќедисциплинарниот тим проширена е перспективата за обликување на новата станбена експанзија на градот кон исток.

Формативен елемент кој ја дефинира населбата Аеродром е месната заедница како основна општествено - политичка структура (AS+2000. 1974 : 1). Авторите на трудот прават отстапка во однос на програмската насока, што понатака резултира на целокупната просторна организација на првонаградената решение. Програмските услови на конкурсот ја делат територијата на која треба да се развие новата станбена населба Аеродром на блокови со различна  геометрија, површина и засебно предвидена густина на население. Неправилно поделените блокови „бараат“ од учесниците на конкурсот различен пристап при решавање на секој од нив, што треба да поттикне содржински и урбано морфолошки диверзитет. Авторите на конкурсното решение AS+2000 прават дополнителна поделба на предвидената организација, па целата територија на населбата ја делат во геометриски блиски блокови со блиска густина на население која треба да ги насели. Во таков случај, авторите се насочени кон планирање на „совршената“ месна заедница која треба да одговори на универзалните потреби на конкурсот, што потоа ќе биде речиси идентично мултиплицирана низ целата станбена населба (еден блок - една месна заедница). Ваквиот организација прави седум блокови, секоја со капацитет од 12 000 жители. Со нив, вкупниот број на жители кои населбата било предвидено да ги вдоми изнесувал 76 187, на површина од 1 142 805 $m^2$

(AS+2000. 1974 : 6). Овие месни заедници се поделени со рационален систем на сообраќајници, формирајќи блокови со приближно квадратна геометрија (сл.54).




сл. 54 - Споредба на условот на конкурсот (горе) и поделбата на блокови кои ја прават членовите на тумот од ЈУГИНУС (доле) (ЈУГИНУС. 1974)

Месната заедница е структурирана низ повеќе функционални делови кои ја чинат целината. Нејзин основен обликовен елемент е единицата на соседство што претставува најниска станбена група во решението, предвидена да вдоми 3000 жители. Урбаната морфологија на единицата на соседството ја чини двојната потковица, дефинирана од различни типови на слободостоечки станбени објекти меѓу кои се развива пешачка улица, а централниот празен простор е обединувачкиот елемент, полујавниот парк на жителите на единицата на соседството и место за сместување на рекреативната и згрижувачката содржина за секојдневна употреба (градинка, детски игралишта ...)(AS+2000. 1974 : 2). Следното ниво на станбена целина е станбената заедница која ја чинат две единици на соседство, поставени една кон друга во правец југ - север. Предвидени за 6000 жители, оваа група добива и соодветна јавна содржина. Двете единици на соседство делат едно основно уличиште, користејќи го како центар на заедницата за настани кои треба да ја поттикнат социјалната кохезија на жителите. Две станбени заедници ја прават конечната месна заедница која во средината ги добива сите јавни содржини потребни за функционирање на една заедница од тоа ниво (сл. 55).

Станбената организација на повеќе нивоа лесно може да се поврзе со поставените политики на домување од поземјотресната обнова на градот, додека пак, обединувањето на станбените и јавните содржини со јасна програмска хиерархија може да се толкува како индиректно влијание на Кларенс Пери. Ваквата релација е потврда за следењето на наредната планерска и архитеконска сцена во локалниот контекст.




сл. 55 - Дијаграм на организација на месна заедница (авторски цртеж. 2023)

Зелената инфраструктура и тука учествува во формирање на карактерот на реонот. Внатрешните паркови од секој од единиците на соседството се прелеваат во еден централен лонгитудинален урбан парк кој ја гради главната зелена оска во месната заедница. Овој простор е искористен за средба и обединување на жителите од различни единици на соседство, за дружба, спорт, рекреација и социјализација. Во големата слика, соодветното позиционирање на повеќето месни заедници една до друга прави повторувањето на централниот зелен појас да дефинира просторно јасен и континуиран зелен масив што се провлекува низ целата територија на населбата.

Центрите на месните заедници го заземаат средишното место на блокот, окупирајќи го правецот југ – север со угостителска, снабдувачка и занаетчиска програма. Слободниот простор од центрите е целосно предвиден за пешаци, поттикнувајќи ја секојдневната социјализација на жителите. Низ центрите, станбениот простор е поврзан со кејот, предвиден за посериозни спортски и рекреативни активности. Во корист на пешакот е и сообраќајното решение на населбата. Колскиот

сообраќај запира на работ на блокот, препуштајќи ја сета внатрешност на населбата за пешачко истражување на нејзиниот жител и посетител. При движењето во населбата, жителот има избор да се движи низ доминантно изградениот простор или низ делот со повеќе природна вегетација, соодветно на амбиентот кој сака да ја „обликува“ неговата прошетка (AS+2000. 1974 : 3-4).

Надвор од структурната организација и дефинирање на просторните целини, првонаградената решение темелно ги анализира и мерливите вредности кои индиректно учествуваат во целокупниот изглед на населбата. Истражувањето се движи од технолошките можности за изведба на населбата до културните одлики на населението и нивниот одраз врз обликот на животната средина (AS+2000. 1974 : втор дел 1-10, четврти дел 1-10). Низ методот на поставување конкретни проблеми на кои се бара конкретно решение, планерите ја постигнале апсолутната рамнотежа помеѓу креативниот процес и постигнување на зацртаните, конкретни и мерливи вредности на планот (Glendinning. 2021 : 6). Врз основа на овие истражувања, добиени се соодветните типологии на станбени објекти и нивните позиции кои оптимално ќе ја опслужуваат станбената програма на населбата (AS+2000. 1974 : трет дел 1-10).

Во рамките на конкурсните истражувања, посветено е внимание и на човекоцентричната природа на изградениот простор, изразена преку социјалната компонента на животната средина. Препознавањето на човекот како социјално битие се забележува уште кај Аристотел, кој човековото обединување го толкувал како *„можност за остварување заеднички добра кои ја надминуваат материјалната форма на воспоставената релација“* (Ober. ? : параграф 10-14). Слично, Маркс ја препознава природата на луѓето како *„целовито историско - социјално искуство кое низ времето станува дел од културата на групата“* (Pham. 2023 : 596). Ваквите согледувања и толкувања на потребите за меѓусебен контакт на луѓето, идентификација со просторот во кој тие живеат и задржување на здравите еколошки навики, се манифестираат и во конкурсното решение на ЈУГИНУС. Низ конкретни планерски и архитектонски обликовни постапки, замислен е простор кој тежнее кон социјална афирмација на карактерот на населбата.

Значаен елемент кој ја стимулира секојдневната спонтана социјализација е концептот на пешачка улица. Позиционирана помеѓу двата реда на повеќесемејни станбени згради, таа ги „собира“ жителите на населбата и ги насочува кон центарот на месната заедница. Елементите кои го придружуваат нејзиниот функционален карактер, придонесуваат и кон нејзините фукционални и феноменолошки својства. Попатните продавници стануваат микро - центри за спонтана средба. Зеленилото во дворовите на пониските објекти го менува мирисот и визуелното доживување на улицата. Истовремено, овие дворови се и мека транзиција, премин од јавниот во приватниот простор на зградите. Ваквите елементи придонесуваат за духот и карактерот на улицата како просторен елемент низ кој се гради специфичен асоцијативен идентитет на населбата

Кон пешачкиот и социјален дух на населбата придонесуваат и центрите на месните заедници. Раздвиженоста во нив се случува со правилниот избор на програма која ќе ги опслужува јавните, но и станбени функции. Ваквите функции обезбедуваат постојана раздвиженост на жителите на населбата или луѓе кои престојуваат во неа.

Различната јавна содржина овозможува присуство на „здраво“ ниво на познати луѓе и странци кои ги исполнуваат јавните простори. Со тоа, улиците и центрите на населбата стануваат примамливи за различни групи на посетители. Богатата програма ги претвора јавните простори во територии за единство на различни профили на луѓе, што според Џејн Џејкобс (Jacobs. 1961 : 32) ги прави улиците безбедно место, а нејзиниот посетител станува неформален чувар на ваквата сигурност.

Над структурно - формалните и емпириско - аналитичките параметри кои влијаеле врз дефинирањето на обликот на населбата, додаден е уште еден слој на нејзината комплексност, преку поставување на семантичко - информацискиот концепт на населбата Аеродром. Со цел теоретска поткрепа на решението за населбата, авторите го темелат планот на теоретските размислувања на познати современи архитектонски критичари, теоретичари и психолози кои се обидуваат да постават математички прецизни равенства за објективно вреднување на просторните квалитети на физичкото опкружување (AS+2000. 1974 : петти дел - страна 1).

Потпрени на потврдените искуства на претходни истражувачи, анализирани се просторните компонентите кои придонесуваат кон позитивна идентификација на градот со неговите жители (Lynch. 1960). Волуменскиот и програмски диверзитет на изградената форма во комбинација со присуство на природни елементи го создаваат тој човекомерен и природен елемент на градот. Решението на населбата Аеродром, оди и во потрага по „духот на стариот град“, во неговата нематеријална и интуитивна природа (Alexander. 1965 : 3). Спојот на материјалните и нематеријалните компоненти кои го чинат животниот простор и потрагата по нови вредности во културата на домувањето (изразена низ контекстот) нè водат кон новите форми на градското обликување во Скопје. Планираната територија поминува низ процес на рационално „несебесвесно“ градење (Alexander. 1963 : 46-54), каде блокот и односите на елементите кои го градат изградениот простор е производ на спонтани потреби (кога обликот на објектот или целината не е причина сама за себе). Тоа учествува во градење на суптилен дух на населбата и нејзин природен ред кои го оплеменуваат просторот за живеење со хуман карактер. Покрај теоретските толкувања, просторниот концепт на населбата е формиран и врз основа на математички „прецизното“ одмерување на Макс Бенс (Nake. 2012 : 61-95) и Расел Акоф (Ackoff. 1958 : 218–234). Употребата на рационални формули за квалитет на просторно уредување внесува уште еден параметар кој влијае врз целокупната одлука на победничкиот избор на идејното урбанистичко решение за населбата Аеродром.

Гледано низ основното значење на овие теории, овозможено е планирање на простор кој ќе е целосно ориентиран кон човекот (AS+2000. 1974 : петти дел - 3-5). Доколку пак истите се гледаат низ временската рамка кога се употребени, архитектонски мислења и парадигми кои ја обликуваат населбата Аеродором се современи, со што нејзиниот материјален резултат станува споредлив со останатите населби за колективно домување од локален, регионален и поширок контекст.

Дополнителен апсект кој го истакнува повеќедисциплинарниот квалитет на конкурсното решение е и употребата на колаборативно планирање. Постигнувањето на амбиентална пријатност во единицата на соседството е резултат на анализа спроведена врз потенцијални жители на населбата. Истражувана е големината на блокот, обликот,

светлината, доминантната боја, степенот на затвореност, смиреноста која ја обезбедува и други слични параметри од конкретен и апстрактен карактер. Истите биле толкувани низ чувството на (не)пријатност што го создавале кај просечниот жител на градот, секојдневниот корисник на овие простори (AS+2000. 1974 : шестти дел - 1). Преку добиените резултати од ова психолошко истражување, дефинирана е вредноста на основните параметри кои го обликуваат отворениот простор на единицата на соседството. Со нивно комбинирање, потоа е пристапено кон дефинирање на конкретниот облик на единицата на соседството, низ неколку варијанти на просторна организација. Оптималното задоволување на претходно споменатите параметри довело до избор на модел на единица на соседство која понатаму била користена како „основен елемент на планирање во населбата Аеродром“.

Зеленилото и природните амбиенти во населбата се третирани на повисоко ниво од обично разубавување и дополнување на неизградениот простор во населбата. Систематското позиционирање на соодветен вид на зеленило на различни позиции е направено во склоп со контекстните потреби на населбата. Како реон позициониран помеѓу две индустриски зони, зеленилото има улога на заштита на населението од штетните ефекти на загадениот воздух. Правилно употребувајќи конкретни видови на вегетација, пресметките покажале можност за намалување на 42% од воздушното загадување на населбата. Заради повторливата природа на месните заедници, предвиден бил и конкретен избор на зеленило кој ќе е присутен само во една од предвидените седум. Таквиот пристап цели кон постигнување дополнителна дистинкција на месните заедници како простори со еден препознатилив метанаратив, но повеќе различни микро - приказни (AS+2000. 1974 : шестти дел – 5). Рационалниот избор на природна вегетација не бил изоставен и при нејзино позиционирање на сообраќајниците во населбата. Соодветно на ориентацијата на објектите според страните на светот, на булеварите и собирните сообраќајници било поставено високо и ниско зеленило соодветно за спречување на бучавата, прашината и температурата во топлите денови која може да допре до внатрешноста на станбените единици (сл. 56).



сл. 56а - Конкурсно решение под шифра AS+2000



сл. 56б - дијаграм на изградена структура



сл. 56в - дијаграм на отворени простори

### 3.6.8 Конкурсот за населбата Аеродром како урбанистички натпревар на доцномодерната југословенска мисла

Конкурсот за идејно урбанистичко решение за населбата Аеродром може да се толкува како значајна етапа од историскиот развој на Скопје од дваесеттиот век. Тоа е потврдено од неговата институционална поткрепа и од употребата на напредни планерски парадигми како теоретска основа за проширување на станбените капацитети на градот кон исток.

Пристигнатите седум решенија на конкурсот доаѓаат од високопрофилни институции во федеративната архитектонска и планерска сцена (Непознат автор. 1975а : 142). Според Миодраг Ференчак, конкурсот за населбата Аеродром претставувал единственото *„првенство на главните урбанистички институти во Југославија за планирање нови станбени населби“* (Ференчак. 2025). Ваквото толкување покажува дека дури и во отсуство на дел од значајни (а поканети) планерски институции на Федерацијата, резултатот на конкурсот се решенија кои покажуваат високо ниво на урбанистичка култура, а самиот конкурс е временска етапа од историјата на Југославија во која, покрај поземјотресниот период, голем дел од вниманието на еминентната архитектонска сцена на федерацијата е свртено кон Скопје[55].

Согледувајќи го квалитетот на урбанистичките решенија, се потврдува плурализмот на парадигмите кои владеат на авангардната архитектонска сцена во моментот, но и нивниот ефект и влијание врз југословенската урбанистичка и архитектонска пракса. На конкурсот предложени се решенија кои носат визија за една напредна форма на фунционалистичка модерна шема, го отвораат прашањето на заедничкиот двор како форма за изградба на колективниот дух, се појавува обид за создавање на суперблок кој нуди унија на повеќе просторни искуства, употреба на стуктуралистичка / метаболистичка мрежа која треба да се полни заедно со демографските потреби и да се прилагоди на просторните потреби на новото време, обид за следење на актуелните проекти на авангардните TEAM X, до концептот на Нова екологија со физичко и идеолошко обновување на пешачката улица. Секој идеен обид за дефинирање на новата станбена експанзија на Скопје се потпира на урбано - морфолошки обрасци кои покажуваат нов пристап при планирање на градското јадро.

Она што е воочливо кај најголем дел од пристигнатите трудови е повторувањето на еден просторен образец повеќе пати. Ваквиот пристап може да се толкува низ призмата на актуелните тенденции во времето кога е повикан конкурсот, а тоа е означено со потрагата и планирањето на едно „идеално“ / „совршено“ решение.

По завршување на конкурсот, комисијата за вреднување на конкурсните трудови му предлага на Фондот за комунално уредување на градежно земјиште да ја изработи конечната варијанта, врз основа на трите наградени решенија (Мирчевски. 1974 : 9, Тодоровски. 1974 : 13). Она што една година подоцна доаѓа како развоен план за понатамошна изградба на населбата е речиси целосно преземање и успешно адаптирање на првонаградениот решение на дадените контекстни услови и потреби.

[55] Според Миодраг Ференчак (2025), покана за учество на конкурсот добиле и Заводот за урбанизам на Загреб и Заводот за урбанизам на Сараево, но не го поднеле својот труд.

### 3.7 Првиот развоен план на населбата / 1975 г.

По заклучување на резултатите од конкурсот, подготвен е првиот развоен план за населбата како соработка помеѓу Заводот за урбанизам и архитектура на град Скопје и тимот на ЈУГИНУС. Низ големината и програмската сеопфатност на реонот, населбата Аеродром е најавена како нов *„мал град“*, карактеризиран со широки улици, уредени паркови, дрвореди и тротоари (Т.М. 1974а : 9; Непознат автор. 1975б : 13; Ф.Ј. 1974 : 11; Чепреганов et al. 1983 : 12). Заради големината и масовноста на овој станбен комплекс за 100 000 жители (Мирчевски, Миленкоски. 1975 : 9), предвидена е етапна изградба на населбата, започнувајќи ја првата фаза на површината која е неизградена и слободна од структурни ограничувања, со подигање на две месни заедници (Непознат автор. 1975б : 13) од вкупно предвидените седум, соодветно на конкурсното решение (месните заедници А1 и А2).

Предвидените градски форми речиси целосно ја задржуваат концептуалната организација на населбата од конкурсниот предлог. Мотивот на единица на соседството дефинирана од двојна станбена потковица, со пешачка патека помеѓу објектите е директно пренесен и соодветно прилагоден на просторните потреби и вистинските можности на локацијата. Во ова решение, отсуствуваат едносемејните куќи во низа, поставени покрај булеварите, кои претставуваат опасна типологија што може да доведе до нееднаков стандард на домување на различните жители на населбата (Ференчак. 2025). Попречната оска на центрите на месните заедници е изместена од апсолутно совпаѓање, што води кон напуштање на предложената симетрија на конкурсниот предлог. Со тоа, центрите на месните заедници се поделени на два дела, што ја засилува оската на развој на населбата во лонгитудинален правец (запад - исток). Оваа промена, прави и состојба на програмско обединување на три единици на соседство меѓу себе[56]. Несовпаѓањето со конкурсната матрица како резултат на прилагодување кон постојните изградени структури на овие територии што прави дополнителен просторен дисбаланс на решението се случува и во месната заедница А2, поставена јужно во планскиот опфат. Во неа, единиците на соседство се поместуваат од нивната замислена позиција, но сѐ уште го задржуваат просторниот интегритет, и целокупното доживување на населбата (сл. 57).

Станбените капацитети се соодветни за различни форми на жители и семејства, што се совпаѓа со тенденциите на првонаградениото решение за демографска разноликост на населбата и доведува до формирање на инклузивна средина.
Особен квалитет на населбата е третирањето на јавниот простор. Според неговите квантитативни и квалитативни одлики, секој жител добива 13.5 m² слободен простор, од кој 4 m² отпаѓа на зелени површини, што е форма на борба со воздушното загадување од индустриските зони, но и засилувач на природниот карактер на населбата. Кон засилување на природниот амбиент, развојниот план предвидува збогатување на јавната содржина предвидена со конкурсното решение. Издолжените

---

[56] Две единици на соседство остануваат да се поврзуваат низ образовната програма на основното училиште во оска југ - исток, додека сега се изразува и врската запад - исток со поделбата на центрите и јавната содржина која тие ја нудат. Така, три единици на соседство се поврзуваат меѓу себе, со врска во која една единица е двозначно поврзана.

урбани паркови по средината на месната заедница надополнети се со вештачки водени токови од Вардар кои пружаат дополнителна можност за генерирање на дополнителни социјални релации на жителите на населбата. Близината на Вардар кој го овозможува формирањето на водени ракави, како честа тема во населбата во минатото, се повторува и тука, а препознавањето на ваквите вредности се забележува и во статиите на дневните весници. Вака концепирана, населбата Аеродром можеби со право го добила статусот на најхумана, најрационална и најсовремена идна нова населба во земјата од Консултативниот одбор за нејзина реализација (Т.М. 1975 : 8).




сл. 57 - првиот развоен план за две месни заедници на
населбата Аеродром (А1 (горе) и А2 (доле)) (Дигитализиран авторски цртеж. 2024)

### 3.8 СИЗ за домување како заштитник на станбените политики

Повоениот напредок и промените предизвикани од земјотресот во 1963 година ја позиционирале станбената изградба како највисок приоритет во градот. Демографските анализи кои предвидуваат раст на бројот на жителите на градот до 350 000 до 1980 година се брзо надминати (Јосифовски. 1974 : 13). Растот на населението предизвикан од неговото природно зголемување и од постојаните миграции не запира. Ваквата состојба уште повеќе ја акцентира големата потреба за спроведување на нова „станбена офанзива“ која требала да постигне број од 4000 станови годишно, според зборовите на Мишо Миљовски, секретар на Секретаријатот за урбанизам и комунално - станбени работи (Мирчевски. 1974 : 12).

За решавање на комплексното прашање за домување, формирана е локална - Републичка самоуправната интересна заедница за домување (СИЗ за домување) (Службен Весник. 1974 : 1185-1189) чија работа е насочена кон остварување на личните и заеднички потреби на членовите на станбената област. Активностите со кои се бави СИЗ за домување се движат од дефинирање на најопштите политики за станбена изградба, подобрување на условите за домување во старите згради, залагање за заштита и обезбедување на станбените права на борците од НОБ и оние со низок месечен приход, дефинирање на висината на станарината, па сè до оперирање со средствата кои заедницата ги поседува и нивно инвестирање во понатамошна станбена изградба.

Важноста на СИЗ-от за домување во овој контекст произлегува од неговата улога на главен инвеститор за изградбата на населбата Аеродром. Неговиот фокус за изградба на оваа населба е предвиден да се случува во период од следните десеттина години (Ф.Ј. 1975 : 9), а масовната изградба на истокот од Скопје е забележана и со извештаите на СИЗ од крајот на 70тите за нејзината целокупна градежна активност, каде населбата Аеродром квантитативно и квалитативно високо отскокнува од сите останати населби (Деливанов. 1978,1979,1980). Гледано од повеќе перспективи, организацијата на работата за изведба на населбата се покажала како сложена задача, што предизвикало потреба, при седница на Координативното тело за урбанизирање на Аеродром, да се формира специјална група од претставници на градежната оператива, СИЗ и Секретаријатот. Нивната задача е *студиозно проучување на сите прашања поврзани со реализирање на проектите за Аеродром*, т.е. организација на изградба на 25 000 станови во следните 10 години (М.С. 1975 : 10).

### 3.9 Почеток на изградбата

На 13 ноември 1975 година започнува изградбата на населбата Аеродром. Возбудата од почетокот на нејзината реализација се чувствува и во дневните весници каде низ екстензивни статии се полага верба и оптимизам во оваа нова населба, која треба да ја надмине моменталната „сива“ состојба на градот запоседнат од автомобили (Колев. 1975 : 13). Истакнувајќи ги нејзините феноменолошки одлики кои се резултат на паметно испланираниот урбан простор, често пати се споменува искуството и духот на македонската традиционална архитектура. Така, различните коси кровови кои

создаваат динамична силуета, отворените и урбани зелени ливади и пешачките патеки стануваат секојдневна појава за жителот во овој дел на градот (сл. 58).



сл.58 - макета од блок А1-1, објавена во весник на почетокот на изградба на населбата (дигитално подобрена фотографија, Нова Македонија. 1975)

*„...Силниот крвоток на нашиот град, неговиот забрзан пулс, почнуваме да го чувствуваме во еден нов свет на артерии, во зглобот на дланката испружена кон исток, раширена со јаки прсти во она место кое до вчера беше „АЕРОДРОМ“, повеќе по својот изглед на воздушен друм и одамна не по намена. Денес на ова место почнува да отчукува ритамот на овој млад градски организам, правилно, здраво, со полн здив на едно сложено, современо, комплетно живеење, кое носи одредено спокојство, среќа, мир, задоволство на 100 000 луѓе кои ќе му припаѓаат.*

*Нивното спокојство ќе бидат мирните улици, зелените оази во срцето на ова ново младо ткиво, улици весели од безгрижната смеа на најмладите луѓе, улици загрижени за несигурниот чекор на најстарите, улици во кои ќе долета птица на некои од свежите фонтани, а очите ќе се одмараат во зелените лисја, во сончестите бели ѕидови, ќе се одмараат во сиот тој хармоничен сплет, толку неопходен во сивилото на секојдневието.*

*Импулсивното движење на современите возила, колку потребни, толку тешки и заморни, оваа населба го фрла зад грб, му одредува место кое не ја нарушува хармоничноста на живеењето, го насочува низ улици спуштени под нејзиниот „бедем“*

*Целта на оние кои го создаваат ова урбано ткиво е една мала илузија за загубена градска идила со куќи кои не се страотно високи, со ѕидови кои не се сиви од бетон, со бршлен кој се вие под куќната стреа, но истовремено, што е сосем нормално за современиот начин на живеење, визијата се проширува во сите оние нешта за кои е свикнат човекот од овој век, се проширува со забрзаноста на чекорењето по трговските улици, со погледот на големите витрини, со сите технолошки нешта со неонски реклами, со рекламните плакати, со она што ја создава новата трескавична модерна „романтика““* (Колев. 1975 : 13)[57].

Организацијата на секоја од единиците на соседството е доверена на најзначајните и најголемите македонски градежни компании[58] со голем број на работници и високо ниво на квалитативна спремност (Јакимовска. 1981). Со доверување на единиците на соседство на различни фирми, обезбедена е обликовна различност на микро просторите кои се дел од еден поголем повторлив и предвидлив систем. Различните облици на објектите создаваат различна типологија на станбените решенија, проширувајќи го капацитетот и карактерот на групи на жители кои може да ги населат во оваа населба. Автори на станбената организација се докажани македонски архитекти со проектантско искуство, но и млади и перспективни творци кои се обидуваат што поуспешно да ги применат новите станбени визии во домашната реализација (сл. 59).

На урбана мрежа поставена од ЗУАС и ЈУГИНУС, македонските градежни фирми ја зацртуваат најголемата градежна активност во станбениот сектор на градот (Димков. 2005 : 8). За важноста на овој нов дел од градот сведочат и средбите на претседателот на Собранието на градот Методи Антов со фирмите кои ја водат градбата (Стефановски. 1977 : 9; Р.П. 1977 : 8), на кои истиот се информира за текот и динамиките на завршените активности, станбениот капацитет кој е испланиран и визиите за понатамошната работа.



сл. 59 - Улица во единица на соседство А1-3 (непознат автор, 1983)

[57] Ваквиот текст дава едно идеализирано и романтизирано гледање на нејзиниот развој, кое започнува со изразување незадоволство од постојната состојба, за потоа да се надоврзе со оптимизам од новите очекувани реализации.

[58] Единицата А1-1 е доделена на „Гранит“, единицата А1-2 на „Илинден“, единицата А1-3 на „Бетон“, единицата А1-4 на „Пелагонија“, единицата А2-1 на „Маврово“ и единицата А2-2 на „Техника“

### 3.10 Елементи на единицата на соседството

Покрај обликовната различност на секоја од единиците на соседството, во својата суштина, тие се изградени од три основни елементи кои, како урбана граматика, поставуваат насоки за правилно „читање“ на населбата во контекстот на градот. (1) Типолошки различните објекти кои се структурално обединети во единствена и целовита форма, (2) пешачката улица и (3) зелените полујавни дворови во центрите на единиците. Иако одвоени во обид аналитички секој од нив да биде детално протолкуван, нивното симултано и испреплетено постоење во просторот е континуирано и формира една целовита и практично нераздвојна слика. Секој од овие елементи е носител на специфична функција чија просторна и амбиентална неповторливост е поддржана од останатите два елементи. Животот на локалното население подеднакво опстојува во секој дел, претворајќи ја единицата на соседството во целокупен склоп на тотално живеење.

#### 3.10.1 Изградена станбена структура

Станбените објекти кои го дефинираат конкретниот простор за живеење на жителите во населбата се основниот формативен елемент во рамките на единицата на соседство. Нивната анализа може да се спроведе низ поголемиот размер каде објектите се доживуваат како специфична урбано – морфолошка целина која покажува уникатни својства во повеќе планови или низ помал размер, преку поединечниот објект и неговата волуметриска сложеност и станбена разноликост (сл. 60).




сл. 60 - Просторна организација на месната заедница А1 (авторски цртеж. 2022)

Организацијата на објектите во хоризонталниот план ја следи нивната поставеност според првиот развоен план на населбата, кој пак е производ на рафинираното конкурсно решение на ЈУГИНУС. Со две низи на објекти, единицата на соседството ја чинат доминантно станбени згради од различна типологија, кои формираат двоен порозен периметрален блок во форма на двојна потковица. Ваквиот периметрален блок ја прави компактна и затворена целина секоја поединечна единица на соседството. Движејќи се од надворешноста кон внатрешноста на соседството, од булеварот преку кој се пристапува кон населбата, се формира првиот надворешен слој на населбата. Истиот претставува колска собирна улица на која се стационираат автомобилите и го означува надворешниот раб. Ова е и последната зона достапна за автомобилите, која го претвора внатрешниот дел од населбата достапен само од позиција на пешак. Зад паркирањето се развива првата низа на објекти кои го формираат фронтот кон булеварот. Височината на сите објекти од овој континуиран ред на објекти е различна, надминувајќи пет нивоа и запирајќи ја визуелната пропулзивност на населбата од надвор. Зад нив се формира вториот слој на објекти кои се со помала височина и се движи помеѓу две или три нивоа. Помеѓу двата реда на објекти поставена е пешачката улица, главниот носител на социјалната интеракција во населбата. Во допирот под прав агол на два сегменти од пешачката улица, предвидено е позиционирање на продавници кои се предвидени за снабдување со секојдневни производи. Покрај сервисната функција, тие ја имаат улогата и на социјални магнети, обединувајќи ги жителите на населбата околу една спонтана потреба. Во центарот на единицата на соседството, соодветно на конкурсниот предлог, се наоѓаат отворени зелени површини каде е предвидена градинка и повеќе рекреативни содржини(сл. 61).



сл. 61 - Просторна организација на единица на соседство (авторски цртеж. 2022)

Гледано низ попречниот пресек на единицата на соседството, катната разлика на објектите во различните слоеви на потковицата е водечкото својство на урбаната морфологија. Надворешниот слој ориентиран кон булеварите е повисок, правејќи ја населбата просторно инклузивна во сопствениот лимит, но и воспоставувајќи јасна претстава за нејзиниот модерен карактер со остатокот на градот. Внатрешниот слој на двојната потковица е понизок, отворајќи ја визуелната врска на повисоките објекти од работ на блокот со средината на единицата на соседството, обидувајќи се да го задоволи контактот со природата на жителите на повисоките катови (сл. 62). Ефектот на природата во единицата на соседството е засилен и со организацијата на сообраќајот. Изградената станбена структура е физичка, но и визуелна пречка за присуство на возилата во средината на блокот, ослободувајќи ги на тој начин речиси сите делови од соседството, достапни и приоритетно предвидени за човекот (сл. 63).



сл. 62 - Воспоставување однос со отворените полујавни дворови на единицата (авторски цртеж. 2022)



сл. 63 - Пресек дијаграм на вертикалната организација на единицата на соседство (авторски цртеж. 2022)

Урбанистичката мисла по Втората светска војна ја преиспитува визијата на Корбизје за градот – машина и отфрлањето на „стегите“ на минатото во замена за слободата и можностите на сегашноста и иднината (White. 2003 : 1-6). Наместо ваквиот став, се појавува потребата за навраќање кон искуствата од минатото и локалните вредности, за хуманиот град, непосредните социјални односи и искрената архитектура (Belogolovsky. 2019 : параграф 8). Ваквите тези се обработуваат и на CIAM 8 во 1952 година (осмата меѓународна конференција за модерна архитектура) именувана „Срцето на градот“ (анг. The heart of the city). Тука, со желба за повторно издигнување на разрушените градови од воениот период, се трага по суштината на јадрото на градот, во неговата физичка и емоционална смисла (Marchi. 2016 : 135-144). Во своето обраќање на конференцијата, Гидеон (Giedion. 1952 :17-23) градот го препознава како *„израз на различни социјални односи кои се обединети во еден организам“*. Поврзувајќи ги материјалните и нематеријалните чинители на градот во една целина, тој ја застапува идејата за хуманата димензија на градот која треба да се бара во неговата искрена историска форма што овозможува непосреден социјален однос на жителите во него. Интересот за историската и социјална димензија на архитектурата и урбанизмот е еден од водечките мотиви на младите посетители на конференцијата The Heart of the city, втората генерација на модерни архитекти кои понатаму ќе бидат профилирани низ идеите на неформалниот кружок TEAM X (van den Heuvel. Risselada. 2005 : 13).

Задлабочениот интерес кон оваа тема е насочен кон обидот за препознавање на историски инспирирани урбанистички и архитектонски склопови во градската форма која ја носи населбата Аеродром. Планирана и реализирана во време на активно „практикување“ на критичкиот регионализам, авторите на конкурсното решение и институциите одговорни за нејзината изведба недвосмислено и повеќе пати повикуваат на инспирација од македонската традиционална архитектура, кога станува збор за просторниот изглед и социјалниот карактер на населбата.

Истражувањата за целокупниот карактер на традиционалниот македонски град како препознатлива морфолошка целина се согледани од повеќе автори. Традиционалната македонска архитектура е опишана низ балансот на нејзините материјални и нематеријални вредности. Таа изобилува со *„специфична хармонија, игра на композицијата, структура, единство во мноштво, хармонија и контракпункт на ментални и технички структури.“* и истата покажува вештина *„за сместување на содржината за животот, менталитетот и обичаите во просторот“* (Бошковски. 1980 : 115). Фокусирајќи се повеќе на обликовните одлики, според Касапова ( 1990 : 80), формално неправилната позиција на објектите во стариот град, волуменската почит кон улицата и кон соседите и различните височини и кровни завршетоци на објектите во старото градско јадро, за пешакот создаваат возбудливи визуелни перспективи и динамична линија на контакт помеѓу небото и објектите, помеѓу изграденото и неизграденото.

Просторните вредности на традиционалниот град се забележуваат во привидната противречност која ја создава разноликоста на често повторуваните елементи од различните куќи што ја создаваат урбано – морфолошката целина. Еркерите, исфрлените кровни партии, третманот на прозорците, динамиката на отворените и затворените простори, меѓупросторниот квалитет на чардаците се чести

теми кои ја обликуваат локалната архитектура, а визуелните и естетските квалитети кои ги препознаваме во нив се производ на потребата за рационално решавање на секојдневните проблеми и потреби (Волињец. Алексиевска. 1984 : 53-61). Синхронизираното доживување на ваквите елементи, како и духот на времето кое носи свои социјални и асоцијативни одлики ја создава таа човекомерна димензија, силно присутна во ваквите просторни ансамбли во регионот (Кокалевски. 1979 : 218 – 219).

Населбата Аеродром во ниту еден случај не треба да се доживее како директно пренесување на традиционалната архитектура во модерниот контекст. Наспроти спонтано оформениот традиционален град, таа е резултат на темелно планирање и употреба на напредни планерски методи и градежни техники. Но, доколку го погледнеме времето во кое истата се планира и реализира, постои простор за нејзино толкување низ призмата на критичкиот регионализам. Дополнително, доколку се обидеме да ги препознаеме претходно споменатите одлики на традиционалниот град во неа, на идеолошко ниво населбата Аеродром носи обликовна сличност со локалните историски контексти, преведени во модерен јазик. Започнувајќи од урбано - морфолошката целина, различните типологии на објекти создаваат немирна силуета на населбата, а нивните висински разлики прават нерамен допир на кровните партии со небото (сл. 64,65). Покрај тоа, објектите поставени во еден ред не се цврсто позиционирани во осовината на една замислена оска на која би требало да се „нижат“. Тие меѓусебно се исфрлени и вовлечени, уште повеќе збогатувајќи го волуменскиот диверзитет. Кога дополнително на тоа ќе се додаде и непосредното зеленило, зборуваме за амбиентална повеќеслојност која постојано го менува карактерот на различни позиции на населбата, но истовремено го чува нејзиниот унифициран и обединувачки повисок наратив.



сл. 64 - Сегмент од населбата Аеродром, А1-2 (авторска фотографија. 2021)



сл. 65 - Сегмент од населбата Аеродром, А1-3 (авторска фотографија. 2021)

Локалното и традиционално ехо на населбата може да се почувствува и низ волуметријата на поединечните станбени објекти, независно од големата слика на целината. Повеќесемејната станбена зграда го губи своето монументално чувство преку нејзиното обликовно расчленување. Обвивката на зградата никогаш не е во една рамнина. Таа е сочинета од посебни „урбани модули" кои се меѓусебно исфрлени или вовлечени. Нејзината првостепена пластичност го намалува натежнатото чувство на еден зграда која наместо како една целина, се претвора во серија помали згради што ја градат динамичната целовитост на населбата. Низ оваа волуменска расчленетост, дел од зградите формираат вовлекувања кои се претвораат во катчиња за јавни средби и создаваат непосреден контакт со јавниот простор на улицата (сл. 66).



сл. 66 - Дијаграм за човекомерност на објектите во населбата (авторски дигитален цртеж. 2022)

Второтстепената пластика на зградите придонесува кон специфичниот и карактеристичен изглед на населбата. Косите кровови ја прават возбудлива силуетата на населбата кога нејзиниот посетител ја доживува од внатре или кога населбата е гледана од надвор. Терасите, речиси секогаш исфрлени од основната рамнина на фасадата, додаваат визуелни и просторни вредности во доживувањето на расчленетиот волумен на објектите. Дополнително, тие го потенцираат фасадниот контраст помеѓу вовлечените и испакнатите; светлите и темините; и отворените и затворени делови од зградата (сл. 67).



сл. 67 - Објект од единица на соседство, А1-3 (авторска фотографија. 2021)

Елемент кој недвосмислено се навраќа на локалната култура и социјалната традиција на поднебјето е влезната партија на станбената зграда и неговиот физички третман. Таа е дел од просторот кој ја остварува транзицијата од јавните кон приватните зони на живеењето. Позиционирањето на влезовите на зградите е направено како тие секогаш би комуницирале со пешачката улица. Употребувањето на овој метод е насочен кон засилување на социјалната интеракција помеѓу нејзините жители. Во обликувањето на влезот, без исклучок се појавува клупа која е дел од целокупното пластично обликување на зградата, назначувајќи ја идејата за прелевање на програмата на зградата од внатре кон надвор. Овој дел од влегувањето во зградата нуди и благ контакт со улицата, каде жителите може спонтано да седнат и неформално да поразговараат со своите соседи, асоцијативно поврзувајќи не со социјалните вредности на просторот за седење пред портите на локалните традиционални куќи (Касапова. 1990 : 63).

### 3.10.2 Прашањето на станот како најниска станбена единица

Најниското мерило - мерилото на станот забележува просторна и концептуална еволуција, како резултат на веќе споменатото тежнеење кон еманципативна модернизација. Југословенската архитектонска сцена активно е вклучена во развојот на станбената типологија уште од меѓувоениот период, експериментирајќи со станбените единици кои идеолошки се блиски до тогаш современите авангардни политики на CIAM (Prica. 2019 : 225-234). По Втората светска војна и промената на општествениот систем, СФРЈ ја продолжува воспоставената станбена пракса, сега засилена и ориентирана кон силна станбена реализација како презентација на новиот социјалистички правец кој треба да ја дефинира федерацијата. Нов Белград станува експериментална територија за примена на нови станбени концепти и симбол на југословенската модерна архитекура (Damjanović Conley. Jovanović. 2012 : 294-311). Во доцните педесетти и шеесетти години, прашањето за модерниот стан е предмет на повеќе отворени изложби кои ги доближуваат ваквите начини на живот до секој жител на земјата (Rebernjak. 2022 : 86-92). Во годините кои следат, социјалистичкиот стан минува низ просторна и квантитативна еволуција, предизвикана од потребата за квалитативни подобрувања на непосредниот станбен простор (Alfirevic. Simonovic Alfirevic. 2018 : 8-17).

Населбата „Аеродром“ во најниското мерило изобилува со станбени решенија кои се плод на бројни докажани, но и млади архитекти. Овој широк ансамбл на станбена продукција го подобрува станбеното прашање на градот во повеќе погледи. Првенствено, во однос на поставената идеја за квантитативна надградба на станбениот капацитет на градот, овие станови овозможуваат поголема животна површина за секој член на семејството во споредба со нискиот стандард од просечни 8.5m2 по глава на жител непосредно пред земјотресот. Дополнително, населбата овозможува различни типови на станови, соодветни за семејства со различен број на членови и културолошки различни навики[59].

Следењето на принципите на модерната архитетура се препознава и низ организацијата на просторот. Како период на рационални станбени решенија дефинирани со зачестена употреба на префабрикувани системи (Mrduljash. 2018 : 45) и зградите на населбата Аеродром делумно се изградени со конструктивни системи кои вклучуваат монтажни елементи (Димков, 2005 : 38-53). Ваквите системи пак, внесуваат флексибилност во решението, овозможувајќи со тоа внесување на дополнителни просторни квалитети во организацијата на станот. Различните решенија овозможуваат диверзитет во групите на жители и културата на живеење. Станот често пати е со две ориентации што овозможува визуелна врска со два различни контексти. Ваквата организација создава особено силно просторно искуство во приземните станови на внатрешниот ред од објекти. Двата дворови (кон пешачката улица и централниот колективен двор на единицата на соседството) овозможуваат врска на внатрешниот

[59] Стан со двор во приземјето наспроти останатите станови кои имаат редуциран (но сè уште присутен) однос кон природата.

(заедничкиот двор) и интермедијалниот јавен простор (пешачката улица) низ серија на различни просторни пејзажи со различен степен на приватност (сл. 68).




сл. 68 - Дијаграм за транзиција низ просторот и различен станбен идентитет
(авторски цртеж, 2024)

Рационалното користење на просторот се случува и со групно организирање на сервисните делови од станот во неговата внатрешност оставајќи ги главните животни простории поблиску до фасадата и квалитетното изложување на проветрување и инсолација. Ваквото рационално организирање на сервисната програма овозможува отворање на длабоки перспективи во внатрешноста на станот кои често завршуваат со отвори за контакт со природата. Ова прави дел од становите на населбата да бидат препознаени како високо квалитетни резиденцијални единици на ниво на Југославија (Alfirevic. Simonovic Alfirevic. 2018 : 8-17) (сл. 52, сл. 53, сл. 54).




сл. 69 - Станбена организација на единица на соседство A1-1 (авторски цртеж. 2025)




сл. 70 - Станбена организација на единица на соседство А1-2 (авторски цртеж. 2025)




сл. 71 - Станбена организација на единица на соседство А1-3 (авторски цртеж. 2025)

### 3.10.3 Пешачка улица

Иако формално различна, суштински и концептуално пешачката улица во овој план е наследник на идејата за улица на ЗУАС и DA како обединувачки фактор на соседството, негов социјален катализатор и генератор на интеракција меѓу соседите. Години по планот за обнова и изградба на Скопје од 1965, пешачките улици го задржуваат истиот карактер, претворајќи се во ентериер на единицата на соседство што го засилува активниот живот на заедницата. Како таква е препознаена и во каталогот на Биеналето за македонска архитектура од 1983 година, додека пак нејзиниот ликовен израз е опишан како современ израз, темелен врз традиционалните елементи од нашето архитектонско наследство (Сојуз на друштво на архитекти на Македонија. 1983).

За возбудливо пешачко искуство, искористен е обликот на единицата на соседството. Нејзиниот потковичест облик влијае врз формата на улицата, претворајќи ја истата во серија прекршени сегменти кои стануваат должински прифатливи етапи во очите на нејзиниот корисник (Gehl. 2011 : 137). Во насока на засилување на пешачкото искуство, објектите се поместени од една конкретна оска, а нивното меѓусебно повлекување и исфрлање влијае врз оската на улицата која е прекршена и пешакот го претвара во буден истражувач на патот по кој се движи. Кога на тоа ќе се додаде и затворената улична перспектива, пешакот е во постојана потрага по следната визура, фокалниот објект и неформално обележје кое ја збогатува визуелната варијација на населбата (Lynch. 1960 : 48) (сл. 72).



сл. 72 - Насочување на пешакот кон следна точка на интерес (авторски дијаграм. 2024)

На карактерот на улицата влијае и зеленилото кое се развива паралелно со неа. Покрај објектите, во форма на дворови во придружба на приземните станови или како независни зелени острови во самата пешачка улица, зоните на зеленило ја заматуваат границата помеѓу јавниот дел на улицата и приватниот затворен дел на изградените објекти. Тој меѓупросторен слој ја чини обединетоста на просторот, учествува во надминување на колективната различност и гради единствен идентитет на целината (van Eyke. ? : 92).

Во духот и живоста на улицата учествува и нејзиното програмско третирање. Со цел да се обезбедат услови за развој на социјална обединетост, улицата е збогатена со повремени позиции за седнување и спонтана дружба долж нејзиниот развој. На различнни позиции, во форма на проширувања, таа добива „катчиња“, агли кои добиваат спортска содржина за неформално спортување на соседите (сл. 73). На крај, самата програма во приземјето која покрај домување, вклучува и јавна содржина од комерцијален тип (најчесто локални продавници), станува место за средба, разговор и можност за поминато заедничко време на соседите со основни социјални активности (Gehl. 2011 : 155). Вака, секој раб станува потенцијално „населено“ место (Hertzberger. 1990 : 176). Сето ова тежнее кон возобновување на идејата за пешачката култура, она што Звонимир Никуљски (1980a : 12) го препознава како напуштање на концептот на „хомо анонимус“. Според него, модерните пешачки улици како поле за нови влијанија, впечатоци и доживувања може да ја заменат површинската и менталната економичност на сегашниот човек (сл. 74).



сл. 73 - Јавна содржина во рамките на единицата на соседството  (дигитален дијаграм. 2024)




сл. 74 - Позиции за спонтана социјализација долж пешачката улица (авторски цртеж. 2024)

### 3.10.4 Централни дворови и зелени површини

Полујавниот двор во центарот на единицата на соседството е носител на обединувачката улога на соседството. Доколку сиот изграден простор се доживее како една целина, полујавниот двор е отворената екстензија на станбениот сегмент. Покрај обединувачкиот карактер, овие центри на единиците на соседството се главни носители на природниот амбиент на населбата. Нивното значење станува уште поголемо кога ќе согледаме дека тие се дел од поголема зелена инфраструктура на целата населба. Поврзани од една страна со лонгитудиналните паркови во средината на месната заедница, тие ја градат релацијата помеѓу различните единици на соседствата. Во рамките на целиот зелен простор, сместена е програма која ќе служи за секојдневна животна поддршка на неговите жители.

Од предвидениот развоен план, во реализацијата на населбата отсуствуваат водените токови од Вардар, осиромашувајќи ја содржинската програма на населбата и нејзиниот дополнет природен и идиличен амбиент. Сепак, природниот карактер на оваа населба е цврст и без водените токови. Потребата од контакт со природата, како место кое обезбедува мир, оптимизам и опуштеност е забележано и од локалните архитектонски и планерски кругови (David, 1975 : 85-93; Кокалевски. 1979 : 214-215). Тежнеењето кон град кој ќе изобилува со зелени површини го потврдуваат и намерите на Секретаријатот за урбанизам, комунални работи и сообраќај според кој, до 1981 година е предвидено обезбедување 20 m² до 25 m² зелени површини по жител на градот, наспроти 7.2 m² кој градот ги обезбедил до 1977 година. (Љ.П. 1977 : 9). Главен

реализиран носител на ваквата политика е населбата Аеродром, во која зеленилото е во непосреден допир со жителите и каде самото зеленило станува содржина наместо дополна на изградениот простор (сл. 75).



сл. 75 - Ниво на озеленување на месна заедница А1 (авторски цртеж. 2022)



сл. 76 - План на месна заедница А1 (авторски цртеж, 2022)



сл. 77 - План на месна заедница А2 (авторски цртеж)

### 3.11 Втора фаза од изградба на населбата

Процесот на станбена изградба кој во Скопје интензивно се одвива од 1948 година, продолжува и во осумдесеттите години од дваесеттиот век. Како резултат на континуираниот напреден раст на населението (В.К. 1980 : 6), не запираат и развојот на политиките на домување. Иако бројот на станови со пристоен стандард во градот е во постојан раст (Непознат автор. 1980 : 9), капацитетите за станбен развој се под потребите на населението што се забележува низ негативната статистика за непостигнување на годишните предвидувања за реализирани станбени единици во Скопје (Пржевска. 1980 : 6).

По започнувањето со изградба на двете месни заедници од првата фаза на населбата „Аеродром" (А1 и А2) кои до средината на осумдесетите години се очекуваше целосно да бидат завршени, почетокот на осумдесетите години ја обележуваат изградба на втората етапа од модерниот источен станбен реон на Скопје. Најавен како „*мошне значаен зафат на собранието на Град Скопје*" (М.Б. 1981 : 6), новата зона на развој на населбата Аеродром (наречена Аеродром 2, денес населба „Ново Лисиче") предвидува изградба на 4000 нови станови, кои потоа се симнуваат на 3200 (М.К. 1981а : 8), алудирајќи на опаднатиот производен капацитет.

Територијата на Аеродром 2 која се протега источно од булеварот „Србија", како и претходната фаза на изградба на населбата станува најголемата локација на која се одвива градбата на станови во овој период (М.Б. 1981 : 9). Урбано – морфолошката матрица веќе воспоставена во претходната етапа од изградбата на населбата продолжува и на новите територии како најнапреден модел на домување во Скопје, подобрувајќи ги нејзините слабости од минатата фаза. Организациски, предвидена е изградба на една месна заедница, повторно сочинета од четири единици на соседство.

Тежнеејќи кон подобра станбена изградба, Самоуправната станбена интересна заедница на Скопје распишува повикан конкурс за идејни решенија на сите станбени објекти кои се предвидени за реализација (М.К. 1981б : 11). Конкурсот се фокусира на напредок на најситниот и најинтимниот станбен простор, преку организацијата на станот како непосредното човеково животно засолниште. На конкурсот се повикани: Заводот за урбанизам, станбена и комунална техника на СРМ - Скопје, Институтот за студии и проектирање при РГО „Бетон", „Пелагонијапроект", „Гранитпроект", „Инженеринг" при ГРО „Маврово" и „Македонијапроект" - Скопје. Изборот на учесници повторно зборува за потребата од напредни идеи во областа на домувањето и за големината и сериозноста на овој станбен потфат. На него се отворени темите за рационалното прашање на станот, кој покрај економичната, ја допира и социјалната компонента. Отворена е и темата за модуларност и адаптибилност на станбените единици според потребите на семејството и напреднувањето на идеите за осончаност и станбениот контакт со природата (Муличковски. 1982 : 37-44). По завршување на конкурсот, изградбата на блоковите е доделена на ГРО „Маврово", „Пелагонијапроект", „Гранитпроект", „Илинден", „Техника" и Институтот за студии и проектирање при РГО „Бетон" (Боглев. 1984 : 8, Рафаиловски. 2025). Напуштена е праксата за доделување на цел станбен блок на една градежна фирма. Иако не постои конкретно истражена причина за таквата одлука, уситнувањето на градежните активности хипотетички може

да го поврземе со падот на можноста за навремена испорака на договорените станови на поединечните компании.

Во повисокото мерило, задржана е структурата на двојна станбена потковица меѓу која се проткајува пешачката патека. Нејзиниот профил, во споредба со претходните, во овој дел од населбата е поголем, оставајќи простор за повеќе активности на улицата, побогата зелена содржина, удвоени пешачки коридори и урбана опрема која го исполнува средишниот простор (сл.78).



сл. 78 - Дијаграмски пресек на пешачките улици.
А3-1 (горе лево), А3-2 (доле лево), А1-3 (горе десно) и А1-4 (доле десно) (авторски цртеж 2026).

Психолошко - социјален елемент кој го засилува природниот дух на населбата се дворовите на објектите ориентирани кон пешачката улица. Обврската станарите самостојно да учествуваат во нивното хортикултурно уредување, претворајќи ги во своја „урбана бавча", прави жителите на населбата да чувствуваат подиректна релација со отворениот простор, придонесувајќи лично во визуелниот и ликовен амбиент на пешачката патека на заедницата, која истовремена станува и нивна. Успехот на ваквата форма покажал добри резултати во населбата „Сплит 3" (М.К. 1980 : 6), врз чија основа, примената во „Аеродром" влева надеж за пријатно и хумано просторно искуство. Надоврзувајќи се на прашањето за визуелното и ликовно искуство на населбата, завршетокот на кровните партии во втората фаза од изградбата на населбата се геометриски усложнети, создавајќи посилна динамика на допирот на зградите со небото (сл.79).

сл. 79 - Кровови во месна заедница А3 (непознат автор, 1978)





сл. 80 - План на месна заедница А3

Паралелно со изградбата на месната заедница А3, се развива и уште еден сегмент според автентичниот урбано - морфолошки модел на населбата Аеродром. Западно од месната заедница А1, во останатиот простор помеѓу Вардар и булеварот „Јане Сандански“ се формира најмалата месна заедница „13 Ноември“ која ги содржи истите урбани елементи што го градат автентичниот изглед и карактер на населбата Аеродром. Во него се задржува принципот на двојна станбена потковица помеѓу која меандрира пешачката патека кон која се ориентирани дворовите на повеќесемејните згради, додека во центарот на блокот се наоѓа полујавниот двор на заедницата со урбана опрема, како и детски и спортски игралишта. Заради ограничените просторни капацитети, центарот на месната заедница се развива паралелено со булеварот „Јане Сандански“, а дел од станбените објекти излегуваат од вообичаената шема на потковицата. Во просторната диспозиција, истите делуваат како да не припаѓаат на блокот, комуницирајќи со непосредното зеленило и коритото на реката Вардар.

Изградбата на оваа месна заедница е разделена на повеќе градежни компании. Додека во „А3“ изградбата на четири блокови и месната заедница ја спроведуваат шест компании, станбениот сегмент на „13 Ноември“ кој е сочинет од еден блок, го градат ГРО „Маврово“, „Пелагонијапроект“, „Гранитпроект“, „Илинден“, „Техника“, Институтот РГО „Бетон“, „Македонија проект“ и ГРО „Ратко Митровиќ“, додека центарот на месната заедница е дело на ГРО „Маврово“ (непознат автор. 1986 : 16). Учеството на осум компании во изградбата на блок кој ја има истата големина како и претходните, полека ја најавува несигурната иднина на градежната индустрија и производство, особено кога е во прашање понатамошниот развој на населбата Аеродром за која ако се земе во предвид конкурсното решение, е далеку од завршена.

Засебните блокови на населбата од различни месни заедници покажуваат високо ниво на архитектонски квалитет кога се во прашање композициската, волуметриската и програмската организација на целината. Потврда за тоа се редовните презентирања на делови од населбата на Биеналето на Македонска архитектура како примери за успешни градски простори, соодветни на времето во кое се реализираат (БИМАС. 1981, БИМАС. 1983, БИМАС. 1985, БИМАС. 1987, БИМАС. 1989).

Од друга страна, наспроти репрезентативната слика на населбата во професијата, осумдесеттите години на дваесеттиот век на виделина го изнесуваат бавниот процес на изведба и завршување на становите. Статиите во дневниот печат посочуваат на чести одложувања на употреба на становите како резултат на недовршени занаетчиски работи во нив (З.А. 1984 : 7, В.Б. 1984а : ?, В.Б. 1984б : 7, Јовановска. 1985 : ?, Д.Ч. 1986 : ?). Се појавува непотполност на предвидените јавни содржини (Мицковски. 1986 : ?), сообраќајната инфраструктура која треба да го обезбеди пристапот до објектите е недовршена, додека пак големите зелени површини не се целосно пошумени ( В.Р, Н. Кап. 1990 : 5). Во насока на загрозената состојба на населбата е и фактот што на 80 проценти од територијата предвидена за понатамошна изградба на населбата „Аеродром“ се јавуваат дивоградби во форма на индивидуални куќи, чие отстранување претставува сериозен проблем (Боглев. 1984 : 7). Овие негативни фактори, обединети заедно нечујно го најавуваат прекинот на изградбата на наредните фази на населбата „Аеродром“ до нивниот конечен конкурсно замислен обем и автентичен изглед (сл. 81).



сл. 81 - План на месна заедница 13 Ноември

# 4 СОВРЕМЕНИОТ КОНТЕКСТ НА НАСЕЛБАТА АЕРОДРОМ

## 4.1 Одразот на општествените промени во изградениот простор

Во 1991 година, Република Македонија станува независна држава, осамостојувајќи се со напуштањето на Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Со оваа крупна општествена и политичка трансформација, се менуваат и приоритетите во планирањето и изградбата на просторот. Колективната станбена изградба, која претходно беше еден од главните државни интереси, одеднаш ја загуби својата позиција. Ефектите од овие промени јасно се забележуваат во новите идеи за развој на градскиот простор и соодветно, преку новите просторни манифестации. Тенденцијата за намалување на мерилото во кое се замислува и гради градот, односно преминот од големи, сеопфатни проекти кон помали, парцијални интервенции се забележува на целата територија на Скопје. Паралелно, загрижувачки е и падот на амбицијата и капацитетот на државата да планира и реализира сложени и сеопфатни урбанистички зафати кои јасно би дефинирале одредени просторни сегменти на градот.

За населбата „Аеродром“, последната декада од 20-тиот век означува завршување на започнатите градежни, инфраструктурни и хортикултурни активности во веќе оформените месни заедници, без намера за понатамошна реализација според планот. За разлика од претходните децении, кога јавниот дискурс беше исполнет со оптимизам и визии за развој, во овој период отсуствуваат најави за нови фази. Жителите се вселуваат во веќе изградените нови домови, а населбата го достигнува својот автентичен облик во рамките на веќе реализираниот обем.

На почетокот на новиот милениум изградбата на градот продолжува, при што доминираат два основни модели. (1) На позициите на дотраените објекти со понизок стандард се градат доградби, надградби или пак се целосно заменети со нови градби, честопати и значително поголеми. (2) Преку изградба на нови објекти на слободни површини, преку пополнување на т.н. „урбани празнини“. Овие интервенции често го нарушуваат континуитетот на градската силуета, создавајќи дисхармонични односи кои не одат во насока на претходно воспоставените принципи и идеологии за станбениот развој на Скопје.

Во источниот дел на Скопје, ваквите состојби се препознаваат во повеќето просторни сегменти кои беа предмет на анализа во рамките на трудот. Во населбата „Вардар“ може да се забележи тенденција за надградба и проширување на постојните објекти, сѐ до целосна замена на ниските повеќесемејни згради со нови, но неколкукратно повисоки. Во населбата „13ти Ноември“ се доградуваат сите хоризонтални издолжени повеќесемејни згради, со што се зголемува површината на станот, но се намалува квалитетот на светлината во станбениот простор. Дополнително, се појавуваат и нови интерполации во рамките на отворените зелени површини. Некогаш замислени како интегрален дел од станбеното ткиво, зелените површини се редуцираат или целосно исчезнуваат.

Погледнато низ квантитативните параметри, новите реализации постигнуваат далеку поголема искористеност на земјиштето, подобрена енергетска ефикасност и повисоки технички стандарди. Дополнително, во дел од населбите се зголемува и

стандардот кога е во прашање просечната станбена површина по глава на жител. Сепак, новата изградба доаѓа по цена на значително намалување на квантитетот и квалитетот на јавниот простор, како и намален стандард кога е во прашање социјалната интеракција и врската со природата. Зелените површини во градот се намалуваат, а со нив и јавните содржини кои се двигател на колективниот дух на населбата. Дополнително, височината и дистанцата помеѓу новите згради предизвикува отежнато осветлување и проветрување на станбените единици, а погледот на новите жители повеќе не комуницира со јавниот и зелен простор, туку најчесто со фасадниот ѕид на соседната зграда.

Проширувањето на градот и зголемувањето на неговиот станбен капацитет продолжува и на териториите од населбата Аеродром, предвидени за развој според планот на ЈУГИНУС. Меѓутоа, новите општествени и економски околности условуваат суштинска промена во пристапот кон нивното обликување. Во овие простори се појавуваат нови урбани форми кои се темелат на урбанистичка и проектантска идеологија што значително отстапува од претходно воспоставените принципи, како во однос на просторната организација, така и во однос на односот помеѓу изграденото и слободното.

### 4.1.1 Станбената структура на населбата Аеродром во новото општествено уредување

Победничкиот конкурсен труд на ЈУГИНУС, за идејно урбанистичко решение на населбата Аеродром никогаш не е реализиран во целост. Реализирани се одредени сегменти - две целосно затворени месни заедници (Месна заедница А1 и Месна заедница А3, уште позната и како „Аеродром 2“ или „Ново лисиче“), една делумно изградена месна заедница (Месната заеднива А2) и еден сегмент со намален капацитет на домување кој го следи моделот на двојна станбена потковица со сопствен центар на месна заедница (Месната заедница „13ти Ноември“). Гледано од аспект на нејзиниот максимален планиран обем, населбата никогаш не го достинала најавуваниот капацитет од 100 000 жители, ниту пак нејзиниот физички отпечаток ја достигнал големината на „мал град“.

На прагот на 21-от век, во рамките на предвидениот потег на населбата Аеродром, источно од месната заедница А2 и на територија на градот каде што е предвидена изградбата на источниот реонски центар, започнува формирање на нов станбен сегмент. Овој сегмент ниту програмски, ниту урбано - морфолошки не се совпаѓа со претходно предвидената состојба. Наместо сеопфатен и целовит пристап кон уредувањето на слободниот простор, новата изградба ја чинат повеќе мали и засебни интервенции кои не образуваат кохерентна, обединета целина. Опкружени од повеќе страни со колски сообраќај и организирани во посебни блокови, објектите укажуваат на регресивен урбанистички пристап кој се одликува со значително послаба врска помеѓу изградениот и слободниот простор. Јавните зелени површини не се само физички помали, туку и социјално инфериорни споредени со автентично реализираниот просторен сегмент на населбата Аеродром. Во рамки на новата станбена структура, тие оставаат впечаток на слободни, недоволно артикулирани зони со ограничена функција

на локални паркови, наместо да се доживуваат како јасно интегриран и нераскинлив дел од културниот и социјалниот пејзаж на домувањето.

Во текот на втората деценија од 21-от век, станбената изградба продолжува на повеќе локации. Новите станбени згради се појавуваат на различни позиции околу населбата Аеродром: во рамките на реонскиот центар, источно од месната заедница А3 (Аеродром 2 / Ново Лисиче), на поранешното обработливо земјиште, како и јужно од месната заедница А2, на простор кој според првичниот план бил наменет за развој на две единици на соседство со карактеристики идентични на автентичната замисла.

Урбаната морфологија на објектите од овој период не покажува позначаен интерес за формирање квалитетен јавен и социјален простор. Објектите се поставени во непосредна близина еден до друг, со максимално искористување на градежните парцели, што резултира со едноставни, често монотони кубични волумени, без изразена архитектонска амбиција. Покрај улиците и паркиралиштата, во новоизградените делови речиси и да не постои хуманизиран простор, кој би можел да се спореди со јавните простори од претходниот период. Иако кај дел од објектите приземните нивоа добиваат комерцијален карактер и ги задоволуваат основните секојдневни потреби на жителите, сепак отсуството на јасно дефинирана и континуирана јавна инфраструктура ги сведува овие простори на изолирани социјални и комерцијални „вакуми“, без можност за нивно обединување во една препознатлива урбана целина. Дополнително, недостига транзициски простор – своевидна меѓузона која би овозможила постепен премин помеѓу изграденото и слободното, односно помеѓу приватното и јавното.

Отсуството на квалитетен јавен простор, кој треба да претставува интегративен елемент на населбата и чија задача претставува поврзување на нејзините делови (градби) и жители во една логична целина, резултира со создавање на исклучиво физички, но не и социјални релации помеѓу објектите. Во отсуство на јавен простор насочен кон пешачко користење и без слободна социјална програма која би поттикнала спонтани средби и интеракции на жителите, во новоизградениот простор јасно се забележува отсуството на колективен дух и локален идентитет. Ваквата состојба отвора пошироко прашање врзано со можноста за постоење и препознавање на една (вистинска) населба како социјално и културно оформена целина со конкретен идентитет, доколку отсуствува просторот во кој таа природно би се развивала и артикулирала преку секојдневната интеракција на нејзините жители.

#### 4.1.2 Јавните содржини на населбата Аеродром во новото општествено уредување

Јавната програма во населбата Аеродром претставува суштинска поддршка за целосното искуство на домувањето. Центрите на месните заедници, како главни носители на локалните јавни содржини, се логично позиционирани во планот на ЈУГИНУС, што произлегува од правилно разбирање на социјалните односи и секојдневните потреби на жителите. Сепак, приоритетот даден на изградба на станбената структура го става во втор план реализирањето на јавните содржини, чија изградба временски заостанува..

Единствениот центар на месна заедница кој е изведен најблиску до просторната логика и програмските заложби на тимот на ЈУГИНУС е центарот на месната заедница А2. Тука може да се препознае доследно спроведена идејата центрите да обезбедат попречна врска на населбата со рекреативната зона на кејот на реката Вардар. Слободното пешачко движење во правец север-југ е овозможено до средишниот булевар „Јане Сандански“, каде според проектот на Рафаил В’лчевски (Јанева. 1981: 39) бил предвиден подземен пешачки премин кој требал да го поврзе овој центар со центарот на месната заедница А1, развиен огледално во однос на булеварот (сл.82). Задоцнетата изведба на јавните содржини ја нарушува динамиката на изградбата, при што делови од центарот на месната заедница А1 не се реализираат во периодот на најинтензивна и автентична изградба на населбата. Како последица, предвидената подземна врска никогаш не е изведена, а на почетокот на втората деценија од 21-от век започнува изградба на трговски центар на локацијата првично наменета за овој јавен сегмент. Неговата просторна и социјална концепција значително отстапува од оригиналниот предлог. Наместо слободно движење, континуиран пешачки тек и отворен, интегриран јавен простор, новата интервенција создава затворена структура која ја прекинува првичната идеја за просторна поврзаност. Дополнително, променетата катност го нарушува урбано-морфолошкиот континуитет и ги прекинува важните визуелни врски во рамките на населбата.



сл. 82 - Макета од центрите на месните заедници А1 и А2
(дигитално подобрена фотографија, непознат автор. 1981)

Предвидениот реонски центар (споменат претходно во трудот), станува предмет на програмска адаптација. Идејата за негово интегрирање со центарот на месната заедница А3 и за воспоставување директна врска со кејот на Вардар останува нереализирана. Во централниот дел на месната заедница А3 се изградени станбените објекти, додека предвидените јавни празнини остануваат недефинирани, функционирајќи како отворени зелени површини без јасна артикулација.
Во контекст на кејот на реката Вардар, предвидената рекреативна зона ја задржува својата програма, но не е целосно спроведена. Наместо континуиран и обединет просторен потег, нејзината артикулација - особено изразена во текот на втората деценија од 21-от век - се одвива преку парцијални интервенции, со поединечни спортски, рекреативни и угостителски содржини. Новите интервенции не се дел од единствена просторна логика, туку функционираат како независни елементи поставени во непосредна близина, без меѓусебна интеграција.

### 4.2 Просторен дијалог помеѓу две општествени уредувања

Документирањето на развојот на источниот дел на Скопје од средината на 20-от век до денес, јасно открива две различни насоки и визии кои ја обликуваат неговата урбана форма. Овие насоки соодветствуваат на двете клучни општествено - политички етапи: периодот кога Македонија е дел од идеолошки и материјално моќната Социјалистичка Федеративна Република Југославија и периодот по нејзиното осамостојување, кога таа е млада и мала по територија, независна република, период обележан со неолибералниот општествен и економски модел. Овие две реалности јасно се препознаваат во пристапот кон изградбата и односот кон просторот. Доколку архитектурата повторно ја погледнеме како огледало на општествената состојба (McGillycuddy. 1991 : 39), тогаш од една страна се забележуваат големи, амбициозни планови и интегрални реализации насочени кон колективното добро (простори кои треба да му служат на човекот), додека пак од друга страна доминираат (по)мали, фрагментирани интервенции без нагласена архитектонска амбиција и моќ за колективен одговор на општествените урбани предизвици. Додека во социјалистичкиот период државата има водечка улога како инвеститор и носител на урбаниот развој, во постсоцијалистичкиот контекст оваа улога ја преземаат приватните инвеститори. Во тој контекст, мотивацијата за новите етапи од развојот на градот во социјалистичкото општествено уредување - водено од слоганите „братство и единство“ и „еднакви права за секој работник“ - претставува подобрување на животниот стандард и подобрување на животната средина. Во новиот капиталистички систем, честопати мотивиран исклучиво од индивидуален напредок, старата идеологија се поместува од подобрување на животниот стандард и заедничкото добро кон индивидуална економска добивка, што резултира со пониски просторни и социо - културни квалитети на градскиот простор.

Во физичка смисла, новиот пристап во градењето на градот се обидува да се инфилтрира во повеќе просторни сегменти на Скопје. На истокот, неговото пробивање не е рамномерно. Најотпорниот (анг. resilient) дел од населбата кој одолева на новите просторни упади и трансформации останува делот од населбата Аеродром реализиран според планот на ЈУГИНУС. Неговата просторна логика, интегритет и јасно дефиниран

идентитет се задржани, благодарение на зачувувањето на основните урбани елементи што ја градат неговата структура.

Во поголемиот размер, денешната слика на источниот дел на Скопје открива силен контраст во урбаната морфологија. Од една страна е рационално организираната структура на населбата Аеродром, која се судира со новите, често некохерентни интервенции, како и со индивидуалната станбена изградба што се развива без јасна урбанистичка матрица. Она што е препознаено како артикулирана урбана форма, остро е прекинато со сообраќајниците „Февруарски поход“ и „Србија“ во правец север - југ, зад кои кон исток, рационалниот градски отпечаток избледува и завршува со недефиниран крај. Кога би се спределиле конкурсното решение за населбата Аеродром и реалната состојба, јасно се забележуваат географските прагови кои претставуваат логични граници на недореализираната населба (Вардар на север и Маркова река на исток). Ваквиот контраст резултира со неприроден допир помеѓу две структури кои просторно не општат и немаат причина да егзистираат заедно (сл. 85).



сл. 83 - Сателитска снимка од населбата Аеродром и нејзиното опкружување
(Google Maps Pro. 2026)

И покрај делумната реализација, дури и редуцираниот облик на населбата се издвојува како специфична станбена целина во Скопје кој воведува нова урбана морфологија. На површина поголема од 1.7 km² , изградени се единаесет единици на соседство со ист обликовно - просторен концепт чија еволуција може да се следи низ теориите на повеќе планери и архитекти (Пери - Доксијадис - ЈУГИНУС - ЗУАС). Секоја од единиците на соседството достојно ги задржува темите на двојна станбена потковица, завиена пешачка улица и централен полујавен двор. Движејќи се од генералниот размер на целината, па сè до минималниот размер на деталот, овие три елементи обединето учествуваат во градење на целовитиот амбиент на населбата, премостувајќи го мерилото меѓу архитектурата и урбанизмот, што според Питер Блејк е основа за создавање просторно задоволство (цитиран во Коробар. 1983 : 152). Со обединетото функционирање на трите елементи на основната станбена единица,

населбата Аеродром го достигнува високото ниво на комплексна и целовита форма на домување во рамките на градот. Единиците на соседството (а преку нив и целата населба) се испланирани со цел да ја оживеат идејата за хуман сектор, при што низ нив природно одекнува мислата на Луис Мамфорд за хуманата суштина на градот, чии примарни вредности се остварувањето на човечките контакти и непосредните односи (цитиран во Никуљски, 1980). Ваквата поставеност овозможува да се воспостави јасна паралела помеѓу изградениот простор и идејната рамка што го обликува и инспирира.

Принципот на нецелосно реализирање на населбите, во однос на првично поставените визии, не е исклучок ни во случајот на населбата Аеродром. Тоа е карактеристично за повеќе недовршени населби за колективно домување во поранешна Југославија, кои биле планирани во значајно мерило и со висока програмска сложеност, а чија реализација се одвивала во повеќе временски етапи (Mrduljaš, 2012). Сепак, судирот на автентично реализираниот дел од населбите со новите развојни етапи на градот - кои речиси секогаш носат обликовен, програмски и социолошки дисконтинуитет - може да води и кон потенцијално продуктивен научен исход. Соочени со реалноста на новото време, овие автентични делови стануваат препознатливи точки во урбаната морфологија на градот, кои сведочат за изгубени просторни квалитети и за реализација водена од поинакви, денес веќе историски, идеологии и визии.

Во таа смисла, квантитативните и просторните карактеристики преку кои се следи развојот на овие станбени ансамбли, разгледани во поширока историска и општествена перспектива, отвораат можност за нивно пообјективно вреднување. Притоа, тие можат да се интерпретираат не само како значајни градителски достигнувања на своето време, туку и како релевантни искуства и поуки за современото и идното обликување на градот.

### 4.3 Поставување на критериуми за вреднување на населбите

Пионерското и екстензивно документирање на развојот на еден просторен сегмент на населбата Аеродром, кое за прв пат е спроведено во овој обем и деталност, претставува значајна почетна платформа за понатамошни продлабочени истражувања. Овој корпус на материјал може да послужи како основа за подетална анализа на веќе обработените содржини, но и како појдовна точка за нови истражувачки пристапи и интерпретации, надградувајќи ги поставените тези на овој труд.

Иако насочена кон испишување критичка историја и кон објективно вреднување на населбата Аеродром, ваквата обемна документарна хронологија сама по себе не е доволна за целосно потврдување на нејзините вредности. Доколку населбата се разгледува како потенцијално модерно наследство на градот, неопходно е нејзините квалитети да се анализираат преку јасно дефинирани и прецизно воспоставени критериуми, кои ќе овозможат систематска и аргументирана критичка евалуација.

Советот на Европа, преку Конвенцијата за заштита на градителското наследство од 1985 година (Council of Europe. 1985: 2), препознава три категории на објекти и просторни целини релевантни за дефинирање на наследството, од кои две се особено применливи за оваа студија:

(3) Групи на згради (анг. *group of buildings*) – хомогени групи на урбани и/или рурални згради, значајни по своите историски, археолошки, уметнички, научни, социјални и технолошки карактеристики, кои се доволно кохерентни за да формираат јасно дефинирани топографски единици;
(4) Предели / места (анг. *sites*) – комбинирани дела на човекот и природата, простори кои се делумно изградени, доволно дистинктивни и хомогени за да бидат топографски дефинирани и да поседуваат изразени историски, културни, социјални и технолошки вредности.

Изборот на овие две дефиниции произлегува од комплексниот и обединувачки карактер на населбата Аеродром. Иако доминатната станбена програма се изразува низ групирањето на објекти во една кохерентна целина (дефиниција 1), комплементарните елементи – како што се зелените површини и пешачките комуникации - создаваат нераскинлива целина со изградената структура, правејќи овој градски сегмент да добие одлики на изграден предел (дефиниција 2).

Истражувачкиот институт Гети (Torre, 2002: 7–12), иако не нуди строга дефиниција за наследство, ги анализира неговите карактеристики преку систем на вредносни категории, толкувајќи ги како негови квалитети и позитивни особености. Слично на пристапот на Советот на Европа, овие категории ги опфаќаат историските, социјалните и културолошките аспекти. Притоа, наследството се согледува како повеќеслојна и повеќевалентна појава, во која различни типови вредности се преклопуваат и меѓусебно се надополнуваат. Оваа повеќеслојност овозможува подлабоко и поаргументирано вреднување на конкретни просторни целини.[60]

Населбата Аеродром е реалтивно „млада“ населба, настаната во контекст на проширувањето на Скопје во втората половина на 20-от век и носи изразени доцномодерни карактеристики. Оттука, критериумите за нејзино вреднување како потенцијално наследство треба да бидат во согласност со теоретските и институционалните рамки кои се однесуваат на модерната и доцномодерната архитектура. Во таа насока, UNESCO (2003: 45) модерното наследство го препознава како „архитектура, урбано планирање и пејзажно уредување од 19-от и 20-от век“. Ваквото дефинирање подразбира потреба од темелно познавање на општествените, културолошките и архитектонските идеали и амбиции на периодот, со цел правилно препознавање и интерпретација на неговите вредности.
Најрелевантните критериуми за вреднување на населбата Аеродром, сепак, можат да се препознаат во рамките на DOCOMOMO, организација која се занимава со документација и заштита на модерното движење во архитектурата. Преку континуирано проширување на хронолошките, типолошките и територијалните

[60] Со цел објективно согледување на вредносниот статус на предметот на истражување, неопходен е непристрасен пристап кој ќе ги опфати и позитивните аспекти, но и негативните аспекти. На тој начин се избегнува создавање на нереално позитивна слика за наследството, која некритички би ги прикрила неговите слабости. Напротив, нивното јасно препознавање овозможува критичко разбирање и создава основа за преземање соодветни мерки за нивно надминување.

граници на интерес, населбите за колективно домување се препознаени како глобален феномен, кој и покрај локалните и регионалните специфики, содржи заеднички карактеристики поврзани со слични политики на домување, идеолошки основи и социолошки концепти (Caramellino, Tsiambaos, Miheiro, 2023: 6). Особено е значајно што во нивното вреднување се вклучува и односот кон/состојбата во рамки на современиот контекст, односно нивната издржливост (анг. resilience) и способност за успешно функционирање во променети општествени, културни и економски услови.

Потпирајќи се на согледувањата на различни организации и институции, вреднувањето на населбата Аеродром во овој труд се заснова на критериуми избрани во однос на специфичниот контекст на нејзиното настанување и развој. Со оглед на нејзината големина, периодот на изградба и нејзиниот изразен социјално-програмски карактер, соодветно е анализата да се структурира низ неколку клучни контексти:

1. Историски контекст
2. Урбанистичко - архитектонски контекст
3. Социолошки и културолошки конктест

Секоја од овие категории ќе биде дополнително разработена преку соодветни подкатегории, со цел да се овозможи попрецизно и пообјективно утврдување на вредносниот статус. На тој начин ќе се овозможи појасно препознавање на квалитетите, но и на слабостите, како на поединечни сегменти од населбата, така и на нејзината целокупна слика.

### 4.3.1 Историски контекст

Населбите за колективно домување од втората половина на дваесеттиот век се тесно поврзани со идејата за обнова на градовите разрушени во Втората светска војна. Насочени кон брзо и ефикасно решавање на интензивните демографски промени, овие урбани форми се реализираат со забрзана динамика, потпирајќи се на технолошкиот напредок и индустријализацијата на градежниот процес. Истовремено, нивната изградба претставува можност за суштинска промена и надградба на културниот светоглед, особено во однос на разбирањето на изградената животна средина. Преку нивната реализација јасно се согледува општествената трансформација од предвоениот во повоениот период, како и еволуцијата на политиките на домување, урбанистичките концепти и економските системи.

Феноменот на населбите за колективно домување претставува истовремено квантитативен и квалитативен глобален предизвик, со кој се соочуваат бројни архитекти и урбанисти. Водечките авангардни имиња од овој период често директно учествуваат или значајно влијаат врз развојот на новите концепти и реализации, претворајќи ги своите идеи во составен дел од светската архитектонска и урбанистичка мисла. Гледајќи на нив како на материјална трага на едно историско време, овие населби претставуваат своевиден „жив“ запис на општествените, културните и просторните трансформации што ја одбележуваат втората половина на дваесеттиот век.

Токму преку нив може да се чита и разбере односот помеѓу идеологијата, технологијата и секојдневниот живот во еден специфичен историски контекст.

### 4.3.2 Урбанистички и архитектонски контекст

Иако урбанистичкото планирање и архитектонското проектирање се одвиваат низ повеќе континуирани етапи кои започнуваат со апстрактен мисловен процес, нивната најдиректна манифестација и формална перцепција се остварува во видливиот и материјалниот домен. Вреднувањето на населбите за колективно домување, во овој контекст, може да се спроведе преку повеќе мерила кои го поставуваат прашањето за станбените ансамбли: (1) во однос на нивната релација со пошироката градска структура, (2) како автореферентни целини во рамките на сопствената организација и (3) на најниско ниво, преку обликовните и формалните карактеристики на елементите од кои се сочинети.

Населбите за колективно домување претставуваат обемни и сложени структури, како по својата територијална распространетост, така и според програмската содржина и во голема мера ги надминуваат можностите и практиките на претходните општествени модели. Во нивната урбана морфологија се читаат експериментални и иновативни концепти, особено во однос на формалната организација и меѓусебната релација на елементите кои ги сочинуваат. Карактеристични просторни наративи, типични за постфункционалистичкиот пристап, се интеграцијата на отворените зелени површини како нераскинлив дел од концептот на населбата, јасното раздвојување на автомобилскиот и пешачкиот сообраќај, како и афирмацијата на пешачката патека како клучен просторен елемент што го збогатува секојдневното искуство на жителот.

На ниво на поединечни објекти, овие населби го користат технолошкиот развој како средство за достигнување на современи стандарди на домување. Се воведуваат стандардизирани и префабрикувани градежни елементи што овозможуваат побрза и поефикасна изградба, додека архитектонскиот израз на зградите добива модерен и рационализиран карактер. Паралелно со тоа, се развива и поголем диверзитет на станбени типологии, што овозможува подобро одговор на различните потреби на корисниците и придонесува за поголема комплексност на станбената структура.

### 4.3.3 Социолошки и културолошки контекст

Просторните одлики кои ги карактеризираат населбите за колективно домување заедно со елементите што го сочинуваат нивниот материјален отпечаток во градот, се носители на подлабоки државни политики и социјални агенди. Подигнати најчесто во периоди кога државите биле управувани од доминантно лево ориентирани власти, овие станбени структури во себе ги инкорпорираат идеите за пристоен и еднаков животен стандард, здрава животна средина и поттикнување на колективен дух и заедништво помеѓу жителите.

Во таа смисла, она што првично може да се согледа како експериментален обид за постигнување напредна форма на домување, во спој со човековите социјални потреби, се трансформира во реален и секојдневно употребуван простор - дом. Покрај

идејата на домот како засолниште, живеењето подразбира голем број на други активности остварени во група – споделени искуства, спонтани средби и формирање на социјални релации, што е во согласност со човековата природа како општествено битие. Во овој контекст, социјалните простори што ја надополнуваат станбената структура и претставуваат суштински елемент во градењето на колективниот дух. Тие не се само функционални површини, туку носители на емоционални и културни значења, кои овозможуваат развој на чувство на припадност. Со текот на времето, ваквите простори - доколку се соодветно димензионирани и користени - можат да придонесат за градење на локален идентитет и да станат дел од колективната меморија на жителите.

Успешното препознавање на општествените потреби се забележува и низ теориите за урбанистичко планирање и архитектонско проектирање од втората половина на дваесеттиот век, кои во центарот на своето внимание го ставаат човекот како централна фигура на која ѝ е подреден изградениот простор. Препознавањето на неговата социјална и хумана природа е изразена преку проектирање на простори што се интуитивно разбирливи и асоцијативно блиски, допирајќи не само до материјалните, туку и до нематеријалните и духовните потреби. Во таа насока, препознавањето на емпириски немерливите социолошки и културолошки одлики карактеристични за населбите за колективно домување, претставува значаен вредносен параметар во нивната анализа. Токму преку нив се надминува чисто формалното и функционално толкување на архитектурата, отворајќи простор за подлабоко разбирање на нејзината општествена улога и значење.

### 4.4. Заклучни согледувања за вреднување на населбите за колективно домување

Преку краткиот преглед на критериумите низ кои се дефинираат вредностите на населбите за колективно домување и нивното толкување како значајно доцномодерно наследство од минатиот век, јасно се согледува повеќеслојноста и сложеноста на овие просторни целини. Од материјалните и тактилните параметри, па сѐ до немерливите феноменолошки одлики на населбата, сите заедно учествуваат во создавањето на обединета слика за она што може да се доживее како модел на „секојдневна архитектура“ и своевидно „вернакуларно модерно наследство“.

Иако темите и принципите што ги обликуваат ваквите населби се слични во различни географски и демографски контексти, нивната појава не треба да се перципира како унифицирана или еднакво манифестирана во сите случаи. Поврзани со конкретниот општествен и културолошки контекст во кој настануваат, одредени вредносни параметри кај различни населби се изразени во различен степен. Ваквата варијабилност не треба да се толкува како нивна слабост или инфериорност (ниту, пак, како апсолутна предност). Параметрите се општи насоки преку кои може да се изгради вредносен суд за населбите, а различните квалитети се показател за богатството и диверзитетот на архитектонската и урбанистичката мисла, како и за прилагодливоста на овој модел кон различни услови и потреби.

Гледано во поширoката перспектива, сите истражувања во рамките на овој докторски труд допираат теми релевантни за суштинско разбирање на значењето на населбата Аеродром. Почнувајќи од позиционирањето на населбите за колективно домување во светската архитектонска и урбанистичка сцена, преку анализата на модерните и доцномодерните парадигми кои ја обликуваат нивната појавност и функционирање (глава 1), преку разгледувањето на регионалниот контекст во рамките на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (глава 2), истражувањето поставува широка теоретска основа за нивно разбирање. Понатаму, деталните истражувања насочени кон хронолошко, општествено и културолошко контекстуализирање на источниот развој на Скопје, со особен фокус на просторниот сегмент на населбата Аеродром реализиран помеѓу 1970-тите и 1990-тите години (глава 3), создаваат цврста научна основа преку која јасно се следат фазите на нејзиниот развој. Во услови на променети општествени тенденции и видлива регресија во урбанистичката и архитектонската практика во Скопје (глава 4), се отвора можност за ново толкување на населбата Аеродром како вредна и специфична градска целина од доцномодерниот период. Анализирајќи ги критериумите воспоставени од релевантните меѓународни организации за заштита и вреднување на градителското наследство, последната глава од трудот - која воедно претставува и негов заклучок – ги синтетизира сознанијата од истражувањето во една кохерентна целина. Во неа, концизно се издвојуваат клучните квалитети на населбата Аеродром, со цел да се воспостави јасна и аргументирана „оптика“ преку која населбата може да се препознае и вреднува како значајно доцномодерно архитектонско наследство на Скопје.

## ЗАКЛУЧОК

Овој докторски труд имаше за цел продлабочено архитектонско и урбанистичко проучување на населбата за колективно домување Аеродром, која се развива во источниот дел од Скопје. Населбата е анализирана како специфична просторна целина, развиена во втората половина на дваесеттиот век, чиј развој се одвива низ повеќе временски етапи, секоја со сопствена просторна и концептуална манифестација.. Трудот најтемелно се задржува на делот од населбата изведен како плод на општојугосовенскиот конкурс за идејно урбанистичко решение за проширување на градот кон исток. Во период кога ваквите станбени ансамбли претставуваат материјален одраз на општествените аспирации, економската моќ и културолошките визии на државите во кои истите се подигнати, населбата Аеродром се издвојува како современа урбана форма која се одликува со уникатна просторна организација и напреден однос кон културата на домувањето во локален контекст (на територијата на Скопје и Македонија).

### 1. Синтеза на истражувањето

За правилно разбирање на предметот на истражување, докторскиот труд обработува повеќе тематски целини поврзани со населбата Аеродром. Првенствено, се занимава со домувањето како глобален феномен на дваесеттиот век. Во рамки на поширокиот општествен, технолошки и политички контекст, анализирани се релевантни современи теории и реализирани примери кои го дефинираат. Преку критичка анализа на архитектонската мисла и пракса, трудот ја следи нивната еволуција, при што истите ги препознава и интерпретира во контекст на населбата Аеродром. На тој начин, локалниот пример се поставува во релација со глобалните архитектонски и урбанистички текови.

Во регионален контекст, трудот дава преглед на архитектонската и планерската сцена во рамки на Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Ова овозможува подлабоко разбирање на развојот на архитектонската мисла и продукција во општествениот систем во кој е настаната и населбата. Анализата покажува постепена трансформација на формата и карактерот на станбените ансамбли, како резултат на промени во парадигмите и поместување од функционалистичките кон човекоцентричните парадигми. Доцномодерните влијанија делуваат истовремено на двете мерила (глобално и регионално), при што се препознаваат нови просторни елементи - пешачки улици, променади, полујавни дворови - кои го артикулираат хуманиот карактер на населбите. Со оглед на географската позиција на Скопје и населбата Аеродром во рамките на пошироката слика на федерацијата, како и влезот на надворешни влијанија од север кон југ, југословенската продукција функционира како „мост“ за пренос на европската архитектонска мисла во локалниот контекст.

Прегледот на теоретската мисла и критичката продукција на населбите за колективно домување овозможува појасно согледување на условите и тенденциите кои нив ги обликуваат. Нивното препознавање овозможува јасно согледување на факторите што го насочуваат развојот на Скопје кон исток, а со тоа и на населбата Аеродром.

Трудот го прикажува развојот на населбата како континуиран, сложен однос помеѓу планерските визии, демографските процеси и потребата за обезбедување повисок стандард на живеење, кој во најголем дел од случаите е успешно постигнат. Хронолошкиот преглед на градската експанзија кон исток ја следи обликовната трансформација на Скопје, условена од различни контекстуални влијанија, како што се елементарно унапредување на станбениот стандард, промени во културолошките сфаќања за домувањето и одговор на состојба на итност.

Во целиот период на развој, се издвојуваат две клучни етапи како особено значајни за научното истражување. (1) Поземјотресниот план за проширување на градот кон исток, изработен од Доксијадис и соработниците во соработка со Заводот за урбанизам и архитектура на град Скопје; и (2) општојугословенскиот конкурс за идејно урбанистичко решение за населбата Аеродром. Овие две етапи се хронолошки поврзани и парадигматски блиски, па може да се разберат како континуитет на идејата за современа станбена форма во градот. Во двата случаи станува збор за интервенција на странски експерти (на глобално и регионално ниво). Плановите опфаќаат големи делови од градот и се насочени кон решавање на станбеното прашање за околу 54 000 жители во првиот, односно 80 000 до 100 000 жители во вториот случај.

Во случајот на Константинос Доксијадис, трудот ги поврзува принципите на екистиката со обликовната и социјално - феноменолошката матрица на населбата Аеродром. Дополнително, анализата на теоретската мисла за населбите за колективно домување покажува дека Доксијадис во претходни проекти ја применува единицата на соседство на Пери, чие влијание може да се препознае и во креирањето на поземјотресните станбени политики во кои тој учествува. Оттука, населбата Аеродром може да се разбере како дел од пошироките современи планерски и архитектонски текови.

Конкурсот за населбата Аеродром претставува најзначајната етапа во хронолошкиот развој на источниот станбен сегмент на градот, со оглед на тоа што првонаграденото решение е речиси идентично пресликано во реализираната форма на населбата. Во период кога водечките југословенски планерски институции се фокусирани на Скопје, трудот ги анализира пристигнатите конкурсни решенија и ги поврзува со релевантни авангардни идеи и реализации актуелни во времето на неговото спроведување. Преку оваа анализа се воспоставува јасна паралела меѓу три планерски нивоа: (1) локалното македонско, (2) регионалното југословенско и (3) глобалното.

Во завршните делови, трудот дава преглед на реализираниот дел од населбата. Истражувањето на овој просторен сегмент е спроведено во различни мерила, движејќи се од анализа на урбаната морфологија до темите на влезовите и улогата на урбаната опрема во градењето на локалниот идентитет. Во разгледуваниот период, сè уште е актуелна идејата за организација на просторот во согласност со човековите социјални потреби. Во таа насока, трудот ги анализира трите просторни елементи што го сочинуваат основниот станбен модел (изградените згради, пешачките улици и зелените дворови). Нивните формални одлики се разгледуваат паралелно со нивниот капацитет за поттикнување социјални релации меѓу жителите. Со тоа се воочува двојната природа на елементите како парчиња кои ја градат просторна композиција и феноменолошката компонента на населбата.

Заокружувањето на хронолошкиот преглед на населбата се прави со преглед на современиот контекст и дијалогот помеѓу автентичниот дел на населбата Аеродром со новите интервенции, својствени за време и општествени околности според кои градот се развива во дваесет и првиот век. Преку просторниот и културолошкиот судир на двете изградени форми, се забележуваат вредностите на делот од населбата Аеродром подигнат во дваесеттиот век, што го отвора прашањето за вреднување на населбата Аеродром како пример на доцномодерно архитектонско наследство на Скопје.

## 2. Резултати од употребената методологија

Конечните цели на трудот, насочени кон испишување критичка историја и објективно вреднување на просторниот сегмент од населбата Аеродром изграден помеѓу 70-тите и 90-тите години на минатиот век, го насочија истражувањето кон примена на комплементарен сет научни методи. Нивната комбинирана употреба овозможи повеќеслојно читање и интерпретација на на просторните, социјалните и историските аспекти на населбата.

-Архивски материјали

Анализата на архивските материјали овозможи не само реконструкција на развојот на Скопје кон исток, туку и јасно препознавање на континуитетот на модернистичките планерски амбиции низ неколкуте нејзини просторни сегменти. Трудот за прв пат воспоставува сеопфатна хронолошка рамка од толкав обем, што ги опфаќа различните фази на развој на градот во овој правец. Анализата на графичките и текстуалните извори покажа дека и покрај варијациите во формалните решенија, основната идеја за организирано, рационално и социјално ориентирано домување останува константна. Ова укажува дека населбата Аеродром не претставува изолиран пример, туку резултат на долгорочен и систематски развој на архитектонската и урбанистичката мисла. Дополнително, архивските извори овозможија идентификација на одредени дисконтинуитети помеѓу иницијалните визии и нивната реализација, што претставува важен аргумент во критичкото вреднување на населбата.

-Интервју

Методот на интервју обезбеди квалитативна длабочина на истражувањето, овозможувајќи директен увид во научно - професионалниот и културниот контекст во кој се формира идејата и планот за населбата Аеродром. Сведоштвата на м-р Миодраг Ференчак, еден од четирите автори на првонаградeното конкурсно решение потврдуваат дека конкурсното решение не е случаен продукт, туку резултат на свесна и информирана примена на современи планерски принципи, адаптирани на локалниот контекст. Особено значајно е што интервјуто ја потврдува свесната ориентација кон човекоцентрични модели на домување, што ја позиционира населбата Аеродром во рамки на пошироките доцномодерни тенденции. На овој начин, личното сведоштво станува релевантен доказ кој ја засилува аргументацијата на трудот.

-Цртежи и просторни модели

Авторските цртежи и просторни модели во трудот функционираат како аналитичка и интерпретативна алатка која овозможува прецизно визуелно согледување на просторните и семантичките феномени на населбата и редукција на сложената реалност на читливи структурни односи. Поголемиот број авторски цртежи / дијаграми овозможува селективна и контролирана анализа, при што јасно се издвојуваат клучните елементи на просторната организација и нивните меѓусебни односи. Цртежите овозможија споредбена анализа на конкурсните решенија, при што се потврди постоењето на плурализам во доцномодерната планерска мисла. Истовремено, цртежите послужија како средство за проверка на теоретските поставки на архитектонските историчари и теоретичари кои се занимаваат со темата на социјална кохезија во населбите од ваков карактер во релација со реализираниот сегмент на населбата. Нивната улога не е само илустративна, туку и аргументативна — тие претставуваат визуелна потврда на теоретските тези и овозможуваат емпириско верифицирање на просторните и социјалните квалитети на населбата. Следствено, визуелната анализа овозможи аргументирано вреднување на населбата Аеродром како релевантен пример во рамки на доцномодерната архитектонска практика.

-Набљудување

Набљудувањето, како емпириски и контролен метод, овозможи проверка на функционалноста и одржливоста на архитектонските принципи вградени во планирањето на населбата Аеродром во реални услови. Резултатите укажуваат дека населбата во голема мера функционира во согласност со првично поставените принципи, при што нејзините просторни елементи и понатаму успешно ја поддржуваат секојдневната употреба и социјалната интеракција - континуитет на духот на местото, изградениот идентитет и препознатлив социјален карактер. Особено значајна е констатацијата дека, во споредба со поновите урбани интервенции, населбата Аеродром покажува повисок степен на просторна кохерентност и социјална функционалност. Ова набљудување претставува силен аргумент во прилог на нејзиното вреднување како релевантен и сѐ уште функционален урбан модел.

Комбинираната примена на наведените методи овозможи преклопување и меѓусебно потврдување на резултатите, што ја зголемува нивната научна валидност. Архивските податоци, интервјуто, визуелната анализа и теренското набљудување формираат конзистентна аргументативна рамка преку која се потврдуваат просторните, социјалните и културолошките вредности на населбата. Во таа смисла, методологијата не претставува само инструмент за анализа, туку и клучен механизам за аргументирано позиционирање на населбата Аеродром како значаен пример во рамки на доцномодерната архитектонска и урбанистичка практика.

## 3. Населбата Аеродром во Скопје како пример на доцномодерно архитектонско наследство

Целосниот хронолошки преглед, компаративното проследување на глобалните и регионалните примери, одразот на нивните влијанија врз локалната архитектонска и урбанистичка сцена, како и резултатите од спроведените истражувачки методи овозможуваат јасно идентификување на квалитетите што ја дефинираат населбата Аеродром. Препознавањето на овие квалитети во повеќе контексти (историски, урбанистичко-архитектонски, теоретски, социолошки, културолошки итн.), овозможува нејзино аргументирано вреднување како доцномодерно архитектонско наследство. Заради нивната сложеност, кратките објаснувања кои се сублимирана поткрепа на ставот, најчесто припаѓаат на повеќе контексти / категории по кој населбата е вреднувана.

1. <u>После проектот за обнова на централното градско подрачје, населбата Аеродром претставува најзначајниот урбанистичко - архитектонски проект во модерната историја на Скопје</u>

Нејзиното значење произлегува не само од размерот, туку и од контекстот на нејзиното настанување - период на интензивна меѓународна и регионална соработка, кога градот станува лабораторија за современи планерски идеи. По прашањето на авторство, основните принципи на кои е организирана населбата ги поставува Константинос Доксијадис (основоположникот на екистика) со поддршка од Обединетите Нации. Дополнително, конечниот облик е добиен како резултат на „урбанистички натпревар на најважните институции во федерацијата" кои се занимаваат со темата, вртејќи го во еден момент вниманието на Југославија кон Скопје. Според капацитетот на жители кои треба да ги прими, населбата е предвидена да биде дом за 100 000 жители, замислена во време кога проекциите за бројот на жители во градот е предвиден на 350 000 (претпоставка за 1981 година).

2. <u>Населбата Аеродром е најголемата хомогена станбена целина во Скопје</u>

Во морфолошка смисла, населбата Аеродром претставува најголемата кохерентна станбена структура во Скопје. Нејзината хомогеност не се однесува само на формалните карактеристики, туку и на концептуалната доследност во организацијата на просторот. Од повеќето населби за колективно домување, Аеродром (и во нејзината нецелосна форма) претставува најголемата територија во Скопје покриена со станбена програма која е организирана како еден препознатлив потег/отпечаток. Ова ја прави исклучително значајна како пример на интегрално урбанистичко планирање.

3. <u>Населбата Аеродром претставува станбена целина со висок квалитет на домување</u>

Квалитетот на домувањето во населбата произлегува од внимателно балансиран однос помеѓу изградените и слободните површини, како и од интеграцијата на социјални простори во нејзината структура. Овој модел не се ограничува на обезбедување физички услови за живеење, туку активно поттикнува социјална

интеракција и формирање заедница, што претставува суштинска одлика на доцномодерната архитектура.

4. Населбата Аеродром припаѓа на поширока група на значајни населби за колективно домување на територијата на поранешна Југославија

Низ анализа на југословенската повоена архитектонска мисла и планерска амбиција, може да се забележи јасна еволуција на формата и карактерот на населбите за колективно домување. Во нивната трансформација, на која влијае напуштањето на фунционалистичката идеја за градот и нејзина замена со човекоцентричните парадигми, може да се забележуваат конкретни просторни елементи што ги хуманизираат новите станбени целини. Таквите елементи успешно се искористени и во населбата Аеродром, што ја потврдува нејзината релевантност на регионалната архитектонска сцена.

5. Населбата Аеродром е последната населба за колективно домување во Скопје планирана и проектирана во толкав обем

Населбата Аеродром е плод на социјалистички општествен систем кој го вреднува колективното добро и кој покажува поголема свест за важноста на изградената животна средина. Со осамостојувањето на Република Македонија и промена на општествениот систем, интересот за реализација на градската урбана форма премина од мерило на целосна населба во поситен размер на поединечен објект. Затекната во времето на оваа трансформација, населбата Аеродром, како еден од последните реализирани примери од овој вид, добива дополнителна вредност како сведоштво за одредена историска и планерска парадигма.

6. Просторниот стандард на населбата Аеродром покажува отпорност кон современите трансформации со кои се соочува градот

Изградбата на градот во дваесет и првиот век е насочена кон максимизирање на изградената површина, мотивирана од материјалните придобивки изразени пред сè преку метри квадратни простор за продажба. Спротивно на тоа, населбата Аеродром е вреден градски пример кој своите квалитети ги црпи во голема мера од слободниот простор кој правилно го ползува. Употребата на неизградените површини на населбата како јавни добра со социјален карактер влијае врз изградба на здрава животна средина.

Еден од најсилните аргументи за вредноста на населбата претставува нејзината способност да ги задржи своите квалитети во услови на интензивни урбани трансформации. Нејзината просторна структура покажува високо ниво на отпорност (анг. Resilience), што ја прави релевантна и во современи услови.

7. Зелената инфраструктура на населбата како ресурс за целиот град

Во време кога во Скопје, градежните активности покажуваат немилосрден однос кон јавните добра и слободните територии на градот, потребно е заштитување на преостанатите јавни простори кои се носители на колективниот градски дух. Во услови кога честите инвеститорски напади на отворени и неизградени локации во Скопје драматично ја намалуваат зелената површина на градот, централниот лонгитудинален

парк кој се шири низ повеќе месни заедници на населбата Аеродром се претвора во значаен еколошки, зелен ресурс со важност за целиот град. Зелените површини во населбата не се само декоративен елемент, туку структурен дел од нејзиниот концепт. Оваа урбана ливада и природен ‘рбет на населбата треба да бидат заштитени, сочувувајќи ја неговата автентична форма, карактер и дух.

Извлечените заклучоци упатуваат на потребата населбата Аеродром да се вреднува како сеопфатна станбена целина, а не како збир од поединечни архитектонски објекти. Нејзиното читање подразбира обединето согледување на квалитетите на изградените структури и слободниот простор што се развива меѓу нив. Во таа рамка, станбените објекти, јавните содржини, зелените површини, рекреативните терени и пешачките улици функционираат како меѓусебно поврзани елементи кои го формираат нејзиниот просторен и социјален карактер. Оттука, вниманието не се насочува кон поединечната форма, туку кон композицијата како целина. Во услови кога ваквите населби се резултат на јасно поставени идеолошки и планерски принципи, архитектонскиот облик не е пресуден за нивниот квалитет. Напротив, преку внимателно обликување на односот меѓу изграденото и неизграденото, населбата се конструира како интегрална архитектонска целина што создава единствен просторен впечаток. Преку тоа, нејзината вредност не се исцрпува во сопствената специфичност, туку се препознава и како модел применлив и во други станбени контексти.
Во таа смисла, овој труд покажува дека населбата Аеродром претставува резултат на комплексен процес на трансфер, адаптација и локална интерпретација на глобалните и регионалните планерски парадигми од втората половина на дваесеттиот век. Преку поврзување на теоретската мисла, историските процеси и резултатите од применетите истражувачки методи, јасно се утврдува нејзината позиција во рамки на доцномодерната архитектонска и урбанистичка продукција. Трудот воспоставува основа за поцелосно разбирање на развојот на Скопје во овој период, како и за интерпретација на слични станбени структури во поширок контекст. Препознаените вредности на населбата, потврдени низ повеќе аналитички и контекстуални рамки, ја афирмираат како значаен пример на доцномодерно архитектонско наследство. Во услови на современи урбани трансформации, во кои се преиспитуваат односите меѓу слободното и изграденото, колективното и индивидуалното, нејзиното соодветно вреднување и заштита се наметнуваат како прашања од суштинско значење за идниот развој на градот. Оттука, населбата Аеродром претставува не само сведоштво за една планерска и општествена парадигма, туку и релевантна референтна точка за преиспитување на современите пристапи кон домувањето.

## СПИСОК НА КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И ДРУГИ ИЗВОРИ

### 1. Книги


[1] Alexander, C. (1963), *„Notes on the Synthesis of form"*, Massachusetts : Harvard University Press.

[2] Alexander, C. (1965), *„The City is not a Tree"*, Portland : Sustasis Prees.

[3] AS+2000. (1974), *„Urbanističko rečenje naselja Aerodrom - Skopje"*, Beograd : ЈУГИНУС.

[4] Atkinson, S. (2016), *"Great City Maps"*, New York : DK Publishing.

[5] Aureli, P.V. (2011), *„The Possibility of Absolute Architecture"*, Massachusetts: The MIT Press.

[6] Avermaete, T. (2005) *„Another Modern: The Post-War Architecture and Urbanism of Candilis-Josic-Woods"*, Rotterdam : NAi Publishers.

[7] Banham, R. (1967), *„Theory and Design in the First Machine Age"*, New York: Praeger Publishers.

[8] Calic, M-J. (2019), *„A History of Yugoslavia"*, West Lafayette : Purdue University Press.

[9] Caves, R.W. (2005), *„Encyclopedia of the City"*, e-library : Taylor and Francis Group.

[10] Dahir, J. (1947), *„The Neighborhood Unit: Its spread and acceptance"*, Russell Sage Foundation: New York.

[11] Doxiadis, C. (1963), *„Architecture in Transition"*, New York : Oxford University Press.

[12] Douglas, F. (1968), *„Village planning in the primitive world"*, New York: George Brazzile.

[13] Engel, B. (2019), *„Mass Housing in the Socialist City. Heritage Values and Perspectives"*, Berlin: DOM Publisher.

[14] Fishman, R. (1982), *„Urban utopias in the twentieth century: Ebenezer Howard, Frank Lloyd Wright, Le Corbusier"*, The MIT Press: London.

[15] Frampton, K. (2001), *„Modern Architecture, a Critical History"*, New York : Thames and Hudson word of art.

[16] Friedmann, J. (1987), *„Planning in the public domaine: From knowledge to action"*, New Jersey : Princeton University Press.

[17] Gehl, J. (2011), *„Life between buildings"*, Washington : Island Press.

[18] Giedeon, S. (1954), *„Space, time, and architecture: The growth of a new tradition"*, Cambridge : Harvard University Press.

[19] Glendinning, M. (2021), *„Mass Housing: Modern Architecture and State Power - a Global History"*, London : Bloomsbury Visual Arts.

[20] Hertzberger, H. (1990), *„Lessons for students in architecture"*, Rotterdam : 010 Publishers.

[21] Howard, E. (1902), *„Garden City of To-Morrow"*, London : Swan Sonnenshine & Co.

[22] Illies, C. Ray, N. (2018), *„Philosophy of Architecture"*, Liverpool: Liverpool University Press.

[23] Jacobs, J. (1961), *„The death and life of great American cities"*, New York : Random House. Ink.

[24] Keller, S. (1968), *„The Urban Neighborhood: A Sociological Perspective"*, New York: Random House.

[25] Kozlowski, J. (1971), *„Threshold analysis: Threshold background, evaluation and development"*, докторска дисертација, (неиздадена), University of Edinburg.

[26] Le Corbusier. (1943), *„The Athens charter"*, New York : Grossman Publishers.

[27] Le Corbusier (1986), *„Towards a new Architecture"*, New York: Dover Publications inc.

[28] Le Corbusier. (2023), *„The City of To-morrow and its planning"*, New York: Dover Publishers.

[29] Ludobe, R. (1963), *„Community planning in the 1920s: The contribution of the Regional planning association of America"*, Pittsburgh: University of Pittsburgh Press.

[30] Lynch, K. (1960), *„The image of the city"*, Massachusets : The MIT Press.

[31] Maki, F. (1964), *„Investigations in Collective form"*, St. Louis: Washington University.

[32] Mallgrave, H.F. (ed.) (2006), „*Architectural theory Volume 1: An Anthology from Vitruvius to 1870*", Malden: Blackwell Publishing.

[33] Mrduljaš, M. Kulić, V. (2012), *„Unfinished Modernisation - Between utopia and pragmatism"*, Zagreb: UHA/CCA.

[34] Mumford, L. (1938), *„The culture of cities"*, New York: Harcourt, Brace and company.

[35] Mumford, E. (1996), *„The Discourse of CIAM urbanism, 1929-1959"*, докторска дисертација, (необјавена), New Jersey : Faculty of Princeton University.

[36] Mumford, E. (2002), *„The CIAM Discourse on Urbanism, 1928 - 1960"*, London: MIT Press.

[37] Myers, B.S. (1967), *„Art and civilization"*, New York : McGraw-Hill, Inc.

[38] Percine, R. (2022), „Introduction" во The Urbanism of Metabolism: Visions, Scenarios and Models for the Mutant City of Tomorrow", Oxon : Routledge.

[39] Perry, C. (1929), *„Regional Survey of New York and its Environment"*, New York : Committee of Regional Plan of New York and its Environs.

[40] Pounds, N. (2005), *„The Medieval city"*, London: Greenwood press.

[41] Purdom, C.B. (1925), *„The building of satellite towns: A contribution to the study of town planning and regional planning"*, London: The Temple Press.

[42] Rapoport, A. (1969), *„House form and Culture"*, New Jersey: Prentice-hall inc.

[43] Rossi, A. (1982), *„The Architecture of the city"*, New York: The MIT Press.

[44] Rudolfsky, B. (1964), *„Architecture without architects, an introduction to nonpedigreed architecture"*, New York: The Museum of Modern Art.

[45] Schrijver, L. (2021), *„Oswald Mathias Ungers and Rem Koolhaas Recalibrating Architecture in the 1970s"*, Bielefeld : transcript Verlag.

[46] Senior, D. (1970), *„Skopje Resurget: The story of the United Nations Special Fund Town Planning Project"*, New York : United Nations.

[47] Sitte, C. (1945), *„The Art of building cities"*, New York : Reinhold Publishing Corporation.

[48] Sitte, C. (1965), *„City Planning according to artistic principles"*, New York : Random House.

[49] Smid, A. (2016), *„The similarities of Ex-Yugoslav cities"*, докторска дисертација, (неиздадена) Инситит за урбанизам на факултетот за Архитектура при Техничкиот Универзитет во Граз.

[50] Smithson, A. (1968), *„Team 10 Primer"*, London: Studio Vista.

[51] Smithson, A. Smithson P. (1970), *„Ordinariness and Light: Urban theories 1952 - 1960 and their application in a building project 1963 - 1970"*, Cambridge: The M.I.T. Press.

[52] Tafuri, M. (1976), *„Architecture and utopia: Design and capitalist development"*, Cambridge: MIT Press.

[53] Talen, E. (2019), *„Neighborhood"*, New York : Oxford University Press.

[54] Thorns, D.C. (2002), *„The Transformation of Cities: Urban Theory and Urban Life"*, New York : Palgrave McMillan.

[55] Ungers, O.M. (2011), *„Morphologie: City Metaphors"*, Cologne : Walter König.

[56] Urban, F. (2011), *„Tower and slab: History of global mass housing"*, New York: Routledge.

[57] Van den Heuvel, D. Risselada,M. (2005), *„Team 10: In search of the utopia of the present"*, NAi Publishers: Rotterdam

[58] Warner, S.B. (1995), *„The Urban Wilderness: A History of the American City"*, Los Angeles: University of California Press.

[59] Wolf. P. (1974), *„The Future of the city: New Directions in Urban Planning"*, New York: Whitney Library of Design.

[60] Zografos, S. (2019), *„Architecture and Fire: A Psychoanalytical Approach to Conservation"*, London: UCL Press.

[61] Димков, Ѓ. (2005), *„Компаративна анализа на реализираните градежни системи во станбената населба „Аеродром" - Скопје со индустриска префабрикација - аспекти на флексибилност и економичност"*, Магистерска теза (необјавена), Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје.

[62] Дојчиновски, К. (2005), *„Скопје"*, Скопје : Матица.

[63] Ивановска Дескова, А. (2015), *„Архитектурата од периодот на постземјотресната обнова на Скопје - вредности и состоби во рамките на современиот контекст"*, докторска дисертација (необјавена). Скопје : Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје.

[64] Ивановски, Ј. Ивановска Дескова, А. Десков, В. et al. (2015), *„Наоди - Павилјон на Република Македонија, 14та меѓународна архитектонска изложба, Биенале во Венеција - 2014"*, Скопје : Музеј на Град Скопје.

[65] Јакимовска, Б. (1981), *„Анализа Станова у насељима „Капиштец“ и „Аеродром“ у Скопљу“*, специјалистички труд (необјавен), Белград : Архитектонски факултет при Универзитетот во Белград.

[66] Касапова, Е. (1990), *„Сокак - Архитектонско - урбанистичка и социјална содржина во старградските структури во Македонија“*, Скопје : Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

[67] Максимовиќ, Б. (1948), *„Развој Градоградитељства“*, Београд : Издавачко предузече Народен Републике Србије.

[68] Христова Поповска, А. (2019), *„Влијанието на скопскиот железнички јазол врз концептите на урбанистичките планови за Скопје 1873 – 1963“*, Штип : 2ри Август.

[69] Чепреганов, М. et al. (1983), *„Анализа на применетите системи во населбата „Аеродром“ од аспект на рационалност, економичност и степен на користење на просторот“*, Скопје : Универзитет Св. „Св. Кирил и Методиј“.

## 2. Глави од книги

[1] Bakema, J. (1942), во *“Team10 Primer”*, London : The Whitefriars Press Ltd.

[2] Bakema, J. (1967), во *“Team10 Primer”*, London : The Whitefriars Press Ltd.

[3] Berlage, H.P. May, E. Bourgeois, V. et al. (1928), *„CIAM: La Sarraz Declaration, во Programs and manifestoes on 20th-century architecture“*(1971), Cambridge : The MIT Press.

[3] Bjažić Klarin, T. (2018), *„Housing in Socialist Yugoslavia“*,во Towards a concrete utopia: Architecture in Yugoslavia 1948-1980”, New York : Museum of Modern Art.

[4] Damjanović Conley, T. Jovanović, J. (2012), *„Belgrade Residential Architecture 1950-1970: A Privileged Dwelling for a Privilege-free Society“*, во Unfinished Modernisations: Between Utopia and Pragmatism.

[5] Deskov, V. Ivanovska Deskova, A. Ivanovski, J. (2018), *„The Reconstruction of Skopje“*, во Towards a concrete utopia: Architecture in Yugoslavia 1948-1980, New York : Museum of Modern Art.

[6] Evers, B. (2015), *„Une Cite Industrielle: Etude pour la construction des villes“*, во Architectural Theory: From the Renaissance to the Present, Berlin: Taschen.

[7] Ito, T. (2022), *„The Logic of Metabolism“*, во The Urbanism of Metabolism: Visions, Scenarios and Models for the Mutant City of Tomorrow, Oxon : Routledge.

[8] Jovanović, J. Kulić, V. (2018), *“City building in Yugoslavia”* ,во “Towards a concrete utopia: Architecture in Yugoslavia 1948-1980”, New York : Museum of Modern Art.

[9] Korobar, V.P. (2018), *„The city that could have been“*, во „The future as a project - Doxiadis in Skopje“, Athens : The Hellenic Institute of Architecture.

[10] Kransy, E. (2018), *„The growing houses of Skopje in Architectural History: A question of Style.“*, во „Pre/Fabric - The growing houses of Skopje“, Klagenfurt : Wieser Verlag GmbH.

[11] Kritikos, C-G. (2018), *„The days after: Skopje's first steps towards reconstruction“*, во „The future as a project - Doxiadis in Skopje“, Athens : The Hellenic institute of Architecture.

[12] Kukoč, V. (2014), *„Split 3“*, во Streets and neighborhoods, Vladimir Braco Mušič and large scale architecturem, Ljubljana: MAO.

[13] Kulić, V (2018), *„Building Brotherhood and Unity: Architecture and Federalism in Socialist Yugosavia“*, во „Towards a concrete utopia: Architecture in Yugoslavia 1948-1980”, New York : Museum of Modern Art.

[14] Malešič, M. (2014), *„From housing estate to neighborhood unit, from park to street“*, во Streets and neighborhoods: Vladimir Braco Mušič and large scale architecture.

[15] Mijalkovic, M. Urbanek, K. (2018), *„Suddenly, I found myself...“* во Pre/Fabric - The growing houses of Skopje, Klagenfurt : Wieser Verlag GmbH.

[16] Mrduljash, M. (2018a), *„Architecture for a self-managing socialism”*, во Towards a concrete utopia: Architecture in Yugoslavia 1948-1980, New York : Museum of Modern Art.

[17] Mrduljaš, M. (2018b), *„Between Utopia and Pragmatism: A synoptic overview of architectural modernism in Socialist Yugoslavia“*, во The future as a project - Doxiadis in Skopje, Athens : The Hellenic institute of Architecture.

[18] Nake, F. (2012), *„Information aesthetics: a heroic experiment“*, во Computers and creativity, London : Springer.

[19] Skansi, L. (2014), *„Collective Forms, collective space“*, во Streets and neighborhoods: Vladimir Braco Mušič and large scale architecture, Ljubljana: MAO.

[20] Skansi, L. (2018), *„Split 3“*, во Towards a concrete utopia: Architecture in Yugoslavia 1948-1980, New York : Museum of Modern Art.

[21] Smithson, A. Smithson, P. (1953), *„CIAM 9, Aix-en-Provence“*, во Team 10 Primer (1968), Cambridge : The MIT Press.

[22] Smithson, P. (1959), *„Le Corbusier exhibition opening“*, во Team 10 Primer, Cambridge : The MIT Press.

[23] Smithson, P. (1967) *„?“*, во Team10 Primer, Cambridge : The MIT Press.

[24] Steiner, D. (2012), *„Preface“* во Unfinished Modernisations - Between utopia and pragmatism.

[25] Stierli, M. Kulić, V. (2018), *„Introduction“*, во Towards a Concrete Utopia: Architecture in Yugoslavia 1948 - 1980.

[26] Taut, B. (1918), *„A programme for Architecture“*, во Programs and Manifestoes of 20th Century Architecture, Massachusetts: MIT Press.

[27] Tsiambaos, K. (2018), *„Designing on a moving terrain: Doxiadis associates and the reconstruction of Skopje“*, во The future as a project - Doxiadis in Skopje, Athens : The Hellenic institute of Architecture.

[28] ван den Heuvel, D. (2008), *„5. Jaap Bakema et l'exemple de Leeuwarden : un paysage artificiel dans l'infinité de l'espace“*, во Le Team X et le logement à grande échelle en Europe.

[29] van der Werf, J. Zweerink, K. van Teeffelen, J. (2016), *„History of the city“*, во The city at eye level.

[30] van Eyke, v.A. (?), *„Dutch Forum on Children's Home“*, во Team10 Primer, Cambridge : The MIT Press.

[31] Work Council for Art. (1919), *„Under the wing of a Great Architecture“*, во Programs and Manifestoes of 20th Century Architecture, Massachusetts: MIT Press.

[32] Поповски, Ж. (2006), *„Пролет и Мичурин беа европски урбани вредности”*, во На Скопје, со љубов!, Скопје : Приватен принт.

[33] Томовски, К. (2005), *„Архитектурата во Скопје меѓу двете светски војни 1918-1941“*, во Архитектурата и монументалната уметност во Скопје меѓу двете светски војни, Скопје : Музеј на Град Скопје.

[34]Цартовска, Р. (2005), *„Поглед врз историјата на Скопје“*, во Архитектурата и монументалната уметност во Скопје меѓу двете светски војни, Скопје : Музеј на Град Скопје.

## 3. Архивски материјал

[1] Dobrović, N. (1949) *„Стручна анализа за Регулациониот план на Лудјек Кубеш за Скопје“*, во Државен архив - одделение Скопје, Генерален регулационен план 1948 г., кутија број 2.

[2] Krstić, M. (1963), *„Stambeno naselje JNA kraj civilnog Aerodroma Skoplje“*, во Државен архив - одделение Скопје, Фонд за комунално одржување на општина Кисела вода 1954-1968, кутија број 50 - 51.

[3] Деливанов, Ѓ. (1978, 1979, 1980), *„Потврда за изградба на станови“*, дел од решенијата на секој проект за реализација на станбена зграда од СИЗ.

[4] Државен архив - одделение Скопје. (1948а), *„ Генерален регулационен план 1948 г.“* кутија број 2.

[5] Државен архив - одделение Скопје. (1948б), *„ Генерален регулационен план 1948 г.“* - шематски преглед по блокови и реони на идната населеност на Град Скопје по Регулациониот план“ кутија број 2.

[6] Државен архив - одделение Скопје. (1955), *„ Извештај за станбената состојба на Град Скопје“*, во Генерален регулационен план 1948, кутија број 2.

[7] Државен архив - одделение Скопје. (1961), *„Спортски парк Острово“*, во Фонд за комунално одржување на општина Кисела вода 1954-1968, кутија број 72.

[8] Државен архив - одделение Скопје. (1962), *„Населба 13ти Ноември“*, во Фонд за комунално одржување на општина Кисела вода 1954-1968, кутија број 77.

[9] Државен архив - одделение Скопје. (1963), *„План за приградска населба Аеродром“*, во Фонд за комунално одржување на општина Кисела вода 1954-1968, кутија број 50 - 51.

[10] Државен завод за статистика. (2022), *„Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 - прв сет на податоци“*, онлајн документ.

[11] ЗУАС. (1965), *„Основен урбанистички план на Скопје“*, во Книга 3, том 2.

[12] Кирјас, Т. (1970), *„Записник од одржаната седница на советот за урбанизам при Град Скопје на ден 13ти февруари 1970 година“*, Државен Архив - одделение Скопје, Седници на собрание на град Скопје: Скопје.

[13] Ќосевски, В. (1962), *“Населба „13ти Ноември“ - Скопје“*, во Државен Архив - одделение Скопје, Фонд за комунално одржување на општина Кисела вода 1954-1968, кутија број 77.

[14] Службени гласник РС. (2019), *„Odluka o utvrđivanju naselja Cerak – Vinogradi (Cerak 1 i Cerak 2) u Beogradu za prostornu kulturno-istorijsku celinu”*, бр.4.

[15] Собрание на Град Скопје (1972), *„Нацрт програма за станбена изградба за периодот 1971/1975“*, во Државен Архив - одделение Скопје, град Скопје.

## 4. Периодика

[1] Ackoff, R. (1958), *„Towards a Behavioral Theory of Communication“*, во Management Science, том 4, бр. 3.

[2] Alfirević, Dj. Simonović Alfirević, S. (2015), *„Urban housing experiments in Yugoslavia 1948 - 1970“*, во Spatium, бр. 34.

[3] Alfirević, Dj. Simonović Alfirević, S. (2018), *„The ‘Socialist apartment in Yugoslavia: Paradigm or tencendy“*, во Spatium, бр. 40.

[4] Ardizzola. (2012), *„Bruno Taut's definition of nature as "outdoor living space": an innovative means of shaping social housing during the 1920-'30s in Berlin“.*

[5] Basaslan, Z. (2022), *„The square as a tool of social communication and socialization“*, во European Journal of Social Sciences Studie, том 7, бр. 4.

[6] Bojović, M. Rajković, I. Perović, K. (2022), *„Towards resilient residential buildings and neighborhoods in light of COVID-19 pandemic - The scenario of Podgorica, Montenegro“*, во Sustainability, бр.14.

[7] Božić, N. (2007), *„One lost battle for the public space: The case of Travno Park in Novi Zagreb“*, текст презентиран на CINEFOGO conference, Citizen participation in policy making.

[8] Brankov, B. (2019), *„Common areas in multy–family housing in Serbia: Case study of Cerak Vinogradi, Belgrade.“*, во Facing post-socialist urban heritage 2019, proceedings.

[9] Bugarski, J. (2023), *„The Role of Open Spaces in Restructuring the Cerak Vinogradi Housing Estate in Belgrade”*, во Architectura&Urbanism, бр. 3-4.

[10] Candilis, Josic, Woods (1961), *„Competition for the extension of the city of Caen“*, во Urbanisme, бр. 3.

[11] Carter, E. B. (1931), *„The Garden city principles and its relation to the growth of cities“*, во The Journal of State Medicine, том 39, бр. 9.

[12] Cvitković, S. Kline, M. (2017), *„Skopje: Rebranding the Capital City through Architecture and Monuments to Remake the Nation Brand“*, во Sociologija i prostor.

[13] David, M. (1975), *„Studija o prostornim i sociološkim karakteristikama novih stamenih naselja u Beogradu“*, во Arhitektura Urbanizam, бр. 74-77.

[14] Denzer, A. (2014), „Modern Architecture and Theories of Solar Orientation“, турд за ASEA National Solar Conference.

[15] Dobrivojević Tomić, I. (?), *„Affordable Homes for Everyone? Housing in Socialist Yugoslavia 1945–1975“*, DOI 10.29362/2023.2794.

[16] DOCOMOMO_србија. (2003), *„Minimum Documentation Fiche for residential complex „Starirs“* во block 61-62-63-64 in Novi Beograd, built in panel system Rad Balency“.

[17] DOCOMOMO_србија (2003), *„Урбанистичке целине - насеље Церак виногради"*.

[18] Doxiadis, C. (1960). *„The Future of our Cities"*, во Ekistics, том 12, бр, 72.

[19] Doxiadis, C. (1970), *„Ekistiks, the Science of Huma Settlement"*, во Science, том 170, бр. 3956.

[20] Edwards, A.T. (1913), *„A Criticism of the Garden city movement"*, во The Town Planning Review, том. 4, бр. 2.

[21] Ericson, A.T. Highsmith, A.R. (2018), *„The Neighborhood Unit: Schools, Segregation and the Shaping of the Modern Metropolitan Landscape"*, во Teachers College Record.

[22] Eriksson - Zetterquist, U. et al. (2021), *„On the use and usefulness of theories and perspectives: A reply to Brunsson*", во Scandinavian Journal of Management, том 37, бр. 4.

[23] Galjer, J. Ceraj, I. (2011), *„Uloga dizajna u svakodnevnom životu na izložbama Porodica i domaćinstvo 1957–1960 godine"*, во Radovi instituta za povjest umetnosti, бр. 35.

[24] Glendinning, M. (2008), *„Ennobling the Ordinary: Postwar Mass Housing and the Challenge of Change"*, во  Docmomo Journal 39 - Post war mass housing.

[25] Gracier. I (1990) *„Housing planning in the inter-war years: The Haifa-bay and the Frankfurt "Wohnkultur""*, во Geographishe Zeitschrift, том 73, бр. 3.

[26] Herman, L.M. (1971), *„Urbanization and New Housing Construction in the Soviet Union"* во American Journal of Economics and Sociology, том 30 бр. 2.

[27] Horvat, L. (2020), *„The visuality of socialist mass housing estates after socialism: Examples from Ex-Yugoslavia"*, во Urban visuality, mobility, information and technology of images.

[28] Horvat, L. (2021), *„Housing Yugoslavia self - management: Blok 5 in Titograd"*, во Histories of postwar architecture, бр. 6.

[29] Horvat, L. (2023), *„The Brightest neighborhood in the Country:  Yugoslav Mass Housing strikes back",* во East European Film Bulletin, том 137.

[30] Hudson Jr, H.D. (1986), *„The Socialist Condenser of our Epoch: The Association of Contemporary Architects and the Creation of New Way of Life in Revolutionary Russia"* во Jahrbücher für Geschichte Osteuropas, том. 34 бр. 4.

[31] Kušić, A. Janković, N. (2017), *„Cerak Vinogradi: Spatial framing, user interventions and the socialist "Big Brother ""*, во Architecture and Civil Engineering, том 15, бр. 2.

[32] Jelinek, S. (1974), *„Split 3 u relacijama naše stambeno komunalne izgradenj"*, во Čovek i prostor, бр. 250.

[33] Jukić, T. (2019), *„Novi Zagreb - new city next to the city"*, во Engineering Power, том 14, бр. 4.

[34] Kordić, M. Zorić, A. Todorović, D. Mrlješ, R. (2025), *„Body and Distance: Learning Connectedness and Belonging from Modern Movement – Case Study New Belgrade"*, во Docomomo Journal, бр. 73.

[35] Kukoč, V. (2014), *„Cities - Laboratories of smart urbanism"*, конференциски текст за Smart urbanism - Teaching sustainability.

[36] Kukoč, V. Džananović, M. Borota, M. Borota, J. Bucat, M. (2020), *„Dynamic streets and city programs"*, во City Street 4, e-proceedings.

[37] Laporte, d.W. Gabel, L.C. (1920), *„The housing problem of Germany"*, во The Annals of the American Academy of Political and Social Science, том 92.

[38] Lawson, G. Zhang, W. (2009), *„Meeting and greeting : activities in public outdoor spaces outside high-density urban residential communities"*, во Urban Design International, том 14, бр. 4.

[39] Lazić, S. (1975), *„Kako stanovnici dozhivljavaju otvorene prostore stanbenih naselja"*, во Arhitektura Urbanizam 74-77.

[40] Lin, Z. (2016), *„Metabolist Utopias and their Global Influence: Three Paradigms of Urbanism"*, во Journal of Urban History, том 42, бр. 3.

[41] McGillycuddy, K.P. (1991), *„Architecture: Lamp or Mirror?"*, во Journal or Architecture and planning research, том. 8, специјален број.

[42] Melvin, P.M. (1985), *„Changing Contexts: Neighborhood Definition and Urban Organization"*, во American Quarterly, том 37, бр. 3.

[43] Michieletto, M. (2012), *„Compose the siedlung: the project of Niddatal (1925-1930) vs the project of Riedberg (1997 - 2017) in Frankfurt"*, во Cities in tranformation: Research and Design, Ideas, Methods, Techniques, Tools, Case Studies.

[44] Milaković, M. Vukmirović, M. (2011), *„New Life of Modern Cities: Transformation and Renewal of Public Spaces in New Belgrade“*, во Real Corp 2011, Change for stability: Lifecycles of cities and regions.

[45] Minina, P. (2024), *„Utopias of the 20th century: The Soviet union and Yugoslavia“*, DOI: 10.13140/RG.2.2.12694.66886

[46] Mrduljaš, M. Kulić, V. Jovanović, J. (2013), *„Unfinished Modernisations: Reconstructing the Architectural History of Socialist Yugoslavia“*, во Central and eastern european architectural historiography.

[47] Mumford, E. (2019), *„CIAM and its Outcomes“*, во „Urban Planning (ISSN: 2183-7635).

[48] Mumford, L. (1965), *„Utopia, the City and the Machine“*, во Daedalus, том 94, бр. 2.

[49] Novaković, A. *„Humanistic urbanism: Exploring the principles of human-centered urban design and architecture throught a case study of Cerak Vinogradi Residential area in Belgrade"*, во Places and Technologies 2025, e-proceedings.

[50] Novi, A. Baumgartner, B. Grabow, S. Plank. L. Wolmary, H. (2024), *„Greening Rev Vienna: lessons for social-ecological housing provisions“*, во Sustainability: Science, Practice and Policy, том 20, бр.1.

[51] Ossola, A. Locke, D. Lin, B. Minor, E. (2019), *„Greening in style: Urban form, architecture and structure of front and backyard vegetation“*, во Landscape and Urban Planning, бр. 185.

[52] Patricios, N.N. (2002), *„The Neighborhood concept: A retrospective of physical design and social interaction“*, во Journal of Architecture and Planning Research, том. 19, бр. 1.

[53] Pham, K.T. (2023), *„Karl Marx's theory of human nature and its significance in educating people nowadays“*, во International scientific electronic journal, том 2, бр. 62.

[54] Picon, A. (2017), *„Notes on utopia, the city and architecture“*, во Grey Room, бр. 68.

[55] Porotto, A. (2016), *„Utopia and Vision. Learning from Vienna and Frankfurt“*, во Joelo, бр. 7.

[56] Porotto, A. Monterumisi, C. (2019), *„New Perspective on the II CIAM onwards: How does Housing built Cities?“*, во „Urban Planning (ISSN: 2183-7635), том 4, бр. 3.

[57] Rapoport, A. (1958), *„Various Meanings of "Theory"*", во во The American Political Science Review, том. 52, бр. 4.

[58] Rodwin, L. (1945), *„Garden cities and the Metropolis“*, во The Journal of Land and Public Utility Economics, том. 21, бр. 3.

[59] Schaub, E.L. (1930), *„Vienna's Socialistic Housing Experiment“*, во Social Service Review, том 4, бр. 4.

[60] Seis, R. (2012), *„Housing for the New Man“*, во Oriz Magazin, бр. 75.

[61] Sherring, S. (?), *„Why Housing Policies changed after World War 1“*.

[62] Sieder, R. (1985), *„Housing policy, social welfare and family life in Red Vienna 1919-1934“*, во Oral History, том 13, бр. 2.

[63] Stanley, B.W. Stark, B.L. Johnston, K. L. Smith, M.E. (2012), *„Urban Open Spaces in Historical Perspective: A Transdisciplinary Typology and Analysis“*, во Urban Geography, том 33, бр 8.

[64] Sonne, W. (2010) *„Dwelling in the Metropolis: Urbanity as a Paradigm in Modern Housing 1890-1940“*, во Positions, бр. 1

[65] Sosnovy, T. (1952), *„The Soviet Union Housing Problem“*, во The American Slavis and East European Review. том 11, бр. 4.

[66] Stratmann, M. (1979), *„Housing policies in the Weimar Republic“*, во Architectural Association Quarterly, том 11, бр. 1.

[67] Wiebenson, D. (1960), „Utopian aspects of Tony Garnier's City Industrielle“, во Journal of the society of architectural historians, том 19, бр. 1.

[68] Zedda, I.M. (2022) *„The Modern Berlin Block: Spatial Evolution of a Typology through the 20th Century“*, во Athens Journal of Architecture, том. 8, бр. 3.

[69] Zoranic, A. (2022), *„Residental architecture of Novi Zagreb on the example of Siget settlement“*, во Periodicals of Engineering and Natural Sciences, том. 10, бр. 5.

[70] Волињец, Р. Алексиевска, Ј. (1984), *„Ликовни и обликовни вредности во народната архитектура како резултат на практичната градителска постапка“* во Зборник, Архитектонски факултет: Скопје.

[71] Јанева, Л. (1981), *„Центар на месни заедници на населба „Аеродром“ - Скопје“*, во БИМАС, бр. 1.

[72] Јевтић, М. (2019), *„Врхункси домети ауторског пара Миленија и Дарка Марушича под окриљем ИАУС-а“*, DOI: 10.5937/a-u0-23976.

[73] Кокалевски, М. (1979), *„Хуманизација на просторот за егзистенција на човекот“*, во Зборник на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

[74] Милосављевић, Ј. (2021), *„Архитектонска дела ауторског и брачног пара Дарко и Миленија Марушић“*, во Наслеђе, том 22, бр. 22.

[75] Сојуз на друштво на архитекти на Македонија. (1983), *„Станбена единка на соседство „А1-3““*, во Биенале на македонска архитектура - Скопје, изложбен каталог за изложба одржана од 14 до 28 февруари.

## 5. Дневен печат

[1] Боглев, В. (1984), *„Без улици нема клучеви“*, дневен весник Нова Македонија, 13 септември.

[2] Зафировски, И. (1975), *„Дваесет и пет години самоуправување“*, дневен весник Нова Македонија, 27 јуни.

[3] К.Т. (1975а), *„Симбол“*, дневен весник Нова Македонија, 15 октомври..

[4] Т.М. (1975), *„Нов и современ град од околу 100000 жители“*, дневен веснки Нова Македонија, 6 септември.

[5] Јосифовски, Ф. (1974), *„Динамичен и витален живот“*, дневен веснки Нова Македонија, 30 април.

[6] Колев, Б. (1975), *„Визија за една нова хумана населба“*, дневен веснки Нова Македонија, 13 ноември.

[7] Љ.П. (1977), *„На жител по 7.2 квадрати зеленило“*, дневен веснки Нова Македонија, 10 мај.

[8] М.С. (1975), *„Околу 6000 станови во наредните пет години“*, дневен веснки Нова Македонија, 10 декември.

[9] Мирчевски, Т. (1974), *„Приоритет на станбена изградба“*, дневен весник Нова Македонија, 14 ноември.

[10] Мирчевски, Т. (1974), *„Приоритет на станбената изградба“*, дневен весник Нова Македонија, 15 ноември.

[11] Мирчевски, Т. (1976), *„Сам го визира сателитскиот град“*, дневен весник Нова Македонија, 10 јануари.

[12] Непознат автор. (1975б), *„Започна изградбата на населбата „Аеродром““*, дневен весник Нова Македонија, 14 ноември.

[13] Непознат автор. (1986), *„Здружена самоуправна интересна заедница за домување на Град Скопје распишува оглас“*, дневен весник Нова Македонија, 27 декември.

[14] П.Р. (1977), *„Примена на систем за поефикасна станбена изградба“*, дневен весник Нова Македонија, 25 август.

[15] Стефановски, М. (1977), *„Напори за поинтензивна станбена изградба“*, дневен весник Нова Македонија, 13 јули.

[16] Т.М. (1974а), *„Аеродром ќе биде најголемата населба во градот“*, дневен весник Нова Македонија, 14 мај.

[17] Т.М. (1974б), *„Современ град за околу 80000 жители“*, дневен весник Нова Македонија, 10 ноември.

[18] Т.М. Миленкоски. (1975), *„На „Аеродром“ најмасовна станбена изградба“*, дневен весник Нова Македонија, 22 октомври.

[19] Тодоровски, И. (1974), *„Визија за Скопската населба Аеродром“*, дневен весник Нова Македонија, 8 декември.

[20] Ф.Ј. (1975), *„Станвите готови - децата на улица“*, дневен весник Нова Македонија, 3 март.

[21] З.А. (1984), *„Новите населби - без греење?“*, дневен весник Нова Македонија, 8 март.

[22] В.Б. (1984), *„Вселување во 148 станови“*, дневен весник Нова Македонија, 16 март.

[23] В.Б. (1984), *„Доцни вселувањето во Б-1 на Техника“*, дневен весник Нова Македонија, 28 март.

[24] Боглев, В. (1984), *„Дивеење на дивоградбите“*, дневен весник Нова Македонија, 3 јуни.
[25] Јовановска, С. (1985), *„Неупотребливи станови“*, дневен весник Нова Македонија, 4 април.
[26] Д.Ч. (1986), *„Многу нерешени проблеми“*, дневен весник Нова Македонија,14 мај.

## 6. Интернет извори

[1] Aleksić, D. (2024), *„Miodrag Ferenčak, urbanista - Problem sa metroom je što svako može da izmisli svoju shemu i svoj koncept i da ga brani vrlo uspešno“*, онлајн интервју, достапно на https://www.ekapija.com/people/5010883/miodrag-ferencak-urbanista-problem-sa-metroom-je-sto-svako-moze-da-izmisli, (посетено на 22.9.2025).

[2] Architecture-history.org (2024), „*Master plan (unexecuted) for Magnitogorsk, Russia by Ivan Ilich Leonidov*“, онлајн материјал, достапен на: https://architecture-history.org/architects/architects/LEONIDOV/OBJECTS/1930,%20Master%20Plan%20(unexecuted),%20Magnitogorsk,%20Russia%20.html, (посетено на: 21.9.2025).

[3] Architectuul. (2016), *„Cite Industrielle“*, достапно на https://architectuul.com/architecture/cite-industrielle, (посетено на 26.7.2025).

[4] Arhitekturabezbeograda. (?), *„Лекције из либералног урбанизма“*, колумна во списание, достапна на: https://arhitekturabezbeograda.wordpress.com/wp-content/uploads/2017/06/lekcije-iz-liberalnog-urbanizma.jpg, (посетено на 22.9.2025).

[5] Britannica. (2023), *„Agora“*, достапно на: https://www.britannica.com/topic/Greek-philosophy/Hellenistic-and-Roman-philosophy (пристапено на 9.9.2025).

[6] djodjebobic.com. (2025), *„Biografija / 1939 - 2024 / “*, онлајн материјал, достапен на: https://djordjebobic.com/about/ (посетено на 22.9.2025).

[7] ekapija. (2008), *„Miodrag Braca Ferenčak, poznati urbanista – „gde ćeš, sine, baš na arhitekturu ?“*, онлајн интервју, достапно на: https://www.ekapija.com/people/149834/miodrag-braca-ferencak-poznati-urbanista-gde-ces-sine-bas-na-arhitekturu (посетено на 22.9.2025).

[8] Etymonline. (2025), *„theory“*, онлајн материјал, достапен на https://www.etymonline.com/word/theory, (посетено на 5.1.2026).

[9] Gropius, W. (1931), “Houses, Walk-ups or High-rise Apartment Blocks?” во “The Scope of Total Architecture”, достапно на: https://modernistarchitecture.wordpress.com/2010/10/28/walter-gropius%e2%80%99-%e2%80%9chouses-walk-ups-or-high-rise-apartment-blocks%e2%80%9d-1931/ (посетено на: 12.7.2025).

[10] Halloran, N. (2016), *„The fallen of World war 2“*, краток документарен филм достапен на https://www.youtube.com/watch?v=DwKPFT-RioU, (посетено на 5.2.2026).

[11] Housingeurope. (?), *„Municipal Housing in Vienna. History, facts and figures“*. Онлајн издание, достапно на https://www.housingeurope.eu/wp-content/uploads/2025/01/WW5918-Gemeindebau-ENG-freigabe2.pdf, (посетено на 25.12.2025).

[12] Kats, A. (2021), *„In socialist Yugoslavia, mass housing wasn't just ugly tower blocks“*, онлајн статија, достапно на https://jacobin.com/2021/08/yugoslavia-architecture-socialism-angola-soviet-housing, (посетено на 3.2.2026).

[13] Kippenberger, S. (2024), *„Weimar Estate: What 1920s Germany Teaches us about the Eternal Housing Crisis“*, онлајн материјал достапен на https://worldcrunch.com/business-finance/germany-housing-crisis-weimar/, (посетено на 22.12.2025).

[14] Korn, A. (1923), *„Analytical and Utopian Architecture“*, онлајн статија достапна на https://modernistarchitecture.wordpress.com/2010/10/31/arthur-korn%e2%80%99s-%e2%80%9canalytical-and-utopian-architecture%e2%80%9d-1923/, (посетено на 25.12.2025).

[15] Maganga, M. (2022), *„Ecological control and the Garden city: Utopia for Whom"*, online статија, достапно на https://www.archdaily.com/983622/ecological-control-and-the-garden-city-utopia-for-whom (посетена на 19.1.2025).

[16] Muzej-jugoslavija. (2011), „Nedovršene modernizacije – konferencija", онлајн порграма, достапно на: https://muzej-jugoslavije.org/program/nedovrsene-modernizacije-konferencija/, (посетено на 22.9.2025).

[17] N1. (2024), *„Preminuo arhitekta Đorđe Bobić"*, онлајн статија, достапно на: https://www.danas.rs/kultura/preminuo-djordje-bobic/ (посетено на 22.9.2025).

[18] Nagtegaal, T. (2022), *„The survival and resurrection of a "Bakema-experiment" in an Amsterdam garden city"*, во Docmomo Journal 65 - Housing for all, достапен на https://docomomojournal.com/index.php/journal/issue/view/dj-65, (посетено на 4.8.2024).

[19] Ober, J. (?), *„We're All Political Animals – and That's a Good Thing"*, онлајн материјал, достапно на: https://antigonejournal.com/2021/03/political-animals/, (посетено на: 23.9.2025).

[20] O'Connell. (2019), *„When German unions built housing for the people"*, онлајн статија, достапна на https://jacobin.com/2019/10/germany-trade-union-dgb-housing-crisis, (посетено на 22.12.2025).

[21] Stewart, G. (2008), *„The Suburban Tower and Toronto's legacy of Modern housing"*, во Docmomo Journal 39 - Postwar mass housing, достапно на https://docomomojournal.com/index.php/journal/issue/view/49, (посетено на 5.2.2025).

[22] Tamas, A. (2009) *„Interview with Robert Venturi and Denise Scott Brown"*, онлајн материјал, достапно на https://www.archdaily.com/130389/interview-robert-venturi-denise-scott-brown-by-andrea-tamas , (посетено на 19.11.2025).

[23] The Stadium guide. (?), *„Europe's largest football stadiums"*, достапно на: https://www.stadiumguide.com/figures-and-statistics/lists/europes-largest-football-stadiums/, (посетено на: 29.7.2025).

[24] UNESCO (2019), *„Cité Frugès"*, 1924, достапно на https://lecorbusier-worldheritage.org/en/cite-fruges/, пристапено на 26.7.2025.

[25] Wang, T. (?), *„A brief history of Metabolism in Architecture"*, онлајн статија, достапно на: https://architizer.com/blog/inspiration/stories/history-of-metabolism/ (посетено на 1.9.2025).

[26] Дигитален речник на македонскиот јазик, *„Заедница"*, http://drmj.eu/search/%D0%B7%D0%B0%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0, (посетено на 12.10.2025).

## 7. Документарни филмови

[1] Ban, S. (2019), *„Betonski spavachi: Split, izmedju plana i kaosa"* [Тв емисија].

[2] Marušić, M. (2025), *„Intervju za SFERA"*, онлајн интервју, достапно на https://www.youtube.com/watch?v=LOvnqiVQzWQ, (посетено на 12.1.2026).

[3] Marušić, M. (2019), *„Intervju za Al Jezeera Balkans"*,онлајн интервју, достапно на https://www.youtube.com/watch?v=bwUJUQfsLas, (посетено на 12.1.2026).

[4] Levinson, H. (1975), *„Berlin Siedlungen"*, [Тв документарец]. BBC/Open univesity: London.

## ПРИЛОЗИ

### 1. Список на слики и останати графички материјали

сл. 1 - Smithson, A. Smithson, P. (1970), Ordinariness and Light, прво издание, Massachusetts: The MIT Press, стр. 39.
сл. 2 -  Riss, J. (доцни 1800и), Photos Reveal Shocking Conditions of Tenement Slums in Late 1800s
сл. 3 - Howard, E. (1902), Garden cities of To-Morrow, London: Swan Sonneshine & Co., стр. 16-17.
сл. 4 - Howard, E. (1902), Garden cities of To-Morrow, London: Swan Sonneshine & Co., стр. 23.
сл. 5 - Dahir, J. (1947), The Neighborhood unit plan: Its spread and acceptance, New York: Russell Sage Foundation, стр. 17.
сл. 6 - Simard, M. Mercier, G. (2011), Géographie urbaine. Villes, urbanisation et systèmes urbains, стр. 30.
сл. 7 - Simard, M. Mercier, G. (2011), Géographie urbaine. Villes, urbanisation et systèmes urbains, стр. 30.
сл. 8 - Taraves, J (2010), The Competition for Brasilia's Pilot Plan: Territory and Infrastructure. Docomomo 43, стр. 8
сл. 9 - Gropius, W. (1929).
сл. 10 - Atala, Z.O. (2016), Rehabilitation of 1920s Housing Settlements: Examples from Cologne and Frankfurt (конференциски труд), стр. 1223.
сл. 11 - непознат автор (2015), The Hufeisensiedlung, Berlin: 'light and air, dignity and order, онлајн статија достапна на https://municipaldreams.wordpress.com/2015/02/17/hufeisensiedlung_berlin/.
сл. 12 - автоски цртеж. (2025).
сл. 13 - непознат автор. (?), Red Vienna (I): Karl Marx Hof, онлајн статија достапна на: https://hiddenarchitecture.net/red-vienna-i-karl-marx-hof/.
сл. 14 - непознат автор. (?), Red Vienna (I): Karl Marx Hof, онлајн статија достапна на: https://hiddenarchitecture.net/red-vienna-i-karl-marx-hof/.
сл. 15 - Risselda, M. van den Heuvel, D. (2006) Team10 1953-81, In search of a Utopia of the present Rotterdam: NAi Publishers, стр. 31, 76, 85, 166.
сл. 16 - Risselda, M. van den Heuvel, D. (2006) Team10 1953-81, In search of a Utopia of the present Rotterdam: NAi Publishers, стр. 116.
сл. 17 - Risselda, M. van den Heuvel, D. (2006) Team10 1953-81, In search of a Utopia of the present Rotterdam: NAi Publishers, стр. 132.
сл. 18 - Risselda, M. van den Heuvel, D. (2006) Team10 1953-81, In search of a Utopia of the present Rotterdam: NAi Publishers, стр. 72, 124.
сл. 19 - Jovanović, J. (2017), Mass Heritage of New Belgrade: Housing Laboratory and So Much More, во Periodica Polytechnica Architecture 40(2), стр. 109.
сл. 20 - Vranić, D. (2020), *„The Zagreb Fair as a generator of New Zagreb's Planning"*, во Journal of Planning History, 20(3), стр. 204.
сл. 21 - Milos. (2017), *„The Majestic open blocks of New Belgrade"*, онлајн статија достапна на: https://happyfrogtravels.com/majestic-open-blocks-new-belgrade/.
сл. 22 - непознат автор, ?. Blok 22,  онлајн статија достапна на: https://beotura.rs/en/blok-22/.
сл. 23 - непознат автор, ?. Blok 22,  онлајн статија достапна на: https://beotura.rs/en/blok-30/.
сл. 24 - непознат автор, ?. Blok 22,  онлајн статија достапна на: https://beotura.rs/en/blok-37/.
сл. 25 - непознат автор. (2012), *„Siget"*, онлајн статија достапна на: https://hr.wikipedia.org/wiki/Siget_%28Zagreb%29#/media/Datoteka:Zgrade_u_Sigetu-Zagreb.JPG.
сл. 26 - Zoranic, A. (2022), *„Residential architecture of Novi Zagreb on the example of Siget settlement"*, во Periodics of engeneering and natural science, том 10, бр. 5, стр. 59.
сл. 27 - Zoranic, A. (2022), *„Residential architecture of Novi Zagreb on the example of Siget settlement"*, во Periodics of engeneering and natural science, том 10, бр. 5, стр. 60.
сл. 28 - Jelinek, S. (1974), Split 3 u relacijama naše stambeno komunalne izgradnje (2), во Čovjek i prostor, бр.5, стр. 7.
сл. 29 - Kukoć, V. (2014), *„Split 3"*, во Streets and Neighborhoods: Vladimir Braco Mušič and large scale architecture, стр. 118.

сл. 30 - Kukoć, V. (2014), *„Split 3“*, во Streets and Neighborhoods: Vladimir Braco Mušič and large scale architecture, стр. 118-119.
сл. 31 - авторски цртеж (2026).
сл. 32 - Marušić, M. (?), *„Waiting for the cerak birds“*, онлајн старија достапна на: https://vreme.com/en/vreme/cekajuci-ceracke-ptice/.
сл. 33 - Popović, V. (2023) *„Cerak vinogradi su savršeni primer baukulture – što onda propada?“*, онлајн статија достапна на:https://rs.bloombergadria.com/politika/opste/23250/cerak-vinogradi-su-savrseni-primer-baukulture/news.
сл. 34 - Popović, V. (2023) *„Cerak vinogradi su savršeni primer baukulture – što onda propada?“*, онлајн статија достапна на:https://rs.bloombergadria.com/politika/opste/23250/cerak-vinogradi-su-savrseni-primer-baukulture/news.
сл. 35 - авторски цртеж (2025), дигитализиран план од архивска документација.
сл. 36 - авторски цртеж (2025).
сл. 37 - авторски цртеж (2025), дигитализиран план од архивска документација.
сл. 38 - авторски цртеж (2025), дигитализиран план од архивска документација.
сл. 39 - авторски цртеж (2025).
сл. 40 - авторски цртеж (2025), дигитализиран план од архивска документација.
сл. 41 - авторски цртеж (2025).
сл. 42 - ЗУАС (1965), Становање, книга 13, стр. 85.
сл. 43 - авторски цртеж (2023).
сл. 44 - авторски цртеж (2023).
сл. 45 - ЗУАС (1965), Становање, книга 13, стр. 174-176.
сл. 46 - авторски цртеж (2025), дигитализиран план од архивска документација.
сл. 47 - авторски цртеж (2025).
сл. 48 - David, M. (1975), *„Konkurs za idejno reshenje urbanistichkog uredjenja stambenog rejona „Aerodrom“, Skoplje“*, во Arhitektura Urbanizam 74-77, стр. 145.
сл. 49 - авторски цртеж (2025).
сл. 50 - авторски цртеж (2025).
сл. 51 - авторски цртеж (2025).
сл. 52 - авторски цртеж (2025).
сл. 53 - авторски цртеж (2025).
сл. 54 - ЈУГИНУС (1974), *„Организација на реон“*, во AS+2000.
сл. 55 - авторски цртеж (2025).
сл. 56 - авторски цртеж (2025).
сл. 57 - авторски цртеж (2024), дигитализиран план од архивска документација.
сл. 58 - Колев. (1975), *„Нова хумана населба за 100 000 жители“*, статија во дневниот весник Нова Македонија, 13 Ноември, стр. 13.
сл. 59 - непознат автор (1983), *„Единица на соседство А1-3“*, во каталог Бимас, бр.2.
сл. 60 - авторски цртеж (2022).
сл. 61 - авторски цртеж (2022).
сл. 62 - авторски цртеж (2022).
сл. 63 - авторски цртеж (2022).
сл. 64 - авторска фотографија (2021).
сл. 65 - авторска фотографија (2021).
сл. 66 - авторски цртеж (2022).
сл. 67 - авторска фотографија (2021).
сл. 68 - авторски цртеж (2024).
сл. 69 - авторски цртеж (2024).
сл. 70 - авторски цртеж (2024).
сл. 71 - авторски цртеж (2024).
сл. 72 - авторски дијаграм (2024).
сл. 73 - авторски дијаграм (2024).

сл. 74 - авторски цртеж (2024).
сл. 75 - авторски цртеж (2024).
сл. 76 - авторски цртеж (2022).
сл. 77 - авторски цртеж (2022).
сл. 78 - авторски цртеж (2026).
сл. 79 - непознат автор (1987), *„Месна заедница А3“*, во каталог Бимас, бр. 4.
сл. 80 - авторски цртеж (2022).
сл. 81 - авторски цртеж (2022).
сл. 82 - непознат автор (1981), *„Центри на месни заедници во населба Аеродром - Скопје“*, во каталог Бимас, бр. 1.
сл. 83 - Google Maps Pro (2026).

## 2. Интервју со м-р Миодраг Ференчак, 2025 г.

Миодраг Ференчак е еден од четирите главни автори на првонаградената конкурсно решение за населбата Аеродром од 1974 година. Ова интервју цели кон продлабочување на знаењата за населбата во нејзиниот процес на планирање, но отвора прашања и за контекстот на Југословенската политика на домување, идејата за конкурсот како интелектуален натпревар и релациите со денешната современа состојба на градот. Интервјуто е спроведено на српски јазик, во докторскиот труд е дадено во преведена форма

Пишано интервју за населбата Аеродром - 3.10.2025
Миодраг Ференчак / М.Ф. - Михајло Стојановски / М.С.

**1. Прашања кои се однесуваат на општиот контекст**

**М.С.** Ако ги погледнеме списанијата „Архитектура Урбанизам“ од 70-тите години, лесно може да се забележи дека често се објавуваат резултати од урбанистички конкурси за разни населби. Какво е расположението/значењето меѓу младата архитектонска генерација за ваквите конкурси и воопшто, кое е значењето/мотивацијата зад урбанистичките и архитектонските конкурси во струката во тоа време?

**М.Ф.** Во вашето прашање постојат повеќе слоеви кои сметам дека мора да се допрат, бидејќи не можат целосно да се разберат од денешниот, променет општествен и поимовен концепт.

***Југословенскиот социјализам и врската со урбанизмот***

Вториот дел од шеесеттите и седумдесеттите години на дваесеттиот век, за мојата генерација, беа време на развој на еден светски специфичен општествен модел на нашите балкански (поранешни југословенски) простори. Неговите општи специфичности обликуваа низа посебни специфичности, па така и во архитектурата и урбанизмот, во конкурсите и во мотивациите.

За тој општествен модел денес релативно малку се знае и зборува, бидејќи тој систем беше поврзан со, денес универзално недозволената марксистичка идеологија, со недозволената идеја за ограничена приватна, а доминантна „општествена“ сопственост, со непожелното државно планирање и комунистичкиот модел на еднопартиска политичка власт (згора на тоа, крајот на Втората светска и локалната граѓанска војна, како и децениите потоа, беа време на неумерена политичко - полициска диктатура и непростлив еднонасочен терор, кој, за среќа, веќе на почетокот на 60-тите кај нас исчезна во својата брутална форма).

Со таа непожелна врска кај нас се оформи една многу оригинална, светски единствена компонента – „социјалистичко самоуправување“ (всушност, обид за кодификација и практикување на економска демократија, теоретски проширена оттаму и на другите гранки на општествената организација, и на културата па и на урбанизмот. Според моето знаење, единствено во светот). На таа варијанта не ѝ може, ниту тогаш ниту денес, да ѝ се одрече позитивната теориска и реална социолошка авангардност - но тоа, разбирливо поради потребите на доминантната агенда, се оттурнува од видното поле на секојдневието („Википедија“, додуша, има одредница „Социјалистичко самоуправување“, но „Енциклопедија Британика“ воопшто ја нема, не споменува таква појава во овој дел од светот).

Мислам дека тука веќе е нужно да се потсети читателот и на една фантастична економско - социјална карактеристика која беше столб на системот (а неизбежно и на архитектонско-урбанистичкиот): секој вработен („работен човек“) имаше право од општеството за себе и своето семејство да добие на неограничено користење стан со пропишан квалитет и големина во местото на работа. Тоа создаваше огромна обврска за „општеството“ (работните организации, фондовите, општината, „интересните заедници“, државата, партијата...) да организира колосална масовна станбена изградба во динамичните градови и (најмногу) републичките центри. „Да се добие стан“ беше опсесивна цел на секое градско семејство, па и на поединецот, а „општествениот стан“ и неговото обезбедување стана и основна мерка за успехот на државата, власта и политиката (па и на претпријатијата). Го истакнувам ова, бидејќи е сосема можно денес овој мотив да се превиди, поради конкуренцијата на поатрактивни верзии за слабостите на тој систем.

Таа обврска не можеше да се одржува без извонредна градежна организација - а таа не можеше да ја придвижи својата системска машина без урбанизмот. Оттука беше поддржано реалното технолошко значење на урбанизмот (а и на конкурсите како посебен метод) во периодот од 1950-тите до 1990-тите години. Во Скопје таа обврска, по земјотресот во 1963 година, беше подигната на уште повисоко ниво.

Во тој специфичен општествен контекст, со бурни контроверзии на многу страни, па и во урбанизмот, се појавуваат и некои сосема позитивни и пожелни практики во историјата на струката, како што е и оваа значајна што ја забележавте - бројни јавни архитектонски, урбанистичко - архитектонски конкурси. Како илустрација за некои тврдења, јас често ќе користам примери од Нов Белград, затоа што конкретно ги познавам, но мислам дека тоа, во добра мера, може да се користи како аналогија за целиот простор и период на изградба или планирање на големи нови додатоци во југословенските градови (1948–1985/6).

***Методолошка апорија на траењето на урбанистичкиот план***

Мала дигресија, но голема финеса која не беше без влијание: „Урбанизам“ кај нас (денес секако во Србија) е поим во употреба, со јасно значење и во стручниот и во популарниот јазик, и е поврзан со францускиот извор, значење и културно наследство. Официјално, пак, кај нас постои само „урбанистичко планирање“ (синтагма која така ја користи и англискиот/американскиот јазик, кој нема поим „урбанизам“, а не знам како е во македонскиот јазик со „урбанизмот“). Значи, ние „мислиме урбанизам“ (како и Ле Корбизје, „Savoir Penser...“), а официјално постои само „урбанистичко планирање“ како многу потесен поим, со многу помалку содржина и разгранети обврски! Би требало, тогаш, таа потесна дисциплина совршено да се вклопила со „научниот социјализам“ и неговата задолжителна „планска економија“! Но не беше баш така! Се појави и незгоден методолошки проблем кој не беше баш јасен за современиците, а на многумина не им е јасен ни денес.

Официјалното државно „општествено планирање“ кај нас ги избра годишните програми и петгодишните планови како своја основа (следејќи го советскиот модел). Урбанистичкото планирање не можеше концептуално да го следи тоа. Дали навистина „Деталниот урбанистички план“ кај нас е за 5 години? А „генералниот план“ за 20 или 30, како што планот обично наведува? Што всушност значи „хоризонт на планирање“ (освен посебна демографска и економска проекција како почетна основа)? Или и едниот и другиот план се „засекогаш“, сè додека синхроно не се реализираат графиконите, табелите и текстуалните објаснувања од усвоениот елаборат, односно проект во многу крупна размер?

Или урбанистичкиот план е план додека не се донесе негова измена и дополнување или не се стави вон сила (како што би рекле правниците)?

Архитектите би рекле дека планот е траен модел, или дека тоа („засекогаш, дефинитивно, готово, планирано“, па кога ќе биде...) е барем графика, просторен идеограм на планот! Но, ако би можело така, зар тогаш секој генерален и детален урбанистички план всушност не е „идеален град“, или „идеално населено место“, или „идеален блок“, што не е одржлива концепција во реалното државно планирање? Оваа апорија не е решена ни до денес, а државата тогаш, уште на почетокот, сфати дека не може функционално целосно да се потпре на урбанистичкиот план како директен, синхронизиран инструмент за планско управување со изградбата, па го одврза и го пушти методолошки и во реализација да „плива“ послободно и поинаку од другото планирање, а ја задржа административната контрола само преку градежните дозволи, со селективно користење на урбанизмот таму каде и кога е тоа опортуно. Ова последното ќе има големо влијание врз подоцнежната бирократизација на урбанизмот кај нас.

Тоа за стручниот урбанизам значеше повеќе слобода, но и помалку државни обврски кон реалната реализација, па следствено и големо намалување на неговото вистинско значење, како и легална можност за отсуство на целосна реализација на урбанистичките планови - освен во опортуни детали.

Тука морам да го истакнам посебниот дострел на скопската адиција „Аеродром“! Малку се примерите кај нас каде толку голем и просторно богат дел од новата изградба е реализиран толку доследно - од конкурсната идеја, преку плановите и проектите, до реализацијата, на што ќе се навратиме подоцна. Оваа дигресија беше потребна и во контекст на „Аеродром“, за подобро да се разбере можноста избраниот конкурсен труд да имал седум истоветно конципирани (зошто истоветни, зар униформноста беше позитивен критериум?) заедници, од кои се реализирани 2 (или 3 – зошто само толку?), што ќе треба дополнително да се разгледа.

А сега, продолжуваме со тезата – претпоставката за тоа како урбанистичкиот конкурс кај нас станал фин инструмент на инаку гломазниот механизам на масовната изградба.

***Архитектонско - урбанистички конкурс како инструмент на планирање и изградба***

Државните чинители, очигледно, го согледале управниот и културниот квалитет на урбанистичкиот конкурс, како и тоа дека официјалното, административно предлагање и усвојување на една голема просторна концепција и трајна слика на градот, со илјадници нови станови („...тука има и сложени, тесно стручни прашања – и естетика, и психологија, и други алтернативни финеси, контроверзии и уште многу нешта неподобни за политичарски метод...“), поставена од раката, умот и амбициите на еден официјален стручен тим и неговите налогодавачи, носи неизвесности во подоцнежната оценка на квалитетот, убавината и популарноста на големиот урбанистички зафат. Тоа е реален ризик - опасност од видливо промашување за градот, но и за политичарите, како единствени и универзални предлагачи. Ако нешто трајно, како ново станбено населено место, се покаже како нефункционално, грдо и инфериорно – кој да се обвини? Секако не политичкото водство кое е предлагач! Демократизацијата на струката и естетиката може да има и практична политичка смисла.

Така, фазата на „општ анонимен анкетен урбанистичко - архитектонски конкурс“ можела правилно да се искористи - не само за посакуваното реално и сигурно подигнување на квалитетот на архитектурата, обликувањето и уредувањето на градот, туку и за намалување на неизвесностите, промашувањата и ризиците во градскиот простор, како и во кариерите на различните нивоа на раководство, бидејќи обврската за спроведување на избраниот конкурсен труд не била апсолутна.

Ова овозможило широка примена, популарност и долгорочна одржливост на институцијата на конкурсот во периодот на подем и траење на споменатиот систем. Секако, бројот на организирани конкурси за големи целини и бројот на реализирани решенија не се пропорционални - реализациите биле далеку помалку. Но културното и стручното значење на таа институција било немерливо!

Некои од најразвиените „западни“ земји и денес го имаат конкурсот како задолжителен инструмент за одредени категории јавни објекти и проекти - нешто што кај нас е изгубено.

***За мотивацијата на младите!***

Бидејќи тогаш немало приватни проектантски, урбанистички и консултантски бироа, ниту приватни инвеститори (кои, како што е случај денес, повеќе би преферирале други форми на пристап до големи договори за изградба наместо „непрактични“ конкурси), повеќето самоуверени архитекти, урбанисти, па и студенти, го прифаќале овој облик на слободен и креативен ангажман како значаен, па дури и животно важен. Формата на институцијата конкурс била коректно преземена од нејзината европска и локална предвоена традиција и не можело многу да ѝ се замери.

Освен задоволството од личната, слободна и креативна работа на секогаш инспиративна задача (веќе рековме дека во секој голем конкурс може да се наслути траг и повик на „Идеалниот град“), конкурсот секогаш носел и елементи на натпревар, пречки, драма, победничка слава, горчина на неуспехот, како и зголемен адреналин со приближувањето на рокот за предавање или објавување на резултатите. Субјективно, можел да се спореди со учество на голем спортски турнир и бил неодоливо привлечен за млади амбициозни архитекти, па и за апсолвенти со надпросечна самодоверба. Како што забележавте во прашањето, не било реткост да се распишуваат урбанистички конкурси за цели населби. Не за нови градови – „сателитски“ или „градини“, тоа не била наша практика – туку за населби, како проширувања на поголеми и големи градови или за центри на југословенските градови. Кој посветен архитект - урбанист би одолеал на тој повик?

Конкурсот силно (до степен на мазохизам) го експлоатирал живиот труд и идеите на учесниците, но финансиски не морал да биде недостижно скап (освен ако не сакате посебно да го импресионирате жирито со опремата на трудот). Еден автор сам тешко можел да изнесе поголем конкурс, но веќе тимови од три или четири члена ја отворале таа можност. Конкурсите, како анонимни, биле многу демократска институција - можеле рамноправно да се изразат и студенти и академици, на истата задача. Ако веќе сте биле етаблирана „стручна величина“ на која пласман под третото место би ѝ го нарушил рејтингот (зад трите награди обично следеле три откупи и обештетувања), можело да одбиете отворање на авторската коверта, и никаде да не биде забележано вашето неуспешно учество.

Исто така, со текот на времето конкурсите станале прилично објективен инструмент за неформално позиционирање во хиерархијата на стручната архитектонско - урбанистичка заедница, одлично селективно „сито“, па затоа биле привлечни и за голем број автори надвор од главните центри на промоција, како и за младите на почетокот од кариерата. Никој нов во струката кој немал легитимација преку награди или откупи од јавни конкурси, кој не можел во каталог на конкурс да го запише и своето име, не можел сигурно да смета на вистинско признание од стручната јавност. Тоа внесувало и одреден баланс во однос на клановскиот или партискиот непотизам во стручните позиции и создавало позитивни вибрации во поширокиот стручен подсистем.

***Едукативни ефекти на конкурсот***

На крајот, урбанистичко - архитектонскиот конкурс, неговата сложена задача и повеќемесечната интензивна (најчесто тимска, а понекогаш и мултидисциплинарна) концентрација на обликување на оптимално решение, имаа ненадминлив едукативен ефект врз учесниците, со кој не можеа да се споредат ниту семестралните, па ни дипломските трудови, ниту тематските симпозиуми или редовните проекти. Секој конкурс ги издигнуваше и неговите автори, и жирито, и распишувачот. Природно е што во таква проактивна општествена практика и институција младите стручњаци го наоѓаа своето место, полно задоволство во ангажманот (без хиерархија на шефови и главни проектанти, најчесто со рамноправно авторско учество) и силна мотивација за често повторувано учество. Тоа беше незаменлив општествен придонес на урбанистичкиот конкурс како институција, кој кај нас (денес секако во Србија) повеќе не се користи, бидејќи и критериумите за ефикасност и „општествена корист“ се променија – поблиску до приватизираната економија, а подалеку од културното во општествениот менаџмент.

***Забелешки за доверливоста на изборот на конкурсните жирија, како чест придружник***

Секогаш имало забелешки за работата и улогата на жирито, за недоволниот интегритет и стручен авторитет на членовите, или за непотизам и пристрасност. Сепак, ова второто можело да има влијание само кај трудови со висок и приближно еднаков квалитет, или кај суптилни разлики меѓу предлозите. Нема сила што може во десетчлено, претежно стручно и доволно упатено тело да протурка инфериорен предлог (можеби малку послаб, но со одбранливи нијанси). Првата забелешка често била на место, но секогаш се компензирала со тоа што важните членови на жирито (претседатели на општини, директори на институции и сл., кои по правило имале свое место во жирито) многу од практичниот урбанизам учеле токму преку учеството во жирирањето, што било општествено исплатливо веќе во следниот чекор.

Меѓу најдобрите облици на проблемски поставени конкурси (и на меѓународно ниво) ги сметам оние што успеале да најдат и форма на семинар, во која претставници на избраните тимови го презентираат својот труд пред жирито и другите учесници. Скопскиот конкурс за „Населба Аеродром“ беше токму таков. За ова би можело уште многу да се каже, но треба да се осврнеме и на другите ваши прашања.

**М.С.** Со заладувањето на односите со СССР, според Владимир Кулиќ, Југославија го насочила својот архитектонски и планерски дискурс кон Западот. Во повоениот период, сцената била доминирана од човекоцентрични парадигми и идејата за апсолутна хуманизација на просторот. Кои се главните центри на влијание, примери и литература што влијаеле врз развојот на југословенските планерски идеи?

**М.Ф.** Како промена на главниот вектор, свртувањето на дискурсот кај нас кон Западот е видливо и преку архитектонската појавност и преку урбанизмот. Големите започнати, а незавршени административни згради во Нов Белград и во Белград (на пример, Сојузното извршно веќе, или хотел „Југославија“, или хотел „Метропол“) по 1948 година добиле нови функции и нови архитекти кои полесно ги довршувале во концептот на модерната, без социјалистичко-реалистички примеси. Освен тоа, би спомнал уште три паралелни вектори.

Еден е раната појава (пред шеесеттите години) и распространетоста на оригиналниот конструктивен полумонтажен систем на инж. Жежељ („Жежељев систем“ – затегнати, преднапрегнати модуларни таваници 4.20×4.20, кои ги носат столбови 20/20, со неограничена катност и неограничени хоризонтални и вертикални комбинации), што им овозможувало на нашите архитекти формирање и комбинирање на многу форми, висини и позиции на зградите и во масовната станбена изградба, а не само стандардните „наполитанки“.Вториот е дека советскиот урбанизам бил дисциплиниран под цврстата рака на вистинско административно планирање: она што било нацртано во петгодишниот план морало и да се реализира – и така со децении. За овој втор вектор можеме да се навратиме на дел од претходниот одговор (затоа и го евоциравме подетално отколку што изгледаше неопходно): поради несинхронизираниот ритам, нашите државни петгодишни планови никогаш не успеале да преземат од урбанистичките планови некои обврзувачки петгодишни етапи (бидејќи тие и не биле изработувани како методолошка обврска). Таму (во СССР), како одговор на големите потреби и строгите обврски, се развивала многу рационална и

продуктивна монтажна изградба – крупнопанелен систем, побрз и поекономичен од нашиот. Но и со еден недостаток: рационално бил сведен и предодреден за призматична зграда, „наполитанка“, а неговиот „урбанизам“ за еднoритмични низи на такви згради со еднаков слободен простор. Хигиенски и функционално – шематски и планирачки. Универзалниот модел на стан, ламела, зграда и соседство можел да се реализира низ целиот СССР, дел по дел, „петолетка“ по „петолетка“. Но јасно е дека тоа не било погодно за посуптилни амбиентални цели – напротив. Амбиенталните резултати на таквиот урбанизам не го исполнуваат она што денес е неопходно, но тоа тогаш не било приоритет. Така, во секој кадар од документарен филм веднаш може да се препознае секоја нова советска станбена експанзија низ СССР, сѐ до деведесеттите години. Постојат и таму типични промени и обиди за оживување на амбиентот и крупнопанелниот систем низ советските периоди, па станбените групи последователно се препознаваат како „сталинки“, „хрушчовки“, „брежњевки“... но основата на моделот останува иста. Поради споменатите методолошки нерешености меѓу урбанистичкото и петгодишното планирање, овој силен вектор кај нас имал редуцирано влијание. Конечно, третиот вектор, кој јас го сметам за најважен, е фактот дека во предвоениот период (пред Втората светска војна) нашите (југословенски) тогаш млади, а по војната во полна сила архитекти (како и оние со веќе солидна предвоена практика), ако не студирале во Прага, Берлин, Минхен, Париз – сигурно таму поминале значајни месеци од својот ранен професионален развој, блиску до изворите на „модерната“, што не било случај со тогашните советски архитекти (раните советски конструктивисти: Маљевич, Татлин, Веснин, Лисицки... биле, како што знаеме, намерно маргинализирани и без континуитет). Освен тоа, нашите архитекти биле тесно ориентирани кон неколку свои…републичките центри, додека советските биле распрснати на бескрајни пространства. То порано или подоцна ќе излезеше на површина, и да не дошло до „информбироовскиот“ раскол со СССР.

Како повик кон добар, епохален извор за ова гледиште може да послужи извонредната книга на Бранислав Крстиќ: „Атинската повелба и мислата на архитектите и урбанистите на ФНРЈ во 1950-тите“ (издание на Бранислав Крстиќ, Белград, 2014, 427 стр., „Атом штампа“, Ѓуринци, 2014), во која прецизно и исцрпно е обработен за нас историски важниот собир „Прво советување на архитектите и урбанистите на Југославија; Прв дел, Дубровник, 23–25.11.1950“, со реферати од „Научна книга“, Белград, 1950, како и со над триесет оригинално собрани кратки биографии на учесниците и со лични белешки на авторот како присутен стручен сведок на собирот.

Покрај идеите од самите реферати, покрај за нашата тема многу информативниот реферат на македонскиот (скопски) претставник, легендарниот Пота Љубе, одлучувачкиот аргумент за моето тврдење за значењето на третиот вектор кај нас – како отстапување од советскиот модел на урбанизам – ќе се најде токму во биографиите на учесниците на собирот. Имено, на највлијателниот собир на тогаш водечките стручњаци кај нас, речиси секој втор учесник имал предвоено образование или предвоена практика во најпрестижните европски школи и ателјеа на легендарните институции и имиња на модерната (BAUHAUS, CIAM, Адолф Лос, Петер Беренс, Ле Корбизје…), што никако не можело да се изгуби, туку морало порано или подоцна да се манифестира.

***За „човекоцентричноста“***

Толку беше неопходно да се каже во врска со првиот дел од вашето прашање, се надевам и доволно аргументирано. Меѓутоа, многу е важна вашата забелешка за „човекоцентричноста“, толку што повторно ќе го цитирам тој дел од вашето прашање: „...Во повоениот период, сцената беше доминирана од човекоцентрични парадигми и идејата за апсолутна хуманизација на просторот...“.

Мислам дека тоа е сосема неспорна констатација.

Повоената, исклучително богата Америка, со економски моќна и раздвижена реална економија, им нудела на своите жители просперитет во кој не морало да се укинува „хуманизацијата“. Критичниот наследен станбен фонд за изнајмување за средните и пониските класи (намерно во множина „класи“, бидејќи класичните урбосоциолози од тој простор и време, Роберт Парк и Ернест Барџес, ги разгледуваат во секоја група по три) во центрите на големите градови (на пример и во Менхетен, Бруклин...) добива „замрзнување“ на станбените договори на неопределено време.

Субурбаните шеми, поттикнати од претприемачи во потрага по работа, нуделе бројни варијанти на семејни куќи и куќи во низа, со поволни кредити и хипотеки врз самата нова недвижност (во нашата архитектонско-урбанистичка школа, овој правец се сметал за целосно промашен и неупотреблив, со потценувачката ознака „куќички во цвеќе“, и бил исклучен како урбанистички релевантна форма).Подоцна ќе се појават и други „хуманоцентрични“ новини во „новите градови на Америка“ (Рестон, Колумбија...), сè до уставни амандмани („Наслов 7“) кои овозможувале експропријација на приватни парцели (во САД!) и за нови станбени (секогаш „хуманизирачки“), а не само за државни намени и проекти во обновата на градските целини.

Во европските земји, повоеното чувство на колективно спасение и визијата за нов живот ја засилија општествената и индивидуалната емпатија до таа мера што повеќето политички доктрини имаа карактер на солидни и вистински социјалдемократски агенди. Со војната разурнатите градови бараа голема и организирана обнова и голем број нови станови за новата епоха на мир и напредок. Да, „човекоцентричните“, хуманизирачки и урбообновителни мотиви доминираа, што е разбирливо!

Ако се вратиме на примерите од западноевропските урбанистички реализации во периодот на обновата, ќе се сетиме на неочекуваните британски општествено-колективистички примери со голема креативност и несомнени хуманистички критериуми како први (Милтон Кинс, Велвин, Стивенич, Камбернолд...), француските (Серж-Понтуаз, Марн-ла-Вале, Тулуз – Ле Мирај / Кандилис, Јосиќ, Вудс 1962), шведските, данските, како и наследството на германските и австриските предвоени социјални станбени концепции – секогаш со вистинска хуманистичка основа.

Тоа е период кога, по свеста за воените разурнувања на градовите, по природа на нештата, градот не можеше да се сфаќа како затекнат природен ресурс за зголемување на профитот и капиталот (како што денес често се сфаќа), туку како важна социјална инфраструктура што треба да се обнови и унапреди. Јасно е дека хуманистичките парадигми ќе бидат природна основа за таквата обнова.

Денес тоа веќе не е ситуација ни во градовите на Западот, ниту во Србија, каде што ги следам промените. Се чини дека актуелната епоха на разбирање на градското земјиште како даден ресурс за стекнување и акумулација на капитал целосно ги прифати методите во кои хуманизацијата на урбаното живеење не е приоритет, но која успешно може да се служи со впечатлива архитектонска екологија и архитектонска естетика – во функција на маркетинг и зголемување на цената на елитните недвижности.

Кога ќе ги погледнеме величествените, имагинативни, озеленети композиции на облакодери во современите градски проекти, ова може да изгледа како ситничаво стручњачко приговарање или идеологизирана огорченост. Но, бидејќи за ова зборуваме во ноември 2025 година, кога артилериски гранати, ракетни проектили и авионски бомби методично, секојдневно и целосно разоруваат големи и густо изградени нови и постари, подобри и полоши населби, како и мали и големи луѓе во Појасот Газа, во Донбас и на други места, не можеме а да не го истакнеме тоа.

Тоа ќе помине, но мораме на читателот да му оставиме сигнал дека сме сосема свесни за тој огромен цивилизациски апсурд – дури и кога зборуваме за избрани, потесни теми на хумано градење на градовите. Убедени сме во повторното враќање на актуелноста на човекоцентричниот критериум.

***Некои финеси во нашата и советската хуманизација на градовите***

Основата на фините разлики, која според мое мислење произлегува од разликите во системската дисциплина на планирањето и од поголемата оддалеченост на нашиот систем од строго петгодишно планирање, веќе ја навестивме во претходните пасуси. Првите целосни скици на Нов Белград по 1945 година имаа многу сличности, според едноставноста на зградите и нивниот однос кон просторот, со советските шеми. Тоа може да се каже и за првите изградени фази на Нов Белград, на допирот со Земун, или за некои „колонии“ на други места.

Како погодна средина за мирно и здраво градско домување: четирикатни згради без лифт, станови со двојна ориентација, без централно греење, доволно растојание меѓу зградите, тесни асфалтирани сообраќајни ленти покрај зградите, без паркинг (за пристап на возила со огрев до подрумите, што подоцна ќе помогне да се надмине отсуството на планирани паркинзи), а исто така добро ќе послужат и за игра со топка и други игри на цврста подлога (на пр. „школка“, јаже и сл.) за бројните деца од новите блокови. Широки земјени површини со скромна трева, грмушки и негувани садници на идни високи и разгранети дрвја и дрвореди биле смирувачки фактор (тогаш можеби и премногу смирувачки), со минимален број продавници наместо приземни станови, на едниот крај од зградата, со дрвени или бетонски перголи (не и озеленети) на кровната етажа, каде што биле заедничките перални и сушални. Социјалната структура на жителите била блиска до статистичкиот модел на градот.

Денес овој концепт не можеме поинаку да го означиме освен како „хуман“ (особено сега, кога тогашните скромни садници прераснаа во моќни шеесетгодишни дрвја на некогашните суви полиња или песочни површини меѓу зградите) – иако како стручњаци му наоѓавме бројни забелешки.

За жал, не можам компаративно да ги илустрирам ваквите детали за советските станбени блокови, бидејќи не ги познавам доволно. Мислам дека функционалната основа е иста: едноставност на концепцијата, голема широчина на просторот меѓу зградите (поголема отколку кај нас), отсуство на разновидност и промени во урбаната слика, привид на отсуство на активности и случувања во просторот. Сепак, овие амбиентални недостатоци не можеме да ги изедначиме со „отсуство на хуманост“.

Подоцна, еднострaното и помодерно (веќе во денешна Русија) разбирање дека вообичаено големиот размак меѓу зградите во наследената урбанистичка схема овозможува неограничено зголемување на висината на зградите и поврзаните комплекси, доведе до тоа една од петроградските згради-блокови да се истакне и како „најголема станбена зграда во светот“. Тоа веќе претставува современ раскин со просторот и времето во кое се трагаше по „хуман блок, суперблок, населба...“.

При визуелно разгледување на денес достапните слики од постарите „умерени“ блокови во СССР, кај мене се јавува одредена нејаснотија – не забележувам густа шума од богато зеленило каква што со текот на времето се појави во нашите станбени блокови од тој период. Таму би требало да се очекуваат уште побогати зелени масиви, што не е сосема видливо. Почесто се среќаваат празни, пустели простори.

Сепак, и во двата случаи не треба да се заборави обврската за колосална изградба и доделување станови (не продажба) на градските семејства, што претставува значаен атрибут на хуманост. Мислам дека ова е доволно, за оваа цел, како компаративен осврт на хуманите цели и просторните остварувања кај нас и во СССР.

***Анегдота за перцепцијата на квалитетот***

Не можам да пропуштам тука да не ја раскажам сопствената анегдота за Нов Белград (проширувајќи ја, сосема субјективно, и на другите југословенски нови населби, па и на „Аеродром“), од крајот на мај 1981, 82 или подоцна (немам точна забелешка, бидејќи тогаш не бев свесен за односите, размерите и важноста на овие настани и личности во времето, а паметењето има свои филтри кои не се под наша контрола).

На годишниот редовен урбанистички мајски собир „Комуникации“, кој традиционално во тие години го организираше ЦЕП („Центар за планирање на урбаниот развој“ од Белград), покрај учесниците, почесни гости беа Паоло Портогези и Алдо Роси – неспорни „полубогови“ на нашата професија во тој период. Кога тие изразија желба да го разгледаат белградското Ушќе од водите на Дунав и Сава, тоа со задоволство го организиравме, а јас бев одреден да им бидам придружник.

Немав ниту трема, ниту восхит – тогаш, со младешко преценување, ваквите прилики за колегијална комуникација ги сметавме за нормален настан. Денес, можеби, би размислувал поинаку. За време на пријатната пловидба по големата вода, во мало пловило, тие меѓусебно го коментираа просторот и ведутите на Ушќето, Големиот воен остров и Тврдината на италијански, со значително (за нас локалпатриоти сосема разбирливо) воодушевување. Но кога, од Дунав, зад Воениот остров, започна нивната анализа на ведутата на Нов Белград, ме вклучија и мене (на англиски), истакнувајќи дека Нов Белград е најдобриот „градинарски град“ (да, токму „garden city“) што имале можност да го посетат, дека идејата за композиционата оска од оваа перспектива е сосема јасно читлива, како и уште неколку мајсторски пофалби.

Јас благо се спротивставував на, според мене, претерано љубезните пофалби, наведувајќи ги нашите резерви и забелешки (на помладите урбанисти, кои сакаа повеќе и подобро), особено во однос на недоволно комплексната човекомера, човекоцентричност, како и социолошката, психолошката и естетската крутост на тој простор.

Сепак, моето изненадување што тие две „ѕвезди“, неспорни светски авторитети, ги видоа нашите блокови како „градинарски град“ – и тоа меѓу најдобрите воопшто – влијаеше на мене така што резултатите на нашиот урбанизам подоцна, сè до денес, ги гледав со поинакви, поразбирливи очи.

**М.С.** Колку е мултидисциплинарниот тим важен за успехот на урбанистичкото решение за населба и колку во тоа време било вообичаено вклучувањето на различни профили на струки во обликувањето на животната средина?

**М.Ф.** Три-четири децении по војната, урбанизмот се сместуваше во нови услови како изменета институција, од која се очекуваше повеќе отколку порано. Чисто архитектонскиот пристап на Модерната, Атинската повелба, Ле Корбизје (иако со комплексни цели и теми, сепак првенствено архитектонски), веќе не беше доволен.

Се појавува придавката „сеопфатен" (comprehensive) како методолошко барање. Веднаш потоа, секако, и „мултидисциплинарност" (multidisciplinary) како методолошка разработка на пристапот.

Не знам доволно за практичната организација на мултидисциплинарниот урбанизам во Европа за да можам подетално да го коментирам, иако од неколку примери за функционирањето на англиските институции (Greater London Council до 1987 година и некои проекти на специјализирани канцеларии на Круната на Обединетото Кралство) од тој период е видливо дека на агендата на мултидисциплинарност и сеопфатност во урбанизмот ѝ се посветувало примарно внимание.

Што се однесува до карактерот и интензитетот на пристапот кон тоа кај нас, јас на Архитектонскиот факултет во Белград затекнав (1961) сериозни предмети по социологија, економија, статистика, комунално планирање, историја на уметноста, сликарство и др. – покрај очекуваните инженерски и технички предмети. На четвртата година, на вежбите, проф. В. Бјеликов знаеше да ни зададе тимска задача и да одреди кој од нас ќе биде економист, кој социолог, кој психолог, кој историчар на уметноста во рамки на тимскиот пристап. Ние тоа го потценувавме како недоволно реалистично и површно, но денес мислам дека имало голема педагошка вредност. За поврзување на повеќе дисциплини во тимска работа потребно е учесниците да имаат барем минимално познавање, елементарна самодоверба и чувство дека тоа веќе некогаш го работеле и во врска со туѓа тематска област.

Верувам дека така било и на другите републички универзитети и факултети насочени кон урбанизмот. Во организацијата на урбанистичкиот систем исто така постоела одредена ориентација (не сосема интегрално разработена) кон мултидисциплинарност. Во големите урбанистички заводи на главните републички градови и во републичките институти за урбанизам постоеле најважните стручњаци од сродните општествени дисциплини потребни за урбанистичко конципирање (барем по еден или два), и нивното учество во изработката на стандардните планови било присутно. Исто така, во тој период (60–70-тите години) постоеле стручни совети во повеќето урбанистички институции кои ги разгледувале сите планови пред нивното објавување. Тоа внесувало дополнителна доза на мултидисциплинарност во секој план.

На пример, само во Белград, Урбанистичкиот завод имал повеќе економисти, еден социолог, лекар, математичар, правник, секако историчар на уметноста, шумар и, нормално, други потребни инженери. Републичкиот завод за урбанизам и комунални дејности на Србија (ЗУКД) исто така имал добар мултидисциплинарен тим. Југословенскиот институт за урбанизам и домување (ЈУГИНУС, кој постоел како сојузна институција до 1967) имал врвни три економисти, два социолога, правник, географ, математичар, архитект (како доктори на науки), како и статистичар, психолог, два инженери за сообраќај, дизајнер и уште пет помлади архитекти. Загреб и Љубљана исто така имале двојни урбанистички институции во градот. За Скопје, вие веројатно знаете поточно. ЈУГИНУС (чиј тим учествувал на конкурсот за „Аеродром") првенствено се занимавал со теоретска работа, другите мешовито, но во целина постоела јасна тенденција кон мултидисциплинарен пристап и во теоријата и во практичните планови. Секако, тоа биле развојни почетоци и на теоријата и на практиката, а не уште цврсти парадигми и методи на мултидисциплинарен урбанизам кај нас. Потребно било доволно време, пракса и континуиран напредок во институциите за да се достигнат амбициозните културолошки стремежи што би сакале да ги видиме – но тоа време веќе го немало од средината на осумдесеттите години.

Во втората половина на осумдесеттите години, бранот на „човекоцентричност", „сеопфатност" и „мултидисциплинарност" отстапува место на поедноставни критериуми на епохата, и тоа неизбежно, за неколку години, се пренесува и кај нас, па официјалниот урбанизам го прифаќа спротивниот правец на развој (секако во Србија) – преку редукција на сеопфатноста и мултидисциплинарноста на урбанизмот, во корист на правно регулирање на засебната претприемничка нова изградба како приоритет, што неизбежно подразбира и поедноставна просторна организација и односи во урбанизмот.

**2. Прашања во врска со контекстот / конкурсот за Аеродром**

**М.С.** Пописот на населението од 1961 година покажува дека во Скопје живеат 220.000 жители. По земјотресот, Скопје доживува брз раст на населението, а источната експанзија на градот (каде што денес се наоѓа населбата Аеродром) била планирана да смести 80.000 до 100.000 жители. Во споредба со тогашниот број жители, како и со денешната демографска состојба, всушност зборуваме за нов град, како што новините од седумдесеттите години сакаат да го опишуваат Аеродром. Кое било значењето на населбата Аеродром во Југославија во времето на нејзиното планирање?

**М.Ф.** Повеќе не располагам со точните бројки на население од тој период, но во 1973/74, во времето на подготовката на овој проект, мислам дека Скопје веќе имало повеќе од 300.000 жители. Мислам дека „Основниот план“ предвидувал 480.000, што вие полесно можете да го проверите. Иако тогаш и во нашата урбанистичка теорија беа присутни силни тези дека за главните градови на републиките треба да се користат планови и методи за ограничување на нивниот раст, со цел да се одржат средните и малите градови во оптимална мрежа (интересно, не и селата – се сметало дека нивниот број е преголем и теоретски неодржлив, иако денес можеби би посакале спротивното), урбанистите во пракса (меѓу кои се вбројувам и јас) и националните политичари, во реалноста, го поддржувале брзиот раст на републичките главни градови.

Единствен исклучок, како и во некои други важни прашања, на пример станбениот систем, била Словенија, која упорно и ефикасно одржувала забавен раст на Љубљана, со постепен раст и на другите населби во планираната мрежа.

***Нова населба во голем град или нов град***

Причините за поддршката на растот на најголемите градови беа и културолошки и практични. Амбициозните урбанистичко-архитектонски унапредувања во економии со поскромна акумулација бараат квантитет и концентрација во градовите. Нашата тогашна федерација, со шест републики, со шест и повеќе национални култури, со 3–5 различни јазици, нужно бараше и шест целосни, сеопфатни метрополи за природен културен, економски и севкупен современ развој. Тоа, секако, подразбираше големи главни градови на републиките (освен, како што рековме, во Словенија – таму, очигледно, веќе биле блиску до повисоко ниво на организација), па затоа концепциите за брз раст реално беа оправдани. Во Скопје, по земјотресот и приливот на дополнителни средства за обнова во подолг период, веројатно се создале и дополнителни услови и „магнет“ за забрзан раст и прилив на население. Мислам дека големите бројки за новите населби тогаш не беа неоправдани.

Но, да ја погледнеме просторната и урбанистичката конфигурација на тогашното Скопје! Интензивното главно градско јадро – не само милениумскиот историски центар, туку и најсовремено планираното идно јадро (според К. Танге; „Градски ѕид“ и новата подигната железничка станица на платформа, меѓу првите во Европа) – се наоѓало на крајната југоисточна страна на градот. Околу 1,7 km² источно од новата станица, градската периферија завршувала и започнувало пространо, рамно, чисто и широко поле покрај Вардар, на кое се наоѓал и скопскиот аеродром.

Како идеограм, тоа било како видлива пеперутка со две симетрични крилја, од кои десното (источното) не било развиено, а западното било развиено и во најголем дел пополнето. Не гледам пологично решение за скопските урбанистички планери отколку најголемиот дел од очекуваниот развој и организираната станбена изградба, во Основниот план, да го насочат токму во тој правец – па ни планираните 80–100 илјади жители не биле неосновани.

Кога размислувате дека „...всушност, зборуваме за нов град...“, тоа е точно во квантитативна смисла. Но, по урбан квалитет и морфологија (за нашиот работен тим на конкурсот), градската зона „Аеродром“ можеше да биде само важен дел од Скопје во развој – големо, недостасувачко крило на пеперутката што постепено се развива.

Внимателниот критичар на конкурсниот предлог, во врска со овие суптилни прашања за развојот и динамиката на формирање на градските простори, ќе открие повеќе неискажани, недоволно разрешени прашања во нашиот конкурсен предлог. Зошто се предвидени седум големи месни заедници и нивните елементи по ист модел и во исти форми и содржини, кога е јасно дека текот на времето, како и самата естетска потреба за разновидност, ќе бара промени меѓу нив? Тука не се чувствува концептот на „постепен развој“, туку повеќе архитектонска склоност кон репетиција на „пронајденото оптимално решение“.

Зошто центрите на месните заедници се пунктуални, меѓусебно неповрзани, со станбени кули, прекинати во средината со широк парк, па всушност ги има 14, што го намалува комуникациското значење на секој од нив? Слично прашање може да се постави и за суперкомпактниот заеднички центар на населбата во средишниот квадрант на јужната страна.

Зошто нема водени мотиви во станбените паркови кога Вардар е толку близу?

Зошто огромниот и силен средишен булевар „Јане Сандански“ е третиран како простор за брзо механизирано движење, оддалечен од станбените згради, со посебни паралелопипедни, непретенциозни, повторливи, ниски деловни згради – што може да потсети на опишаните нови градски булевари меѓу станбени блокови во Советскиот Сојуз?

Тука ќе одговориме само на последното прашање, а на останатите – можеби преку одговорите во следните прашања. Прво, голем практичен урбанистички проблем кај нас (од 50-тите до 90-тите години, па и подоцна) секогаш била диспропорцијата меѓу големата потребна површина за станови и малата потребна површина за комерцијални („терцијарни“) и општествени активности, децентрализирано во новите населби.

Оттука, урбанистичко-архитектонското и инвестициското планирање на системот на градски центри и нивните поединечни елементи всушност било виртуелно и базирано на концептот на хиерархиска децентрализација (главен градски центар, секундарен градски центар, реонски центар, центар на месна или станбена заедница...). Урбанистите ги планирале системите, површините и објектите на центрите на хартија, не очекувајќи реална реализација на централните содржини.

Содржините како стоковни куќи, супермаркети, хотели, кафеани, ресторани, специјализирани продавници, кафулиња, бутици, дискотеки, библиотеки, сали за литературни и музички настани, галерии, ординации, ателјеа, пошти, банки, туристички агенции, а особено простори за претпријатија со стандардно канцелариско работење, во тоа време не биле развиени, ниту реално барале простор (особено не надвор од традиционалниот центар), а урбанистите ги формирале ставовите за идните потреби врз основа на пропорциите во западните градови – како идни потреби и како доктринарен модел и за нашите градови.

Тоа, секако, претставувало проблем и за оние што креираат и предлагаат, и за оние што оценуваат и усвојуваат предлози. Во почетокот на 70-тите години, на светско ниво се популаризира еден понов концепт на Модерната во областа на просторниот развој на градот и неговиот центар – „Динаполис“ на Константинос Доксијадис (неговиот институт веќе соработувал со скопските урбанисти пет години претходно, но тоа не било доволно познато за современиците надвор од Скопје – или за нашиот тим).

Во него, центрите не се поставуваат како точки во просторна решетка, како во кристал, туку го задржуваат континуитетот и линеарниот развој во еден правец, ширејќи се според потребите на времето низ средината на оската. Така, развојот на центарот не би морал да „се јаде самиот себе“ и своите историски слоеви, што било многу привлечно за урбанистите со сензибилитет за временските текови на градот.

Почетното историско јадро на Скопје на источниот раб, отворениот правец на развој кон исток (а затворен во другите правци), силниот векторски потенцијал на Булевар „Јане Сандански“, укажуваа во почетните фази на формирање на концепцијата и на таков можен „динаполис“ правец на истражување.

Сепак, преовлада афинитетот кон нешто постарите, но неодоливи урбанистички комуникациски теореми на Кристофер Александер („Градот не е дрво“) и Кевин Линч („Сликата на градот“), па беше задржана репетитивната шема на централните заедници со нивните линеарни центри (всушност четирикратни пунктови) поставени нормално на булеварот, како и класичен, компактен голем центар на населбата блиску до средиштето на просторот.

Зградите долж самиот булевар, по целата негова должина, не се високи и динамично нагласени, туку се ниски, без посебно значење, без претензии и уникатни општествени содржини, со претпоставка дека тие би биле првите заменети во текот на новите епохални потреби (скромен придонес – отстапка кон „динаполис“).

Кое било значењето на населбата Аеродром во Југославија во времето на нејзиното планирање?

Тоа можеме да го процениме од три позиции. Прво, големината. Со својот капацитет од 75.000–100.000 жители, тоа беше вториот по големина нов додаток на еден републички центар (по Нов Белград, а такви имаше во сите). Понатаму, Скопје сè уште беше во фокусот на југословенските (и странските) стручњаци

и публицисти, поради потребата од иновативно решавање на проблемите во развојот на градот по земјотресот – што навистина се случуваше во Скопје.

Конечно, и самиот формат на распишаниот конкурс беше престижен и иновативен. Не ми е познато дека сите најпрестижни урбанистички институции биле поканети на натпреварувачко решавање на ист голем проект во некој наш град (не учествуваа баш сите ни тука).

Сите три позиции укажуваа на значење што не можеше да се занемари. Сепак, мислам дека развојот на „Аеродром", од конкурсот до финализацијата и користењето, не беше пропорционално следен и разгледуван во стручните или јавните гласила надвор од Скопје, па затоа не е доволно, ниту повеќеслојно познат.

**М.С.** Која била мотивацијата и идејата на главниот тим што го предложил решението за населбата Аеродром?

**М.Ф.** Југословенскиот институт за урбанизам и домување (ЈУГИНУС), кој го наследи укинатиот Сојузен завод за урбанизам (и го изгуби буџетското финансирање околу 1967 година), успешно продолжи да работи на теоретски и истражувачки проекти, организација на стручни собири и други форми на работа, но со задача за сето тоа да обезбеди финансирање на „пазарот". Звучи неверојатно, но тоа беше можно и успешно, благодарение на постоењето на силни „дирекции за изградба на градови", Постојаната конференција на градови и општини на Југославија, нивното квалитетно и прилично просветено раководство, како и нивните добри колегијални, стручни и лични односи.

Морам да ги споменам оние значајни имиња што ги паметам од таа група: од Постојаната конференција на градови – Ж. Ковачевиќ; од Љубљана – Флашар; од Нови Сад – В. Васиќ; од Белград – Р. Вујновиќ; од Сараево – М. Агановиќ; и, секако, од Скопје – Трајко Стојков, директор на Дирекцијата, кој, покрај други уште поважни активности, всушност ја иницираше и ја спроведе организацијата на конкурсот за „Аеродром".

Од страна на ЈУГИНУС, извонреден беше директорот Рајко Рајиќ, економист со целосно разбирање и за урбанизмот и за општествените процеси (исто така личен пријател на сите претходно споменати личности), кој сметаше дека исклучиво теоретската ориентација на Институтот нема ни методолошка, ни долгорочна пазарна перспектива и дека Институтот треба, во најкус можен рок, да формира помлад истражувачки тим, особено архитектонско-урбанистички, способен за интегриран, мултидисциплинарен и научно заснован пристап во практичното урбанистичко планирање (и комплексното програмско планирање, како што тогаш се подразбираше) на сите нивоа.

Тоа беше реализирано преку повеќе помали проекти, но повикот за учество на скопскиот конкурс за населбата Аеродром беше сфатен како вистински предизвик во вистински момент. Беше формиран тим од млади истражувачи, засилен со членови од страна, и му беа обезбедени време, средства и задача – да изработи предлог заснован на автентични, актуелни и сеопфатни концепции, најдобро што може.

Тоа беше мотивот на Институтот, а тоа беше и доволен мотив за неговите помлади членови. Ако се навратиме на темата од првото прашање – за мотивацијата на младите за работа на тогашните конкурси – ќе добиете појасна слика за тимската мотивација.

Мислам дека, во врска со високата мотивација, има смисла да се спомене уште еден, речиси една деценија постар, скопски конкурс за градскиот центар од 1965 година. Тогаш беа поканети и учествуваа К. Танге, В. ден Брок и Бакема, Л. Пичинато, М. Ротивал од светските имиња, а Ф. Венцлер и С. Брезоски од домашните. Тој конкурс, со најголемите современи имиња, имаше светски одек и одекнуваше сè до седумдесеттите години, дополнително засилувајќи ја мотивацијата и за конкурсот „Аеродром".

**М.С.** Од урбанистичко-морфолошка перспектива, населбата Аеродром го обединува концептот на заедничко полујавно двориште и концептот на пешачка улица во единствено решение, досега невидено во Скопје. Таквите концепти се познати на југословенската сцена, почнувајќи од блоковите на Нов Белград, па сè до пешачките улици на Сплит 3 и Церак Виногради. Може ли концептот на населбата Аеродром да се разгледува како алка во синџирот на еволутивниот континуитет на југословенската архитектонска и планерска мисла и реализација?

**М.Ф.** Така е! Ако би морал најкратко да ја опишам носечката морфолошка карактеристика на елементарната просторна единица на „Аеродром", би рекол токму тоа: пешачката станбена улица и станбениот полујавен двор во кој доминира зеленилото. Сè друго се важни „зачини" што треба да донесат дел од посакуваната комплексност на градот.

Не знам на кој пример од Нов Белград мислите, но добро е што го споменавте. Според моето сеќавање, проблемот беше токму во тоа што моќниот и строг правоаголен грид во средиштето на Нов Белград (400×600 метри) бараше и нудеше различни решенија – но не и пешачка улица. Сите ние на конкурсите баравме поурбани решенија од комбинации како домино-схеми, големи долги прегради, потковици, меандри, групи кули и други познати и испробани композиции. Пешачките улици во европските градски центри веќе се навестуваа, но не и станбените – туку само во центрите.

Според моето знаење, пробивот кај нас се случи на конкурсот за „Сплит 3" во 1968 година, преку избраниот труд на В. Мушич, М. Бежан и Н. Старц од Љубљана, кои во голем проект со неспорна авторска сила, во рамките на концепт со значајна афирмација на пешачкиот простор во бетонска и висококатна парафраза на замислен медитерански амбиент, воведоа и еден повторлив лајтмотив: висока и долга станбена зграда свртена кон морето, придружена со низок станбен ред пред неа – а меѓу нив пешачка, поплочена улица со редуцирано медитеранско зеленило, поврзана со други такви простори долж главното станбено ткиво.

Овој мотив очигледно беше неодолив за многу урбанисти кои бараа повеќе, но и подобро од „отворениот блок". По 1968 година ќе го среќаваме овој мотив во многу проекти – во оние што ги спомнавте, во Бањица во Белград, во Церак Виногради, па најпосле и во „Аеродром" во Скопје. Посебна емотивна врска со овој конкурс постоеше и затоа што Ѓорѓе Бобиќ (главен архитектонски коавтор на „Аеродром") со своите коавтори доби награда на Сплит 3 – но не и најважната, првата!

Како тогаш, поедноставено кажано, беше формирана структурната комбинација „пешачка улица – големо зелено двориште" за „Аеродром"? Во Сплит 3, жителот од прозорецот, а пешакот низ процепите во низовите, го гледа и чувствува морето. Тоа е доволна компензација за блискоста и висината на спротивните згради. Во Скопје нема море! Затоа се потребни „езера од високо зеленило" и осни визури од делови на пешачките улици за да го заменат тоа и да формираат станбен модел со пешачка улица – применлив насекаде.

Да, навистина мислевме дека таа комбинација (заедно со другите применети елементи на „Аеродром") претставува неопходна алка во синџирот на развојот на морфологијата и типологијата на новите станбени единици кај нас – токму како што велите: алка во југословенската практика.

**М.С.** Во конкурсниот елаборат на ЈУГИНУС за Аеродром се спомнува литература што била основа за воспоставување на концептот на населбата. Таа упатува на модерно толкување на просторните и феноменолошките вредности на „стариот град". Истото го потврдуваат и рачно цртаните прикази на атмосфери во населбата, кои имаат цел да ја доловат визијата за духот што треба да се изгради во неа. Во исто време, новинските написи и јавните дискусии за населбата (пред и на самиот почеток на нејзината изградба) зборуваат за Аеродром како урбана реализација што треба да се потпира на искуствата на традиционалната македонска архитектура (во нејзината формална димензија – употреба на коси покриви, клупи пред влезовите на зградите, правилна инсолација итн.). Преку ваквите разгледувања, дали е исправно населбата Аеродром да се посматра низ призмата на доцномодерниот критички регионализам?

**М.Ф.** Во конкурсниот труд беше дадена само најсведената општа литература за комуникациско-информациски контекст, како и упатување на неколку институти во економскиот дел на моделскиот концепт, без повикување на пошироки референци и литература за другите прашања. Во првиот случај, беше потребно насочување, бидејќи сметавме дека станува збор за кај нас недоволно развиена – а во предлогот важна – парадигма, на која ѝ беше потребна извесна поддршка од изворни авторитети.

Годините на конкурсот за „Аеродром" веќе го навестуваа постмодерниот циклус, во рамките на кој можеше да се почувствуваат и различни струи на користење на регионализмот. Во тимот бевме наклонети кон користење и афирмирање на традиционалните, со векови развивани, градски содржини, форми и алатки што ги споменувате во прашањето, но одлучивме да бидеме умерени, бидејќи задачата беше премногу сериозна за на ниво на конкурс да воведуваме поекстремни авторски ставови (тимот сакаше да победи, а не само да учествува). Тоа можеше подобро да се дозира преку евентуална понатамошна разработка.

Дека тоа е можно, нѐ уверуваше и за нас неочекуваната појава во Скопје – трговскиот центар „Мост“ (веројатно дело на Тихомир Арсовски), над галериската магистрала и над мостот на Вардар – спој на модерна храброст (дури и дрскост) и нескриена желба за интерпретација на одреден македонски регионализам (кој, поради историските околности и поднебјето, е еден од најпривлечните во светски рамки во својата категорија).

Би сакал да одговорам потврдно на вашето прашање за „посматрање на населбата Аеродром низ призмата на доцномодерниот критички регионализам“, доколку тоа не би звучело нескромно.

### 3. Прашања поврзани со изградбата на населбата Аеродром

**М.С.** Развојот на концептуалното решение го подготвувате заедно со Институтот за урбанизам и архитектура – Скопје. Во целокупната разновидност на станбени структури што ги предлагате на конкурсот, првиот план за развој на населбата ги исклучува индивидуалните куќи во низа кои биле планирани да се поставаат долж булеварот. Кои се причините за тоа?

**М.Ф.** По конкурсот, требаше да се изработи практичен и пропишан стандарден, општествено верификуван план за првите фази, што скопскиот Институт брзо го организираше, а како постапка многу подобро ја познаваше. Со оглед на тоа што конкурсниот труд беше детално исцртан и како парадигма опишан, дека беше содржински и технички јасен на идејно ниво, а конкурсниот тим на ЈУГИНУС беше мултидисциплинарно и временски (динамички) ориентиран да смета на неминовни и постепени промени во градот, без архитектонски авторски притисок врз развојот на идејата и преку други тимови, беше заклучено дека понатамошната работа ќе биде во добри локални раце.

Така соработката беше поставена како лесна – со заедничка работа на поширок тим од до три члена, во траење до еден месец, и со повремена соработка со еден од нашите водечки архитекти (Ѓ. Бобиќ) уште неколку месеци, според потребите на задачата.

Од страна на скопскиот Институт, таа почетна фаза на соработка ја водеа Б. Колев, Т. Арсовски, К. Бајалски, можеби М. Томиќ и еден колега – еден од водечките архитекти во Институтот, чие име во моментов не ми доаѓа на ум (ако го пронајдете во потписот на плановите, ќе ви бидам благодарен).

А сега, за куќите во низа што недостасуваат!

Во почетните теми за специфичниот, нетржишен станбен систем и „човекоцентричноста“, ја спомнавме американската ориентација кон индивидуални куќи и куќи во низа како „...за нив добри, а за нас неупотребливи...“, како и нашата непишана доктрина дека урбанистичките решенија за „организирана станбена изградба“ ги истражуваме главно меѓу П+4, П+6, П+10 и кула П+16 до 18, а дека индивидуалните куќи („куќички во цвеќе“), па ни нивните варијации во низа, не ги применуваме.

Со оглед на тоа што во Институтот имавме доволно извори што укажуваа дека живеењето на повисоки катови е неповолно и од социолошка и од медицинска гледна точка, но дека економичноста на високата катност ќе има пресудна улога во одлучувањето, решивме сите типови повеќекатни згради да ги задржиме за еден до два ката пониски од вообичаеното. Така, основниот понизок тип на зграда во станбената улица имаше три ката (П+2+поткровје), а вториот повисок тип – за еден или два ката помал од стандардниот.

Групите куќи во низа беа внесени како важна (теоретска) социолошка обврска за одржување на мешање на семејства со различен социјален и демографски состав, но и како архитектонска потреба за морфолошка разновидност. Меѓутоа, имавме предвид дека тоа можеби нема да биде прифатливо, па во предлогот внесовме само помал број такви групи, со претпоставка дека тие би можеле и целосно да исчезнат во реализацијата. Одржувањето на пониска катност кај „колективните“ згради би било доволен добивок. Така размислувавме, поткрепени од конкретната пракса во републичките центри.

Во Белград во тоа време беа изградени само две мали локации со куќи во низа (целосно единствена беше задружната практика во Пирот, која не беше пошироко позната меѓу урбанистите). Во што беше проблемот? Повисоки трошоци по единица површина? И тоа, но главниот проблем беше прашањето на распределба и доделување на таквите очигледно поквалитетни станови.

Становите „за пазар“, кои би се купувале директно и транспарентно, па прашањето за правичноста во распределбата не би постоело – сè уште не беа практика. Така, овие индивидуални и квалитетни станови „во низа“ би ги добивале само високо рангирани раководители од претпријатијата или државниот апарат

– видливо концентрирани и постојано изложени на јавна перцепција и оценување од другите општествени групи, што можело да создаде негативни реакции.

Затоа беше попрактично ваквата интеграција да се изостави и за тоа да се најдат вообичаени, подисперзирани решенија во други, елитни населби. Реално, тоа беше мотив што мораше да се разбере и почитува, дури и ако не беше јавно изречен – како во Белград, Сараево, така и во Скопје.

За целината на „Аеродром“ тоа не мораше да биде голема загуба, но за воведување на еден нов, потребен тип на стан во пошироката практика – беше пропуштена можност.

**М.С.** Првиот план за развој на населбата исто така предлага водотеци што минуваат низ зелените надолжни паркови на месните заедници – вештачки канали преземени од Вардар. Овој елемент е додаден, не постоел во конкурсното решение. Ако ги погледнеме претходните планови за развој на источниот дел на Скопје, водата од Вардар често се насочувала кон населбата, со цел да се создадат нови квалитети и посилни природни амбиенти. Која била идејата зад прашањето за „реката“ што минува паралелно низ населбата?

**М.Ф.** Мислам дека конкурсниот тим недоволно ги познавал претходните планови и можностите на Вардар и теренот. Исто така, кај нашите класични хидротехничари се сметало дека воведувањето на вештачки водени површини во станбена населба е многу посложена работа отколку што архитектите замислуваат, а особено проблематично било потребното и ризично долгорочно одржување. Затоа на тоа не се инсистирало, иако желбата постоела. Сметавме дека евентуалното користење на водени мотиви во големите парковски површини меѓу Вардар и булеварот на север ќе биде доволно.

Меѓутоа, кога дојдовме на првата работна средба во Скопје, во Институтот, за продолжување на работата, инж. Бајалски (еден од главните автори на решението) нѐ одведе во, нешто претходно завршениот, градски парк на Вардар, за кој воопшто не знаевме. Тие решенија и реализацијата на водните текови, езерата и мостовите буквално нѐ импресионираа и со нетрпение ја отворија заедничката желба за воведување водени елементи во отворените простори на единиците, со уверување дека за тоа ќе има и имагинација, и знаење, и искуство во скопскиот тим.

**М.С.** Населбата никогаш не беше реализирана во целост. Изградени се само деловите што се наоѓаат на претходно неразвиено земјиште. Во сите останати делови каде што требало да се интервенира во постојната структура, не се изградени планираните единици. Кои се причините за недовршената изградба на населбата? Дали станува збор за недостиг на волја и средства да се урнат одредени објекти (индивидуални или цели села, како што требало да се случи со Лисиче) за да се изгради планираната структура на Аеродром, или станува збор за сложеното општествено време кога во 80-тите години се чувствуваше политичка дестабилизација на државата и идниот распад на Југославија, што придонело за напуштање на идејата за проширување на оваа населба?

**М.Ф.** Не ги знам точните и детални причини. Воопшто не ја следевме организацијата, подготовката ниту изградбата. Уште во самиот конкурсен програм се навестуваа дилеми кај распишувачот околу радикалноста во расчистувањето на поширокиот простор. Беше оставено на конкурсот да не се поставуваат ограничувања, а подоцна да се преиспитаат проценките и заклучоците.

Радикалното уривање и расчистување на големи површини населени со луѓе, семејства и нивните домови бара навистина силни и неоспорни причини за да се спроведе, па не сум сигурен дали самата планирана структура на „Аеродром“ била доволна причина за тоа. Останува стариот заеднички проблем (во секој случај присутен и во Србија): недостиг на сериозност и континуитет на државните институции во донесувањето одлуки, обезбедувањето логистика за тие одлуки и континуитет во нивната реализација – односно недостаток на континуитет како клучна карактеристика на управувањето.

Што, воопшто, може урбанизмот без доминантен континуитет? Секако, дестабилизацијата и распадот на федерацијата, како и системската конфузија во деведесеттите и двехилјадитите, значително придонесоа за тоа, но симптомите на овој проблем постоеја и децении претходно, само беа прикриени.

Всушност, овде станува збор и за непланска и бесправна изградба на конкретниот простор, која не беше запрена, па токму таа го блокираше растот на новата структура кон исток. Ваквите процеси, без суштински промени, се случуваат уште од 1960-тите години, и ние ги прифаќаме со трпение и волја за нивно реално надминување, со уверување дека нов урбанистички план на Скопје ќе најде решение за развојот кон исток – секако, со нова урбанистичка схема.

Сега е време да се дефинира задачата, да се пронајдат и трајно да се обезбедат коригирани и флексибилни решенија што ќе го продолжат Булеварот „Јане Сандански“ и неговиот најважен придружен

појас (како најважен развоен вектор на градот кон отворениот простор што не треба да се изгуби) кон исток, низ загрозената зона од 1,5–1,7 km, и да го позиционираат за понатамошно уредување.

Секако, продолжување на реализацијата според конкурсната шема со 7 месни заедници и концептот на Основниот и Деталниот урбанистички план од 1974 година не е реална опција. Новиот проблем бара ново решение.

**М.С.** Според вашето лично искуство, во која мера реализираната верзија на Аеродром ги остварува визиите и целите на конкурсното решение?

**М.Ф.** Ова сега ќе биде сосема личен, непотполн и за вас, можеби, сосема изненадувачки коментар!

Кога првпат, сосема неочекувано, видов слика од три реализирани месни заедници, речиси не можев да поверувам што гледам. По прекинот на соработката на деталниот план, некаде околу 1976–77 година, нашиот тим (во секој случај јас) постепено го оттурна „Аеродром“ од свеста, со уверување дека тоа е само уште еден добар, голем конкурс што нема да биде реализиран. Ни од Скопје не пристигнуваа информации што би укажале на спротивното, па ни јас, ни Бобиќ (со кого подоцна долго и многу работев) не очекувавме ништо. Едноставно, сосема ја заборавивме работата.

Дури некаде околу 2006–2007 година (триесет години подоцна), работејќи на некаков теоретски текст, на Википедија ја отворив одредницата „Урбанистичко планирање“ („Urban Planning“, како светски енциклопедиски преглед), токму од почетокот – за нас урбанистите најважниот дел. Поминуваат дефинициите, поминува Ебенезер Хауард со шемата на градинарскиот град, а веднаш во следното поглавје: „Детално урбанистичко планирање“ – првата сателитска слика и придружниот текст прикажуваат, ни помалку ни повеќе, туку мене добро познатата шема на првите три месни заедници во населбата „Аеродром“, во контекст на типична илустрација на реализиран детален урбанистички план. Урбанистичко планирање! Прво Милет, па Ебенезер Хауард, па веднаш потоа „Аеродром“... не можев да поверувам!

Проверив на Google – мапи на Скопје: навистина, таму каде што треба да бидат, источно од центарот, целосно реализирани три месни заедници, булеварот и друго – целосно верно на конкурсниот труд и планот за кој мислев дека е напуштен и заборавен.

Му го кажав тоа на Ѓорѓе Бобиќ – ни тој ништо не знаел – и се договоривме да организираме посета штом биде можно. Ѓорѓе започна некакви подготовки (веројатно 2009 година; во тоа време беше поранешен главен урбанист на Белград, а јас поранешен одговорен урбанист за Генералниот план на Белград), а постоеше и покана – еве еден симпатичен прилог:

„Djordje Bobic April 18 at 4:18pm Report
Dragi Braco, oni ćevapi su u izgledu, e pa čitaj šta sam danas dobio na email...

Почитуван господине Бобиќ,
Морам да признаам дека вашето писмо пријатно ме изненади.
Ми причинува чест и задоволство што можам да контактирам со архитект кој пред 35 години учествувал во урбанистичкото планирање на Општина Аеродром и кој со голем интерес и внимание го следи развојот на нашата општина.
Вашето искуство и знаење е секако добродојдено. Вашата соработка со нашите урбанисти би претставувала вистинско задоволство, особено поради фактот што, благодарение на Вас, ќе можеме да ја збогатиме документацијата на Општина Аеродром со документи што датираат од седумдесеттите години на минатиот век. Ваква можност е навистина реткост!
Секоја информација од Ваша страна е добредојдена.
Со желба за понатамошна соработка!

Со почит,

Градоначалник
Ивица Коневски

Меѓутоа, тоа не го искористивме и не го исполнивме ни до денес – така се случува кај нас!

Значи, јас никогаш не сум го видел „Аеродром“ во размер 1:1. Според она што го гледам на сателитските снимки, тоа е апсолутно добро и прецизно пренесена основна идеја на станбената група од конкурсниот труд, што за мене сега е најважно. Откако видов дека постои материјална реализација на тој урбанистички артефакт, јас го истакнувам како свој најголем урбанистички успех – поголем од многу

конкурси, виртуелни планови, студии и текстови што сум ги работел. Се надевам дека, во реалноста, оваа станбена група остава позитивен впечаток, дека не ги притиснала и разочарала своите жители, дека децата си играат и се дружат, дека луѓето се поздравуваат меѓусебно во минување, дека дрвјата растат. Совршенството на архитектонските детали не мора да биде апсолутно и драматично впечатливо – ако општиот доживеј на корисниците во просторот е позитивен (што не го знам, но според сликите би рекол дека е, па затоа се надевам).

**М.С.** Какви се вашите искуства со населбата Аеродром и вашиот општ впечаток за конкурсот за населбата, но и за реализираната состојба? Како што споменавте во нашите неформални разговори дека концептот на Сплит 3 влијаел врз идејата за Аеродром, дали концептот на населбата Аеродром дополнително влијаел врз вашата понатамошна работа?

**М.Ф.** Од претходните прашања се гледа она на што можам да одговорам со сигурност. За населбата, за реализираното, за концептот на Сплит 3 – би го повторил веќе кажаното.

Не кажав доволно за формата на конкурсот, кој всушност беше и многу интензивен семинар на членовите на жирито и претставниците на конкурсните трудови, во текот на цел ден, неколку дена по ред. Јас повеќе се дружев со угледните (можам да кажам „легендарни“) претставници, генерални директори на заводите од Србија (Милош Савиќ од новосадскиот и Александар Ѓорѓевиќ од белградскиот завод), па од нив слушнав многу интересни стратегиски и тактички пристапи на кои сметале во плановите за своите градови, а кои не биле јасно видливи во официјалните образложенија на тие предлози (на пример, А. Ѓ. ми објасни дека дотогашната ориентација на Белград да гради нови големи станбени населби околу постојното ткиво била всушност тактика – со водење на магистралната инфраструктура низ старото ткиво кон Дунав да се овозможи подоцнежна поевтина реконструкција на центарот во следната фаза на развој, и слично).

Тој семинарски модел беше одличен избор за форма на конкурсот, а набргу потоа Ѓ. Бобиќ и јас учествувавме на сличен меѓународен конкурс во Варшава како претставници на Белград (како главен град на Југославија), веројатно и благодарение на успехот во Скопје.

Конкурсот во Скопје влијаеше на мојата понатамошна работа во повеќе насоки. Прво и генерално – на обидот секој урбанистички задаток да се гледа и како конкретен архитектонски, социјален и амбиентален проблем, да се обликува содржински и мултидисциплинарно, со задолжително слободно барање креативни иновации, по можност тимски – како предлог на нешто ново, а не како повторување на веќе видено. Значи, неопходноста од присуство на идеја во планирањето, наместо само административно „одработување“! Звучи како општо место, но верувајте – денес кај нас има премногу стратегии, просторни и урбанистички планови и проекти на сите нивоа што немаат никаква урбанистичка идеја.

Особено, на конкурсот за „Аеродром“ Ѓорѓе Бобиќ и јас ја откривме вредноста на заедничката работа на големи урбанистички конкурси, па во следните десетина години реализиравме неколку значајни (Аеродром 1974, „Гоцлав“ во Варшава 1975, „Бетанија“ во Сараево 1980, „Нови Осјек“ во Осиек 1983). Специфичниот ракопис што Ѓ. Бобиќ го воведе во нашите цртежи на „Аеродром“ (со рапидограф, со минимално мерење, потпирајќи се на око и „мускулна меморија“, визуелно блиску до геодетски план) го задржавме и во сите тие конкурси. Исто така, секој од нив имаше два карактеристични лајтмотива: пешачки улици и водни текови и површини.

Јас лично, следејќи ги тие просторни поделби (од месна заедница, преку станбена група до соседство) и концентричните структури во „Аеродром“, подоцна постепено разбрав едно еволутивно својство на ткивото на големиот град, кое и денес го сметам за важно и актуелно.

Имено, основната генетска структура на големиот град се развивала од централното општествено јадро („палата, житница и храм“, како што вели Мамфорд), преку радијални артерии, сè до правоаголната блоковска структура – најтипичното урбано ткиво. Врвот на тој модел можеби е Менхетен, а квалитативниот врв – Барселона на Серда.

Но, таа фаза не може да трае вечно. Во неа постепено се појавува нова форма: „град на суперблокови“. Од Османовиот Париз, преку модернистичкиот урбанизам на 20 век, па до денес.

Во таа смисла, големата матрица на „Аеродром“ може да се сфати како прилагодување кон таа современа еволутивна морфологија – како матрица на модерни урбани суперблокови.

Патем, ако така гледаме на просторот на „Аеродром“ и на непланската изградба што му го попречила развојот кон исток, ќе разбереме и што особено ги вознемирува професионалните урбанисти и градители: тоа е појавата на епохална анахроничност на моделот на урбан развој. Тој модел припаѓа не

на првата, туку на форма на развој на градот од пред две еволутивни епохи. Урбанистичката задача ќе биде и тој дел, вешто прилагоден, да премине во моделот на современиот (и идниот) градски суперблок – што е сосема можно и што неминовно ќе се случи во долговечен, голем и жив град како што е Скопје.

**М.С.** Ако сме пропуштиле нешто важно што сметате дека треба да се каже за југословенскиот контекст на планирањето, а особено за целиот процес на работа на населбата Аеродром, слободно изразете се.

**М.Ф.** Прво, најкратко за југословенскиот контекст. Набљудуван самостојно, југословенскиот урбанизам од Првата до Втората светска војна бил природно на нивото на соседите, и исто така природно послаб од европските лидери, поради недостиг на неопходна стабилна институционална традиција. Кога околу 2005 година во Урбанистичкиот завод на Белград соработувавме со колеги од Фиренца, со неверување ја примивме информацијата дека тие континуирано и успешно работат според основниот „Мусолиниев" урбанистички закон од 1938 година.

Како изразито општествена дисциплина, урбанизмот од 1946 до околу 1985 година доживеа извонреден подем во Југославија, по што започнува континуиран пад. Важно е да се има предвид дека тој „извонреден подем" се однесува само на одредени сегменти на урбанизмот: академската сфера, квалитетот и знаењето на урбанистите, стручните институции во градовите и општините, стручната публицистика и професионалните организации, како и – многу важно – реалниот сектор на обликување на масовната станбена изградба во големите градови. Урбанизмот што би го опфатил и вистинското, материјално уредување и оптималниот развој и одржување на рамномерен квалитет на урбаните населби, ниту неговите управни институции, не беа ни приближно „извонредни" ни тогаш.

Од деведесеттите наваму, тие процеси се развиваат различно по држави. Во Србија, за жал, таа надолна линија е континуирана и не се назира брз пресврт.

Сепак, иднината му припаѓа на градовите – особено на големите градови – а тие нема да можат без добар урбанизам. Овој период е колатерална депресија што ќе помине. Мислам дека и големите тематски (како и помалите специјализирани) конкурси, како „Аеродром", ќе останат трајно незаменливо средство за постигнување рационалност, квалитет и убавина во градот, а особено на атрибутот што го спомнавте во повеќе прашања – човекоцентричноста.

*Интервјуата немаат фусноти.*

Наместо тоа, потребно е само да се прецизира кои се: „јас", „ние", „тимот" и слични заменки што се однесуваат на најтесниот тим кој во 1974 година во Југословенскиот институт за урбанизам и домување го подготви и го предаде конкурсниот предлог за кој претходно зборувавме.

Тоа беа:
Ѓорѓе Бобиќ, архитект, задолжен да ги усогласи, обликува и изработи сите графички прилози и проектни детали;
Миодраг Ференчак, архитект, задолжен да ја следи комбинаториката на основната парадигма и интеграцијата на посебните „мултидисциплинарни" теми во моделот што се развива, како и да го уреди придружниот текст;
Ненад Новаков, дизајнер, за семантичко-информацискиот концепт на населбата и соработка со илустраторот;
Слободан Лазиќ, психолог, за концептот на примена на инструментот на семантички диференцијал преку компаративна постапка со модели на аналогни простори, како и за макетите на конкурсното решение на комплексот;
д-р Миролјуб Којовиќ, архитект, за економското вреднување на варијантите на урбанистичкото решение за домување.

Во Белград, 28.11.2025
м-р Миодраг Ференчак, дипл. инж. арх.

## 3. Список на архивски материјал

Доколку научните трудови имаат за цел да отворат некаков истражувачки материјал со дотогаш неоткриено знаење, во исто време, тие се основа на која понатака треба да се надоврзат и наредни истражувања. Со цел доближување на истражувачкиот материјал, овој прилог ги споделува архивските податоци на станбените згради (техничка документација) во населбата Аеродром, достапни во Државниот архив на Република Македонија - одделение Скопје.

Во табелата се поместени информации за архивскиот фонд во кој може да се најдат материјалите, редниот број во збирните материјали, бројот на предметот во фондот (кој се наоѓа во збирните материјали), насловот на предметот (запишан во збирните материјали) и архивската кутија во која се наоѓа конкретниот материјал. Доколку во „реден број“ до бројот се појави ознаката „(дпл.)“, тоа значи дека станува збор за дополнителни предмети од истиот фонд и година. Доколку во бројот на кутија се појават и ознаките „а“, „б“, „в“ итн. тоа значи дека истиот предмет е поделен во повеќе кутии, поради големината на архивскиот материјал.

| Месна заедница А1, Блок А1-1 | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание на град Скопје, 1978 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 189 | 2768 | ГП „Гранит“ - Скопје ООЗТ 7 градилиште Станбен комплекс Аеродром А1-1 | 27 |
| 411 | 5952 | СИЗ за становање ГП „Гранит“ 7 градилиште, оградување А1-1 | 53 |
| 446 | 6314 | СИЗ Б-10 А1-1 населба Аеродром | 64 |
| 447 | 6315 | СИЗ Б-4 А1-1 населба Аеродром | 65 |
| 448 | 6316 | СИЗ Б-3 А1-1 населба Аеродром | 66 |
| Собрание на град Скопје, 1979 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 454 | 4377 | СИЗ станбена зграда „2“ единица А1-1 населба Аеродром | 87 а,б,в,г |
| 455 | 4378 | СИЗ ст. „2“ единица А1-1, П+9, населба Аеродром | 88 а,б |
| 456 | 4379 | СИЗ станбена зграда „2“ единица А1-1, населба Аеродром | 89 а,б |
| 457 | 4380 | СИЗ солитер „К3“, единица А1-1, населба Аеродром | 90 а,б |
| 38 (дпл.) | без број | СИЗ блок 5, единица А1-1, Аеродром | 20 а,б |
| Собрание на Град Скопје, 1980 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 54 | 623 | ГП „Пелагонија“ кула бр. 6 - П+17, бр. 7 - П+14 и бр. 8 - П+11, единица А1-1 и А1-4, населба Аеродром | 3 |
| 286 | 3052 | СИЗ за становање, станбен блок 6, единица А1-1, П+4, населба Аеродром | 31 а,б,в |
| 387 | 3795 | СИЗ станбен блок „1“, единица А1-1, П+2+П, населба Аеродром | 40 а,б,в |
| 388 | 3796 | СИЗ станбен блок „13“, единица А1-1, П+4, населба Аеродром | 41 а,б |
| 389 | 3797 | СИЗ станбен блок „12“, единица А1-1, П+4, населба Аеродром | 42 а,б |
| 390 | 3799 | СИЗ станбен блок „6“, единица А1-1, П+4, населба Аеродром | 43 а,б,в |
| 460 | 4705 | СИЗ „Комбинирана детска установа“, населба Аеродром А1-1 | 59 |
| 139 | 3798 | СИЗ станбен објект „7“, единица А1-1, населба Аеродром | 46 |
| Собрание на Град Скопје, 1981 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 69 | 690 | СИЗ станбен блок Б-5, единица А1-1, населба Аеродром | 12 |

| Месна заедница А1, Блок А1-2 | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание на град Скопје, 1978 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 412 | 5965 | СИЗ за становање, станбена кула 3, А1-2, населба Аеродром | 59 а,б,в |
| 528 | 7048 | СИЗ за становање, станбен блок 7, А1-2, населба Аеродром | 75 |
| Собрание на град Скопје, 1979 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 391 | 3907 | СИЗ станбен блок „5“, единица А1-2, населба Аеродром | 71 а,б |
| 392 | 3908 | СИЗ станбен блок „4“, единица А1-2, населба Аеродром | 72 |
| 393 | 3909 | СИЗ станбен блок „1“, единица А1-2, населба Аеродром | 73 а,б |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 394 | 3910 | СИЗ станбен блок „3“, единица А1-2, населба Аеродром | 74 а,б |
| Собрание на град Скопје, 1980 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 270 | 2852 | СИЗ станбен блок „13“, единица А1-2, населба Аеродром | 28 |
| 274 | 2905 | СИЗ станбен блок „13“, единица А1-2, населба Аеродром | 28 |
| 275 | 2906 | СИЗ станбен блок „13“, единица А1-2, населба Аеродром | 29 |
| 138 | 2904 | СИЗ станбен блок „13“, единица А1-2, населба Аеродром | 45 а,б |
| Собрание на град Скопје, 1981 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 231 | 1502 | РО „Бетон“, станбена кула К-8 - П+11, единица А1-2,А1-3, населба Аеродром | 28 а,б,в |
| 343 | 2096 | ГП „Илинден“, објект Б1, единица А1-2, населба Аеродром | 45 |
| 403 | 2350 | СИЗ станбен блок „Б-10“- П+4, единица А1-2, населба Аеродром | 55 |
| 409 | 2379 | СИЗ станбен блок „Б-9“- П+4, единица А1-2, населба Аеродром | 58 а,б |

| Месна заедница А1, Блок А1-3 | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание на град Скопје, 1979 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 180 | 2051 | СИЗ станбен блок „2“, единица А1-3, населба Аеродром | 34 |
| 309 | 3133 | СИЗ станбен блок „9“, единица А1-3, населба Аеродром | 49 а,б |
| 310 | 3136 | СИЗ станбен блок „8“, единица А1-3, населба Аеродром | 50 а,б |
| 311 | 3137 | СИЗ станбен блок „13“, единица А1-3, населба Аеродром | 51 а,б, в,г,д,ѓ |
| 312 | 3138 | СИЗ станбен блок „4“, единица А1-3, населба Аеродром | 52 а,б |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 520 | 5136 | СИЗ станбен блок „8“, единица А1-3, населба Аеродром | 104 а,б |
| Собрание на град Скопје, 1980 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 453 | 4622 | СИЗ станбен блок „11“, единица А1-3, населба Аеродром | 58 а,б |
| 29 | 3137 | СИЗ станбен блок „13“, единица А1-3, населба Аеродром | 3 |
| Собрание на град Скопје, 1981 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 18 | 264 | СИЗ станбен блок П+7, единица А1-3, населба Аеродром | 3 а,б,в |
| 167 | 1216 | СИЗ станбен блок „Б-7“, единица А1-3, населба Аеродром | 20 |
| 231 | 1502 | РО „Бетон“ станбена кула „К-8“, П+11, единица А1-2, А1-3, населба Аеродром | 28 а,б,в |
| 404 | 2351 | СИЗ станбен блок „Б-12“, П+7, единица А1-3, населба Аеродром | 56 |
| 419 | 2446 | СИЗ станбен блок „Б-6“, единица А1-3, населба Аеродром | 60 а,б |
| 428 | 2526 | РО „Бетон“, оградување на кула „К-9“, единица А1-3, населба Аеродром | 61 |

| Месна заедница А1, Блок А1-4 | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание на град Скопје, 1979 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 446 | 4347 | СИЗ станбен блок „12“, единица А1-4, населба Аеродром | 83 а,б,в |
| 447 | 4348 | СИЗ станбен блок „6“, единица А1-4, населба Аеродром | 84 а,б |
| 452 | 4375 | СИЗ станбен блок „1“, единица А1-4, населба Аеродром | 85 а,б |
| 453 | 4376 | СИЗ станбен блок „2“, единица А1-4, населба Аеродром | 86 а,б |
| 459 | 4400 | СИЗ станбен блок „6“, единица А1-4, населба Аеродром | 92 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 460 | 4401 | СИЗ станбен блок „5“, единица А1-4, населба Аеродром | 93 |
| 461 | 4402 | СИЗ станбен блок „3“, единица А1-4, населба Аеродром | 94 а,б |
| 24 (дпл.) | без број | СИЗ станбен блок „7“, единица А1-4, населба Аеродром | 7 а,б |
| Собрание на град Скопје, 1980 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 54 | 623 | ГП „Пелагонија“ станбена кула „К-6“ - П+17, „К-7“ - П+14, „К-8“ - П+11, единица А1-1, А1-4, населба Аеродром | 3 |
| 459 | 4704 | СИЗ „Комбинирана детска установа“ населба Аеродром А1-4 | 59 |
| 130 | 3135 | СИЗ станбен блок „Б-12“, единица А1-4, населба Аеродром | 37 а,б,в,г |
| Собрание на град Скопје, 1981 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 118 | 964 | СИЗ станбен блок „Б-13“, единица А1-4, населба Аеродром | 15 а,б |
| 303 | 1896 | СИЗ станбен блок „Б-10“, единица А1-4, населба Аеродром | 40 |
| 304 | 1896 | СИЗ станбен блок „Б-7“, единица А1-4, населба Аеродром | 42 |
| Собрание на град Скопје, 1981 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 92 (дпл.) | 899 | СИЗ станбен блок „Б-8“, единица А1-4, населба Аеродром | 24 а,б,в |
| 93 (дпл.) | 900 | СИЗ станбен блок „Б-9“, единица А1-4, населба Аеродром | 25 а,б,в |

| Месна заедница А2, Блок А2-1 | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание на град Скопје, 1978 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 230 | 4440 | СИЗ Блок А2-1, населба Аеродром | 37 а,б,в |
| 395 | 5872 | СИЗ за становање, станбен блок „13“, единица А2-1, населба Аеродром | 55 а,б |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 405 | 5938 | СИЗ за становање, станбен блок „5“, единица А2-1, населба Аеродром | 56 а,б,в |
| 406 | 5939 | СИЗ за становање, станбен блок „12“, единица А2-1, населба Аеродром | 57 а,б |
| 407 | 5940 | СИЗ за становање, станбен блок „4“, единица А2-1, населба Аеродром | 58 а,б |
| 408 | 5949 | СИЗ за становање, станбен блок „5“, единица А2-1, населба Аеродром | 59 а,б,в |
| 409 | 5950 | СИЗ за становање, станбен блок „4“, единица А2-1, населба Аеродром | 59 а,б,в |
| Собрание на град Скопје, 1979 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 144 | 1623 | ГП „Маврово“ станбена кула „К-4“ - П+17, единица А2-1, населба Аеродром | 24 |
| 329 | 3305 | Дирекција за изградба на одд. Фонд ЈНА, станбен блок „9“, единица А2-1, населба Аеродром, МИП | 59 а,б,в |
| Собрание на град Скопје, 1980 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 405 | 3937 | ГП „Маврово“, гаража на станбена единица А2-1, населба Аеродром | 45 |
| 458 | 4703 | СИЗ „Комбинирана детска установа“, единица А2-1, населба Аеродром | 59 |
| 136 | 3301 | Дирекција за изградба и одржување на станбен фонд на ЈНА, станбена зграда „3“, единица А2-1, населба Аеродром | 43 а,б |
| Собрание на град Скопје, 1981 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 418 | 2442 | ГП „Маврово“, комбинирана детска установа, единица А2-1, населба Аеродром | 59 |

| Месна заедница А2, Блок А2-2 | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание на град Скопје, 1978 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 452 | 6375 | СИЗ станбен блок „Б-11“, единица А2-2, населба Аеродром | 62 |
| 453 | 6376 | СИЗ станбен блок „Б-12“, единица А2-2, населба | 62 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Аеродром | |
| Собрание на град Скопје, 1979 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 92 | 1161 | СИЗ за становање, станбен блок „Б-5“ - П+3, единица А2-2, населба Аеродром | 18 а,б,в |
| 93 | 1162 | СИЗ за становање, станбен блок „Б-6“ - П+3, единица А2-2, населба Аеродром | 19 а,б,в,г |
| 102 | 1244 | СИЗ за становање, станбен блок „Б-7“, единица А2-2, населба Аеродром | 21 а,б,в,г |
| 420 | 4179 | СИЗ за становање, станбен блок „Б-1“, единица А2-2, населба Аеродром | 78 а,б,в |
| 421 | 4180 | СИЗ за становање, станбен блок „Б-4“, единица А2-2, населба Аеродром | 79 а,б,в,г |
| 422 | 4181 | СИЗ за становање, станбен блок „Б-2“, единица А2-2, населба Аеродром | 80 а,б,в |
| 459 | 4399 | СИЗ за становање, станбен блок „Б-3“, единица А2-2, населба Аеродром | 91 а,в,в,г |
| 31 (дпл.) | без број | СИЗ за становање, станбен блок „Б-10“, единица А2-2, населба Аеродром | 13 а,б |
| Собрание на град Скопје, 1980 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 287 | 3053 | СИЗ за становање, станбен блок „Б-10“, единица А2-2, населба Аеродром | 30 |
| 46 (дпл.) | без број | СИЗ за становање, станбен блок „Б-10“, единица А2-2, населба Аеродром | 19 а,б,в |
| 49 (дпл.) | без број | СИЗ за становање, станбен блок „Б-9“, единица А2-2, населба Аеродром | 22 а,б |
| 133 (дпл.) | 1244 | СИЗ за становање, станбен блок „Б-7“, единица А2-2, населба Аеродром | 40 |
| Собрание на град Скопје, 1981 година | | | |
| реден број | број на предмет | наслов на предмет | кутија |
| 253 | 1931 | СИЗ за становање, станбен блок „Б-13“, единица А2-2, населба Аеродром | 31 |

Овој материјал обработува голем дел од првата етапа на развојот на населбата „Аеродром“. За жал, и покрај исцрпните пребарувања, ова се единствените станбени објекти достапни во Скопското одделение на Државниот архив кои се однесуваат на овој просторен сегмент од населбата. Објектите од втората етапа на развојот на населбата, „Аеродом 2“ (денес „Ново Лисиче“ или Месна заедница А3) и од развојот на месната заедница „13 ноември“ не се пронајдени / достапни во архивот.